Филип Петровски

За НАС

Главен уредник
Нове Цветаноски

Уредник
Ленче Милошевска

Извршен уредник
Илија Богоевски

Филип Петровски

За НАС

Македонска книга 2002
Скопје

Ја сакам татковината повеќе од душата!
Макијавели

Книгата им ја посветувам на мојата татковина и на сите што ги положија животите за светата идеја - Македонија

Филип Петровски

За НАС

Ја сакам татковината повеќе од душата! - Макијавели

Книгата ја посветувам на мојата татковина и на сите што ги положија животите за светата идеја - Македонија.

Благодарам на Корубин Снежана, Валентина Велковска, Цвијо Рашковиќ за несебичната помош без чија што соработка оваа книга немаше да го добие овој изглед.

Содржина

ВОВЕД 012

13.12.1996, **Интервју во Фокус** 054

14.03.1997, **Говор во македонскиот парламент како студент** 060

22.02.1997, **Интервју во дневник** 066

12.02.1999, **Признавање на Тајван** 074

14.04.1999, **Безбедносна состојба во РМ** 077

15.04.1999, **Договори со Бугарија** 080

26.06.1999, **Кампања за борба против дрогата** 082

14.07.1999, **Покачување на акцизи** 084

15.07.1999, **Информација за состојбите во МТВ** 087

18.07.1999, **Информација за НАТО** 089

23.09.1999, **Случај ОКТА** 094

29.09.1999, **Интерпелација за Новковски** 096

03.02.2000, **Неколку дискусии за суштината на мак. пр**. 105

11.02.2000, **Случајот Арачиново** 109

02.03.2000, **Анкетна Комисија за јавни набавки** 116

30.03.2000, **Пратеничко прашање** 122

20.04.2000, **Измена на Законот за угостителска дејност** 123

11.05.2000, **Измена и дополна на Законот за животна средина** 126

16.05.2000, **Да се отвори парламентот** 128

16.05.2000, **Интерпелација на МО, Никола Кљусев** 130

08.07.2000, **Интервју во Македонија Денес** 141

12.10.2000, **Локални избори 2000** 144

17.11.2000, **Интервју во Македонско Сонце** 160

20.12.2000, **Продажба на Македонски Телекомуникации** 166

31.08.2001, **Отворање на процедура за промена на Уставот** 173

03.09.2001, **Реплика со Шеќеринска, истата седница** 195

08.09.2001, **Интервју во Нова Македонија** 199

10.09.2001, **Разрешување на МП Ицет Мемети** 203

17.09.2001, **Осуда на терористичките напади на САД** 211

20.09.2001, **Четвртиот амандман на Уставот** 214

25.09.2001, **Референдум, Да или Не** 228

25.10.2001, **Петтиот амандман на Уставот** 246

Додаток 263

Редослед на седниците во текот на промената на Уставот 263

Рамковнен договор од Охрид 265

Анекс А, уставни амандмани 271

Преамбула на Уставот од 17.11.1991 279

Рецензија на Стојан Андов 281

Рецензија на Слободан Чашуле 285

ВОВЕД

Првата година од третиот милениум на човештвото после распетието на Христа, милениум во кој многумина предвидуваат дека нашиот род ќе го победи просторот и времето напуштајќи го нашиот соларен систем, во потрага по нови подобри места за живеење, за мојата држава, татковина, Македонија започна трагично.

Еден навидум минорен и за многумина случаен пограничен инцидент, се претвори во хаос, трагедија, одење по жица и во многу заличи на пат од кој нема излез. Жртви, мински полиња, подмолни убиства од заседи, одлетани во воздух манастири, sверски мачења и масакрирања, темници, страв, жед...

Човек ќе помисли некој ни ги набројува страдањата во пеколот на Данте или создава тензија која што ќе го привлече вниманието на читателот за некој роман со хорор содржина. Но, не! Не е ништо од тоа поврзано со фикцијата, напротив сето тоа и се случи на мојата татковина и по игра на случај (или на нешто друго!?) бев активен учесник во сите тогашни случувања. Бев член на Парламентот, третиот пратенички состав на независна Македонија, еден од сто и дваесетте членови. Тоа е составот кој што беше избран во 1998 година и составот што изгласа промени на крајот од 2001 година на македонскиот Устав, донесен во 1991 година. Тој состав на Парламентот го промени Уставот кој што беше донесен како израз и потреба, и над се круна на напорите, вековните напори и стремежи на Македонскиот народ за создавање на сопствена држава, препознавање и етаблирање во меѓународното семејство на народите.

Гордост или беда, правилен или погрешен чекор, ќе остане прашање што треба да си го одговорат сами сите пратеници што учествуваа во промената на македонскиот Устав.

Зошто нам?

На самиот почеток се отвораат многу дилеми. Секој нормален човек првото прашање што ќе си го постави е: „Зошто на нас?“, понатака најнормално прашање кое што следи е:„Зошто токму сега?“. Многумина беа склони да дадат одговор, кој кореспондира со времето на родовските заедници кога луѓето, незнаејќи што и зошто прават во светот, сите природни појави си ги појаснувале како дело на семоќните сили, дело на боговите.

Нормално, прво го прашувале врачот зошто е тоа така, а тој гордо со прстот покажувал нагоре кон небото и дилемите биле моментално разрешени. „Така сакаат боговите“, претпоставувам бил одговорот на тогашните мудреци. Интересно е низ таа призма да се направи разгледување на паралелата што од денешна перспектива ја имаме пред нас. Дали е во прашање случајност, игра на случајот или некакво божествено пројавување?!

Склон сум со голема сигурност да одговорам дека нема ниту еден процент на случајност во „војната во Македонија“, во 2001 година. Оти секој што сака да има основна ориентација во животот знае дека во политиката, во сите државни, посебно во сите големодржавни проекти е инволвиран Ум. И тоа Ум на илјадници луѓе, Ум на генерации и генерации потребен за да се создаде и објави идеја. Ако ја прифатиме оваа аргументација таквата поставеност на работите го исклучува како можно објаснувањето на случувањата како резултат на случајност. Ако дозволите би го исклучил и објаснувањето на нештата со потпирање на семоќните сили и боговите, оти, се надевам, надмината е таа фаза на примитивно суеверие кај нас. Освен ако не сакате да ги лоцираме боговите тука на земјата, можеби во некој егзекутори на новиот светски поредок!?

Повторно доаѓаме до прашање, ново прашање, наредно прашање: „Каков Ум?“, кое што е поврзано со прво поставените прашања, зошто сега и токму на нас. Одговорот е многу прост и е во тесна врска, релација со дефиницијата на создавањето на државата. Било која држава. Ако така се постават прашањата, малку се разгледа во историјата одговорите сами се нудат. Ќе речам во стилот на настапите од парламентарната говорница: „Одговорите се тука, сакате ли да ги видите?“.

Болката што во себе ја носам од целото наше македонско проклетство, се зголемуваше повеќекратно секој пат кога ќе ми станеше јасно, на секоја наредна седница, дека сето тоа никако не сакаше да се прифати, кога многумина замижуваа (намерно или несакајќи) пред толку видливиот Проект. Секоја наредна седница истото! Наведната глава, сабја не ја сече.

Можеби навистина постои „македонски синдром на самоуништување“, можеби е во прашање некакво проклетство, но навистина беше жално да се гледа игнорирањето на вистината, игнорирањето во име на некои повисоки (партиски) цели. Никој не сакаше (со чесни исклучоци) да ја види стратегијата на Умот, која што се откриваше, прикажуваше со целата нејзина можна грдост.

Голема Албанија, Проект толку јасно испорачан, на сите нас, од сите

Албански учесници во македонската политичка арена. Замислен пред сто дваесет и три години во Призрен, поставен како долгорочна и обврзувачка стратегија. Потврдуван и препотврдуван, за да не се заборави, оти некои работи се забораваат во време на само една генерација. Последен пат потврден во времето на нашата генерација, минатата година, исто така во Призрен за да ја зајакне симболиката и потенцира решеноста, овој пат, еднаш-засекогаш да се оствари. Додека македонските синови гинеа по најновите македонски фронтови, од падините од Шар планина, подножјето на Тетово, околината на Скопје, до предградијата на Куманово, Џафери, Имери и Ахмети потпишаа заеднички документ во Призрен и испорачувајќи ни го, јасно ни ставија до знаење дека сметаат оти е дојдено времето да го реализираат вековниот сон на Албанците, голема Албанија, која што ги вклучува територииите на Македонија од Куманово, Скопје, Велес, преку Прилеп и Битола се до Охрид (предлагам да се видат сајтовите...).

Зошто тоа никој во Македонија несакаше да го види останува за мене енигма на која што не можам да си одговорам. Синдром?

Зошто пишувам, мотив?

Како и да е бидејќи бев, како што реков, пратеник во тоа време се зафатив да ги средам и објавам говорите, настапите што ги имав од парламентарната говорница, а и некои интервјуа поврзани со тематиката што ја допирав преку мојот парламентарен ангажман. Сметав тоа е обврска која што секој чесен политичар ја има и на која треба да одговори. Тоа се покажа како многу потешка задача отколку што можев да замислам. Повторно ги живеев сите моменти, повторно случувањата ми се враќаа во главата... Ги читав стенограмските белешки од сите седници, белешки кои будат многу спомени, сеќавања на сите вкрстувања на зборови во трите години (1998-2001) во кои имав привилегија да бидам пратеник во Собранието на Република Македонија.

Дофрлување од место, намерно гестикулирање за да те исфрли од концентрација, чести излегувања и влегувања во салата, звонење на мобилни телефони, пораки на истите, расфрлани весници, заспани пратеници, купишта непрочитани материјали и закони, неодговорни и купени новинари, збунети колеги, добри и лоши луѓе и карактери, калкулации, акробации, трансфери во други партии и што уште не беа составен дел на пратеничката работа, што со гордост ја работев. За се што направив во тој период и го кажав од

говорницата, сум горд.

Навлегувајќи се повеќе и повеќе во целиот опус, купишта страници што за среќа успеав навреме да ги соберам, сватив нема да можам да се ограничам само на говорите од времето на промената на Уставот на Р. Македонија, туку ќе го реализирам целиот период на делување во Парламентот, ќе го презентирам целокупниот ангажман. Во работата на еден политичар, впрочем како и во секоја друга работа е потребна и значајна консистентноста. Тоа беше мотив повеќе да ги вклучам сите говори за да може читателот непристрасно да го истражи континуитетот, позициите и определбата. Ако ја има!?

Ова дотолку повеќе затоа што многу од споменуваните новинари-извршители, со јасно дадена задача постојано ја искривуваа вистината, свесни дека македонската јавност е специфична и постојат одредени точно испробани и најважно од се, ефикасни начини да се влијае врз свеста, таа да се деформира, меси, според сопствената проекција и потреба. Многу пати се соочив со подмолноста од најдолен вид работејќи со овие „луѓе“, оти политичкиот ангажман е поврзан со јавноста, со комуницирање и консултирање на истата. И читав често за работи кои што не се случиле. Многу пати на својот грб чувствував товар намерно ставен, товар кој не доведуваше во сизифовска улога, поради сопствената (нивната) желба никојпат да не се стигне до целта, или пак ако се стигне да те турнат, за да тргнеш одново.

И тргавме, тргавме, но сето тоа некој намерно (ова свесно го повторувам) го омаловажуваше, исмеваше, кастрираше, токсицираше и какво такво го праќаше на македонската јавност. Не само таму, туку создаваше ненадоместлива штета во македонското национално ткиво, а со тоа и на идната историја на Македонија. Некои наредни генерации на Македонци кога ќе ги читаат писанијата што произлегоа како продукт на ова турбулетно време, ќе стекнат сосема погрешна визија за тоа какво беше ова време. Сватив, тоа ќе ми ја усложни и прошири работата. Објаснувањето и толкувањето на сам себе, на своите настапи и размисли лесно може да биде третирано како субјективно и како такво уште полесно исмевано. Нејсе, оставам на времето да го направи своето, убеден дека нема подобар толкувач на настаните од времето само. Јас моето го сторив.

Нејасна ми беше таа потреба, порив кој што многу силно ме притискаше. Често се прашував која ќе е целта, суштината, идеата, очекувањето, производот на едно вакво пишување. Одеднаш сватив, можам да се потпрам, повикам на Јунг, на неговите вонвременски констатации:

„Моите зборови се манифестација сами за себе, тие настанаа од судбинска принуда. Она за што пишував (зборував) ме обземаше од внатре. На духот што ме придвижуваше му дозволив да дојде до израз!“. Преводот е слободен, суштината е задржана.

И уште:„Никогаш не сметав на ефект на тие (моите) зборови. Тие претставуваа компезација за мојот секојдневен живот и јас морав да го кажам она што никој не сакаше да го - чуе!“. Свесен за ризикот, од истите што ги лоцирав како поткопувачи и уништувачи на македонското национално ткиво, да бидам повторно изложен на потсмев, ги земав зборовите на Јунг, големите и вонвременски зборови за идеа водилка. Оти во ниеден момент додека минував низ мојот пат не помислив дека ја откривам Америка. Главно беше да го кажам тоа што намислив да го кажам.

Почетоци. Антиципација. Предупредување

Од каде да тргнам? Просто прашање на кое што најлесен одговор можеби е - од почетокот на мандатот. Оти ако некој сака да дискутира или даде отчет за својата јавна работа, која му била доделена со мандат од граѓаните, нормално е дискусиите да ги сконцентрира во периодот од почетокот на мандатот. Но, сметав нема да можам да се вклопам во тоа клише и не сакам. Имаше моменти, значајни моменти кои не можам да ги прескокнам и заборавам, моменти кои беа пресудни (во многу) што ден потоа ќе се најдам како пратеник во македонскиот Парламент.

Сепак, не можев до бесконечност да се враќам назад и морав да одберам една појдовна точка. Таа е лоцирана не многу пред почетокот на пратеничкиот мандат во 1998 година. и ме враќа назад само две години пред тоа. Ме враќа во времето на најтврдото владеење на СДСМ и нивниот коалиционен партнер ПДП. Бев студент. Изборите во 1994 година, тогашната опозиција, ВМРО-ДПМНЕ и ДП ги напушти со твдење оти изборите се фалсификувани. Потегот ги воведе двете партии вон Парламентот, а на СДСМ му остави извонреден простор за неконтролирано владеење. Владеење без опозиција во Парламентот и без никаква контрола и задршка.

И како што е познато во филозофијата на политиката, во теоријата, власта сама за себе е достаточна, доволна причина и оправдание за се. Таа тежне да се зголемува и да го проширува своето влијание врз сите пори на општеството, тежнее кон тотална контрола на секој „опасен елемент“ и достигнувајќи ја крајната екстрема, кон контрола на умот и мислата на

поединецот. Таквото грдо лице на „Левијатан“ го гледавме како студенти и во нас раснеше отпор. Најтешко е кај студентите да се воспостави таа контрола на мислата и целиот тој процес раѓа извонредно силна контра-реакција, која во повеќето случаеви не мора да е ништо друго освен чиста, невина потреба од пркост на младоста пред силата.

Младоста по дефиниција е радикална, енергична, брза, неочекувана, авангардна, опозициона. Една инзворедна група на млади луѓе се среќававме на факултет и во просториите на ВМРО-ДПМНЕ да ги дискутираме состојбите во македонското општество кое најсилно од сите поранешни Југословенски републики даваше отпор на напуштањето на комунистичкиот систем, ментален склоп и навики. Впрочем политичкиот систем сеуште ни беше еднопартиски, без опозиција во Парламентот, со тоа што македонската наследничка на Сојузот на Комунистите на Македонија (СКМ) имаше свој соодветен одговор во албанската партија ПДП, која ја сочинуваа исто така функционери од поранешниот Југословенски систем, со една единствена разлика - етничката припадност. Монопартизмот функционираше скоро идеално, со една забелешка, во себе го носеше никулецот на распадот уште во тоа време. Втората партија во владината коалиција, ПДП учествуваше во власта за да го осигура демократскиот имиџ на тоталитарното владеење. Имиџот ќе биде само оправдание за СДСМ пред јавноста, додека вистинските намери во учеството на ПДП во власта ќе бидат осигурување на имунитет, заштита во туркањето на чисто етничките проекти, нпр. „Тетовскиот Универзитет“. Тој експеримент, таквото учество во власта на партија на чисто етнички принцип, ќе се покаже како катастрофален за Македонија, а процесот иреверзибилен. Секоја наредна Влада ќе мора или да го прифати воспоставениот клуч или да се помири со изолација или нејзино, на било кој начин спроведено - рушење.

Земајќи ги во предвид правата на сите, потребите и слободите, привидно не постоеше никаков проблем во Македонија. Идила. Двата етникума споени во власт, развојност и напредување. Со секојдневно отстапување на Македонците. Оти Македонците се мнозинство и тие треба да даваат!

Нема ништо спорно во давањето на правата во насока на демократија. Нормално е тој што е поголем и носител на општеството да дава, додава, попушта. Постојаниот развој на општеството и глобално на човештвото покажува постојано зголемување на квантумот на правата и постојано и постојано демократизираме на сите сфери на живеачката. Сваќајќи го тоа во

погрдната смисла на зборот владеачката гарнитура (СДСМ-ПДП, 1994-1998) токму во такви обланди ги обвиваше сите свои отстапки. Демократизирање, напредок, развој, храбро соопштувани и преповторувани ударнички термини. На тоа не може никој да приговори.

Но, ако загребевме малку под површината на таа фина глазура, гланц лесно се гледаше грдото лице на тоа што повеќе пати сум го повторувал јавно, а во оваа книга и го илустрирам со аргументи и документи, проектот за голема Албанија. Проект на чија што реализација суптилно, чекор по чекор, низ годините се работеше, а и ден-денеска се работи. Само што во тоа време беше малку потешко воочлив, ама не и невидлив.

Целата ситуација во општеството ја дискутиравме на нашите среќавања, убедени дека се знаеме и се ни е јасно. Сакавме да се спротивставиме. Основната замисла, ах колку ли само идеалистички размислувавме, беше да се разбие доминацијата и континутетот на комунизмот во студентската организација (ССУКМ). А каде ќе делуваат студенти, па макар и политички ако не во студентската организација. Сметавме, можниот успех во рамките на студентското движење создаде можност да отворием простор за нови идеи, ќе ги помрднеме работите нанапред, ќе допринесуваме на свој начин за развојот на нашата држава. Секојдневно го гледавме младото македонско општество, со надеж нешто да смениме.

Sид! Наидовме на толку силен sид, замандалена врата што кај нас се јави нормална реакција, се радикализираше нашата мисла и решивме да не отстапуваме. Цената можеше да биде висока. Целата организација на студентите на Универзитетот Свети Кирил и Методиј беше ставена под контрола на владеачката партија и не беше допуштено по никоја цена да влезе таму свежа сила, која можеби и случајно ќе размислува „опасно“. Се гледаше дека нивните аналитичари добро ја проучиле материјата со знаење колкава сила се содржи во студентското движење. Да си споменеме на студенските демонстрации кои ја сменија радикално Европа, 1968година. Во исто време додека ова се случуваше во Македонија, Балкан беше бомбардиран од информации за долго трајни масовни студентски протести во Белград против тамошниот режим на Милошевиќ. Студентите ја поткршуваа неповратно неприкосновената моќ на последниот Балкански диктатор, поуспешно од сите негови непријатели, странски известителни служби, ембарга... По улиците на Белград се гледаше силата на студентското движење.

Спротивно на тоа што заличува на нормално студентско пулсирање, во нашата

студентска организација - мртвило. Собир на истрошени просечни, долгогодишни студенти на праг на четвртата деценија од животот. Бараките каде што се наоѓаше седиштето на ССУКМ запуштени како тајниот штаб на групата ТНТ (Алан Форд), место кое секој би го заобиколил со задоволство. Само една ситна и тешко воочлива табла означуваше, покажуваше дека тука е сместено лидерството на студентската организација која брои околу 25.000 млади луѓе. Со огранок на секој факултет и со член во статутот на организацијата регулирано оти секој студент е член по автоматизам. Значи една и еднинствена организација! Без алтернатива, без неистомислеци, без можност да се делува одвнатре, како што подоцна самите ќе се увериме. Како и да е, ќе направиме обид да влеземе! Одредени кругови сметаа полезно би било да се кандидирам за Претседател на ССУКМ. Бев заштитен од ревашизмот на професорите со самиот факт што бев на крај на студиите, на неколку испити до дипломирање. Така што исклучена е можноста „фаќање на заб“ од некој професор и малтлетирање со години, кое, за жал е честа појава на Скопскиот Универзитет и многупати патолошки-потсвесно прифаќања од студентите.

Напротив, бев решен да одам до крај во тестирањето на системот што ми даде можност да ги проверам своите можности и капацитети. Некоја таинствена сила ме гонеше, бев спремен по цена на сите ризици да влезам во цела таа игра. Сега кога се навраќам на случувањата од тоа време се чудам, затоа што од оној момент додека ми биде соопштено, подобро кажано предложено да се кандидирам за Претседател на ССУКМ, ни на сон не помислував на тоа. Нејсе, поднесовме кандидатура. Со големи маки ги исполнивме условите, оти бевме натрапници, а системот апсолутно затворен и лесно контролиран од внатре. Сите механизми беа во нивните раце. Да не ги заборавиме и методите на заплашувањето и принудата како и моментот на незаинтересираноста на поголемиот дел на студентската популација за фантомската организација. Затвореноста создаваше магла и реално погледнато ги оддалечуваше со својата комплицираност, лавиринтност, заплетканост, студентите кои што сепак ќе се заинтересираа за активност во неа.

И како што очекував да се случи, без образложение бев одбиен. Едноставно, јавното признание на членството во ВМРО-ДПМНЕ, кое не го сметав за хендикеп, ме направи непожелен. А само мислев ќе биде чесно да ја објавам својата политичка определба, која впрочем ми е загарантирана како право со Уставот на Република Македонија и најбитно од се е моја лична

определба, дестилирана како производ на сопствена оријентација, желба и потреба. Имаше нешто исконско во ВМРО што обзема, духот на некои поминати херојски времиња, долготрајна борба за сопствена држава, херојство, завет... Не ми паѓаше на памет да го кријам или негирам тоа што го направив со голема гордост и како свечен чин, членството во ВМРО-ДПМНЕ.

За жал тоа беше достаточен сигнал за опаснот, сите механизми проработеа и бев одбиен. Првпат во животот се соочив со „Левијатан“ очи во очи. И не се исплашив.

Во исто време, крајот на 1996, почеток на 1997 година коалицината власт поради потреба од само одржување, во понатамошниот процес на отстапки за сметка на македонските национални интереси изготви закон за Педагошкиот факултет со кој се предвидуваше Албанците на тој факултет да се образуваат комплетно на Албански, иако во Уставот на Р.Македонија, член 48, јасно е наведено загарантираното право на малцинствата на образување на мајчин јазик, заклучно со средното образование. Кога потребите на чудно воспоставениот амалгам на власта сами од себе диктираат, Уставот е лесно заобиколива категорија. Мораше да се прават отстапки! Работите во државата вриеја, а и во студентската организација. Се избра Претседател на ССУКМ, чудо на природата, незнаеше реченица да склопи и каже сам. Тој Претседател, неговиот лик и однесување покажа оти континуитетот е обезбеден и власта ќе нема проблеми од студентската страна во догледно време. Мојата борба, нелегитимноста на процедурата и начинот се уште траеше, но ми беше јасно, нема многу можности за нешто да се поправи или смени.

И тогаш се случи пресврт. На сцена стапи Претседателката на студентите од Педагошкиот факултет, Мирјана Китановска. Се појави и рече: „Ние ќе протестираме!“. Очигледно секој систем има внатрешни слабости и ССУКМ на изборите за лидер на студентите на Педагошкиот факултет не обрнале доволно внимание, пропуштајќи да постават свој полтрон таму, како што беше случај со скоро сите други факултети. Сите го сметаа ПФ за споредeн факултет, поради малиот број на студенти, а со тоа неможноста да влијае позначајно врз случувањата во ССУКМ. Мирјана Китановска беше темпирана бомба што ќе го клекне на колена квазистудентскиот апарат создаван 50 години.

До нејзиното појавување на големата студентска сцена, веќе изминаа два-три месеци на безпоштедна борба помеѓу студентите, што кај самите студенти ќе ја промени свеста, односот и одговорноста кон студентското организирање. Многу поголем број на студенти сега исчекуваа како ќе реагира

ССУКМ на иницијативата на ПФ. Со тоа, таа иницијатаива не можеше да биде заобиколена.

Се закажаа протести. Секој со своите идеали во нив. Различни интереси измешани на едно место. Па сепак, протести на студентите. Настан сам по себе, за било кое време и било кое општество. Траеа од 14-17 Јануари 1997година, за потоа да настапи период на пауза помеѓу семестри. Тоа е оној период кога студентаријата се разбегува по внатрешноста на државата, оставајќи ги студентските домови полупразни. Во Скопје се смирува тензијата во многу. Градот стивнува.

Протестите постигнаа значаен успех. Македонското општество конечно ги забележа студентите. Платото пред владата беше исполнето со млади ликови и транспаренти: „Ние сме иднината“, „Единствен Универзитет“, „Сите“, „Подобро да ги губиме часовите,отколку државата“, „Ви дадоввме прст, барате цела рака“, „Софија го продаде македонскиот јазик“... Кренати индекси, свирчиња, убеденост, верба, определба, задоволство од сопствената акција и постоење. Цел центар на Скопје закрчен, сообраќајот стопиран, полиција, барикади, случајни минувачи-подржувачи, аплаузи од продавниците, восхит од постарите, со еден збор, притисок. И не издржаа. Тогашниот Премиер г-динот Црвенковски (кој подоцна ќе го споменувам често во говорите) вети повлекување на законот за ПФ, кој што сеуште беше во фаза на владин предлог. Победа! Победивме! Нашите убедувања победија, со целиот жар што го имавме во нас констатиравме оти сме ја спасиле државата, барем за малку од разградување, уништување, парчење. Она што тргнува од образование, како барање, лесно завршува со барања за територија. Победивме и сите се разбегавме по дома, на заслужен меѓусемистрален одмор. Не знаевме колку сме се излажале.

На 29 и 30 Јануари 1997година, неполни две недели по завршувањето на протестите, Собранието на Р.Македонија го донесе Законот за Педагошкиот Факултет.

Што да се прави?! Како да се одговори? Се сретнавме со Мирјана, јас и Димитар мојот цимер за да дискутираме за можни варијанти. Таа самата со раковотството на нејзиниот факултет веќе беше одлучила на почетокот на семестарот да ја бојкотира наставата една работна недела, во знак на протест кон лажењето на студентите. Јас и Димитар побаравме порадикално да се изрази незадоволството и кога веќе одлучиле да протестираат, да биде тоа силно и ефикасно. Повторно на улица! Се сложија. Отпочнавме со подготовки. Се подготвуваат транспаренти, се вртеа телефони, се правеа

договори, стратегии, со голема надеж дека нешто ќе направиме.

Вторите протести, односно продолжението започна на 17 Февруари 1997, точно еден месец по завршувањето на првите. Голема надеж втемеливме во нив, но некаква чудна атмосфера, ги опкружуваше. Постојан притисок со закани, опструкции од сите страни. Методи од тоталитарните системи на Орвеловата 1984, злоупотреби на тајните служби (што подоцна ќе се докаже со документи), перење на мозокот со мас-медиумите... Сепак, чудна аура ги опкружуваше нашите верувања. Лебдеше во воздухот мирис на бура, надоаѓачки дожд. Чувствуваш, неможеш да тврдиш, ама знаеш така ќе биде и стоиш, застапуваш, се бориш за исправна цел.

Тргнавме од пред платото на Филозофскиот факултет. Мала бројка на студенти. Целосно бојкотирани до страна на ССУКМ. И се чинеше дека се е готово, едноставно власта ги искористи сите свои механизми за само заштита и успешно се одбрани. Го донесе Законот за ПФ кога повеќето студенти не беа во Скопје и сега нема враќање назад. Стигнавме пред Министерството за образование со бројка едвај да ја блокираме улицата. Мислев дојде крајот на нашето бунтување, немаме повеќе сила и се ќе биде тотално фијаксо зачинето (загорчено) од некој купен квази-новинар-извршител и се ќе исчезне. Загрижените лица на другите учесници во протестот го покажуваа истото. Сите со желба нешто да се промени, но бојкотирани од сопствените колеги, од сопствениот сојуз на студенти, кој се огради од нас во име на некои нејасни интереси. Продолживме по замислената патека накај Собранието на Р.Македонија уште еднаш и таму да создадеме мала врева и да ги потсетиме на нашето постоење... По се изгледа, после таа последна станица, се завршуваше. Се буневме, укажувавме на очигледното, настапувавме и ризикувавме, но дојдовме до последната станица.

Пак се излажавме. И тоа многу. Излегувајќи од кривината што води од „Рекорд“ накај Собранието слушнавме татнеж од далечина. Приближувајќи се забележав дека булеварот е затворен, без сообраќај се до раскрсницата кај „Црвен крст“, а од таму се движи огромна маса на средношколци. Крвта зоврива во секунд. Нова надеж. Точно пред Парламентот се споија нашите две групи, студентската и средношколската. Бројката во секој момент се зголемуваше. А секоја голема бројка развива страв кај власта. Полицијата веднаш го загради Собранието. Протестиравме до доцна попладне, со голема енергија и се разбегавме.

Мирјана имаше таа вечер закажано гостување на новата политичка емисија на Сител, „Профил“ каде што ќе ги образложи нашите ставови. Се

собравме дома, кај мене да гледаме вести. Да ги видиме коментарите и одгласите. Знаев нема да бидат добри, власта ќе се брани, ќе не оцрнува, ќе бара начин да не дискредитира. Чекав да видам само кој начин ќе го изберат.

И како што се се случуваше како што најмалку можевме да претпоставиме, така и со вестите. Се бев подготвен дека ќе слушнам но не и дека ќе се јави во вестите на македонската телевизија началникот за аналитика на Министерството за внатрешни работи. Тој по име и презиме ме акцентираше објаснувајќи ме како студент кој доаѓа од ВМРО-ДПМНЕ и сум ги предводел протестите поради политички интереси. Од тој момент се сменија две работи по грешка на власта, од обичен учесник ме прогласија за водач и ги насочија, несакајќи сите учесници накај мене и второ, проширувајќи ја содржината на протестите од студентски во политички, широко ја отворија вратата за канализирање на незадоволството акумулирано во целото општество. Сите незадоволни сега ќе се појават на улиците на Скопје и нашиот протест ќе прерасне во едно од најголемите изразувања на незадоволството од целокупното застранување во тоталитаризам на македонското општество. Ако немам право да ги прогласам за најголеми нашите протести, тогаш со сигурност можам да тврдам дека беа најдолги, од 14-17 Јануари 1997 и 17 февруари до 19 март 1997. Вкупно 30 дена.

Мојот одговор на прогласувањето за водач на протестите беше инстинктивен, посакав да објаснам дека тоа не сум и му се јавив на водителот на емисијата каде што ќе гостува Мирјана Китановска, Драган Павловиќ-Латас од кој побарав да ми дозволи да се појавам во емисијата заедно со Мирјана и во кратки пет минути да ги демантирам дезинформациите и застрашувањата на МВР. Наместо тоа добив покана за учество во целата емисија.

Денеска од извесна историска дистанца, што времето само по себе ја создава, сметам дека тој 17 Февруари 1997 и настапот на вечерната емисија беа можеби клучните моменти што целото сконцентрирано, долгогодишно незадоволство го најде каналот, празнењето низ тие протести. Го читав Орвел, 1984, превод на сопствени цитати, во живо.Ја искористивме можноста да се обратиме на јавноста.

После емисијата за прв пат забележав дека имаме „Опаш“. Имено, додека поминувавме низ градскиот парк, некаде кај МЦМ сативме, во празната улица во која никој не поминуваше еден човек држеше иста дистанца со нас цело време. Многумина ќе речат младешка фикција, самопридавање на важност, его, што ли не? Склон сум да го прифатам тоа, човек лесно почнува

да фантазира губејќи ја солидната основа под нозете. А од друга страна, да те следи полицијата, тајните служби, автоматски си дисидент, политичка опасност што навистина многумина го посакуваат како настан, момент во својата политичка биографија. Ќе прифатев, сме си фантазирале и никогаш немаше да бидам сигурен дали сме биле во право кога мислевме дека не следат, да не го добиев на рака, со заверени печати од МВР моето политичко досие кон крајот на 2000 година. Добив 58 страници, а не две-три како што си мислев кога слушнав за следењето на тајните служби во времето на зголемената студентска активност. Но, тоа е прашање за друго место и истражување.

Првиот ден на повторените протести и емисијата „Профил“ не резултираа само со опашка од полицијата. Утредента масата на протестирачи што ни се приклучи беше пет пати поголема. Многу повеќе студенти, незадоволни луѓе и многу, многу средношколци. Сите со транспаренти, свирчиња, знамиња стари и нови. Демонстрирање на посебност, свесност, сопствена самоспознаеност. Власта ја зафати паника. Она што беше предвидено да заврши како фијаско прераснуваше во општо младинско незадоволство. Веќе од вториот ден работите станаа сериозни, и премногу сериозни. Од тие денови датира и отварањето на моето политичко досие со псевдоним „Марта“. Така наречената демократска власт воопшто не ги „злоупотребувала“ своите полуги против своите граѓани.

Арсеналот на обвинување кон нас немаше граници. Станавме шовинисти, ксенофоби, дури и расисти. Зборот национализам да не го ни споменувам, оти тој беше најблаг од сите употребени. А сето тоа зошто? Затоа што ја сакавме сопствената држава, плодот на маката на безбројни генерации. Нејсе, нормално е оној што е нападнат да се брани, но да го прават тоа на таков грд начин, да не етикетираат без трошка задршка некои сомнителни типови во потрага по трон на кој ќе се поклонат е неприфатливо. Еден дневен весник не нарече и фашисти. Јавно го искинавме тој весник. Сето тоа создаваше само контра-ефект. Бројката на приврзаници раснеше, така што на четвртиот ден (20 Февруари 1997) во време на одење по редовната маршрута низ скопските улици не се броеше колку не има. Одејќи од ПФ накај Партизанска свртевме десно, го фативме булеварот и се упативме накај соборниот храм, со намера на булеварот СВ. Климетн Охридски да свртиме лево и да се најдеме пред владата. Она што не се заборава е пристигнувањето пред соборниот храм.

Се вртам назад, се качувам на контејнер и гледам до каде што ме држат очите, се уште скршнуват и се движат протестирачи од раскрсницата кај

бензинската пумпа на Партизанска. Неверојатна гледка. Нешто што не се случува два пати во животот. А пред нас, некоја друга група нови дечки доаѓаше од кај Германската Амбасада. Веројатно задоцниле пред еден саат кога тргнавме накај Педагошки Факултет од пред Собранието...

Наредна фаза. Шаторот. Минаа денови и денови. Власта не попушташе, не попуштавме и ние. Кренавме шатор во паркот „Жена - борец“ спроти Собранието на Р.М. Имавме судни маки да го направиме тоа, сме ја уништувале тревата!?Имаше и помал судир со полицијата. Не попуштавме. Работата можеше да избега од контрола. Првата вечер спиевме под отворено небо, 5 Март 1997. А во Март во Скопје знае да биде ладно. Утредента немаше каде, го кренавме шаторот. Тој ќе остане во паркот 15 дена симболизирајќи го нашиот штрајк со глад, последната фаза на студентските протести. Веќе вториот ден шаторот стана институција сама за себе. Се собираа луѓе, доаѓаа да видат што тоа таму прават студентите. Некои едноставно од љубопитност ќе sирнеа, за некои беше место каде што ќе се чекаат за да продолжат со својата вечерна прошетка. На само неколку метри зад шаторот, навечер, можеа да се видат парови кои се сакаат...

Прва што не посети беше проф. др. Виолета Панзова професор на Филозофскиот факултет. Дојде на разденување на вториот ден, видно погодена. Не замоли да си одиме дома, да внимаваме на здравјето. Типичен мајчински однос. По мојата драга професорка во шаторот дојдоа и Петар Гошев, Стојан Андов, Томислав Стојановски-Бомбај, Архиепископот Македонски Господин Господин Михаил, градоначалниците на Кисела Вода, Чаир и Гази Баба, раководството на ВМРО-ДПМНЕ, Георгиевски со најблиските соработници Димовска и Змејковски. Секој еден што беше некаков опозиционер дојде да ни изрази подршка. Работата добиваше се повеќе политички тон. Медиумите на власта тоа го користеа да ја обвинат ВМРО-ДПМНЕ за инспирирање и организирање на протестите. Објавија и слики од мене и Димитар од „Завет“, каде што имавме изјави како членови на Ивршниот Комитет на Унијата на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ. Се што можеше да се искористи против нас беше добредојдено.

Па сепак, ништо не им помогна. Притисокот раснеше секојдневно и на крај немаа каде, мораа да отворат дискусија во Парламентот. Дискусијата несреќно ја насловија како расправа меѓунационалните односи. Денеска кога се навраќам на тие работи гледам тоа не беше случајно. Вештината на манипулацијата ја искористија и тогаш, со едноставна намера на ВМРО-ДПМНЕ да му се прикачат сите можни обвинувања за нарушување на

меѓународните процеси. Меѓународната јавност подготвено чекаше на такво нешто. Трендот на изолираноста на ВМРО лесно можеше со евентуалната успешност на таквото прикажување на нештата, преку собраниска седница да се продолжи, што автоматски имплицира долговечност на владеењата на СДСМ и ПДП. За да биде декорот комплетен на седницата поканети беа и лидерите на ВМРО и ДП, Горѓиевски и Гошев. Се чини тие ја прозреа намерата на власта и не се појавија на таа клучна седница, иако тоа беше единствената можност што ќе ја добијат да ја искористат собраниската говорница во четирите години мандат на вториот македонски собраниски состав.

И ние во шаторот размислувавме дали да ја прифатиме поканата за учество во седницата, оти можно беше да влетаме во стапица и со нашето присуство на седницата да дозволиме да бидеме обвинети за влошување на меѓународните односи. Секако тоа ќе го стореше Парламентот, без задршка, иако студентите-Албанци и протестираа пред Парламентот и веќе шест месеци не ја посетуваа наставата на ПФ, од почетокот на школската година. Сепак после провокативниот говор на Премиерот Црвенковски во кој што изнесе купишта невистини за нас, заеднички на состанокот во шаторот решивме да се појавиме вториот ден на седницата и да ја искористиме можноста да им се обратиме на сите што не подржуваа. Знаевме, само тоа смееме да си го поставиме како цел. Да се очекува пратениците на СДСМ од тој состав (околу осумдесет на број) да не разберат ќе беше илузија и сомозалажување. Ја отфрливме таа можност како реална. Единствено сеуште незнаевме со сигурност кој да се обрати во наше име од говорницата. Кога веќе решивме да се појавиме јас и Китановска, од моја страна џентлменски беше да и понудам таа да зборува. Но таа, таква каква што ја паметам, цврста, решителна, ама скромна и затворена ми рече: „Подобро ти зборувај, јас ќе бидам до тебе“. Така би.

Дента кога влеговме за прв пат во Собранието се чувствував како да сум влегол во друг свет, различен свет. Еден таков дом, законодавен дом кој што ги донесува сите закони, кој што понатаму го детерминираат животот на секој еден во Македонија, каде што е донесен Уставот на Р. Македонија, кај мене, претпоставувам и кај секој друг, предизвика стравопочит. Впрочем големината на државата во многу ја надминува големината на поединецот и тоа во секој смисла. Силата на секоја единка е вградена во неа. Генерации и генерации. А најсилниот претставник, каде што најлесно може да се види темелот на државата е Собранието. Ме фати страв. Дали ќе можам? Ќе успеам

ли да го кажам тоа што го имам на ум? Како ќе ме сватат? Ќе разберат ли? Се чувствував како во боксерски ринг. Сето тоа додека да се качам на говорницата и да почнам да зборувам.

Зборовите тргнаа сами од себе. Објаснување на протестите, на нашите намери и барања. Оправдување на начинот, барање на заштита од малтретирањето на тајните служби... Незнам колку време помина. Пред да почнам да зборувам мислев нема да можам црно и бело пред мене да распознаам, дека ќе ме укочи трема. Напротив, како што зборував се појасна ми стануваше нашата цел и визија, но и просторот предмене, исполнет со пратеници, министри и Премиерот. Слушаа внимателно, сосема спротивно на тоа како бев предупреден дека ќе се однесуваат. Некои наши ми рекоа дека ќе ми дофрлуваат, ќе се обидуваат да ме деконцентрираат, иссмеат. Слушаа, како што се слуша противник кој што не сакаш да го потцениш без да му ги знаеш слабостите.

Знаев, поради интезитетот на проблемот слуша целата нација. Зборовите сами навираа, безконечен след. Завршив со оправдување на протестите како „институција на системот“ на која сме приморани поради лажењето и игнорирањето од страна на власта. По претходен договор, ги повикав сите што не подржуваат да ни се придружат надвор, пред македонскиот Парламент и да продолжиме со изразувањето на незадоволството. Не можев ни да замислам каков ефект ќе имаат тие зборови. Неполн час потоа десетина илјади луѓе се собраа пред Собранието. Многу повеќе од сите претходни денови, постари луѓе, стечајни, излажани, понижени, синдикалци, авантуристи, провокатори... Какви ли се не. Ќе влегуваат во Собранието. Пак ме фати страв. Некој ме крена на рамениците, за да можат подобро да ме видат и тие што беа далеку позади. По мене-викав од мегафонот колку што ми држеше гласот. И тргнавме уште еднаш, повторно низ скопските улици како секој претходен ден. Од Собранието до Рекорд, Германската Амбасада, низ булеварот Св. Климент Охридски до Владата, поштата и назад до Собранието. Круг што одзема час или два и амортизира многу негативна енергија. Избегнавме инцидент, ги спасивме протестите. Оти лесно можеше да се случи да бидат протолкувани како недемократски, насилнички, партиски, од власта ако некој се обидеше да влезе насила во Парламентот.

Неколку години подоцна дознав, Црвенковски во тие моменти бил изнесен низ тајните ходници низ Собранието, на сигурно.

Потоа, последната фаза на протестите. Неколкумина учесници во

штрајкот со глад мораа да посетат лекари поради критичното влошување на здравствената состојба. Отидовме во крајност. Петнаесет дена штрајк со глад, триесет дена протестирање по скопските улици. Мораме да прекинеме. Иако морам да кажам оти и меѓу нас имаше жешки глави кои сакаа по секоја цена да продолжиме...

На крајот што постигнавме? Гледајќи ги барањата, целите дали воопшто нешто постигнавме? Да. Се слушна гласот на студентите. Се крена свесноста. Се објави постоење на нова легитимна сила, студентското движење кое што секоја власт ќе мора да го има во мислата секојпат кога ќе сака да си игра со народот и македонските национални интереси. Понатака, се нагриза трајно тврдото туморно ткиво на македонскиот тоталитаризам. Лажната демократија мораше да почне да го гледа својот крај.

Стекнав многу пријатели. Некои познанства прераснаа во другарства. Ден, денеска кругот на луѓето од тоа време останува многу цврст и близок.

На сите учесници во студентско-средношколските протести од 1997година со овие зборови им салутирам и ги величам. Знам дека имаме една мисла, заедничка мисла, неделива мисла-Македонија!

Тоа беше првиот момент кој што доведе до тоа после година ипол да се најдам во Парламентот, овој пат како пратеник. Како што веќе реков, тие студентски активности ги сметам за неразделни од понатамошното политичко делување и нелогично ќе беше да пишувам, давајќи отчет стриктно поврзан за почетокот на пратеничкиот мандат во Ноември 1998 година.

ВМРО-ДПМНЕ. Превирања. Нови луѓе

Вториот момент е исто така поврзан со 1997. Крајот на летото го дочекавме со нов Извршен Комитет на ВМРО-ДПМНЕ, во кој бев повикан да членувам до страна на Претседателот на партијата, Љубчо Георгиевски. Тоа затоа што на прочуената седница на Извршниот Комитет на ВМРО-ДПМНЕ од 30 Август 1997 Геогиевски го распушти целиот ИК на ВМРО-ДПМНЕ, што отвори место за нови луѓе. Тогаш тој беше принуден на таков чекор. Состојбата беше толку многу сериозна што владините медиуми, со задоволство, го најавуваа големиот раскол, кој што требаше да означи крај на ВМРО-ДПМНЕ. Пусти желби. Напротив, Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ ја пресврте целосно ситуацијата и создаде тим со кој што наредната година ќе победи на изборите.

Претходно во младинската организација на партијата имаше некои тектонски поместувања. Претходниот Претседател по сопствена погрешна политичка проценка беше принуден на отставка. Од позиција на дотогашен потпретседател на подмладокот бев кандидиран и избран за 4-ти Претседател на УМС на ВМРО-ДПМНЕ. Обврска, должност, најповеќе од се гордост.

Со таа позиција и со членството во Извршен Комитет на ВМРО-ДПМНЕ бев на листата на пропорција седми, место што даваше извесна сигурност дека ќе се најдам во следниот, трет собранискиот состав на Парламентот. Победивме на изборите, убедливо.

Новиот состав ја имаше конститутивната седница на 19.11.1998 и тоа во зградата на Владата. Бидејќи салата на Парламентот се реновираше бевме принудени да останеме во зградата на Владата се до Мај наредната година.

На првата седница седевме десно од влезот, односно од левата страна на претседавачот, сите 49 пратеници на ВМРО. Така ќе биде само на таа седница. Веќе при изборот на Владата (01.12.1998) местата беа променети и СДСМ дефинитивно отиде во опозиција. Долгогодишните напрегања добиа своја завршница. Поразен е таталитаризмот и орвеловштината на наследниците на СКМ-ПДП. Конечно седнаа на опозиционите клупи. Да, тоа може да биде и е цел, оправдание за работата и напорите на цела една, нова генерација на луѓе. Од полу тајните собири на факултет, замислите и договарањата за студентски ќелии, цртањето на 16-кракото сонце на индексите, преку протестите, шаторот, внатре партиските потреси и тектонски движења, до изборите и победата во најдалечните краишта на убавата наша татковина, тоа е оправдание. Некој пат доаѓа полесно, некој пат

на одрекување се принудени генерации и генерации. Втемелени врз идеалите на Солунските гемиции и 6-темина основачи на историското ВМРО, па се до некои нови наши икони, како Министрите од Владата на Кљусев кои без преседан ја сокрија воената документација за младите македонски синови, за да не гинат во нечии туги стратегии и војни, за туѓи идеали и големи држави. И да, тоа оправдание се реализираше во нашата генерација.

Новата Влада. Наследство. Реформи

Одтука натака, нова страница. Тешко поглавје. Да се оправда и потврди довербата на народот. Да се исечат во корен отруените израстоци на деценискиот мутант. Да се демократизираат институциите на системот, уште повеќе, да се смени менталитетот, да се влее надеж. Од македончиња да станеме Македонци. Ова го велам оти својствено на многу системи е застранувањето. Човечкото око нема дно. Лесно може да се отиде во спротивната крајност. И најголемите либерали и поборници за демократија и човекови права лесно се претвараат во конзервативни кочничари на развојот, за сметка на сопствени интереси, и би рекол - ниски страсти. Таа опасност, секако, стоеше и пред нас.

Моравме да го реформираме целиот државен апарат. Се. Насекаде кусоци и дупки. Здравството, образованието, Армијата и одбраната, полицијата, правосудството, социјалата... Претходната власт во очекување на сопствениот крај насекаде ни остави баласт кој ќе не мачи во текот на целот мандат. Општо познато е дека има власти кои трошат пари и власти кои акумулираат пари. Различни идеологии и пристапи. Нам ни беше оставена празна државна каса, задолженост према странство, фондови со долгови, во одредени случаеви и по 100-тина милиони марки и одозгора на се превработеност во државната администрација, додатно зголемена за околу 4.500 вработувања помеѓу двата изборни круга, кога резултатот веќе се знаеше. Сето тоа наметнато со цел, ни беше оставено за да биде проектирана појдовна точка. И кога губеа не се помируваа. Нивните аналитичари предвидувале наша збунетост, тешкотија во справувањето со многуте проблеми. Најпосле, невработеноста и сиромаштијата на нашиот сопствен народ. Исцеден и доведен на прагот на халуцинантно, рефлексно реагирање според потребите на елитата.

Замислата и згодна. Оптеретеноста со решавање на така големи проблеми сигурно ќе ја одалечи Владата од луѓето. Оти потребни се често

хируршки, остри зафати за да се отстрани девијацијата. Тоа боли, создава реакција, која може да биде контролирана, насочувана и искористена. Само во едно се прелажаа, и ние бевме свесни на сите тие опасности. Сепак се зафативме со се што беше потребно да се реформира.

Морам да потенцирам, не правам обид за универално и догматко објаснување на еден период од развојот на државата и Парламентот во чија што работа учествував. Ниту сега не велам дека е обврзно да се прифатат овие ставови. Моите демократски убедувања, во тоа време, што може лесно да се види од парламетарните говори, а и денеска велат оти секој има право на избор. Секој може сам да се определи во што ќе верува. Токму затоа било какво инсистирање на апсолутна вистинитост целосно би ја сменило содржината на пораката што сакам да ја испратам. Сфаќајќи го ова како аксиом ги давам на увид моите настапи, моите ставови и размислувања за темите на кој што расправавме. Бидејќи бев обвинуван за заинтересираност единствено за националистички прашања (во погрдна смисла на зборот) за дрски кавги со Албанците во Собранието, за примитивизам и ксенофобија и (форум, 25.02.2000) решив на увид да ги ставам повеќето од настапите во текот на целиот мандат. Тие самите говорат дали навистина имало само дрски кавги со Албанците и заинтересираност само за националистички прашања. Инаку, да бидеш обвинуван за национализам затоа што си љубител, заљубен или пасиониран за и кон својата татковина и нација, неможе да биде проблем! За мене тоа е гордост и привилегија. На трагите на нашите прадедовци...тоа е привилегија. Зачудува единствено што по правило обвинувањата секогаш доаѓаа од Македонци, пасионирани квази-филантропи, божемни пацифисти, ефтини паразити, генецки отпад на мојата нација. Таквите по правило ги започнуваа сите хајки врз Македонците, тоагаш и денес. Таквите според многу веродостојни информации биле поткупувани, изнајмувани, бедни извршители на туѓи интереси. Денеска од извесна историска дистанца се располага со податоци за извесен број на новинари што биле на тајните платни списоци на ОВК, но и на некои Амбасади во Скопје.

Пак ќе речам, не отстапувам од гордоста што надоаѓа кога ме напаѓаат Тие. Само ми ја потврдуваат исправноста на определбата. Апсолутно сум убеден, плиткоста нема да го издржи тестот на историјата.

Првата половина на мандатот

Во обид да ги класифицирам настапите сметав најсоодветно и најлесно

достапни ќе ги направам ако ги поделам во две групи. Првата да ги опфати раните настапи, од почетокот на мандатот и првите жешки вкрстувања на зборовите од парламентарната говорница, се до крајот на 2000 година. Таквата класификација обединува различни прашања и залагањата за:

- За демократијата (16 Мај 2000), да се отвори Парламентот и да биде достапен за граѓаните. Секој да може да ја види дебатата одвнатре.

- Борба со пороците на модерното време (26 Јуни 1999), комисија која што ја формита Владата за да ја зголеми свесноста и отпорноста на младите да се каже не. Ја охрабрував полицијата дабиде жестока во борбата со наркодилерите и трговците.

- Измена на законот за угостителска и туристичка дејност (20 Април 2000), што подразбираше воведување на ред во сверата на угостетилството. Регулирање на плаќањето на давачките, контрола на вработувањето на црно и контрола на работното време. Сето тоа да резултира со поголема заштита на младите мир на родителите.

- Измена на законот за заштита и унапредување на животната средина (11 Мај 2000). Законот го подржав и на комисиската расправа и со дискусија. Зголемувањето на свесноста за сопственото природно опкружување и неговата заштита уште еден проект за јасно и прецизно утврдување на правата и обврските на државните органи, но и на граѓаните. Опозицијата преку настапите на своите гласоговорници се обиде оваа измена на закон да ја претстави како сопствен успех, како што тоа редовно го правеше секојпат кога ќе оценеше оти станува збор за позитивен чекор.

- Зголемување на акцизите на луксузните стоки. Ова зголемување беше напаѓано како ускратување на можноста на народот да се напие. Јас го подржав како потреба на државата да ги поскапи акцизните стоки а со тоа го ограничи пристапот на младите до таквите стоки кои што се штетни за здравјето. Барав строги санкции за фирмите што ги прекршуваат законите во оваа свера. Таквите фирми, со огромна акомулирана моќ беа создадени во време владеењето на СДСМ, фамозните фри-шопови. Противењето на опозицијата доаѓаше поради ова, а не во име на народот како што сакаа да изгледа. После овој настап имаше реакции и добив закани токму од некои такви фирми.

- Случајот ОКТА (23 Септември 1999), загубар кој што го добивме во наследство. Загубар за кој што СДСМ имаше таен договот со меѓународните монетарни институции за затварање, во строго определен датум. Македонската јавност не беше никојпат известена за тоа. Приватизација или

катанец! Се решив да ја подржам приватизацијата. Тоа значеше задржување на дотогашните работни места, сигурни плати и фиксно определени инвестиции. Го решивме засекогаш прашањето на овој загубар. Секако треба да имаме предвид и разликата од 53 милиони марки направена во 1998 година. Ден денеска не се знае каде завршила таа разлика. Зборував на таа тема.

- Расправа за состојбите во МТВ (15 Јули 1999), беше уште една расправа за голем загубар. Телевизијата во обид да направи развој беше обвинувана за инструментализираност, токму од оние што инструментализираноста во годините на своето владеење ја извештија до степен на виртуозност. Требаше време одговорно и трезвено да се претресат бројките за да се види кој со што и колку не задолжил. Секојпат, во ите настапи и по сите прашања барав секој што го прекршил законот - да одговара! На сето тоа добивавме грст обвинувања за реваншизам. Нема раваншизам, промената на власта незначи дека дошол и крајот на нејзината одговорност. Тие беа ставовите што ги бранев постојано и посебно кога зборував за Анкетната Комисија за јавни набавки (2 Март 2000). Нека си одговори сам читателот дали е реваншизам истрагата за Рејбанките и коњите на Фрчкоски!?

Опозицијата не мируваше. Напротив, немавме ниту еден ден комотно владеење во текот на целиот мандат. Критики, полемики, расправи, подметнувања, обвинувања, оговарања, конструкции, измислици и интерпелации. Особено интерпелациите ги користеа за сето она што претходно добило живот во кулоарите, во тајните штабови, во „мрачните штабови на Црвенковски“ (негова кованица употребена за време на протестите), да добие јавна потврда и верификација од парламентарната говорница. Стопати повторена лага станува вистина. Добра можност за тоа се интерпелациите на министер, кога ќе се наредат скоро сите пратеници, кои што вообичаено зборуваат и обвинувањата ќе ги повторат што е можно повеќе пати. Особено значајно е таквата ситуација, односно било каква интерпелација да се искористи за објаснување на позициите и грешките на целата Влада. Ќе се нападнат сите по ред, за да Премиерот Георгиевски се претстави како раководител на тим на малоумници. Арсеналот на напади од страна на СДСМ секогаш кулминираше со обвинувањето за некомпетентност, поврзано со низок коефициент на интелигенција. Целото македонско општество вриеше од морони, кретени и имбецили, само кутрата пратеничка група на СДСМ беше островот каде што не втасал потопот. Ароганцијата не ги напушташе.

Се чини дека кулминацијата на таквото однесување ја спознавме при

интерпелацијата на Министерот за образование, Ненад Новковски (29 Септември 1999). Врвот на обвинувањата-партизацијата. Сме ги партизирале училиштата и Министерството за образование со тоа што менувавме директори, кои во некои случаеви на директорска позиција се беа задржале уште од времето на претходната Југославија. Не обвинија и за одолговлекување на носењето на Законот за високо образование. Кое лицемерие! Истиот закон шест ипол години стоеше во нечии фиоки, поради наредбата од врвот да не се чепка таа тема. Парцијалниот закон за Педагошкиот факултет го донесоа како меѓурешение знаејќи, нема да го издржат товарот ако се обидата да го донесат законот за високо образование. А сега, неполна година после изборите не обвинија нас дека го одолговлекуваме носењето на законот како најможно-загрижени демократи, СДСМ?!

И тоа беше само трошка од сето она што ќе ни се случува на секоја наредна седница, на секоја наредна точка од дневниот ред, при секоја нивна дискусија.

Нападите ќе ги повторат, по којзнае кој пат и за време на расправата информацијата за соработката со НАТО (15 Јули 1999). Не напаѓаа оние што за Армијата не купија униформи и пушки, не купија еден единствен тенк. Ќе не напаѓаат повторно затоа што сме донеле бугарски тенкови, кои што ако ги немавме за време на војната, според зборовите на старешина на АРМ, некаде во полињата и рамнините околу Куманово: „Ќе требаше терористите да ги бркаме со Лади-ниви“. Тој говор го искористив да ги реафирмиран нашите определби, тогаш и сега јасни, потребното членство во НАТО и осигурувањето на припадноста и блискоста со модерниот свет, што од друга страна ќе ја обезбеди трајноста и иднината на Македонија. Прашање на максимален национален интерес. Во врска со оваа дискусија треба да се знае и датумот на првото споменување на Македонија како кандидат за член во НАТО, 24-25 Април 1999.

Моравме да расправаме од најсложени и стратешки прашања, до понекогаш тривијални, одложувани поради идеолошки бариери, често и заинает. А истите имаа реперкусии врз животот на граѓаните, но и односите во регионот. Потресуван постојано во изминатата деценија од војни, во регионот најмолку оптребни се додатни затегнувања на односите со виртуелно вбризгување на стравови. Затоа без никаков историски комплекс му пристапив на излагањето испорачано на 15 Април 1999, по повод повеќето договори склучени со Бугарија. Одсекогаш бевме напаѓани за бугарофилство,

како партија, фво смисол на продажба на националните интереси. Токму затоа сметам дека направивме храбар и одважен чекор. Ги разрешивме проблемите, нашиот јазик беше признаен согласно Македонскиот Устав и ставена е точка на сите долгогодишни недоразбирања. Денеска од перспектива на поминато време и случувања може јасно да се види дали беше продадена државата и дали е направена грешка, како што тогаш се тврдеше. А проблемите веќе не се пречка за нормално разбирање, се разбира секој на своите позиции и гледишта.

Конечно, заокружувајќи ја првата фаза на говори да го споменам и пратеничкото прашање (30 Март 2000) поставено на Министерството за здравство, „Дали КФОР шири сида во Македонија?“. Манирот на екстремна неетичка, контра-продуктивна сензација не следеше цело време. Овој пат колку и да делуваше нереално насловот, сепак како млад човек ме заинтрегира текстот што се појави во еден дневен весник морав да го поставам прашањето. Одговор никогаш не добив.

И најнакрај, за да не се помисли оти апологетски, само заљубено и субјективно-идеалистички мислам дека безгрешно сме ја практицирале власта, во книгата е поместен и говорот по повод признавањето на Тајван (12 Февруари 1999). Потегна една млада и наивна власт. Но ако се сложиме за наивноста како особина на оној што не е лош, тогаш може да се насетат мотивите. Лошата економска ситуација, безработицата и безперспективноста како да ќе ги решевме со тој потег. Останува на судот на историјата да ги дестинира намерите од навивачкото и хушкашко напаѓање, да ги открие кариките во ланецот на нештата, да ја прочисти мислата.

Овој говор ја заклучува првата фаза на делувањето во Парламентот. Фаза која беше учење и совладување на околината и можностите, обврските и одговорностите.

Одговорноста ќе падне со сиот терет врз нас во втората половина на мандатот.

За македонските национални интереси

Другата група на говори се селектирани построго и попрецизно. Тука се поместени 15-тина настапи кои строго ја допираат безбедносната состојба во Македонија, аспектите на одбраната и Армијата, појавувањето и пројавувањето на албанскиот тероризам, последиците од недоволното единство на македонското политички блок, како и целокупната активност поврзана со промената на Уставот, произлезена од Охридскиот Рамковен договор.

Лесно може да се забележи според времето на испорачувањето дека некои од говорите (ситуациите тоа го барале) одат наназад, до почетокот на мандатот, што покажува многу јасно оти Македонија била ставена во состојба на привиден мир, додека да се оцени од страна на големоалбанските сепаратисти оти е дојдено времето да се реализира зацртаната идеа за отцепување на западна Македонија. Македонија беше злоупотребена. Македонија беше помнижена, искористена и отфрлена и заборавена. Да, да мислам на Европа. На почетокот на интервенцијата на НАТО во Југославија, кога се знаеше дека таа ќе резултира со бран на бегалци кон Македонија, нашата влада соопшти оти можеме да прифатиме 20 илјади и секој поголема бројак би ја дестабилизирала државата. И се обидовме да држиме до себе, а за возврат сите Амбасадори во Скопје се јавуваа со закани да се отвори граничниот премин на Блаце или... Како резултата на тоа што го отворивме граничниот премин бевме обвинети од страна на опозицијата за распродавање на државните интереси. Тоа секако ќе биде зачинето со редовно повторуваните обвинувања за партиски чистки, реваншизам, некомпетентност.

Интервенцијата во Југославија потраја. Наместо 20 илјади примивме скоро 400 илјади. Државата беше на работ на хаосот, а парламентот потполно демократски расправаше за безбедносната состојба во Р.Македонија. Ова прашање од висок државен интерес го искористив за соопштување на ставовите, непроменети од првата свесност за Македонија кои како такви ќе останат. Македонија е една и неделива од Табанивци до Гевгелија, од Берово до Дебар. Наместо бес и омраза соопштував ставови за демократија, оптимизам и надеж. Соопштував можеби младешки наивно, во време кога сепаратизмот бил притаен чекајќи да се искористи нашата територија како џеб за извлекување на бегалците од Косово. Притаен за некое подобро време.

Тогаш сеуште сметав дека може да има соживот и по цена на губење на

политички поени и непопуларност кај гласачите, жртвата ќе биде оправдана, а државата и гласачите ќе имаат мир. После се го прифативме принципот на СДСМ кој први ни ја претставија формулата на владеење со албанска партија во Владата, по клуч. Единствено се излажавме што таквиот начин на владеење бил дозволен и оправдан за нив, никако за нас. Одејќи со таквата наивност, поткрепена со разумни убедувања говорев за надеж, цврстина, определба, ориентација. Меѓутоа состојбите нема да одат во позитивна насока. Страничните провокации кои се случуваа во Парламентот, од наводно маргинални алански пратеници, никако не беа случајни. Историјата и самостојноста, посебноста и постоењето на Македонија постојано беа доведувани во прашање. Таков е наредниот пример, дискусијата, подобро кажано расправијата од 3 Февруари 2000. Навидум случајно пратеникот Сејфедин Харуни (чии што син за време на војната ќе се бори против Македонија во редовите на ОВК) ќе ја тестира нашата подготвеност на одговор, прогласувајќи ја Македонија за привид и вештачка творба на Коминтерната. Дискусиите ќе бидат така дизајнирани за секој што случајно ги следи лесно ќе помисли дека се наоѓа во Парламентот во Албанија. Нафрањето на фактот оти Албанија е поделена во 1913 година на пет дела никако не е случајно и не смее да се занемари. Оти ако е така, тогаш останатите четири дела се во Грција, Македонија, Косово (како дел на Југославија) и Црна Гора. Таквите говори јавно кажани влегуваат во стенограмите и создаваат историја, за од денешна перспектива да го видиме резултатот.

Морав да одговорам, но сепак бев обзирен. Не навредував. Резултат-врисок! Ми скокнаа на врат како да сум го довел во прашање постоењето на Исус. Реакција што човек ја има како рефлексен одговор на допирање во нерв. И тоа не само од Харуни, туку и Зибери и Рамадани се најдоа за погодени. Изнесоа најниски навреди, споредби со животни, кои ги објавувам целосно затоа што се сведочења како се третираше секој оној што ќе се обидеше да зборува за државата низ призма на патриотизам. И не ми е жал. Јас си ги кажав моите зборови. Тие ќе останат. Чудно е што останатите пратеници, македонските пратеници не реагираа ниту приближно исто на начин на кој се бранеа албанските пратеници. По мојот одговор на Харуни, веднаш го бранеа неколкумина. Тоа кај нас не беше случај. За жал.

Времето и настаните кои ќе дојдат набргу потоа, ќе потврдат дека не станува збор за младешки наивен национализам, или албанофобија (како што милуваа некои македонски новинари да ми персираат), туку реално

согледување и предупредување на опасностите.

Убиството на тројацата полицајци во Арачиново на почетокот на 2000г. ја потресе Македонија. Сите бевме шокирани. На само пет километри од ценатарот на Скопје sверски беа убиени тројца македонски синови. Кој го создаде Аражиново, македонската мека на шверц? Истите тие што сега ја напаѓаа за поврзаност со криминалот. Без намера такво нешто да прифатам, оти знаев дека мојот ангажман е сосема чист, барав неприкосновено расчистување на случајот, изведување пред лицето на правдата на сите виновници. Барав да им се подигне споменик на загинатите полицајци, но и на сите загинати во служба на државата после 1990 година. На тоа ќе остане. Подоцна ОВК со коминике ќе превземе одговорноста за убиството на полицајците во Арачиново.

Интерпелацијата на Министерот за одбрана ќе биде следниот чекор во постојаното напрегање во опозицијата по секоја цена да најде начин да не обвини пред македонската јавност. Да се спечали некој политички поен беше алфа и омега. Толкава упорност и тврдоглавост во инсистирањата на некои обвинувања зачудува. Безгрижноста на таквото месечарење кулминираше кога после редовното обвинување за партизација и вообичаеното негирање на сите институции на државата, не обвинија за договор со терористите. Сллучајот на четворицата киндапирани македонски војници и ден денеска останува мистерија. Кој, како и зошто бил вмешан и дали бил вмешан нејасно е, но со едно мора да сме на чисто-животот на секој војник е неприкосновен и ако македонски војник е киндапириран, мора да се направи се за да биде спасен. Тоа беа главните тези на кој го потпрев излагањето за интерпелацијата на Министерот за одбрана. Според мене, во вдахновениот занес дека прават монументален чекор назад кон власта, во текстот на интерпелацијата, СДСМ се имаа заборавено и направија редици грешки. Сите тие грешки ги тестирав, доведов јавно во прашање, што како и секојпат кога им зборував, се обраќав, кај нив предизвикуваше реакции, дофрлувања, неретко пцуење и закани и редовно реплики.

Факт е во говорот за интерпелацијата не го бранев Министерот Кљусев, тоа може лесно да се види. Личните можеби персоналните грешки го оставив сам да ги објаснува, ако мисли дека има такви, иако беше член на мојата партија. Напати дури и го повикував да излезе на говорницата и да се произнесе за обвинувањата. Намерата никојпат не ми беше да бидам апологет. Никогаш не се држев за догма, партиска вистина, провидение, волшепство, маѓија, манија како слеп за стап. Она што го бранев беше државата,

единството, идеологијата за Македонија, правдината, чесноста, предадеността. Ама ја бранев и партијата кога било кој од претходно наведените доблести ќе ја пронајдев, почувствував кај неа, кај некој од нас, кај сите нас. Тогаш, а и сега верувам тоа се доблести кои може да се вградат во политиката и да бидат основа за политичко делување.

Наместо единство и определба нападите на опозицијата продолжија во текот на целокупниот мандат. Не замолкнаа ниту кога започна војната. Се што правевме им пречеше. Кога сакавме да расчистиме енергично со терористите - не обвинуваа за вовлекување во војна и не кодошеа кој сите странски Амбасадори. Ниту еднаш не застаа на наша страна. Кога ќе понудевме решение - редовно го исмеваа како некомпетентно. На крај им ги отстапивме компетентните места, дипломатијата и одбраната за да тие се справат со кризата така, како што подобро знаат од нас, како што само тие знаат. Во Мај 2001 кога влегоа во Владата за национално единство војната ја беше веќе зафатила Македонија на повеќе фронтови. Кумановскиот беше неочекувано широк и силен. Потегот од северната граница со Србија, па се до Арачиново зафатен со воени дејствија. Големи конфликти и употреба на тешка артилерија од двете страни. Од секоја куќа на тој потег пукаше по некоја пушка. Слична ситуација на сите фронтови. Во таква ситуација Бучковски стана Министер за одбрана. Очигледната превласт која што нашата Армија и безбдносните сили ја имаа на теренот, очекувавме толку компетентниот Министер, стручњак на стручњаците, да ја валоризира и претвори во победа.

Спротивно на очекуваното - молк. сите оружја замолчеа. Терористите ги бетонираа своите позиции, добвајќи додатна сила да се иживуваат со Македонија и Македонците. Неброени провокации, Куманово остана и без вода за пиење. На праг на катастрофа... Наеднаш граѓанинот Трајковски стана Претседателот Трајковски за СДСМ. Каква ли тактика. Тоа му даде и на него сила да ни се спротистави на нашите намери енергично да расчистиме со терористите. Полека се создаваше фронт против ВМРО-ДПМНЕ. Изби кавга. На фамозната средба што ја имавме со Претседателот Трајковски, како пратеничка групана на ВМРО-ДПМНЕ имаше жестоки дискусии и размена на потешки зборови. Куманово беше веќе десетина дена без вода и нетрпението само се зголемуваше. Во тој момент се имаа појавено вирусни болести во градот, фрустрации колку сакаш.

Тогаш се случи нешто што никогаш нема да го заборавам. На мое прашање до врховниот командант на Армијата дали има намера да објави ослободување на градовите од опсада и справување со терористите, или

самите ќе треба да се справиме со нив, го добив најнеочекуваниот одговор. „Облечи униформа ако сакаш, гајле ми е. Ајде да те видам дали смееш да го направиш тоа“, ми одговори Претседателот на државата. Тогаш сватив дека сме изгубени.

Натаму варијантата која што беше изберена од опозицијата одеше во насока одеше во насока на што поголеми обвинувања на сметка на ВМРО-ДПМНЕ, плукање и кукање пред дипломатите (што обемно и успешно го направи Митрева, во својство на министер во Владата на Георгиевски), подингање на масовна хајка преку полтронските, сопствените медиуми. Да се изолира ВМРО-ДПМНЕ, ултимативна цел. Ако се успее во тоа ќе има кој да биде обвинет за се, ќе има кој да се праќа во Хаг, пост-фестум, и нормално ќе се спечали власта. А Македонија гореше. Гинеа македонски војници, напати по десетина... Неединство ја раздираше Владата. Неизградената македонска политика за одбрана, татковинска одбрана на земјата резултираше со Охридскиот Рамковен договор. Во неможност да се противиме како партија, изолирани и посочени како мета и единствен виновник за кризата во Македонија изгоревме и ние. Албанците успеаа од терористи да станат бунтовници и борци за човекови права. Тоа им даде за право да побараат детална промена на Уставот на Р.М. со комплетно рекомпонирање на суштината и темелите на македонската држава. Се што побараа, со посредство на меѓународната заедница им беше дадена. Дури во Рамковниот договор се отиде дотаму во дрскоста и се предложи бришење на македонскито народ од Уставот, од Преамбулата, заменувајќи го со неодредениот термин - заедница.

Секоја и површна анализа покажува дека доколку се протнеше терминот заедница во Уставот, ќе беа елиминирани сите пречки за бришење на македонскиот народ и отворен патот за идната поделба на земјата. Кога не постои народ кој е основа за постоење на државата и нејзиното име, тогаш престанува и потребата од таа држава. Околните држави потоа, со право, ќе ги повторат своите вековни аспирации и стремежи за македонската територија.

Шок! Има работи преку кои може да се помине, има права кој може да се дадат во име на демократијата, ама има работи кои не се менливи и нема отстапување. Одедаш од пратеници кои во текот на целиот мандат се занимавале со проекти и закони кои навистина се значајни, ама ако може така да се каже, со важење во некои микро делови од општеството, станавме тие што треба да го промената Уставот, да ја преуредат државата. Основниот акт, втемелувачот на државата е по правило Уставот и се она што ја сочинува

државата се гради врз него. Во многу држави во светот квалитетот на животот и демократијата се одраз на содржината запишана во Уставот. Многу често и неменливоста на Уставите, резистентноста на времето се зема како квалитет. Американскиот Устав од своето донесување во 1787 година има само 27 амандмани, кои се носени само како негово дополнување, а никако и рекомпонирање на структурата на државата, општеството, па ако сакате и реалноста. Таквата издржливост станува сидро кое што цврсто ја втемелува државата, со што таа како жив организам ќе има здрави корења и долговечност.

А трајните вредности во било кој Устав се исти. Суверенитетот, правдата, еднаквоста, слободата, симболите, јазикот, граѓанските слободи и права...не е нешто што го има своето прво постоење во македонскиот Устав или американскиот. Тоа се универзални вредности кои беа јасно видливи во македонското општество и Устав за сите, на само еден месец пред почетокот на конфликтот во 2001 година. Дури и меѓународната заедница имаше грстови на пофалби кога зборуваше за македонската држава, нашиот развој, правата на поединецот, неговите слободи. Никој не лоцираше никаков проблем во македонскиот Устав. Никој не го бараше проблемот во македонскиот Устав, оти таму и го нема!

Меѓутоа, културата на почитување на идентитетот, основата и корењата кај нас е ниска. Долго време дресиран на послушност, нашиот човек е со намерно намален инстинкт за преживување. Само така воспитан тој ќе биде подложен на владеење без приговор. Послушност со небески димензии. За жал тоа многу умешно го искористија Албанците. Периодот на кавгите и неединството помеѓу Македонците им беше доволен да транзитираат, како што веќе рековме, од терористи до понижени и измачени душички, „борци за човекови права“. Каде ќе се цели ако не во Уставот, кога се зборува за човекови права. А последиците се многу, многу поголеми отколку што може било кој сеуште да ги види или антиципира, затоа што Уставот е акт безвременско ограничување и вака изгласан како што е денеска не е ниту подемократски, ниту понапреден, ниту отвора пат за приближување на едните кон другите, само создава, оправдува дуализам и нелојалност кон државата. Нема приближување од проста причина оти свеста, колективната (племенска) свест е лоцирана, втемелена на некои други принципи, сосема други идеи. Ги споменавме нив, а тие имаат еден заеднички именител: - Голема Албанија.

Низ таа призма сосема легитимно прашање за нас Македонците денеска е дали тие што учествуваа во конфликтот и пукаа врз македонските синови и

војници, можеби и убиваа, својата омраза кон нас ја загубиле затоа што Уставот е денеска променет? Ја сакаат ли денеска повеќе Македонија, ги почитуваат ли денеска повеќе нејзините симболи, името, знамето и грбот? Македонскиот Устав не се само контроверзните 15- тина амандмани. Во Уставот се запишани и симболите, честа, обврските и слободната волја на мнозинството... Пак ќе прашам, ја сакаат ли денеска повеќе Македонија?! Верувам дека секој еден денеска во Македонија има одговор на тоа прашање, а и одговорите можат да се најдат во општото познавање на проблемите. Моите парламентарни настапи јас ги дизајнирав од тоа општо познавање.

Промената на Уставот

Процедурата за промена на Уставот се отвори после многу перипетии на 31 Август 2001 година. После долга апстиненција на Парламентот, кој не работеше во текот на целокупниот период на војната, конечно заседававме. Тензија невидена. Како да се оди по жица? Кој да биде одговорот, изговорот за компромис? После се, дали да има компромис? Е тоа, навистина беа денови на искушение. За сите нас.

Убеден сум дека секоја наредна генерација ќе треба и ќе ги анализира до детал тие историски моменти на кои некои им пријдоа трагично и со занес, а некои како на детска песна, да се протурка и заборави. Неможат и нема сите тие денови да отидат во заборав. Ниедна борба за власт не оправдува таков опортунитет. Ничива лична желба не може да биде ставена над заложбите на генерации. Во таков дух, со таква мисла ја подготвив мојата прва дискусија од отпочнувањето на промената на Уставот.

Претседателот на државата ги прочита, со блед и необедителен тон, своите убедувања зошто е потребно да се промени Уставот. Од авион се гледаше дека друг ги пишувал тие зборови во кои и самиот тој не верува.

Се отвори дискусија. Жестока дискусија. Сите очекуваа после притисокот извршен од сите можни влијателни странски амбасади и мисионери оти работата ќе оди мазно. Впрочем такви и беа најавите. Албанските партии потписнички на Рамковниот договор изразуваа безрезервна поддршка. Двете македонски партии - потписнички СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ на тивок оган. Сите се печевме, но некои навистина покажаа голема оппорност на огнот, дебела кожа. Хипокризијата на идентитетот и духот кулминираше!

Г-динот Црвенковски излезе да го брани Охридскиот договор. И го

бранеше со голем занес. „Сите што се против договорот се за војна!“. Бараше да се изнесе концепт, доколку некој се дрзне да биде против договорот. Лично мислам оти сметаше на ретардираност на останатите 119 пратеници. Имаше доза во неговиот говор на потреба од масовна хипноза, испорачана лидерско-диктаторски за да ги исплаши послабите со срце, нерви и карактер. Ниту збор за жртвите, за паднатите борци за Македонија. Ниту збор за заедниците, терминот што ако го прифатевме ќе извршеше геноцид врз нашата нација. Ниту збор за терористите, како да ги немало. Се вчудоневидов. Врв на ароганцијата, што ли мислеше? Дали можеби се надеваше дека ќе добие петка од амбасадорите во Скопје? Човекот отиде десет чекори понатаму и од Претседателот на државата. За сите овие настани и настапи постојат белешки и стенограми, ништо не е измислено и се е проверливо. И треба да се проверува одново и одново.

Од денешна перспектива објаснувањето на неговото однесување го препуштам на г-динот Ѓорѓи Марјановиќ, во тоа време коалиционен партнер на СДСМ: „Црвенковски се умилкува на меѓународната заедница за побргу да се врати на власт. Поради својата слепа послушност ќе биде награден со толку посакуваното враќање на власт“.

Малку парламентарни денови имаат толкаво историско значење. Во сопственото сеќавање тие денови ќе ми останат засекогаш врежани како денови на борба, напрегање, решителност, искушение. Излегов на говорницата. Знаев дека цела Македонија гледа. Ми помина низ главата слика од настапот за време на студентските протести. Скоро сите актери беа исти. Шаќири, Зибери, Харуни, Рамадани, Никола Поповски, Тито Петковски, Бранко Црвенковски... Зарем е можно да одлучуваат истите луѓе од тоа време? Тоа ли е целокупниот потенцијал на Македонија?

И започнав со зборувањето. По мое. Така како што мислев дека треба. По Македонски. Безкропомисно, иако не негирам постоење на голем притисок да се прифати се, како што ни е сервирано. Го зафатив историјатот на проблемот, идеологијата и платформата, годините 1992, 1994, 1997... Сите години по ред, провокациите, настаните, сокриената цел. Бев решен и тоа го сторив, ги нарекув Албанците-шиптари! Молк... Тивки реакции. Повторив. Реакциите се засилија. Ги навредив. Токму тоа и го сакав. Оти навредата најмногу се чувствува на сопствената кожа. Сто стапа по туѓ грб не се ништо. Морав да ги испровоцирам. Сега веќе реакциите станаа гласни и тогаш им го поставив прашањето, дали тие имаат право мене да ме нарекуваат славомакедонец, што лично го разбирам како погрден термин. И исто така го

разбирам како термин што создава оправдание за теоријата за доселувањето на Македонците на автохтоните територии на Албанците. Замолчеа. Драг ми е Платон, ама подрага ми е вистината. Во име на некаква демократија и соживот дававме и отстапувавме. Тоа го правевме со верба во нормален, подобар живот на сите нас, без разлика дали сме Македонци, Албанци или други.

Напати тие наши чекори на добра воља, давањата беа критикувани и напаѓани како велепредавство. Се што ќе направевме во насока на права на малцинствата беше за СДСМ велепредавство. Е сега ми беше доста. Ове веќе нема допирна точка ниту со човекови права, ниту со еманципација, ова е самоубиство на македонската нација! Тезите и деталите од размислите на оваа тема се вградени во говорот и нема да ги повторувам, во понатамошниот текст на книгата можат да бидат консултирани. Единствено ќе оценам дека тогаш ја изнесов целата тежина од себе и спротивно на потребите на „Некои“, останав доследен на нашите Стари, на нашето наследство, а во името на некои наредни генерации.

Татковинска одбрана на земјата е концептотшто го спротивставив. Татковинска одбрана на Македонија, на секоја нејзина педа е концептот што може и мора да му се спротивстави на лажното, лицемерно и хипократско примирје. Примирје што ќе трае до моментот на оценката оти дошло време за наредната фаза во ослободувањето и обединувањето на албанските територии. Кога е запоседнат дури и еден квадратен метар од татковината, авантуристички и неодговорно е да се излезе пред целата нација со барање на концепт и од ракав да се обвинува за војна, индиректно, можеби подобро кажано директно, посочувајќи накај нас. За се е виновно ВМРО-ДПМНЕ. Ако за време на кризата зборувавме за смирување на тензијата, тогаш бевме предавници и трговци со Македонија, а кога повикувавме на одбрана на татковината по секоја цена, автоматски докажуваа дека единствените виновници сме ние. Никако не можевме да им го погодиме теркот. А истиот тој човек пред помалку од година дена од почетокот на кризата повикуваше, дури и се заканувaше оти нема да има промена на Уставот по никоја цена. Каква трансформација! За година дена. Не ги спомна нашите жртви ниту со ниеден збор. Што е најчудно теркот му го прифатија комплетно и без поговор сите негови пратеници. Ако се погледаат сите стенограми од целокупната процедура од промена на Уставот, од денот еден (31 Август 2001) до денот Д (16 Ноември 2001), (Динамиката на седниците со фазите на структурирање на измените е поместено на крајот на книгата) може да се види дека на сите 18

продолженија на седниците пратениците на СДСМ не настапиле повеќе од десетина пати.

Не сакам да обвинувам, не сакам без покритие или факти да изнесам ниту еден збор. Најмногу од се несакам да се помисли или пак злоупотреби некој мој збор во цели на партиска пропаганда, идеолошка иконографија, можеби лична вендета, ако не и како апологија. Ништо од тоа. Се што кажав од парламентарната говорница беше дел од моите убедувања и сите зборови со кои го дополнувам и објаснувам нејасното, во овој вовед, се мои мислења и ставови.

Тоа ме враќа на темата и на нас. И ние не бевме совршени. Посебно кај нас можев убаво и лесно да ги забележам полтроните и лажните идолопоклоници. Додека позицијата на Георгиевски можев да ја разберам (гореше), некои од моите колеги од пратеничката група ме зачудуваа. Калкуланство, политиканство, антиполитика од најнизок, најдолен вид.
А наспроти нас пратениците Албанци. Тие тешко се исфрлаа од рамнотежа. Секој пат пресметани, со јасни и прецизни насоки. Искусни волци кои касаат таму каде што ќе замислеа. Секоја наша пројава на став што не им одговараше во нивната стратегија, веднаш ја напаѓаа со сите можни зборовни варијанти. Искусни беседници, признавам.

Можеби тоа и не принуди на капитулација. Да имаше Македонија 60-тина јасно определени пратеници, можеби се ќе завршеше со некој друг резултат. Еден се крши, двајца се кршат... ама 50-60 ништо не може да ги скрши.

„Божемни патриоти што сега им пречи што се славомакедонци“. Ете тоа е одговорот што го добивме од нашата опозиција. Секој пат според потребите на партиската пропаганда. Досега без ксенофоб, расист и шовинист, сега и божемен патриот. Сите денови од нашето владеење неразделна беше таа етикета од мене, а сега одеднаш „божемни патриоти“. Внимателно анализирање на употребените термини покажува стратегија. Не случајни зборови, употребени, дизајнирани за погодок кај точно определени слушатели. Точно сковани зборови за потребите на сопствено оправдание, сокривање на вистината.

Еден од пратениците на СДСМ (три мандати по ред во Парламентот) дури најде за сходно и да не обвини мене и Пандов за партиски маркетинг поради тоа што облековме униформи и бевме во одбрана на Македонија на Тетовскиот фронт. Тоа било за потребите на ВМРО! Го прозвав од говорница за тоа обвинување. Не одговори. Му реков да оди да ја брани Македонија, па

ако треба тоа нека биде и партиски маркетинг, не одговори ниту тогаш. Искусен пратеник кој знае, кога немаш што да одговориш, подобро молчи.

Рамковниот договор од Охрид го анализирав во продолжението на говорот на 31 Август 2001 година. Тој беше така составен што сите точки, подточки, клаузули покажуваа оти ќе бидеме штета на Македонија и Македонците доколку биде усвоен во предложената верзија. Се понудија сосема нови дефиниции за демократијата, за начинот на избирањето на локалните шефови на полицијата, за употребата на симболите, за можната легализација на Тетовскиот Универзитет и секако воведувањето на консензуалната демократија (Рамковниот договор од Охрид е поместен на крајот на книгата). Ако наброеното не прави целосно редефинирање на државата, тогаш што? Ги образложив детално своите ставови, аргументи и противења во тој прв настап откако се отвори процедурата за промена на Уставот.

Воведувањето на консензуалната демократија, дополнето со основање на Комитет за односи со заедниците навистина значеше оти се што нема да им се допаѓа во иднина на Албанците ќе можат да го блокираат во собраниска процедура. Доволно ќе биде да не гласаат половина од тие што се декларираат како пратеници на малцинство и нема да може да поминат ниту специфичните закони поврзани со малцинските права, ниту Уставот. Член 7 клуч, член 19 клуч, член 86 клуч, член 109,114 исто така... И сето тоа бетонирано во членот 131 (текстот на сите амандмани на Уставот е даден на крајот на книгата).

Набргу во наредните денови дојде до гласање на прашањето дали да се отвори процедурата за измена на Уставот. Тоа се уште ништо не значеше. Никаде не е запишано, пропишано оти отворањето на процедурата автоматски значи и промена на Уставот. По отворањето на процедурата следува утврдување нацрт текст на амандманите, потоа следува посебна седница за утврдување на предлогот на амандманите на Уставот каде што можат да се даваат и сопствени амандмани и да се влијае на конечниот текст. Дури потоа се закажува посебна седница на која се прогласуваат амандманите на Уставот (на крајот од книгата се дадени датумите, продолженијата и насловите на седниците,така што може да се следи динамиката на работата на Собранието во текот на целиот тој период). Сметав дека тоа е доволно време за борба, убедување и нешто да се спаси.

Се гласаше, за прв пат во серијата на гласања на 6 Септември 2001 година. Како што потенцирав тогаш, под влијание на огромен притисок, но и на сопственото убедување, не сметав дека многу се губи со отварањето на

процедурата и оти се е загубено. Сепак се чувствував мизерно. Наидува нови седници, нови дискусии, убедувања, аргументи, анализи... Од друга страна доколку се отфрлеше унилатерално предлогот за промена на Уставот од страна на Претседателот, од наша страна, од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, реална беше опасноста од изолирање и понесување на целокупната вина за кризата. Во СДСМ ја чекаа нашата грешка, надевајќи се дека ќе погрешиме. Доколку три партии, потписнички на Рамковниот договор гласаа во Собранието за, а ВМРО-ДПМНЕ против, ќе бевме посочени како единствени виновници за војната.

Најтешко од се ми паѓа кога ќе се сетам токму на местенката што се обидуваа да ни ја направат. Како да не сме Македонци, како да не сме од иста држава. Токму затоа моравме да гласаме. А од друга страна народот сопствените убедувања. Како и да постапам, постапиме, губиме. Шах-мат позиција. Ако не гласаме за Рамковниот договор опстојуваме на сопствената позиција и со народот, а партијата ја ставаме на отстрел. Во спротивно партијата ја заштитуваме, а на улица ќе не очекуваат сите оние прашални, збунети, бесни, разочарани лица. Зошто?-ќе прашуваат нивните очи без да се слушнат зборови. Што да се прави? Тие денови бев во постојана размисла што да направам. Не сакав да одам против партијата, уште помалку против народот. Како да се спојат тие две?

Денеска кога ќе погледнам наназад не ми е јасна определеноста на СДСМ да се гласа безпоговорно за промена на Уставот. За нив како да не постоеше народот!?

И дојде тоа 4-то продолжение на 80-тата седница на Собранието, 6 Септември 2001 година, со него гласањето за првата фаза за промена на Уставот. Моментот на гласање надоаѓаше со брзина на светлина. Го молев Господ тој ден да не дојде, ама дојде. Собраниската сала полна. Пред мене, диагонално лево на метар и половина, Премиерот Георгиевски. Човекот со кој поминавме многу години заедничка политичка активност. Сите сто дваесет пратеници мобилизирани преку своите партии. Ден-денеска се прашувам дали им беше тешко, ја предвидувале ли иднината, имаа ли срам од сопствениот народ? Јас се срамев, признавам. Толку голем притисок немам почувствувано никогаш. Вриеше од новинари, сите подготвени да ја пренесат значајната вест. Претпоставувам целата нација беше повторно пред телевизорите. Кулминација. Претседателот на Собранието повика да се гласа. Се вклучи системот за гласање. 15 секунди да се депонира сопствениот глас, сопственото убедување. Секоја секунда вечност. Сеуште не знаев како да гласам. Гласав

за. Победи мислата оти треба да ја заштитиме партијата... Но, не. Некој бара поединечно гласање, се сомнева во гласањето. Има ли десет пратеници што го подржуваат? Има. Ќе се оди на поединечно гласање. Тоа значи, секретарот на Собранието ќе ги чита сите имиња на пратениците за да се утврди вистинитоста на бројката, на тие што гласале. Тоа исто така значи дека претходното гласање не важи и секој ќе мора повторно да се изјасни. Се редат имиња. Наближува буквата П. Пандов, Петковски Тито, Петров Чедо, следен сум јас, а во мене сеуште борба, сеуште не можам да ги избалансирам чувствата и болката. Секретарот на Собранието го прочита моето име. Секунда, две... и не можев да гласам за. Изговорив, против, доволно силно за да можат сите да ме чујат, но сигурен сум дека ја почувствуваа и болката што ја имав во себе.

Против и се помина. Против и ништо веќе не чувствувам. Ги гледам сите околу мене, а не слушам ништо. Јаки светла, некои чудни луѓе... како ли се најдов тука?

Очекувано, веднаш напади од новинарите. Ете, Филип се премисли. Сеуште неможам да сфатам зошто никој не се обидува да ги објасни мотивите, да ги разбере чувствата, туку само постои подготвеност за черечење. Продуцирање на психоза и оправдание само за една група на луѓе.

По првото гласање веќе ништо не беше исто. Работите вриеа. Министер во Владата, Иџет Мемети одби да бара испорачување на уапсен во Германија терорист и криминалец, Семи Хебиби. Очигледно сметаше на партискиот клуч во функционирањето на сите нешта поради кој Премиерот нема да може да стори ништо. Напротив Премиерот побара разрешување на Министерот и тоа на собранискиседници. Излегов да ги образложам моите ставови. Оној кој подржува терористи - е терорист (малку луѓе знаат дека истиот тој Министер, Мемети бил долгогодишен секретар на Владата на Црвенковски). Побарав уште еднаш од сите пратеници пред втората фаза на промена на Уставот да го демонстрираме потребното единство. Да се испрати порака оти не се прифаќа уцена. Спротивно на очекуваното, повторно обвинувања на СДСМ. Случајот на Министерот Иџет Мемети сме го користеле за да ги покриваме сопствените грешки. Наместо да се прифати подадената рака и можноста да се исправат грешките, добивме обвинувања и дистанцирање. Прозивките за задоцнети рефлекси, наместо единство, создаваа простор за намерите на опозицијата, се да се протурка како што е побарано однадвор и на крај за се да се обвини ВМРО-ДПМНЕ. Знам дека можеби премногу ги повторувам тие сопствени заклучоци, некој ќе ги почувствува сигурно и како обвинувања, но никако не

можам да се отргнам од тие грозни сеќавања при секое читање на стенограмите.

Тогаш се случија терористичките напади врз Њу Јорк и Вашингтон. 11 Септември 2001 година и ништо веќе нема да биде исто ниту во меѓународната политика и односи. Се понадевав оти односот кон тероризмот сега ќе биде посериозен од страна на големите светски сили. Тероризмот треба да се осуди без разлика каде и да се случува во светот.

Можеби досаден, но повторно зборував на 20 Септември 2001 година, кога на 85-тата седница се отвори процедурата за утврдување на нацртот на амандманите на Уставот. Си реков, ако треба на глава ќе им се качам, ама не попуштам. Геноцидот врз македонското народ не смее да биде верифициран. Неколку пати им ја прочитав Преамбулата на Уставот од 1991 година на сите пратеници. Ако, тие не мора да слушаат, знаев дека тајните уши што секојдневно известуваат од Скопје, ќе слушнат. Некој ќе го чуе нашиот глас. За Македонците е неприфатлива промената на Преамбулата на таков начин. Прифаќањето на терминот заедници ќе значи уништување на Македонците трајно. Тој термин не е болен и неприфатлив за државните малцинства кои што имаат друга матична држава. Македонците немаат друга држава и неприфатлива е оваа самоубиствена формулација.

И наместо сконцентрираност на овие прашања и кон одбраната, подобрувањето, зачувувањето на Преамбулата, нашите весници, во коалиција со опозицијата, веќе најавуваа одење во Хаг, на Македонци. Неможе на тоа да не се реагира. Има ли нешто погрдо од тоа? Добија коментар каков што заслужуваат (поместен во говорот од 20 Септември 2001).

На крај убедувањата и вербата победуваат. Упорноста се исплаќа. Успеавме да го промениме првичниот текст на предлогот за промената на Преамбулата (текстот е поместен на крајот на книгата). Меѓународната заедница свати оти тоа што сакаме да постоиме незначи оти ни пречи постоењето на другите. Конечниот текст на Преамбулата го врати, односно го вклучи македонскиот народ, што сметам дека е заслуга со која што можеме да се гордееме. Одстранета е опасноста во врвниот акт на државата, со нашето гласање, да вградиме вирус на уништување. Враќајќи го назад процесот на наше бришење на Преамбулата и Уставот мислам дека во многу ја амортизиравме стратешката намера на терористите и нивните подржувачи да ја уништат Македонија. Попушти и меѓународната заедница.

За жал ова не е сказна. Успевајќи да се избориме за Преамбулата, бевме принудени да загубиме на други полиња. Како на пример петтиот амандман

на Уставот кој го цементира Албанскиот јазик како службен, амандманот седум кој ја менува положбата на македонската православна црква, се до осумнаесетиот амандман кој што ја вгради консезуалната демократија како составен дел на македонскиот Устав.

Но едно е да се ведне главата без поговор, а друго е да се загуби чесно. Исцрпувачки два месеци, скоро секој дена на седници, се боревме да спасиме нешто. Секој момент надвор од собранискатa сала се користеше за дипломатски средби, објаснувања, расправии. Осумнаесет продолженија на седници поврзани со процедурата за промена на Уставот, десетина продолженија околу прашањата за референдум, неколку продолженија за разрешувањето на Министерот Иџет Мемети... Без малку сите работни денови во тие два месеци ги поминавме внатре во собранискатa сала.

И покрај се, исцрпувањето и неподносливиот притисок од сите страни, уште еднаш го отфрлив договорот, капитулантството и лицемерието напишано во образложението на Претседателот, за процедурата и начинот на промените, како и нивната наводна минорност (божемни 12%). Јавно барав да ми се презентираат примери според кои се работело кога вака се дизајнирале промените и каква и колкава е сигурноста оти навистина се функционални. Како по правило, одговор изостана.

Говорот од 25 Октомври 2001 беше мојот последен настап во Собранието на Р. Македонија. Од една страна повеќето работи што сакав да ги соопштам, веќе ги соопштив, повеќе пати, зафаќајќи ги сите значајни аспекти. А од друга страна изморен, веќе неможев да зборувам и повторувам, ако навистина не можат да се променат работите. Знаејќи дека за последен пат зборувам, повторно потсетив на 1997 година, законот за Педагошкиот факултет, кој се покажа низ годините како стимул за работите да се туркаат да ја завршат со промена на Уставот. Потсетив на членот 7 и членот 48.

По текстот на другите амандмани не говорев. Се беше кажано.

Прогласување на Уставните амандмани

Гласав За текстот на Преамбулата на Уставот на Република Македонија, четвртиот амандман, затоа што во неа го вративме назад македонскиот народ и борбата беше успешна.

Гласав Против за наредниот, петти амандман, и сметав дека останав доследен на обидувањата што ги изнесов во последниот говор во Парламентот (гласање број 0117, амандман 5, 16.11.2001).

Не го подржав ниту амандманот седми поврзан со историската улога на Македонската Православна Црква (гласање број 0119, амандман 7, 16.11.2001).

Воздржан бев за осмиот амандман (што во македонскиот систем на парламентално гласање е скоро исто како против, затоа што секогаш се брои вкупниот број на гласови, а не само гласовите За и Против. А кога ќе се постигне потребната бројка од осумдесет гласови веќе станува ирелевантно кој гласал против и воздржано) кој според мене е длабоко поврзан со суштината на студентско-средношколските протести од 1997 година (гласање број 0120, амандман 8, 16.11.2001). Секако не гласав За дванаесетиот амандман, оти мислам дека јасно го истакнав ставот за Комитетот за односи помеѓу заедниците (гласање број 0124, амандман 12, 16.11.2001).

И најнакрај не го подржав осумнаесетиот амандман на македонскиот Устав, оној амандман што ја регулира процедурата за консензус (гласање број 0130, амандман 18, 16.11.2001). За овој амандман имав свој амандман, кој беше и повеќе од прост и јасен, да се брише амандманот 18. Сметав дека и македонската држава и македонската демократија ќе имаат многу повеќе можност ако не се прифати ваков амандман кој воспоставува консезуална демократија. Некаква си демократија по желба на светските квази-демократи, која сигурно не ја применуваат и практицираат во нивните држави (гласање број 0110, 15.11.2001). Овој мој амандман го подржаа 22 колеги, 13 беа воздржани, а против 63. Зошто беше тоа така самите си знаат најдобро.

Најнакрај откако поминаа сите фази и сите гласања се завршија, се дојде до својот крај, на последното гласање, прогласувањето на промената на Уставот, гласав За (гласање број 0005, прогласување на амандманите, 16.11.2001). Ионака се помина. Го променивме Уставот. Останува сеќавање.

А Претседателот на државата не се појави уште еднаш во собраниската сала, после неговото прво и последно присуство, на 31 август 2001, односно денот кога ја отворивме процедурата за промена на Уставот. Го навреди говорот на мојот колега од ВМРО-ДПМНЕ, Ѓорѓи Котевски, кој зборуваше, онака, народски за сите да го разберат и му ја кажа вистината во очи. Тоа знае да заболи многу.

Како и да е, верувам дека македонскиот пример е без преседан во светот. Да се протурка промена на Устав на суверена земја, каде што, овластениот предлагач, Претседателот нема де се појави во текот во собранието во текот на целата процедура.

Говорите. Техниката на уредување

Средувајќи ги говорите за да бидат објавени морав да ги редактирам комплетно. Секоја реченица, секој збор го поминав повторно и повторно. Тоа затоа што многупати имаше печатни грешки во стенограмите, често недостасуваа зборови, интерпункциски знаци, што многу лесно може да го промени смисолот на целата реченица и целата мисла. Секако не треба да се обвинат собранискиите служби. Едноставно некои работи неможат стопроцентно да се опфатат, да се запази суштината на мислата, намерата и целта на зборот. Уште повеќе ако во целата комплицираност на изговорениот збор, изговорената мисла, која што е многу поразлична од напишаната, се испушти збор, конфузијата може да стане голема.

Затоа ја задржав слободата да ги корегирам текстовите на говорите од стенограмите. Сметав на тоа имам право, оти самиот најдобро знам што сум сакал да кажам. Најбитно од се е до читателот да се пренесе суштината на говорите, да му се приближи атмосверата на собранискиите седници и однесувањето на пратениците (преку нив и на партиите). Да ја почувствува борбата, разномислието, несогласувањата, па ако сакате и техниката на обраќање и начините на попречување. Внимателното читање на говорите точно покажува оти кај секоја партија, определен пратеник имаше свој контра-одговор во опозициска партија. На секое излегување на говорницата точно определени пратеници секогаш ми дофрлуваа, обидувајќи се да ме исфрлат од концентрација. Истите постојано излегуваа и на реплики со мене. Сите нивни реплики, поточно кажано најголемиот дел од нив, се пренесени во книгата со желба да се добие што поголема објективност и блискост до моментите што се допрени. Репликите на тие пратеници не се редактирани, се е пренесено до збор од стенограмите. Мислам дека немав право да ги средувам зборивите на другите пратеници. Единствено некои подолги реплики се скратени во делови кои не одземаат во смисолот на репликата, а во интерес на просторот. Оти уште еднаш ќе повторам, идејата не ми беше да му претставам на читателот како изгледа стенограмот собраниска седница, туку да ги објаснам моите мотиви, како и зошто сум зборувал за одредени прашања и каква реакција тоа предизвикувало на седниците.

Во книгата се поместени и пет интервјуа, кои ги дополнуваат периодите на студентската и парламентарната активност. Сакав воведот да го скратам што повеќе можам со вклучувањето на тие интервјуа во книгата. Таму сум дал одговори на многу прашања, на кој што можеби ќе требаше да им обрнам

внимание во овој вовед. Тоа ми дозволи да не одам во детали и да преобјаснувам уште еднаш. Првото интервјуод 13 декември 1996 година, со кое и започнува книгата прецизно ја прикажува состојбата во и околустудентите, студентските работи. Наредното е од времето на протестите, дадено за „Дневник“ (22 февруари 1997) и во него морав цело време да ги „бранам“ протестите објаснувајќи дека нема меѓу нас ниту ксенофоби, ниту расисти, ниту фашисти, ниту инквизитори...

Наредните три интервјуа се од времето на парламентарниот ангажман. Изберени се затоа што зафаќаат проблематика позврзана со парламентот и повеќе од се, објаснуваат ставови за стратешко-идеолошката ориентација и платформа.

Исто така во додатокот на книгата решив да ги поместам Рамковниот договор, Анексот А и Уставните амандмани, како и текстот на Преамбулата на македонскиот Устав од 17 Ноември 1991 година.

Рамковниот договор и Анексот А, и Уставните амандмани се веќе дел од македонскиот Устав, со тоа претставуваат дел од државниот поредок. Тоа значи дека претставуваат обврска за секој граѓанин ан Македонија да ги почитува. Назад нема. Многу од амандманите се на штета на Македонија и Македонците. Некои од амандманите можеби навистина беа потребни за понатамошна демократизација на општеството. Времето ќе покаже.

Во додатокот е поместена првата Преамбула на македонскиот Устав, која што толку многу им пречеше на „борците за човекови права“ во Македонија. Сега таа Преамбула останува дел од македонската историја и доказ за едно време. Ја читав и препрочитував многу пати за времето на промената на Уставот. Барав да видам каде таа угнетува или понижува... Како и да е, за тоа зборував и во воведот и во настапите во Парламентот. Сега останува уште таа, првата Преамбула на македонскиот Устав да биде тука поместена и да биде на увид.

Се надевам успеав јасно и прецизно да ја објаснам идејата зошто воопшто се нафатив со подготвување на оваа книга. Одтука, натака ја предавам со чиста мисла на читателот.

СДСМ ПРАВИ СЕ, ЗА ДА ЈА ЗАДРЖИ КОНТРОЛАТА НАД СОЈУЗОТ НА СТУДЕНТИТЕ, 13 ДЕКЕМВРИ 1996, ИНТЕРВЈУ ВО НЕДЕЛНИКОТ ФОКУС

СДСМ е длабоко навлезен во Студентскиот сојуз. Ова се гледа и од тоа што сегашниот потпредседателот на Сојузот, Цоки Ристовски е штотуку избран советник во Куманово, кандидиран од СДСМ, а воедно е и претседател на СДММ во Куманово.

Ако Тони Мирчевски има намера на ваков начин да спроведе избори, барем нека излезе во јавност и нека признае дека е на чело на бирократско и тоталитарно тело кое го промовира нивниот човек Драган Пехчевски. Доколку тоа го направи, јас сам ќе се откажам од понатамошната борба - вели Петровски.

На 19 овој месец студентите при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ треба да излезат на избори и да го изберат човекот кој ќе ги води. Изборната трка за привлечното место „прв студент“ се одржува секои две години и до сега не предизвикуваше поголем интерес, ниту во јавноста, ниту кај студентите. На тие избори досега излегуваа во просек околу десетина проценти. Но, овие студентски избори, односно самото кандидирање предизвика, досега невидени реакции. Главен „виновник“ за тоа што сите се потсетивме дека и студентите имаат избори е Филип Петровски, апсолвент на Филозофскиот факултет во Скопје. Тој ја доставил својата кандидатура за претседател на Сојузот на студентите при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и како што вели, ги задоволил сите потребни критериуми. Но Изборната комисија му ја одбила кандидатурата. Тоа е причината поради која Петровски реагира што досега не е забележано, барем кога се во прашање студентите.

МЕ ОТФРЛИЈА БЕЗ ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

За пријавување на кандидатите беше даден десетдневен рок. Во тој краток териод, требаше да се обезбедат поддршки од Сојузите на два факултета, или пет претставници од собранието на Сојузот (еден од шесте критериуми за кандидирање н.з.). Рокот за пријавување е тенденциозно скратен, затоа што еден од кандидатите, Драган Пехчевски (член на минатото и сегашното раководство на Сојузот на студентите н.з.) ги имал собрано поддршките од факултетите уште пред да се распише конкурсот - го започнува разговорот Петровски, што значи нему не му треба ни десет дена за да ја подготви кандидатурата, затоа што веќе бил подготвен, а од мене и од сите други потенцијални кандидати, се бараше да направиме програма и да обезбедиме подршка од два факултета, што е навистина премногу.

Сето ова, како што вели нашиот соговорник, го натерало да се сомнева во исправноста на целата изборна постапка. Петровски како оправдување за неговиот сомнеж ни го наведе и фактот дека одлуката за избори ја потпишал и претседателот на на Изборната комисија Сашо Галевски, а според него тоа мора да го направи

претседателот на Сојузот, бидејќи Собранието е тоа кое распишува избори.

Тони Мирчевски(сегашниот претседател на Сојузот н.з.) неодамна во медиумите изјави дека нема ништо со студентските избори, односно, на овој начин се пере самиот себеси, за да има алиби ако се обелоденат малверзациите - вели Филип Петровски.

И покрај сите овие сомневања, Петровски решително ја поднел својата кандидатура за претседател на Сојузот на студентите при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Пред тоа да го стори, тој ги задоволил побарувањата од критериумите за кандидирање, односно успеал да добие подршка од Сојузите на студентите од шумарскиот и Рударскиот факултет. Тие предлози заедно со програмата тој ги приложил во канцеларииите на Универзитетскиот студентски сојуз, каде за првпат се сретнал со досегашното раководство.

Му се обратив на Галевски. Тој ми покажа некакви правилници за кандидатура кои ми беа сомнителни, затоа реагирав - ни објаснува Петровски. Следниот пат кога отидов таму, добив сосема поинакви критериуми кои се усвоени од собранието на Сојузот. Тогаш сфатив дека сакаа да направат интервенција во изборната процедура, за да си помогнат себе си, а да наметнат посебни правила кои важат само за мене.

Откако ги избегнал првите „сопки“, како што ни рече, Петровски мислел дека понатаму непречено ќе учествува во студентската изборна трка, но... По изминатиот рок за прием на кандидатури, на 28 минатиот месец тој од страна на Изборната комисија, добил писмено известување дека неговата кандидатура не се прифаќа.

-„Навистина бев шокиран! Не очекував такво нешто, затоа што немаше причина за тоа“ -револтиран е Петровски. Посебно ме зачуди што не добив образложение зошто тоа е сторено, ниту пак во Известието ми е даден рок за приговор. Неможам сето ова да го коментирам попрецизно, бидејќи сеуште незнам зошто не е прифатен мојата кандидатура. Само ќе изнесам претпоставки за тоа. Слушнав дека мојот кандидат Пехчевски ги имал подршките од истите факултети од кои што ги добив и јас. Во точка 3. од критериумите за кандидирање, стои дека претстаници на студентското собрание неможат да поддржат два кандидати, додека за факултетите никаде ништо не е напишано. Но ете, ако веќе се одлучиле на поништување, тогаш тоа мораше да го сторат и со мојата и со неговата кандидатура, а не само моите подршки да бидат невалидни. Во консултации со правници дознав дека доколку тоа било причина за поништување на мојата кандидатура, тогаш морале да ја поништат и онаа на мојот кандидат. Одговорно тврдам дека печатираните подршки од споменатите факултети се узурпирани од страна на Пехчевски и се добиени пред да се распише конкурсот. Знам дека тој од Шумарскиот факултет ја добил многу порано и тоа не од сегашното раководство, за што имам и докази. Истото се случило и на ЕТФ, каде се слуша дека новото раководство на студентите ќе го преиспита ставот на предходното.

ТИТО ПЕТКОВСКИ ВРШЕЛ ПРИТИСОЦИ!?

Петровски ни наведе дека е потребна подршка од два факултета, Пехчевски приложил дури од тринаесет!? Овој податок тој го разбира како очигледна намера да се оневозможи друг студент да се кандидира. Во продолжение од разговорот нашиот соговорник ни објаснуваше дека неговиот против кандидат Пехчевски сите овие подршки ги добил не затоа што заслужува, туку затоа што некои од претседателите на факултетските сојузи, финансиски ги „врзал“ или едноставно ги добил под притисок и страв.

Нашиот соговорник ни објасни дека сето ова се прави од страв на изборите да не победи некој „од страна“ и со тоа да им го наруши континуитетот на нивната тимска „затвореност“. Петровски ни потенцираше: „Освен ова, ако јас дојдам таму за претседател ќе се сруши и досегашниот цонцепт, Сојузот да го водат неуспешни студенти кои менуваат по неколку факултети и кои влегуваат во четвртата деценија од животот“. Сепак, според Петровски, главна причина за сите овие „малверзации е политиката...“

Кога решив да се кандидирам, нормално, сакав да добијам подршка од мојот матичен Филозофски факултет. Но, претседателот на студентите Оливер Бакревски упорно одбиваше да го стори тоа, со образложение дека веќе имам доволно поддршка. Тој самиот ми призна дека ако поддршката му ја даде на мојот противкандидат Пехчевски, ќе добие две места во неговата идна „Влада“. Сакав сето ова да го проверам. По извесно време, дознав дека Бакревски е еднаш веќе искористен од страна на деканот, што ми е доказ дека е негов човек. Дека во ова има вистина се потврди и со тоа што самиот Пехчевски јавно призна дека заедно со Бакревски бил во кабинетот на деканот Трајан Гоцевски. Веројатно на проверка на подобноста. Но, дознав дека има и повисока инстанца која исто така проверувала подобност - не уверува Петровски. Тоа е Тито Петковски, кој му наложил на деканот поддршката од факултетот „да оди“ кај Пехчевски. Дека СДСМ е веќе длабоко навлезен во студентската организација се гледа и од тоа што сегашниот, подпретседателот на Сојузот на студентите, Цоки Ристовски „тазе“ советник од Куманово, кандидиран од СДСМ, а воедно и претседател на СДММ на Куманово (во критериумите за предлагање на кандидати за претседател, стои дека кандидатот не може да биде член на орган или претседателство на политичка партија, н.з.). Има и други показатели дека овде е вмешана и политиката. Земете го само примерот со Мирчевски, за време на изборот на ректор, кога тој очигледно беше „лобиран“ од СДСМ да ја дискредитира ректоријата Радмила Кипријанова. Од сето ова, очигледно е дека СДСМ нема намера да го испушти Сојузот на студентите при универзитетот.

Пред некој ден, како што вели Петровски, претставници од Сојузот соопштиле дека поминал рокот за приговор на Известието, кој траел 48 часа.

Прво, безобразно е да се каже такво нешто бидејќи рокот за приговор е осум дена, а јас воопшто не сум информиран дека е даден некаков рок - не уверува Петровски. Второ, собранието донесе одлука да се оди на избори според правилата од 1994 година, а комисијата си дава за право да си воведе свои правила. Тие тоа го нарекуваат „динамика“ во која што е вметнат и рокот од 48 часа. Според моите консултации со адвокатите, за ова можам да поднесам кривична пријава.

МИРЧЕВСКИ ТРЕБА ДА ОДГОВАРА ЗА ПРАВНИОТ ХАОС ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Петровски ни го предочи Приговорот кој веќе го поднел до Статутарниот одбор на Сојузот на студентите. Во него стои : Сметам дека е повреден статутот Сојузот на студентите, затоа благовремено го поднесувам овој приговор, со предлог - Статутарниот одбор, согласно чл.33 од Статутот да ја укине Одлуката на Изборната комиција и предметот да го врати на повторно разгледување...

Поради големата прашина што се крена околу ова прашање, на 10 овој месец се одржа Собрание на ССУКМ, и тоа по барање на Изборната комисија. Главна точка за расправа беше: Утвдување на листата на кандидати за претседател на Сојузот. Собранието беше масовно посетено од студенти кои сакаа да видат што се случува во „нивната“ организација. Се доби впечаток дека раководството не е навикнато на вакви „упади“. Што се подразбира, бидејќи се знае дека до сега со својата работа тоа не го свртуваше вниманието ниту на студентите, ниту на јавноста. Едноставно, претседавачот Тони Мирчевски не знаеше како да го води собранието, кога на него се присутни и „непослушни“ студенти кои реагираа на неговото работење. Но како и да е, на самото собрание се формираше Статутарниот одбор, (на што реагираше Петровски, зошто до сега не бил формиран) кој со 7 гласа против и 2 воздржани го одби приговорот на Петровски.

Веднаш по ова, Петровски ни најави дека ќе биде принуден да бара, заштита на неговите права, преку суд и додаде:

- Мислам дека е нонсенс, Претседател да може да се бира само ако го поддржат студентските организации при факултетите, а не може на пример да го предложи група студенти, како што дозволува Уставот на РМ за избор на претседател на Републиката. Затоа ќе барам од уставниот суд проверка и оценка на уставноста на статутот на Студентскиот сојуз, според Законот за општествени организации. Ценам дека Изборната комисија подготвува фалсификат и воопшто не е способна да одржи фер избори. Верувам дека на членовите на комисијата им е ветено место во „владата“ на Пехчевски и сигурно затоа се залагаат тој да победи. ќе барам таа да се распушти и одлуката за избори да се поништи, да се оди на ново генерално собрание на кое ќе се донесат нови правила за водење на избори и потоа да се распише нов конкурс. Сите поддршки од факултетите кои се сега дадени да се прогласат за невалидни и од

денот на распишување на конкурсот да почне да се бара поддршката од двата факултети. За овој правен хаос треба да одговара сегашниот претседател, затоа што во мандатот од две години тој ова не го разрешил. Барем по нешто добро да се сеќаваме на него, а не само по возењето на „алфа“ и по пејџерите.
Исто така, нашиот соговорник на Мирчевски му упати јавна порака: Ако има намера да организира вакви избори, барем нека излезе во јавност и нека признае дека се бирократско и тоталитарно тело кое го промовира Пехчевски за претседател. Доколку тоа го направи, јас сам ќе се откажам од борбата.

На крајот од разговорот Петровски ни кажа дека ако се одржат избори на овој начин, тој како студент ќе ги третира за нелегални, поради што ги повика студентите, евентуалните избори да ги бојкотираат.

ТРАЈАН ГОЦЕВСКИ- ДЕКАН НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ, ОБЈАСНУВА: НИКОМУ НЕ СУМ ВРШЕЛ ПРИТИСОЦИ

Сакам да нагласам дека јас како декан немам право да се мешам во работата на Студентскиот сојуз, ниту на мојот факултет, ниту пак на универзитетско ниво, бидејќи тие автономно си работат. Не само што немам право, туку и немам намера да се го правам тоа. Далеку е од разумот и навистина е невкусно да се споменуваат имиња, на овој начин. Студентот кој тоа го изјавил јас воопшто не го познавам и незнам зошто ова го изјавил. Тврдам дека не сум вршел никакви притисоци никому, ниту пак некој ми наложил тоа да го правам.

Тони МИРЧЕВСКИ- Претседател на Сојузот на студентите при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, вели: ВО СОЈУЗОТ НЕ Е ИНВОЛВИРАНА ПОЛИТИКА.

Кандидатурата на Петровски не е прифатена, затоа што има поддршка од истите факултети кои го подржаа и кандидатот Пехчевски. Тоа е недозволено и јасно стои во Критериумите за предлагање на кандидати. Нагласувам, ова е одлука на Изборната комисија, а не моја. Обвинувањето дека јас „стојам“ позади Пехчевски не е точно. Јас не стојам позади никого. Студентите се тие кои ќе изберат кој ќе ги води во наредните две години. Не е точно тврдењето дека во Сојузот е инволвирана политика. Членови сме на разни европски асоцијации, каде услов за членување е да си надвор од политиката.

КОМУ МУ Е ПОТРЕБЕН ВАКОВ СОЈУЗ НА СТУДЕНТИ

За студентските избори, по се изгледа, најмалку се заинтересирани студентите. Во основа, тие се уште едно поле за борба меѓу политичките партии. Имено, за едниот од кандидатите, Драган Пехчевски, има непотврдени индиции дека е човек на СДСМ, и токму за тоа Студентската изборна комисија, контролирана од

претседателот на ССУКМ, Тони Мирчевски, му овозможува подобри почетни услови. Ова се потврдува со тоа пто другиот кандидат, Филип Петровски самиот призна дека е член на ВМРО-ДПМНЕ и се чувствува дека е морално поддржан од оваа партија. Политиката е длабоко инволвирана во сите студентски тела, како на ниво на факултети, така и на целиот универзитет. Целиот овој случај за кој што пишуваме се чини се сведува на борба помеѓу СДСМ И ВМРО-ДПМНЕ за тоа кој во наредните две години ќе го контролира Сојузот на студентите.

Со ова само се продолжуваат и се потврдуваат гласините кои веќе неколку години кружат помеѓу студентите дека во Сојузот на студентите се одвива гола политичка борба за власт. Имено, за Митко Кржовски се зборуваше дека е близок до ВМРО-ДПМНЕ, за неговиот наследник Тони Мирчески се зборува дека бил член на ВМРО-ДПМНЕ, а потоа преминал во СДСМ. Како што веќе рековме, сегашниот потпретседател Цоки Ристовски како кандидат на СДСМ е избран за советник во Општината Куманово.

По се изгледа Сојузот на студентите е почеток на кадровската вртелешка на партиите. Ова е рецидив од некои минати времиња кога многу од сегашните функционери својата политичка кариера ја започнуваа како членови на младинските и студентските раководства (еден од нив е и актуелниот премиер Бранко Црвенковски).

Зошто е толку важно да се стави под своја капа Сојузот на студентите? Студентите имаат тројца претставници во Сенатот на универзитетот кои се своите гласови можат да влијаат на универзитетската политика. Партиите сакаат тие три гласа да им бидат сигурни. Според новиот предлог на Сенатот во иднина студентите би требало да имаат пет претставници. Ако тоа помине, тогаш тие ќе претставуваат значајно гласачко „лоби“ во Сенатот.

Студентите тоа го чувствуваат, па затоа бројот на студентите кои излегуваат на овие избори е незначителен. Како и да е, студентските избори за неколку дена ќе се одржат. Како ќе постапат студентите, дали ќе кажат СТОП на ваквото (не)работење на Сојузот, останува да видиме. Можеби со досегашното неизлегување на гласање (околу 10%), студентите веќе кажаа СТОП, но не на (не)работењето, туку на целиот Студентски сојуз воопшто, кој очигледно го чувствуваат како „туѓо тело“.

Ако оваа тенденција продолжи, оправданоста на самото постоење на било каква студенстска организација се става под прашање. Можеби е крајно време овој рецидив (ССУКМ) да исчезне или да добие нова форма на организирање, во смисла да стане навистина автохтона организација на студентите.

Оливер Бакревски, Претседател на сојузот на студентите при Филозофскиот факултет, на самото собрание јавно демантираше дека врз него е вршен било каков притисок, за тоа на кого да му се даде подршката. Подоцна, во разговорот, ни потенцираше дека одлуката не ја донел самиот тој, туку целото претседателство.

63 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 14 МАРТ 1997, ИНФОРМАЦИЈА ЗА АКТУЕЛНАТА СОСТОЈБА ПРЕДИЗВИКАНА СО ПРОТЕСТИТЕ ВО ВРСКА СО ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАЗИЦИТЕ НА КОИ СЕ ИЗВЕДУВА НАСТАВАТА НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМНЕТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ И ЗА НАЧИНИТЕ И ФОРМИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ ВО РАМКИТЕ НА УСТАВОТ НА Р. МАКЕДОНИЈА

Дами и господа,

денеска е, ако не се лажам, дваесет и седмиот ден од студентските протести и единаесетиот ден од штрајкот со глад на дел од организациониот одбор. Во тој штрајк со глад сум и јас, така што ќе ми простите ако извесна слабост на моето лице се погледне или примети. Не затоа што говорам пред Вас како голем дом, како многу луѓе, туку затоа што штрајкувам со глад 11 дена.

Ние очекувавме дека ќе говориме меѓу првите, па потоа дека ќе се јават 60, 80 луѓе кои што ќе не судат, нели такво сценарио предвидувавме, меѓутоа сеуште не е доцна откако ние ќе проговориме, говорам ние, затоа што говорам во името на сите што се надвор во Шаторот. Не е доцна да се јават повторно дискутанти кои што ќе не разобличат и кои што ќе покажат на македонската јавност колку ние грешиме и колку ние не сме во право.

Морам да нагласам уште еднаш дека ние во знак на протест, поради тоа што тројца од нас веќе паднаа, не сакаме тука да дојдеме, меѓутоа слушајки го говорот на Премиерот Црвенковски вчера, се одлучивме, сепак, да дојдеме тука и малку да реплицираме.

Знач, уште еднаш да повторам, Ви се обраќам од името на организационите одбор на протестот на студентите. Должен сум веднаш да Ви кажам дека меѓу нас не постои големо недоразбирање. Ние не баравме расправа за меѓунационалните односи, како што стои во барањето на Владата за оваа седница. Ние знаеме дека Република Македонија не е, на пример, Европска унија или некоја конфедерација за да се зборува за меѓунационални односи. Ние не баравме ниту расправа за меѓуетничките односи, како што раководството на Собранието ја насловило темата на денешната седница. Ние од Вас бараме во согласност со вашите надлежности да ги преземете сите потребни мерки во следниве наши барања:

Прво, донесување на закон по итна постапка за престанување на важноста на Законот за јазиците на кои се изведува настава на Педагошкиот факултет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје.

Од страна на Уставниот суд на Република Македонија побаравме укинување на или поништување на Законот за за јазиците и нашите ставови во врска со тоа подетално ги образложивме во иницијативата. Во оваа прилика ќе цитираме само дел од Одлуката број 100/94 од 25 јануари 1995 година и одлуката број 99/94 од 25 октомври 1994 година, на Уставниот суд, со кој Што Уставниот суд веќе создал уставна практика во смисла на примена на членот 7 од уставот на Република Македонија. Отворен цитат:„во согласност со членот 7, став 1 од Уставот на Република Македонија, во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо„.

Ставот 2 на членот 7 од Уставот на Република Македонија предвидува во единиците на локална самоуправа во кои како мнозинство живеат припадниците на националностите во службена употреба, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо да бидат и јазикот и писмото на националностите на начин утврден со закон.

Во ставот 3 на членот 7 Од Уставот на Република Македонија е предвидено дека во единиците на локалната самоуправа во кои како значителен број живеат припадниците на националностите во службена употреба покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, да бидат и јазикот и писмото на националностите, под услови на начин утврден со закон.

Во ставот 3 на членот од Уставот на Република Македонија е предвидено во единиците на локалната самоуправа во кои како значителен број живеат припадниците на националностите во службена употреба покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, да бидат и јазикот и писмото на националностите под услови и начин утврдени со закон.

Со наведените уставни одредби произлегува дека Уставот прави сосема јасна разлика помеѓу службен јазик и како таков го утврдува македонскиот јазик и неговото кирилско писмо на целата територија на Република Македонија и службената употреба на Јазикот. При што предвидува кога припадниците на националностите живеат како мнозинство на единиците на националностите на локалната самоуправа службена употреба на нивниот јазик и писмо да се уредува со начин утврден со закон. А кога тие претставуваат значителен број службената употреба на нивниот јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, да се уредува само на начин и под услови утврдени со закон.

Според тоа, од Уставот произлегува дека на целата територија на Република Македонија покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо не може да се применува и јазикот на националностите„. Завршен цитат.

Од Уставот произлегува и правото на високо образование на службениот македонски јазик на државата Македонија во согласност со член 7 од Уставот не го суспендира правото на образование на припадниците на националностите, ниту пак ние тоа го бараме.

Правото на високо образование мора да биде и е достапно и за припадниците за националностите, но под еднакви услови како и за сите граѓани на Република Македонија. Имајќи ја предвид еднаквоста на граѓаните во слободите и правата независно, меѓу другото и од националното односно од етничко потекло утврдено со членот 9 од уставот.

Во ставот 2 во членот 46 од Уставот е утврдено условите за основање, вршење и престанок на дејноста на Универзитетот да се уредуваат со закон.

Педагошкиот факултет „Свети Климет Охридски“ е дел односно само еден факултет од еден универзитет во Државата, Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ ви Скопје, покрај постоењето на само уште еден универзитет „Свети Климент Охридски“ во Битола.

Според тоа, од Уставот произлегува дека со закон ќе се уредуваат условите за основање, вршење и престанок на дејноста на Универзитетот, Што сама по себе подразбира услови за основање вршење и престанок на дејноста и на членките на Универзитетот, факултетите и другите научни установи. Универзитетот и факултетите подготвуваат кадри за целата територија на државата и затоа неговата дејност не е врзана за подрачјето на една општина или потребите на една националност, туку за потребите на сите граѓани на Државата. Оттука и правото граѓаните високо образование да стекнат на службениот јазик на државата, односно на Македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, тоа беше првото барање поопширно образложено.

Второ, неотповиклива оставка на министерот за образование проф.д-р Софија Тодорова, поради дозволување на неуставен закон во нејзиниот ресор, неморал и нехуманост, бидејќи имаме штрајк со глад веќе 11 дена, министерот не најде за сходно да ги посети тие луѓе, без разлика дали се согласува или не се согласува со нивните барања и ние морам да ви кажам во шега се договоривме да набавиме министерска фотеља, за да го задржиме министерското ниво и ја очекуваме министерката да дојде да не посети да види каква е нашата здравствена состојба. Нагласувам уште еднаш, без разлика дали се согласуваме или не во барањето.

Трето, наше барање е донесување на Закон за Високо оразование со право и студентите да учествуваат во јавната расправа и

Четврто, судентите не преку Сојузот на студентите и Диме Велковски,

туку студетите кои што размислуваат.

Тито Петковски:

Г-дине Петровски, немојте да ги навредувате своите колеги, ве молам.

Филип Петровски:

Во ред, јас стојам позади моите зборови. Петто, укинување на квотите на националностите за Високо образование, како услов за создавање на еднакви услови за упис на факултетите за сите кандидати независно од нивното етничко потекло.

Ние знаеме дека Република Македонија не е Франција, а верувам знаете какви критериуми имаат за образовани во Франција да се зборува за меѓуетнички односи. Ние Македонија ја знаеме и ја сакаме како Европска држава, а во Европска перспектива, терминолошкиот расчекор помеѓу Владата и Собранието може да се надмине со трет наслов оваа седница. Например, политиката на Државата кон малцинствата. Во таа преспективa Вие би требало да ги разгледате правата на припадниците на малцинствата, врз основа на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства која што, знаеме ова Собрание на усвои девето по ред во Европа, а се чини не ја почитува и посебно го нагласувам членот 12 став 3 во таа рамковна конвенција и членот 13 став 1 и 2 кои според нас ја појаснуваат позитивната дискриминација, како што популарно е наречена.

Ние, тоа не го бараме не сакаме да се ставаме во релации кои што не се наш избор. Ние протестираме против нарушување, уште еднаш нагласуваме, на Уставниот поредок во областа на образобанието и од Вас бараме да донесете системски Закон за Високо образование со еднакви права за упис на факултетите.

Проширување на темата на меѓунационалните односи, според Владата, односно во меѓуетничките односи, според Собранието, ја потврдува нашата теза дека во образованието се манипулира со вонобразовни цели, за мир во куќата на коалицијата на власт, за маскирање на вистинските проблеми во транзицијата, меѓу кои можеме да го спомнеме грабежот во Штедилницата ТАТ.

Пред некој ден од тројката на Европа претставена преку Грција, Англија и Франција, за чија што улога во нашата национална трагедија за која што нема да зборуваме сега, беше испорачана, би рекле нарачана декларација со поддршка на владината меѓуетничка политика исто како трите

претставници на Европа да не знаат како кај нив се регулираат односите за националните малцинства. Меѓутоа, сето тоа за нас младите кој веруваме во демократија и хуманизам, не го прифаќаме овој цинизам кој е многу неподнослив, а Владата го прифати.

Покрај тоа што на седницата се поканети претседателите на вонпарламентарната опозиција, поканети сме и ние. Мораме да кажеме дека ние не знаеме колку е тоа деловнички исправно, бидејќи ни Вие немате деловник за работа, како што ние немаме Закон за Високо образование. Но, независно од тоа статистички и статусно сведени на декор, смислата на поканата ја гледаме во функцијата на демагогијата наречена решавање на проблемите низ институциите на системот, кои што гледаме како функционираат досега. Таа улога ние не сакаме да ја играме, ние имаме конкретни барања, веќе ви ги прочитав, вие не ни одговарате, ова на нас ни личи како соцреалистичка сеанса.

Инаку само за ваша информација, која сигурно ја знаете, но не знаеме зошто ја премолчувате, на вашиот интернет, за кој што ние немаме пари за користење, Тетовскиот Универзитет има дистрибуирано над 11.500 документи, еден од нив имаме за Вас, ќе ви прочитам извадоци да видиме што кажува тој. Доколку се согласите нема да читам на Англиски, ќе преведувам директно.

„Албанците во Македонија се автохтона популација, како што се мнозинска популација во нивните етнички региони“. Пазете ова е дистрибуирано од таканаречениот универзитет во Тетово, а ние имаме информации дека Сорбона и неколку американски универзитети се користат со овие информации. Ќе го поткрепам тоа понатаму уште малку.

„Албанците во Македонија немаат друг избор, туку да бараат легализација на овој универзитет, без разлика на ставот на Владата“. Понатаму се вели, без разлика каков ќе биде позитивен или негативен.

„Колку побрзо оваа реалност е разберена, толку подобро за сите жители на Македонија“. Потписници се сите албански субјекти. Натаму, Тетовскиот Универзитет во курсот на Академската година ќе има 1.300 студенти, а не 150 како што тврдеше некој, од кои половина се девојки, 150 професори кои што се сите жители на Македонија. Јас се сомневам во тоа. Тоа се вели во овој документ кој што е дистибуиран на интернет, кој што ни го донесоа некои студенти.

Незаборавајќи се она што се случува надвор ќе морам уште еднаш да се обратам во Министерството за внатрешни работи, кое што прилично

некоректно постапи спрема нас. Незнам дали е тука Министерот? Нема да објаснувам што се се случи, веројатно добро знаете, меѓутоа, ќе го замолам Министерот да ги контролира малку подобро службите, некои служби кои се чини се излезени надвор од контрола на Министерстово за внатрешни работи и кои што вршат психичка тортура врз сите нас. Ако е и тоа дел од играта, ако мора да се изврши врз нас таков притисок, ние го прифаќаме, меѓутоа би го замолиле министерот, ако е тој што ги котролира, или ако е некој друг, барем девојките да не бидат малтретирани од службите за државна безбедност, да не им се заканууваат дека ќе завршат во корпа за ѓубре и нивното тело ќе биде најдено во Вардар. Ова може да ви биде смешно, можете да се оградите сите од ова, нема проблем, меѓутоа треба да ја проверите оваа информација и да видите како функционираат тие служби.

И за крај, уште еднаш би рекол, народот нема пари за интернет, тој ни лепеше пораки на Шаторот. Би сакал дел од нив да ги прочитам, без разлика што ќе се насмеете. „Ви благодарам што го откривте срамот што ние возрасните го носиме во себе“- некој чичко е потпишан. „Ми дадовте сонце“ -Душанка. „Вие ја држите најголемата лекција за нас“. „Нека изчезне засекогаш срамот од клетото едноумие“. „Ја разбудивте Македонија“.

Со оглед на тоа што досега не најдовте време да расправате за нашите барања и со оглед на тоа што поминаа 25 дена од протестите, 11 дена од Штрајкот со глад, ние бараме, г-динот Министер да си даде оставка, а и целата Влада, а сите што не подржуваат повторно да ги продолжиме потестите. Уште еднаш нагласувам ние местото си го гледаме кај нашите колеги надвор и да знаете и тоа е институција на системот.

Ви благодариме уште еднаш што моравте да не сослушате.

НИ ЗАЛЕПИЈА ЕТИКЕТА ДЕКА СМЕ ПРОТИВ АЛБАНЦИТЕ, ИНТЕРВЈУ ВО ДНЕВНИК, 22.2.1997

Господине Петровски, во последно време сте популарен како водач на студентите во Скопје. Дали Ви годи популарноста?

Па, не знам како да одговорам на ова прашање. Во секој случај, не сметам дека сум популарен. Ако мислите на ова што деновиве се случува и на тоа што медиумите го прават од мене - некој со позитивна, некој со негативна конотација - дел од тоа ми годи, меѓутоа поголемиот дел ми пречи. Бидејќи имаме ситуација во која некој намерно мене ме промовира и ме прави популарен за да ме поврзе со една политичка партија, за да ме дискредитира мене, но и за да ги дискредитира сите случувања што се поврзани со мене.

Вие тврдите дека не сте водач, туку само обичен учесник на овие протести. Дали е вообичаено обичните учесници да држат говори, да ја водат масата, да одржуваат прес-конференции, како што Вие тоа го правите?

Не може да се заобиколи фактот дека јас имам малку поголема популарност и оти не сум токму „обичен учесник“. Неодамна јас бев учесник во студентските интриги околу Сојузот на студентите. Тоа што се случуваше таму ми даде извесна доза публицитет, бидејќи бев одбиен како кандидат, но не се помирив со тоа, настапував јавно, дадов неколку интервјуа. Тоа ме направи познат меѓу студентите. Учесниците на протестите ми се обраќаат и јас не можам да ги одбијам, да им речам –„Не можам“. Јас по карактер сум подинамичен од другите, побрзо реагирам на нештата и едноставно- тоа што го носам во себе не го кријам.

Не сум студент од втор ред

Вие сте член на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Дали за овие протести разговаравте со раководството на партијата, на пример со лидерот Љубчо Георгиевски или со другите луѓе од раководството на партијата?

Јас имам своја политичка определба и не ја кријам. Уставот на Република Македонија мене ми дозволува да бидам политички определен и едноставно јас тоа свое право го користам. Поради сите настани што се случуваа, добив можност тоа да го кажам јавно и мислам дека ке беше многу некоректно и спрема јавноста, а особено спрема мене, да тврдам дека не сум член на партија кога тоа сите го знаат. Меѓутоа во одредени моменти, под влијание на некои новинари, сум доведен во ситуација да се чувствувам како

студент од втор ред. Според нивната логика, студентот што е член на ВМРО-ДПМНЕ или на некоја друга партија, значи тој што е политички определен несмее јавно да проговори за својот став, мора да биде во заднина, не смее никаде да се меша во никаква организација итн. Ако тоа е така, тогаш ние треба десетина отсто од студентската популација да ја прогласиме за популација од втор ред, популација која не смее да се меша во студентското организирање и така да исклучиме многу квалитетни луѓе. Не тврдам дека меѓу политички неопределените нема квалитетни луѓе, меѓутоа мое мислење е дека тој што е политички неопределен што тврди „јас не сум политички определен“, всушност соопштува политички став. Сега да се вратам на вториот дел од вашето прашање. Јас намерно не одев во седиштето на ВМРО-ДПМНЕ додека траеше организацијата на протестот за колку толку го исклучам оној момент што сигурно ќе ми биде „залепен“ : студент на ВМРО-ДПМНЕ, студент на унија на млади сили... Сеуште избегнувам какви било контакти затоа што знам дека тоа ќе биде злоупотребено.

Вие тврдите дека законот за Педагошкиот факултет е неуставен и оти тоа е основниот мотив на протестите. Што ако Уставниот суд реши дека законот сепак е уставен. Дали потоа ќе фрлате јајца и камења врз зградата на Уставниот суд?

Длабоко сум уверен дека Уставниот суд ќе најде сили овој Закон да го види во неговата вистинска светлина и воопшто не се сомневам дека тој ќе биде отфрлен како неуставен. Што се однесува на тоа дали ќе се фрлаат јајца и камења, уште еднаш би рекол дека до саега не сум забележал да се фрлаат камења, а се трудиме да ги елиминираме и јајцата. Некои не нарекоа „бледа Белградска копија“. Сепак, јајцата не се измислени во Србија, цел свет ги познава, а тие се користат како средство поради нивната лесна кршливост- со нив може да се искаже револт, а да нема големи оштетувања и проблеми. Е сега, не знам што ќе се случи ако Уставниот суд го прогласи овој Закон за уставен. За тоа воопшто не сум размислувал ниту јас, ниту некој од организаторите на овој студентски протест.

Имам право да го читам Уставот

Врз основа на што го темелите уверувањето дека законот е неуставен? Дали го познавате Уставот, уставното право? Сте полагале ли некогаш уставно право?

Видете, јас како дел од оваа организација, како човек ги подржувам барањата на студентите на Педагошкиот факултет. Вие знаете дека од кај нив тргна тоа дека законот е неуставен. Што се однесува на конкретните членови од Уставот сум ги прочитал особено членот 48, што најмногу беше споменуван. Тој член јас, како апсолвент на Филозофскиот факултет смеам да го читам, нема да кажам - да го толкувам. Заклучувам дека според членот 48 законот е неуставен. Не студирам на Правниот факултет. Доколку го познавав уставното право тогаш веќе како авторитет ќе можев да говорам за истиот овој член дека е неуставен и тогаш веројатно и мојот глас многу повеќе ќе се слушаше. Вака, како студент на Филозофскиот факултет го читам Уставот и ако смеам да дадам свое мислење- сметам дека Законот е неуставен.

Дали сте размислувале за тезата дека членот од Уставот што го споменувате ја дефинира врската на државата да обезбеди образование на мајчин јазик за малцинствата до основното и средното образование и оти не постои ниту директна ниту индиректна забрана во тој член да се користи јазикот на малцинствата како мајчин јазик и во сферата на високото образование?

Според моите скромни познавања, постојат неколку начини за толкување на Уставот. Постои либерално толкување, кое, ми се чини, произлегува од Вашето прашање. Верувам вие сте за полиберално толкување на Уставот. Меѓутоа постои и она „тврдо читање“ на Уставот. Ако ми дозволите да излезам од прашањето, ке Ви кажам во што лично го гледам проблемот. Нашава земја неможе да се споредува со Финска или со некои други земји. Ние имаме специфична ситуација. Проблемот што ние го имаме е тоа што се создава еден паралелен систем. Не можеме а да не споменеме дека во Македонија три години функционира паралелен универзитет. Сите знаеме дека тој работи и никој не се обидува тоа да го спречи. Тоа ке доведе до паралелизам не само во образовниот систем, туку до паралелизам на сите нивоа и што е најлошо - ке добиеме едно дезинтегрирано малцинство во државата Македонија. Доколку албанците имаат сопствени институции тие нема да имаат потреба за контакт со нас, со другите. Познавам луѓе што многу слабо го познаваат македонскиот јазик и кои веќе имаат проблем да се интегрираат во овој наш систем. Постои декларација или конвенција ако сакате - незнам точно од која година е, во која ООН, незнам точно ни во која точка, но ние, организаторите, заедно ја читавме - во која се настојува малцинствата да се интегрираат во системот за државата. Има и друг проблем.

Не е во прашање само педагошкиот факултет, знаете. На педагошкиот факултет се едуцира кадар само за основното образование и за одделенската настава. А бидејки тие бараат да имаат едуциран кадар што ќе предава во основните и средните училишта, тоа значи дека целиот универзитет „Св.Кирил и Методиј“ наскоро ќе мора да обезбеди едуцирање на албански јазик.

Немаме традиција на геноцид и ксенофобија

Зошто употребата на албанскиот јазик во образовниот процес мора да е фактор на дезинтегрирање? Тој пример на Финска што вас толку многу не ви се допаѓа, покажува дека едно релативно мало малцинство (Шведското), кое има два или три универзитета на свој јазик, одлично се интегрира во државата. Тие луѓе се декларираат како Финци. На крајот на краиштата, зошто албанците би сакале да се интегрираат во една заедница која им се заканува со гасни комори, која ги навредува. Тоа се паролите на вашите митинзи.

Пред се тоа не се официјални пароли. Денеска имаше можеби уште порадикални пароли, уште поекстремни и ксенофобични. Ние се обидовме да ги отстраниме. Се обидовме колку што можеме да ја контролираме масата и постојано говоревме, постојано објаснувавме дека ова не е антиалбански митинг, дека не е митинг против студентите-Албанци, туку против законот за Педагошкиот факултет и против министерката за образование, Софија Тодорова. Јас би ви кажал дека нема голема доза на ксенофобија, но кога ќе се случи една маса да се изиритира, тогаш многу лесно кај неа се радикализираат барањата, дуир и бегаат од здравиот разум. Во македонија традиција на ксенофобичност и геноцид не постои. Ние сите го знаеме македонскиот народ како прилично мирен и подложен натолчење.

Сите ги гледаме протестите. Вие не можете да го превидите фактот дека целата маса вика „Шиптари во гасни комори“, дека тоа, сепак, не се „поединечни случаи“. Дури, некои истражувања, кои претпоставувам дека ви се познати, покажуваатдека ксенофобијата и стереотиповите се сериозно присутни во народот.

Ако вие тврдите дека ова е нешто ново, дека сега во Македонија првпат се појавува ксенофобичност, мислам дека не сте во право. Меѓутоа, тврдам дека ние во нашата историја немаме примери на геноцид. Што се однесува на ксенофобијата, мислам дека таа постои не само меѓу средношколците и студентите - постои во целокупната популација и тоа не само кај

македонскиот народ, туку и кај малцинствата. Ксенофобијата постои и ако веќе треба да ја објаснувам, јас вака ја толкувам: со неуспешните обиди што ги прави државата, со погрешните чекори и погрешните отстапки, со погрешните ветувања, мислам дека ќе дојдеме во ситуација кога таа ксенофобија може и да нарасне.

Ново е тоа што вие ја извлекувате ксенофбијата на сцена. Со овие протести и давате фон, ја канализирате. Дали не сметате дека тоа е неодговорно?

Ние ќе се обидеме да ја ставиме до максимум, да ја избегнеме. Меѓутоа не знам колку ќе успееме во тоа. А тоа дека и даваме официјалност- јас сметам дека не би смееле да утврдиме такво нешто. Кога станува збор за толпа, ако веќе говориме за психологијата на толпата, доволно е поединец таму нешто да изјави и тоа како напад, а ги зафати сите.

И што правите вие во таква ситуација?

Во таква ситуација, јас лично и дел од организаторите се обидуваме да го стивнеме тоа, се обидуваме паролите да ги повлечеме, се обидуваме да им објасниме на луѓето дека не сме за тоа и повторно ги потврдуваме нашите барања.

Дали ви е познато дека во меѓународната јавност вашите протести се третираат како антиалбански, како ксенофобични?

Таа слика за антиалбански и ксенофобични протести е протурена, залепена како етикета. Јас тука морам да им завележам на некои новинари. Не станува збор за антиалбански протести. Ние не протестираме против ниедна личност, против ниеден наш колега и ништо во нашите настапи,во нашите изјави, во тоа што ние го дадовме како документ, не дава основа за сомнеж дека станува збор за такво нешто. Но, на нас ни „помогнаа“ некои новинари таквата оценка да биде проширена во јавноста - во домашната, а мислам дека преку интернет е пуштена информацијата и до меѓународната јавност.

Не мислите белким дека меѓународната јавност е неспособна самата да пресуди, наместо да ги слуша „подметнувањата“ на овдешните новинари. Не мислите белким дека овдешните медиуми го креираат светското јавно мислење за тоа што се случува во Македонија? Има и овде странски новинари.

Колку што сум запознаен, немаше баш многу странски новинари што

ги следеа овие протести. Од друга страна, госпоѓа Елизабет Рен своите ставови ги базира на информации само од една страна. Таа не дошла да се консултира со никого од оваа страна. Не разговарала со никого, не не прашала: кои се вашите барања, зошто сте на улица, во што е проблемот... Мислам дека меѓународната јавност го оформува јавното мислење главно според тоа што тие го читаат од тука, во весниците. А уште на почетокот на протестите, уште во Јануари, ние од новинарите бевме дочекани на „нож“. Зошто се тие преубедувања не знам. Уште еднаш одговорно тврдам протестите не се антиалбански, не се против студентите-Албанци на Педагошкиот факултет. Ги повикуваме новинарите повторно да дојдат меѓу нас, и да ја видат ситуацијата и ако веќе имаат изградено став - да се обидат да го сменат и да се обидат да гледаат со наши очи.

Што, според вашето мислење, треба да напише еден објективен, непристрасен странски новинар кога ќе види дека на улиците во Скопје доминираат средношколци, момчиња и девијчиња на 15,16 или 17 годишна возраст, од кои најголем дел, се чини, воопшто не знае за што протестира?

Кога се собираат маса луѓе на протест, нонсенс е да тврдиме дека сите тие знаат зошто се тука. Секогаш има одреден процент помодари, кои делумно се заинтересирани, но не и упатени, одреден процент луѓе што сакаат да бидат видени на такви места. Странскиот новинар што сака објективно да извести би дошол и би поразговарал со организаторите на протестите. Би побарал материјал што е дистрибуиран од нив а не од некои неофицијални лица. Во 20.000 протестанти може да има некој човек што своеволно ќе си напише летоци и ќе ги подели. Тој новинар ќе дојде, ќе поразговара со организаторите, па ќе ги прочита сите материјали што ќе му бидат доставени, па потоа ќе ја погледне масата и на крајот од сите тие моменти ќе оформи своја слика, која верувам, нема да биде до крајот позитивна. Меѓутоа, нема да биде ни апсолутно негативно.

Вие сепак не негирате и неможете да негирате дека мнозинството од демонстрантите се средношколци. Може ли средношколец на 16-годишна возраст воопшто да знае што е уставно, а што неуставно?

Организаторите на протестот воопшто не им се обратија на средношколците. Никој од организаторите дури и не сметаше дека ќе се појават средношколците. Средношколците се појавија и тоа е факт.

Дел од нив тврдат, според нивното соопштение, дека дошле во знак на

поддршка. Значи, тие се раководиле од соопштението на Унијата на средношкилците во која беше упатен апел до средношколците да се раководат со својата свест и совест. Унијата упати апел за поддршка на барањата на студентите на Педагошкиот факултет.

Веројатно ви е познато дека секаде во демократскиот свет, без исклучок, ангажирањето млади лица во политички цели се смета за прекршок и нема никаква врска со демократијата?

Да, ако ова го сметаме како ангажирање на средношколците, можеби вашето тврдење е точно. Меѓутоа, средноШколците никој не ги ангажирал. Ако тие самите се ангажирале, тогаш јас не знам зошто јас да зборувам за нив. Тоа што јас, како поединец, го чувствувам е дека не поддржаа во нашите барања и морам да им бидам благодарен за тоа. И не сметам дека се политички ангажмани, затоа што ова е проблем во образованието.

Какви проблеми имаат тие средношколци со законот за Педагошкиот факултет?

Тие му се приклучија на протестот, давајќи им поддршка на барањето за Педагошкиот факултет. Меѓутоа, тие не се согласуваат во квотата „10 отсто“ за упис на факултет и тоа прашање веројатно го спојуваат со овие барања на Педагошкиот факултет. Најголем дел од нив веќе во Септември ќе станат студенти.

Полицијата ми се заканува

Што ќе се случи ако протестите излезат од контрола? На улиците има многу малолетни деца, нивните родители се во хаос. Што ако полицијата биде принудена да интервенира, ако има повредени, ако има жртви? Дали ќе се чувствувате одговорен за?

Тоа е, сепак, една хипотетичка ситуација. На тоа можам, односно морам да одговорам вака: јас сметам дека нема да излезат од контрола. Кога веќе директно ми се упатува прашањето, одговарам дека ќе се трудам и ќе вложам напор сето тоа да остане во цивилизирани рамки. Сметам дека нема причина за да се случи такво нешто и сметам дека дури и новинарите и сите присутни треба да ни помогнат за да не се случи тоа, да ги прифатат како основни и единствени барања што се истакнати во врска со Педагошкиот факултет, да не не несочуваат во друга насока и да не зборуваат премногу гласно за она

што би можело да се случи, затоа што стопати повторена лага станува вистина.

Простете, но ова мене ми звучи загрижувачки. Кога се води маса се планира се. Вие се чини немате план што ќе се случи ако дојде до инцидент.

Ако се случи некој инцидент утре во Гостивар, на пример, ние не можеме да кажеме за себе дека сме одговори. Ако се случи во Скопје, во некое училиште надвор од протестот, пак не знам колку може да се утврди нечија одговорност. А што се однесува директно на протестот, ние ќе сториме се за таква ситуација да не се појави и мислам дека дури и доколку се случи тоа, нагласуваме - хипотетички, многу бргу ќе се справиме со тоа. Имаме луѓе што се способни да одржуваат ред, кои се назначени од организаторот и кои едноставно ќе реагираат во таква ситуација. Единствено ми се гледа како проблем во целава оваа ситуација да не дојдеме до тоа главната улога да ја игра некој трет, бидејќи деновиве имаше луѓе што се уфрлуваа, имаше такви што делеа памфлети со изразено националистички карактер, имаше извици што се упатуваа против малцинството, кои јас не ги одобрувам... Со таквите луѓе ќе мораме да се справиме и од утре веќе ќе ги отстрануваме. Вие и вашата истомисленичка Мирјана Китановска јавно ја загатнавте тезата дека тоа се политички провокатори. Имате ли докази за тоа?

Мене полицијата ми се заканuваше. Тој истиот полицаец се појавува три дена на протестите јас го познавам по физиономија, па ќе го замолам вашиот фотограф утре да го фотографита ако биде присутен. Тој мене ми кажа дека најверојатно ќе се сретнеме и по протестите. Но, може да има и други провокатори.

10 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА Р.МАКЕДОНИЈА, ПРИЗНАВАЊЕ НА ТАЈВАН, 12.2.1999

Дами и господа, земајќи ја во предвид информацијата што до нас ја достави Владата на РМ во врска со признавањето на Тајван, односно на воспоставување на дипломатски односи, морам да кажам дека тоа е потег кој заслужува разбирање и оправдување. Тоа е потег кој што е силен и енергичен, потег на Влада која знае што сака, а не само Владата, туку и ние, целиот народ а посебно младите се соочуваат со проблемите кои со еден ваков потег ке се стават на дневен ред еднаш за секогаш да почнат да се решаваат, како што не беше случај до сега.

Проблем број еден со кој младите се соочуваат тоа е невработеноста и тоа е една од основните причини за чувството на безперспективност. На младите, дами и господа им е потребна работа. Таканаречениот одлив на мозоци само е логичка последица на таквата ситуација. Тивок геноцид е надвиснат над нас како реален проблем. Знаете, едно семејство дневно во просек ја напушта Македонија. Можеме да се потсетиме, денеска во Македонија постојат села во кој што живеат само постари луѓе, па се плашам ако продолжи овој тренд, што денес го има Македонија, кој што мораме да го стопираме, дека тоа може истото да ни се служи во цела Македонија, да останат само стари луѓе во цела држава. А вие знаете што значи тоа. Умирање на Македонија.

Втората условно кажано неможност, ако можам да ги рангирам неможностите, на модерното македоноското општество, е алкохолизмот. Масовно раширен меѓу младите кој исто така е добар пријател на безперспективноста. Уште полошо проституцијата, за која што сите сме сведоци добива загрижувачки размери. Младите души заробеници во неможноста на сопствената реализација го спознаваат пеколот како сопствен рај. Најлошо наркоманијата. Според сите показатели во рамките на епидемијата е сојузникот за многу единствен, за некако да се избега до сивилото на транзитирачкиот живот, како што некои го викаат овој период од кога Македонија се осамостои, до денеска. Минатата власт, дами и господа не стори ништо ова да го реши. Да го спречи или да го промени. Оваа Влада убеден сум не само со овој потег тргна кон тоа оваа економска ситуација, која постепено, но сигурно се движи кон економска и политичка дестабилизација со несогледливи последици, конечно да ја реши.

Сигурен сум дека сето ова е добро намерно направено. Од проста желба да се

излезе од бедата и сиромаштијата во која минатата власт на СДСМ со своето недомаќинско работење не доведе. За брзо отворање на нови перспективи не гледам решение освен ова кое што по својата храброст, решителност и самостојност е типично за младите полетни и енергични духови. Генерално, бројот на оние што си одат, за никогаш да не се вратат во државата, на зависниците и предаденици на сите пороци ќе биде, сигурен сум, значително намален со ваквата нова политика. Ова пред се е политика на животот на младите кои што со еден нормален развој ќе добијат свој тек, соодветно образование, вработување, ангажираност итн.

На крај, слушајки ги дискусиите на левата страна од Парламентот, останувам збунет и треба да поставам неколку прашања.

Прво, од кога опозицијата, главно СДСМ стана толку загрижена, патриотска, кога знаеме како реагираа, односно не реагираа во многу наврати до сега, ќе го потенцирам само променувањето на државното знаме под притисок однадвор. Тоа се случи од притисок од надвор во истиот овој македонски парламент. Истото прашање знаеме дека стануваше збор за 2 месеци за привременото име на државата, па ќе излезат изгледа 2 века. После се, ако сте толку големи патриоти, ќе најдевте сили да се надминете и државниот грб да го ослободите од идеолошките состојки, пронаоѓајки во богатото наследство од земјени гробови што Македонија ги има, соодветен. Околу тие три симболи име, знаме и грб кои се меѓу најбитните државни столбови, јас попрво би ги насочил своите, па ако сакате и би ги заплакал, отколку на овој договор што во себе ја има потребната црта на патриотизам, односно ако не ништо друго желбата за оваа држава и нејзините млади луѓе што живеат во неа да добијат подобар, нормален, достоинствен живот. Понатаму, предлагам опозицијата да не ни раскажува приказни за достоинство, истите оние што за ситни кредити коленичеа пред многу финансиски институции. Знаеме дека за ситни кредити одеа делегации се молеа и потпишуваа разноразни државни отстапки. Одговорот ми се чини дека не е во патриотизмот и достоинството, туку во стравот. Пустиот страв дека од оваа што го имаме како најава од владата, овие договори, овие напори што ги има ќе се остварат. Политичката иднина на опозицијата во тој случај во смисла на подршка од електоратот ќе се стреми и ќе биде еднаква, да не речам, приближно на нула.

На крајот, фаќав забелешки од повеќе пратеници, па ќе осврнам само на неколку од нив, се чини имаат врска со дикусијата околу Тајван, меѓутоа, да употребиме збор од оваа говорница како што е ликвидација и диверзантски

групине не доликува на пратеник на Собранието на РМ. Мене ми се постави уште едно прашање, многу интересно се зборуваше, многу трагично во смисла дојде крај на светот, нашиот пат кон ЕУ е загрозен, ќе се одалечиме и веќе никогаш нема да се приближиме, никогаш нема да станеме дел од Европа. Јас како млад човек да ви кажам право, никогаш не сум се почувствувал близок на Европска Унија. Во ниеден момент не сум се почуствувал дека сум дел од Европа.

Уште едно прашање. Се зборува многу за позицијата на УНПРЕДЕП и за можноста на Кина како постојана членка на Советот за безбедност да ни стави вети, односно, „леле мајко што ке правиме УНПРЕДЕП си отиде“. Треба да го поставиме следново прашање дами и господа, зошто во сите овие години на независноста на Република Македонија не успејавме да создадеме Армија, која што може да ја брани оваа држава, па ако бидеме во ситуација УНПРЕДЕП да замине да можеме да кажеме, добро, ние имаме Армија која ќе ја брани оваа земја. Иако ние водиме неутрална, воглавном не офанзивна политика и не ни треба голема Армија. Дали требаше да распишуваме и да закажуваме или договараме договори 9 илјади и незнам колку,кои денеска се оспоруваат, па за нив да говориме дека се политички линч или незнам што од страна на Министерството за одбрана, да дојдеме до средства и оружје за една армија, па да не кукаме некој друг да не штити. Јас би сакал да имаме една нормална Армија, да можеме да се пофалиме дека сме земја која што може сама да се заштити од било која непосредна опасност која се надвиснува над неа. А сега, многу било битно Кина ќе ни стави вето за УНПРЕДЕП. Треба да се замислите за таа работа.

И на крајот за книгите кои ги поседуваа СДСМ и наводните 100 илјади потписи. Ќе говорам со сиот респект кој секој оној што ставил потпис во тие книги. Затоа што секој граѓанин на РМ согласно Уставот и согласно своето убедување има право да се потпишува каде што сака. Но, сакам да го потсетам СДСМ дека 1996 година, а денес гледаме се жалат нон-стоп сме имаме закони по итна процедура, набрзина свикани седници, се донесе закон кој исто така беше на трчање, кој што закон санкционираше дека било каква иницијатива за собирање потписи, било каква иницијатива за спроведување на референдум, може да се спроведе само во општина и при присуство на званично лице на општината. Така, господа пратеници на опозицијата, односно на СДСМ сами си направивте ова што го правите денес да биде невалидно.

15 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА, 3-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ, БЕЗБЕДНОСНА СОСТОЈБА ВО РМ, 14.4.1999

Дами и господа,

информацијата за безбедносната состојба во РМ како што гледам предизвика кај пошироката македонска јавност голем интерес, побуди многу полемики, размисли, кои ги имаме и тука помеѓу нас.

Ако Парламентот како највисок парламентарен дом од тој аспект го погледнеме, тогаш можеме да кажеме дека е добро што имаме вака опширни расправи, кои ги зафаќаат сите можни аспекти на состојбата во која што Македонија денес, не по своја вина, се наоѓа. Всушност, дискутирањето на вака важни прашања за Македонија е нашата приориетна цел.

Но, првата работа што се наметнува како неопходна да се каже секако е дека од оваа говорница не треба да говориме се и сешто, употребувајќи зборови кои внесуваат дополнителна несигурност кај граѓаните. Тука, од оваа говорница беа спомнувани холокаусти, логори, терор, фашизам, предавства. Токму на тие настапи и зборови мислам кога зборувам дека треба да се внимава.

Нормално е после вакви зборови народот да почувствува страв, затоа не треба да ги кажуваме тие зборови. Не ја спорам нивната вистинитост. Меѓутоа треба да ги мериме. Без разлика дали сметате вие дека се вистинити. Одозгора на непробираните зборови слушаме и хипотези од типот, што би било кога би било, што само ни ја зацврстува убеденоста дека можеби и не е се толку случајно кажано тука. Се отиде дотаму дури да се говори за мировната конференција во блиска иднина на која ќе се одлучува за нови држави и нови граници. Тоа го кажа вашиот претседател на партијата, претседателот на СДСМ, господинот Црвенковски.

За кои држави и за кои граници треба да се прашаме?! Тоа е, повторувам уште еднаш, наметнување на страв кај граѓаните.

Навистина анализата на политичко безбедносната состојба покажува дека ова се тешки моменти за РМ, за сите нас, загрозена е безбедноста и економската стабилност. Опасностите со кои се соочуваме ни препорачуваат да спроведеме реформи во Македонија. Тие се очигледни, нема потреба да ги повторуваме. Многу дискутанти ги кажаа, сите ги знаеме и чуствуваме.

Од новата состојба се поставува прашањето дали ќе најдеме сила да се надминеме. Дали опозицијата ќе најде сила да се надмине. Таа навистина не беше гласна во првите денови од кризата, се до моментот кога Премиерот ја

поднесе информацијата за активностите на Владата, околу Косовскиот проблем, односно кризата со бегалците. Оттогаш имаме друга слика. Одеднаш сега некој ни зборува меѓу другото, меѓу сите овие проблеми што ги имаме, посебно околу безбедносната ситуација, за персонални промени, за Буџетот, за клиниките, за чистки, за несериозност, за некакво бегање од сопствена одговорност.

Инаку слушнавме и за паравоено организирање, за распад на државата, нефункционирање на системот итн. После таквите дискусии, морам да констатирам дека никако и во овие пресудни моменти за државата не се заборава партискиот маркетинг, кој што, во вакви кризни ситуации, се користи за ситни дневно-политички потреби. Проблемите кои се стратешки и сериозни, се злоупотребуваат од оваа говорница.

Дами и Господа,

Сега го добивме материјалот од пратеничката група на ПДП и би сакал малку да го анализирам, ако ми дозволите. И тоа само точката 5, каде што велите дека Владата треба да престане со раселување на протерани лица од Косово надвор од РМ и да преземе мерки за подобрување на условите во камповите и прифатните центри во РМ.

Од друга страна СДСМ цело време ни зборуваат за коридор во минатите расправи што ги имаме. Добро се сеќавам дека минатата Влада токму овие две партии (СДСМ и ПДП) ја сочинуваа и ја носеа, а ова се контрадикторни ставови. Да се навратиме на ставовите на минатата Влада.

Во што да веруваме?! Дека сте разговарале за коридор, или дека нема воопшто коридор и дека имаме само политички маркетинг. Значи враќајки се на дневно-политичките потреби, мислам ова време не е погодно за такви потези. Ова е време кога сите треба да вложиме напори да се надминеме.
Сите сите ние треба да сме за Македонија.

Мандатот ни е даден токму за тоа. Јас ве уверувам дека ВМРО е за Македонија. И навистина веќе е депласирано некој постојано да повторува дека ги распродаваме националните интереси, или пак од друга страна сме незнам колку и колку неконпетентни. Кои и колку национални интереси се распродадени е прашање за друг пат, може да дискутираме за тоа, а исто така може да дискутираме и за компетенцијата, односно, колку беа конпетентни тие што го докусурија она што вегетираше многу години наназад, како национално битие во Македонија.

Уште еднаш ќе повторам, да не одиме веќе со тие маркетиншки тврдења, бидејќи во исто време се прашуваме што ни остана од тие

институции во системот.

Дали знаете што ни остана, што ни оставивте во наследство? Бидејќи промената на власт, иако некому му се чини дека којзнае кога беше, беше многу брзо, пред само три-четири месеци. Сето тоа е ваше наследство. Сега вртиме друг лист. Ова е нова влада.

Дами и господа,

оваа Македонија треба да ја имаме од Табановци до Гевгелија, од Берово до Дебар, а јас во општо не се сомневам дека таква треба да ја имаме. Ние едноставно не смееме веќе вака да зборуваме. Особено не да зборуваме дозволувајќи со нашите зборови внесуваме и понатаму, конфузија, страв, и дезориентираност во националното битие.

Многугодишно сечење на духовните корења, сега едноставно мора да престане! Ова се денови на искушение за сите нас!!! Искушение можеби поголемо и од 1990 година. Ние едноставно неможеме и понатаму да толерираме ерозија и опаѓање. Неможеме да си дозволиме неодлучност, апатија и слабост.

Пред корозивните сили кои што работат против нас, против Македонија, одвнатре и однадвор. Специјалната војна која се води против Македонија, нинако не смее да значи дека Македонија ке ги менува своите врвни политички приоритети. И не ги менува.

Сега одлучуваме кој пат е подобар за нас и нашата земја. Вистинскиот пат е избран. Ние нема да ја менуваме својата ориентација. Уште еднаш повторувам. Нашиот избор не само што е од значење за нас, туку у за целото наше опкружување, а и за Европа, која што е концентрирана деновиве тука, со нивниот интерес.

Нашиот пат ке мора да го следат сите. Или ќе се собереме сите единствени околу тоа, или ќе се најдеме на дното на Балканскиот лонец. Во овој пат не постои средина. Пасивноста, конфузијата, апатијата, ја бараат својата замена со оптимизам и надеж. Македонија нема да престане да се надева.

Јас не престанувам да се надевам.Тоа е предизвик доволно голем за секој политички ангажман. Не само нашиот проблем од војната во Косово и бегалците, туку и сите останати активности што ги направи до сега Владата. Погледнете низ призмата на предходно реченото. Ако ме следевте.

Нашите активности заслужуваат почит и будат надеж дека нема никогаш да се откажеме од она што сме го заслужиле, ние, сите претходни генерации, а во името на наредните генерации, Македонија!

15 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА, ЧЕТВРТО ПРОДОЛЖЕНИЕ, ДОГОВОРИ СО БУГАРИЈА, 15.4.1999

Дами и господа,

можеме да го прочитаме Уставот на РМ, пред да почнам со излагањето. „Во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо“, многу е просто да се прочита Уставот и да се свати што значи тоа. Треба да прекинеме со еден тренд некои работи да ги замаглуваме, мистифицираме и комплицираме, заради сопствени политички потреби.

Ако ние потпишуваме договори со соседна држава, било каков договор меѓу две држави во кој што се вели дека ке ги потпишеме сите договори на јазиците кои што се официјални, тоа значи согласно нашиот Устав ние ке потпишеме на Македонски јазик. Мислам треба да прекинеме со еден тренд, со кој СДСМ наметнува дека едноставно и единствено ВМРО-ДПМНЕ ги продава националите, државни македонски интереси, а дека Социјал-Демократскиот Сојуз е тој единствениот што во оваа држава ги штити тие интереси. Јас мислам дека и вчера, во дискусиите тоа го споменувавме во повеке наврати, меѓутоа штом инсистирате, ќе го спомнам и денес.

Ако тој тренд го прекинете, ќе треба да прекинете да го плашите народот дека власта што се промени ја уништи државата и на народот треба да му оставиме да процени кој ги штитеше, а кој ги распродаваше националните интереси и кој ке остане заштитник на националните интереси. Ние тука декларативно можеме се и сешто да кажеме, меѓутоа се знае кој стоеше и кој останува во заштита на тие национални интереси, на линијата на националните интереси.

Ако се анализира една од предходните дискусии, ќе треба да го поставиме прашањето дали ние зборуваме и пишуваме на дијалект, бидејќи се изведуваа некои дефиниции како еден јазик се формира, како постанува еден јазик, како се изведува неговата генеза и како тој станува официјален јазик. Јас мислам дека тие тези се малку проблематични.

Кога зборуваме за националните интереси можеме исто така да се запрашаме денеска кој го промени името и знамето на државата, ако веќе сакаме да зборуваме за тие национални интереси. И кој имаше исто така можност, кога веќе го менуваше Уставот, да најде сила да го промени и идеолошкиот грб кој што стои и ден-денеска зад нас, додека се обраќаме од оваа говорница. Па, ако зборуваме за некоја традиција, ако зборуваме како

настанал македонскиот јазик, да зборуваме кои грбови постојат во македонската хералдика, како македонско наследство. Значи, требаше да најде сила и во таа насока малку да размислува кога веќе размислуваме толку многу за македонските национални интереси.

Наспроти сето тоа македонската Влада прави потези кои што треба да ја релаксираат тензијата не само меѓу Македонија и Бугарија, туку во целиот Балкан затоа што знаете во каква ситуација се наоѓа тој Балкан и знаете, тој проблем без разлика што некој може да го смета за наметнат, некој може да го смета за вештачки проблем, едноставно постоеше. Тој проблем треба да се симне од дневен ред еднаш засекогаш. Со тоа што ние ке потпишеме некакви договори, не значи дека јас ќе го укинам своето постоење, затоа што јас се гледам себеси, се чуствувам и знам дека постојам како човек и како Македонец.

Се чини вистината е следна, а мене ми е жал што морам да кажам, тоа е еден страв затоа што нешто позитивно се прави од новата Влада, а што минатата Влада немаше сила да го направи. Едноставно, ако сакате, математички речено, новата Влада ке напише еден плус што веројатно за опозицијата ќе значи еден минус, истовремено исто толку голем. Тоа е маката.

Пред да завршам, само уште еден пример, за разјаснување на работите. Последен договор за соработка кој што е потпишан во времето на минатата Влада меѓу електростопанствата на двете држави, кој што е попишан од поранешниот директор на Бугарски јазик, македонски директор потпишал на бугарски јазик, Панде Лазаров, не знам како се викаше.Тој договор може да го проверите, постои, бидејки гледам нешто не ви е јасно, тој договор е денеска препотпишан од новиот директор на ЕСМ на македонски јазик. Е тоа треба да го имате во предвид.

21 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА, ВТОРО ПРОДОЛЖЕНИЕ, КАМПАЊА ЗА БОРБА ПРОТИВ ДРОГАТА, 23.6.1999

Јас мислев дека завршивме со дискусијата, меѓутоа ме испровоцира последната дискусија и затоа јавно да кажам дека не се сложувам со она што го изрече предходниот пратеник, од проста причина што претпоставувам никој од нас не бил против тоа ваква комисија треба да се формира.
Меѓутоа, да се сведува целата оваа акција, целата оваа иницијатива дека станува збор само за понатамошно бирократизирање, не се сложувам од проста причина што веќе во Македонија постои една широка акција која ја спроведуваат повеќе сегменти на извршната власт. Јас само би сакал да споменам дека Министерството за млади и спорт почна една голема кампања наречена „Дрога, не благодарам“, која што има повеќе свои манифестации, свој план за кој што ако се интересирате можеме да зборуваме подетално, а јас не би рекол дека е неефикасен.

И во рамките на она што како можност го има тоа министерство и повеќе од ефикасни се, затоа што пред се му се обраќаат на младиот човек во државата и се обидуваат да го натераат да се откаже од дрогата. Понатаму, исто така сакам да кажам дека не би требало и не е баш добар тренд од оваа говорница да ги минимизираме и акциите на Министерството за внатрешни работи. Знаеме, тие во последните неколку месеци откриј голем број, односно имаа голем број случаи на откривање на дрога и запленување на истата. Меѓутоа, она што можам да го кажам денеска, а што мислам треба сите ние да го подржиме е дека треба да се залагаме за едно поефикасно спротивставување на сите извршни органи на ова зло, односно една акција која што ке ја водат тие константно и нормално ке обрнат внимание и на тоа што се случува во нивните редови, внатре во МВР и дали постојат случаи кога намерно е се запленува дрога и се комуницира со тие што ја делат. Она што треба ние тука да го направиме, она со што се сложувам е да ја подржиме оваа Комисија.

Меѓутоа морам да признам дека малку ми се нејасни ингеренциите кои што ке ги има таа, бидејќи ингеренции за борба против оваа зло најмногу има извршната Власт.

Но, ако станува збор за некакво проширување на фронт, ако се сложиме со тоа дека секој збор искажан од оваа говорница значи една спротивставување на она што ние го имаме како тенденција во ова држава,

тогаш навистина треба да ја оформиме ова Комисија, треба да го прошириме фронтот за борба против дрогата.

Значи ќе се прошири фронтот, едноставно ке се вклучи уште еден релевантен фактор и се чини тоа ќе даде резултат, а тоа е она што сите ние го очекуваме. Го очекуваме затоа што македонската младина деновиве и минатите години наназад го запознава пеколот како свој рај токму поради овој проблем кој што го имаме во Државата.

23 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА Р.МАКЕДОНИЈА, ПОКАЧУВАЊЕ НА АКЦИЗИ, 14.07.1999

Еве, јас исто така сакам јавно да кажам дека ќе го подржам овој предлог што го достави владата. За големата сиромаштија и навработеност што ја имаме во државата нема да зборувам, малку депласирано ке биде да повторувам, затоа што госпоѓа Ѓулистана Марковска, кажа нешто во таа насока. Меѓутоа, би сакал да кажам дека дури сме имале можност да одиме порадикално, односно со поголемо зголемување на акцизите, кога станува збор за ова прашање.

Затоа што, апсолутно не ме загрижува ако биде поскапо виското во државата или пак цигарите. Сакам да живеам здрав живот, а и целата македонска младина. Тоа што го предлага Владата, како мерка, ми се чини е начин на кој што државата влијае врз луѓето. Апсолутно неприфатливо е сега да ни се нудат приказни, ете ова ке се случи, она ке се случи, или народот веќе нема да може чесно да се напие.

Оваа дискусија сакам да ја искористам за уште една работа. Имено, сакам да побарам од Владата и од сите релевантни органи, во оваа насока не само да донесат зголемување на акцизите, меѓутоа да се поведе уште еднаш една конзистентна и до крај ригогозна акција, во ова област за која што денес говориме. Да се воведе во ред, односно да се расчисти со мафијаштвото што владееше во Македонија во времето на СДСМ, кога во државата ниту се знаеше колку алкохол влегува, ниту колку излегува, ниту колку цигари влегуваат, ниту колку цигари излегуваат, ниту кој што внесува, ниту кој што изнесува.

Значи, барам да се доведе оваа област во ред. Ова покачување на акцизите се чини дека е добра мерка, меѓутоа, мора да биде подржана од Владата, консистентно и во таа насока да воведеме ред.

Конечно, вака ке имаме поздрав живот, ќе можеме и понормално да живееме, помалку загрижени за тоа колку ни се скапи цигарите и алкохолот. А нормално, познавајки ја тактиката на опозицијата, ке им оставиме простор пак на СДСМ да се обидат и од вакви работи, кои што се многу неблагодарни, да се обидат некој изборен или политичко-маркетиншки поен да ќарат. Ви благодарам.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Околу цинизмот само да кажам, односно да одговорам на предходната

дискусија, и манифестирање на цинизмот е прашање на домашно воспитување.

Но, кога зборуваме за принципот на поврзаните садови, што некој ги спомна, пред малку, дека она што го имаме сега како мерка пред нас ке има реперкусии во друга насока, само сакам да ја споменам насоката која за некој живот значеше, до времето на промената на предходната влада, односно власт.

За што станува збор?

Имено, се создадоа фирми кои беа поврзани со минатата гарнитура, фирми што создаваа неограничена моќ, кои што трупаа власт, кои што не беа контролирани од никого и кои на тој начин станаа легла на корупцијата. Тие, таквите фирми до крај успејаа да ја убијат моралноста и било каква норма на морално живеење во оваа држава. На тие ли поврзани садови мислевте?

Така, со тие поврзани садови трупањето на моќ доведе до можност да можат влиаат на политичари, да се фалат по Скопје дека за толку и толку марки може да го купат овој или оној политичар. Тоа се луѓе кои што се занимаваат точно со тие работи, кои денес ние се обидуваме да ги ставиме под некаква контрола. Барем јас така ги разбирам овие мерки.

Од тие фирми излегоа некои матни типови кои почнаа да стануваат идоли на новата генерација, дојдовме во ситуација кога новата генерација во нив гледа луѓе кои треба да ги следат, а некои од девојките својата чесност да ја продаваат за ефтини пари и да бидат нивни жртви.

Во исто време додека тоа го прави младата генерација нивните родители го спознаваат пеколот, што значи да се биде родител и пишуваат книги од типот на, „Крив правец“.

Тоа е реалност во Скопје. Јас тоа сакам да го кажам. Кога ја читав таа книга мислев нема врска со реалноста, дека е нешто паушално напишано, дека човекот си имал, да не го спомнувам авторот, некоја своја идеја да пишува фикција, само случајно сместена во Скопје.

Меѓутоа, во меѓувреме го спознав нокниот живот и она што е поврзано со ова, како Крив правец. Ова власт длабоко сум уверен тоа сака да го промени. Уште еднаш ке го повторам апелот, Владата да биде безскрупулозна во борбата со ова зло. Без резерва ќе ја прифатам оваа одлука. Барам од Владата и од сите релевантни институции, посебно од полицијата да се воведе ред. Не само со тие што легално увезуваат и ќе платат акцизи, туку посебно со тие што нелегално го прават тоа во државата, ако се уште ги има. Ако ги има морам да кажам, односно да дадам лична изјава дека најмногу ке ме боли ако ВМРО почне да ми заличува на СДСМ, ако ВМРО ја повтори истата

грешка.

Мислам дека никој од ВМРО тоа нема да го дозволи. Ги гледам овие пратеници тука и гледам кон тие луѓе што работат во владата.

23 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА, 1-ВО ПРОДОЛЖЕНИЕ, ИНФОРМАЦИЈА ЗА МТВ, 15.7.1999

Дами и господа, информацијата за актуелните состојби во МРТВ што ја добивме како што во неа е јасно наведено е првенствено извештај за материјалната состојба во таа куќа и мерки што раководниот тим на МРТВ предлага да бидат превземени за да може да се обезбеди нормално работење и некаква колкава, толкава развојност.

МРТВ како сервис на сите граѓани е од исклучително голема важност, значајна за сите нас и како таква нормално е што во обраќањето е содржана надеж дека Собранието на РМ како основач ке има разбирање за барањата и ќе изнајде начин да помогне соодветно. Јасно е дека помошта треба да дојде итно бидејки МРТВ има голема финансиска задолженост, застарена опрема и техника, застарена организација и големи трошоци во работењето.

Во една ваква состојба јасно е било каква концепсиска, содржинска и медиумска промена е скоро невозможна. Едноставно се е блокирано. Се поставува прашањето дали можеби некој тоа така намерно го ставил во мираз на новата власт, очекувајќи позитивен ефект од тоа за себе. Да бидам појасен, да се создаде привид кој што не се однесува само на МРТВ и прашања околу неа, туку воопшто дека ете новата власт не е способна да излезе на крај со предизвиците исправени пред неа, дека нејзините кадри својата иницијативност ја насочиле едноставно кон политички пресметки со свои неистомисленици итн, итн.

По мое длабоко убедување, во прашање е нешто сосема друго. Страв, голем страв оти на виделина ке излезат дубиозите кои беа сокривани со години, а спротивно, со законот за основање на јавно предпријатие на МРТ, поточно членот 18 каде што јасно се наведени обврските на генералниот директор, точка 6, која уредува дека еднаш годишно се доставува извештај за работењето на МРТ до Собранието на РМ. Да не било така досега, да било се регуларно, катастрофалните бројки што сега ги имаме пред нас можеле многу порано да допрат до македонската јавност, да бидат достапни до неа и притисокот од јавноста, на институциите од системот, врз раководните органи во МРТ ќе бил поголем и нормално, ова денешна состојба што ја имаме пред нас, ќе ја немаше. Тоа е едниот аспект што ние го имаме во оваа информација, односно материјално-финансиска состојба на МРТ, за која ние единствено треба да расправаме.

Но, во духот на сите досегашни караници, кои ние како парламент ги имаме на релација позиција-опозиција, започна и расправата по оваа точка.

Расправата во која настапот е првенствено поткрепен, би рекол и единствено, со ароганција и цинизам од одредени луѓе кои говореа во името на опозицијата, поточно пратениците на СДСМ. Така, тука некој си дозволи да каже или да инсинуира дека мнозинството постојано се наметнува со некомпетентна и голема партизираност. Божем сите заборавивме како беше во времето на СДСМ и божем најкомпетентни тука се опозиционерите. Ништо од ова не е случајно, не се во прашање плитки анализи од кои не се знае каков би бил ефектот. Но во едно, денес и вчера се греши. Една информација за финансиското работење на МРТ се претвори во коментирање на уредувачка политика на истата куќа. Незнам, веројатно се мисли дека со тоа ке се постигне најголем ефект кај електоратот, сметајќи притоа на елементот на колективна амнезија. Амнезија за не така одамна, за среќа, завршено време, во кое навистина не се истакнуваше партиска припадност на генералниот директор или пак било кој вработен во МРТ. Напротив, се криеше. А зошто беше така? Веројатно за да неможе истиот јавно, јасно и гласно да биде повикан на одговорност, односно партијата или групацијата на која што припаѓа да биде прозивана и се така низ магла некој сака да се движиме, притоа заборавајќи каде сме тргнале. Една беше таа димензија, а друга уште пострашна беше што многупати сите ние бевме сведоци, целата машинерија што можеше да ја мобилизира МРТ во тоа време, говорам за периодот до избори, беше и се ставаше во функција на сатанизација на тогашната опозиција со грозоморни конструкции кои имаа многу јасна цел. Можеби ке ви биде груб зборот, елиминација на конкуренцијата. Се одеше до таму македонскиот гледач да буквално биде малтретиран, без никакви скрупули и најмала задршка. Денес тоа се обидуваме да го заборавиме.

Но, денес без разлика што се обидуваме сите ние тоа да го заборавиме, пред нас е резултатот на таквата работа и таквиот стил кој што го имаше МРТ, минус од незнам колку милиони марки. Работа, односно стил кој во многу не се разликува од истиот стил применет од претходната власт односно Владата на сите државни нивоа каде што се очитува негативно работење, кражби, злоупотреба, корупција. Сите ние сме сведоци на сите тие работи, но за тоа во некоја друга прилика.

Наспроти тоа денес пред нас се заклучоци кои според мое длабоко убедување треба да ги усвоиме за да можеме да и помогнеме на оваа куќа да може да стане на нозе, во интерес на сите нас.

ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОРАБОТКАТА СО НАТО, 18.7.1999

Дами и господа,
информацијата за односите и соработката на Република Македонија со НАТО во светлина на дел од вчерашните дискусии, ама и не само на нив, буди особен интерес кај македонската јавност и кај мене исто така, дотолку повеќе што зачленувањето на нашата држава во НАТО алијансата е еден од најголемите предизвици и истовремено приоритет за сите нас.
Гледајќи ја кризата во регионот, особено се она што се случуваше на Косово во изминатиот период, во неколкуте месеци наназад, знаејќи ја сета сериозност и тежина на проблемот за нашата комуникација со НАТО, само уште еднаш ни се наметнува потреба јасно да ги истакнеме нашите определби во таа насока, притоа не оставајќи ни најмал простор на некаков сомнеж.
Иднината на нашата држава, ако сакате и судбината, во таа насока не упатуваат, а се чини таа насока единсвено носи оптимизам и сигурност за сите нас што живееме тука бидејки за Македонија не постои друга алтернатива, освен да настојува по секоја цел да биде дел од модерната западна цивилизација, која денеска во светот ги поставува нормите за демократија, но и нормите за безбедно зачувување на системите што функционираат, а за кои ние постојано говориме.
Согласно сето ова што беше предходно кажано не е тешко да извлечеме заклучок дека НАТО, односно влезот во НАТО навистина за Македонија е стратешка определба и прашање од максимален национален интерес.
Политичките односи и соработката со НАТО што ова Влада ги има несомнено отсликуваат нагорна линија, без разлика што опозицијата го тврди спротивно, но по дефинија, тие веројатно, согласно синдромот Минхаузен, тоа да го прават. Ова за односите на Владата со НАТО не се само голи тврдења, туку тие лесно се поткрепуваат, ако се чита внимателно информацијата што ние ја добивме односно информацијата што е пред нас.
Ќе си дозволам само да споменам дека Македонија прв пат се вклучува во кругот на кандидати за членство во НАТО, тоа го најдовме во информацијата за прием во алијансата, во официјален документ по самитот одржан во Вашингтон на 24 и 25 април оваа година. И тоа не е случајно така, туку е последица на драстично променетата политика што како метод ја донесе оваа Влада, таа политика не е нешто обвиткано со вел на магла, напротив тоа е одлика, тоа е доблест да се собере сила, да се погледне јасно кон националните интереси и најбитно од се тие јасно да се истакнат и да се туркаат пред народната заедница. Како беше во времето на СДСМ кога ниту еднаш не

слушнавме од наш политичар јасно и гласно, или ако сакате агресивно, да настапи во истакнување во оваа наша значајна определба, ќе му оставиме на народот, односно на електоратот сам да процени ако сметате дека тој има толку кратко помнење и успеал да заборави како владееше СДСМ. Да видиме дали овој народ навистина ќе ја смета таа партија како единствена, односно вистински заштитник на правите македонски национални интереси, истовремено и гарнитура која успешно не турка низ процедурите за влез во НАТО. Само да не заборавиме, СДСМ имаше 6 години во кои владееше, 6 години во кои требаше да создаде Армија која требаше достојно да ја брани оваа држава и без никаков проблем да може да го гарантира суверенитетот. Да не го заборавиме тоа кога во некои дискусии истакнувавме дека СДСМ ја создаде оваа држава, а знаете дека Армијата е значајна состојка на секоја држава. Во тој период требаше да се создаде Армија која што е компатибилна на стандардите на НАТО и над се способна, уште еднаш ке повторам мене не ми пречи, предпоставувам дека нема да ви пречи и на вас господо од СДСМ, способна да го брани интегритетот и суеверенитетот на оваа, за мене своето парче земја затоа што е моја татковина, место каде што сум се родил и место каде мислам да останам до крајот на животот. Наместо тоа, се успеа по секој основ да се продуцира, ке си дозволам, безконечен низ на афери во Министерството за одбрана, за кои се надевам брзо ќе слушнеме ние тука во Собранието и македонската јавност кои афери јасно го отсликуваат односот што го имаше предходната гарнитура кон армијата, а со тоа може да се заклучи и кон државата. Оној што не ја прави армијата столб да одбраната неможе да си ја сака својата земја. Јас така ги разбирам тие работи.

(Реакција од место на пратеникот Лазар Китановски)

Тоа се мои ставови господине Китановски. Вие вашите ставови ги кажавте и јас ве слушнав.
Точно надоврзувајќи се на ова што сега го имам како реакција од вас, можам да кажам дека и сето она што го слушнавме и вчера на некој начин што го слушавме и на минатите седници кога дискутиравме за таа Армија, не е директно поврзано во било каква комуникација со НАТО и било какво наше размислување за зачленување. Сето тоа што ни се случува е само лицемерие пред јавноста, односно крик за власт која што итоа како му е потребна на минатиот естаблишмент, поради самиот него, не поради тоа што ги заштитува македонските интереси. Тоа е едната димензија за која сакав да дискутирам

во рамките на информацијата за односите и соработката на Република Македонија со НАТО и во светлина на појаснување на нашиот национален интерес во тој правец. Сега сакам да додадам уште нешто.
Вчера сите ние бевме сведоци на едно предавање за тоа кои биле нашите вистински национални интереси, нормално според проценката на СДСМ, и на кои точки било извршено големото предавство што ВМРО-ДПМНЕ го извршило како партија, стожер на Владата. Се набројуваа Тајван, Косово, Бугарија, платите на администрацијата што треба да се намалат и ред други работи кои се големото предавство што ВМРО-ДПМНЕ го направило во овој краток период одкако ја има власта, без воопшто аналитички да се побараат одговори за некои од тие прашања.
Затоа правејќи една мала дигресија ќе кажам. Немојте да мислите дека Тајван беше некоја потреба од екскурзија на Македонија и дека Тајван беше некој нов пристап што Македонија сака да го воведе во светот диктирајќи некоја надворешна политика која ке донесе промени во целата светска политика и геостратешка положба. Тајван беше потреба на Македонија. Потегот со Тајван не го направи оваа држава, односно не призна затоа што, уште еднаш повторувам, имаме некаков ќеф. Тајван доаѓа како потреба затоа што Македонија ја затекнуваме урнисана, легната на грб и затоа што стопанството е уништено до таа мера што мора да се прават некои потези што Македонија би ја вратиле во некој нормален колосек. Јас така го разбирам Тајван.
И да не правам некоја подолга дигресија сите останати прашања кои вие ги истакнувате и за кои што ќе сакате да подискутирате на вашиот митинг идната недела. Можете слободно да дискутирате. И тоа е во рамките на демократијата, ние тој процес го поминавме, 8 години наназад. Значи, тие состојби што ние ги затекнуваме многу е нормално да се обидеме да им дадеме одговор, да бараме нивна разрешница. Тоа што ние бараме одговор не значи дека ние ја продадовме државата затоа што претпоставувам и пак ќе се вратам на Тајван кој што толку пати ни го спомнувате, никој од оваа сала или пак Владата не дошол до никаква финансиска поткрепа затоа што го признал Тајван за кој што спомнувате процеси, спомнувате офајдување на власта, дури нашиот лидер на партијата вчера тоа го спомна дека се воведува како механизам кој власта сега ке го пратикува, па понатаму ке го спроведуваме и со други земји. Тоа не е точно. Ни еден од овие пратеници, барем од оние што ги знам од ВМРО-ДПМНЕ не влегол во оваа сала за да дојде до финансиски ефект заради себе, а не заради оваа држава.
Затоа настапувам жестоко кога се говори за тоа дали ние сме прадавници на

македонските национални интереси. Зборот предавство е многу силен збор. Ми се чини и самото спомнување на тој збор веќе создава доволно делби и недоверба меѓу нас, што задира во оној наш интерес што ние долго инсистираме да биде ставен пред сите нас. Тоа е единството, тоа е вградено и како збор во насловот на нашата партија. Кога гледам од тука кон тој збор, а сеќавајќи се на вчерашните дикусии, се чини уште долго ќе трагаме по тоа единство. Ако пак единството е незаобиколив услов за оваа ***парламентарна*** да функционира ке се обидам да го прифатам и да научам да живеам со тоа единство, веќе поларна спротивност.

Само едно не можам да прифатам, дека јас сум предавник на македонските национални интереси, според Вас господо СДСМ, затоа што денес, едноставно, Вие не сте на власт. Дека не сум предавник апсолутно сум сигурен без никаква и најмала задршка и сакам со индигнација да ги отфрлам зборовите кои вашиот Претседател на партијата вчера ни ги упати, дека ние не смееме да излеземе од оваа сала и дека не смееме да комуницираме со луѓето, не смееме да се одделиме од нив. ВМРО е ***највиновна*** партија која никогаш нема да се оддели од граѓаните и можам да ви кажам, никогаш нема да престанам да дискутирам со граѓаните. Или пак затоа што денес седам тука да се плашам да излезам надвор, или пак да ми треба некакво обезбедување. Јас уште еднаш ке го повторам оној апел што го кажа прв пат господинот Саво Климовски во својот инаугуративен говор кога рече ова Собрание ке биде отворено -нека дојдат граѓаните. Јас го подржувам тоа. Ако некој го заборавил, еве денес да го спомнеме. И не само граѓаните и секој што сака да дојде да седи тука со нас нека повели. Да не се форсира една позиција оти ние сме се оделиле од народот, она што вие го чувствувате како проблем во вашите анализи зашто ги изгубивте изборите. Тоа не го прифаќам и го отфрлам.

И на крајот ке споменам само уште една работа која што ме тангира кога зборувам за НАТО и за македоските национални интереси во таа насока.

Ве молам која партија прва говореше за самостојна Македонија, додека тука, ми се чини дека беше истата собраниска сала, само на друг начин уредена, со други грбови и други знамиња. Додека други овдека сметаа дека е утопија самостојноста на Македонија, за денес да се китат дека тие ја направиле Македонија. Народот многу добро знае кои беа подготвени по секоја цена да се жртвуваат за Македонија, кои се и денес подготвени по секоја цена да се жртвуваат. Дали се тие навистина предавници на македонските национални интереси?

Едно може да се признае, да. Навистина СДСМ ја направи Македонија, ама таква каква што пред малку реков, да денес и треба и Тајван и скратување на плати затоа што во период на предизборите вработија толку и толку луѓе кои согласно законите кои фунционираа во оваа држава не може да бидат отсранети од работа и ние не ни сакаме да ги отстраниме од работа, но сме свесни дека тоа носи баласт во целиот систем на државата и нормално дека се оптоварува буџетот. Со еден збор, ако бродот на власта тоне, како што потона за време на изборите во минатата година, да се остави што поголема тежина на оваа власт. Тоа на мене ми е јасно и пратениците на ВМРО-ДПМНЕ го гледаат, а и македонската јавност го гледа. Што мислите некој од нас сака да ја намали платата на администрацијата, дека на нас ни текнало еве сега нема пари и сега ние ќе правиме акробации со целата државна администрација. Тоа се некои работи кои се наметнуваат, кои ние ги наследивме и кои едноставно сакаме да ги решиме, меѓутоа многу малку простор има оставено минатата власт. Јас мислам дека тоа во дискусиите ваши не може никако да се прогласува за национален интерес и никако неможе да се прогласува за некакво чување, одговорно и нормално препуштање оваа нова власт на државата.

Да се вратам на информацијата за НАТО која за мене е прифатлива, како што ја предлага Комисијата, а можам да кажам, апсолутно се неприфатливи предлозите што сега ги добивме од пратеникот Никола Поповски. Јас објаснував досега зошто и нема да се навраќам на тоа.

Да завршам. Земајќи ги во предвид сите овие работи што ги спомнав, Господо од опозицијата бидете доблесни па, земете ги предвид и вие овие забелешки, потоа дискутирајте за македонските национални интереси како заштитници, ако некој може да ви верува.

27 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА, ПРВО ПРОДОЛЖЕНИЕ, СЛУЧАЈ ОКТА, 23.9.1999

Дами и господа,

втор ден расправаме, според дневниот ред и ако јас добро сум го прочитал, се надевам дека и опозиционите пратеници го почитаа дневниот ред, за денешната расправа за законот за ратификација на билатерален договор помеѓу република Македонија и република Грција за изградба и управување на нафтовод, односно со нафтовод.

Велам дека втор ден расправаме, особено пратениците од СДСМ, еве го слушнавме сега нивниот претседател, ја користеа воглавно својата дискусија за некои други моменти, кои тврдам, немаат за цел некоја голема искреност. Искреност во насока на да речеме многу споменуваната заштита на македонските национални интереси, или да речеме подобар живот на луѓето во оваа држава.

Напротив, видлив е обидот кој што го прави опозицијата, а тоа е многу нормално за опозицијата, меѓутоа јас сум апсолутно убеден дека тоа е неуспешен обид за дестабилизација на инсистуциите на системот, односно Владата и Парламентот, односно на парламентарното мнозинство со едно продавање на магла, кое што, за жал, можам да констатирам, кај некои успева да постигне свој ефект.

Морам да кажам, навистина не ми е јасно зошто се дозволи вакво испаѓање од дневниот ред, знаејќи дека ние овој дневен ред, на почетокот на седницата, го гласавме. Како и да е, ситуацијата е таква каква што е и на некои работи треба, може и мора да им се спротивстави размислување, подруго размислување, не само поради тоа што станува збор за едностранo бранење на тези, туку поради тоа што фактите кои се изнесуваат од страна на парламентарното мнозинство, навистина се прифатливи, вистинити.

Да ви кажам господо од СДСМ наискрено мислам дека вас не ве интересира ОКТА. Вие не сте загрижени за ОКТА. Да бевте загрижени за неа, ќе ја решевте додека бавте на власт!

Вие сте загрижени како да дојдете на власт, како да бидете на власт, најмногу тоа ве боли. Повторувам, да ве интересираше ОКТА вие имавте и време и можност да го решите тој проблем. Ќе ја заштитевте државата, ќе ги заштитевте работниците, ке ги заштитевте македонските национални интереси, за кои што откако станавте опозиција и премногу милувате да говорите.

Вие ќе ги заштитевте граѓаните на нашата држава да речеме со еден момент што е многу интересен кога говориме за ОКТА, со квалитетно формирање на цени на деривати со една коректна методологија. Наместо тоа единствено нешто што направивте, наполнивте нечии џебови за време на една година, зборувам за минатата година, за разлика во цените која што, ако не се лажам е 54 милиони марки.

Да беше заштитен македонскиот граѓанин, тие пари немаше да се одлеат од неговиот џеб, или во пресметката на крај на годината, во билансите ОКТА немаше да покаше загуба.

Тоа повеќе ќе треба да го размислува опозицијата, затоа што во тоа време тие формираа Влада и беа на власт.

27 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА, ТРЕТО ПРОДОЛЖЕНИЕ, ИНТЕРПЕЛАЦИЈА НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НОВКОВСКИ, НА БАРАЊЕ НА ПРАТЕНИЧКАТА ГРУПА НА СДСМ, 29.09.1999

Дами и господа, интерпелацијата за работата на Министерот за образование во Владата на Р. Македонија, г-динот Ненад Новковски што ни ја достави пратеничката група на СДСМ, која што содржеше првично пет точки, гледаме се проширува со нови точки, што беше и очекувано од нивна страна. Обидувајќи се да дадам свое видување, за некои од забелешките, што се упатуваат во насока на Министерот, општо познато е дека СДСМ, за време кога имаше своја влада, беше многу заинтересиран, да ги решава проблемите со образованието. За разлика од оваа Влада што денеска ја напаѓаат, и нејзиниот Министер за образование, поради гол политички маркетинг, да речеме во делот зголемени платите на администрацијата, посебно на просветните работници, нам ни е општо познато, дека тие беа многу дарежливи, за многу успешното работење, ресорот на обазованието, своите Министри, за успешно завршените работи, за зголемените плати, за добриот стандард, на просветните работници, ги наградуваа со амбасадорски функции. Така, за многу успешната работа, што ја имаше претходниот Министер за образование, денеска се наоѓа на амбасадорска функција во Шведска. Мислам на г-ѓата Софија Тодорова. Ако согласно овој критериум, односно унапредувањето на г-ѓа Тодорова од Министер, во Амбасадор, опозицониот СДСМ смета дека тие биле успешни за времето на нивното владеење во ресорот на образованието, посебно во доменот на платите, тогаш добро. Еве ние ќе го прифатиме тоа како едно успешно владеење.

Меѓутоа, сите ние добро се сеќаваме, што се се случуваше во образованието наназад, откако е самостојна Македонија. Уште еднаш ќе потсетам, во спротивно на дело е гол политички маркетинг, кој, единствено има за цел, постигнување на некој предизборен поен. Тоа е познат манир на СДСМ. Од страна на опозицијата беа упатени низа забелешки, во смисол на тоа дека се направени неразбирлив број на грешки во краток период, да речеме влошување на финансиската состојба, се користеа многу често флоскули од типот: се зборува, присутно е и не е демантирано, во кулоарите... Некои работи кога се изнесуваат од говорница, треба да бидеме малку попрецизни и да не се повикуваме на шпекулации, затоа што тие не водат кон подобрување на ситуацијата, туку едноставно, сакаат водата да ја свртат во своја насока.

Слушнавме исто така дека Министерството за образование не поднело

ниту еден законски проект, сме имале случаикога на комисии доаѓале службеници недоволно запознаени со проектите кои што ги предлага министерството. Тврдам дека и ова е шпекулација, од проста причина што ние добиваме известувања од комисиите, што таму се работи и за ставовите нивни. Се друго што се изнесува како тврдење е обид да се злоупотреби, како дел од дискусија, која што доаѓа од комисија, или од кулоарите и неможе да биде валидно.

Со таквиот начин на дискутирање, еднаш веќе треба да престане да се занимава опозицијата. Законот за високо образование, кој што се споменува,во смисла дека година дена од времетраењето на мандатот на оваа Влада не е донесен, кој што беше најавуван, само да потсетам, претходната Влада имаше шест и пол години, повеќе пати го најавуваше и не го донесе. Тоа не е оправдување. Ние денеска неможеме да кажеме дека не го донесуваме законот за година дена од нашето владеење, затоа што Вие шест и пол години не го сторивте тоа. Имавте можност да ја завршите таа работа, а не ја завршивте. Меѓутоа треба да се имаат предвид временските дистанци, односно временските периоди.

Исто така, би сакал да потсетам дека опозицијата навистина не донесе Закон за високо образование, меѓутоа донесе закони од сферата на образованието. Поточно донесе парцијални Закони во сверата на образованието. Да ве потсетам на парцијалниот закон за педагошкиот факултет.

Понатака во интерпелацијата уште еднаш се напоменува дека освен што не сме донеле Закон за високо образование, власта сега и на груб начин сака да ја дискфалификува автономијата на Универзитетот. Токму затоа, сакам да потсетам на овој Закон за Педагошкиот факултет, затоа што тој ја дисквалификуваше автономијата на Универзитетот, тој беше парцијален и тој претставуваше грубо мешање на власта во рамките на образованието. Едноставно донесен од дневно-политички потреби, донесен наместо Законот за високо образование. Тврдам оваа влада ќе го донесе Законот за високо образование, меѓутоа нема да го направи тоа на начин како што направи минатата власт.

Тогашниот Премиер, г-динот Бранко Црвенковски на средба со студентити вети дека тој Закон нема да биде донесен, дека тоа е само една мала политичка шега, а кога студентити отидоа на меѓусеместрален распуст, кога не беа во Скопје, бидејќи добар дел од студентите живеат и потекнуваат надвор од Скопје, на две на три, ова Собрание го донесе Законот за Педагошки фалкутет.

Сакам да кажам, оваа власт кон законите што ќе ги носи ќе пристапи демократски, ќе ги разгледуваме тука, како што ја разгледуваме оваа интерпелација неколку дена, ќе ги разгледуваме сите можни закони, па и Законот за високо образование. Решение ќе се најде. Ние го напуштивме тој принцип, кој што го имаше денешната опозиција, да се носат тајно закони, во некој случаеви после полноќ како на пример пакетот на изборните закони.

Кога се приговара за Законот за високо образование и предлагам на опозицијата да ги има во предвид следниве аргументи, кога се заборува за намера Универзитетот да се стави под строга државна контрола, треба да се поткрепи овој став. Треба да се изнесат аргументи. Ги читав стенограмите од вашите настапи и не видов ниту еден аргумент. Имате само нафрлање на тези, или ако сакате произведување на магла за едноставно народот да поверува дека оваа власт не ја интересира образованието и единствено опозицијата многу се грижи за образовните проблеми.

Автономијата на Универзитетот е неспорна. Таа е загарантирана со Уставот и не сум го слушнал Министерот Новковски, ниту било кој друг од челниците со кој сум разговарал дека имаат намера да ја укинат автономијата на Универзитетот и истиот да го стават под државна контрола. Најпроблематично е што во една дискусија беше соопштено дека автономијата на Универзитетот ќе се укине у теркот на една соседна држава, односно нашиот северен сосед. Намерите на таа дискусија се многу јасни. Станува збор, односно намера, сегашното мнозинство в Парламентот, која што ја подржува Владата и Владата да се прикажат како недемократски, тоталитарни, како власт која што, едноставно е груба, безобразна, невнимателна и работи што сака. Тоа е една тенденција со која што не се среќаваме само во парламентарните настапи на СДСМ и само во оваа интерпелација. Оваа тенденција е постојана. И нормално кога имаме интерпелација се користи можноста да се спомене уште еднаш и прашањето на Универзитетот и неговата автономија е начина уште еднаш да бидеме поврзани со некоја тоталитарна свест, со некакво тоталитарно сеќавање. Согласно на тоа ни се посочува примерот на Србија, односно Југославија.

Сакам да ги отфрлам најенергично тие обвинувања. Никогаш не би подржал такво нешто. Потсетувам, Македонскиот Устав е сосема јасен во таа сфера и треба со таквите манипулации да се престане. Погрешено е времето во кое се соопштуваат овие ставови. СДСМ имаше време кога владееше да реагира и да ги среди сите проблеми во образованието.

Да кажам уште некои моменти, кои исто така, беа спомнати во

интерпелацијата. Случајот Пекснас. Ние сме сведоци дека имавме одредени проблеми со случајот Пекснас. Министерот донесе одлука за негово укинување, кое што од Владата беше поништена и едноставно тој проект продолжи со својата работа. Не сакам да навлегувам во случајот Пекснас во детали, затоа што некои наши пратеници дискутираат, кажаа што мислат во таа насока. Моето размислување многу не се разликува од тоа. Јас сакам да го потенцирам моментот на различност на оваа Влада од минатата Влада. Да направам една споредба, со минатиот Министер за образование. Беше речено дека Владата го поништила, го вратила тиј предлог, продолжува проектот Пекснас и Министерот за образование треба да си поднесе отставка.

Напротив, ова Влада покажува сосема различен начин на функционирање од Владата на СДСМ. Зошто? Имаше протести пред две години кога, да не употребувам бројки заради субјективност, голем број на студенти, средношколци протестираа,имаа свои барања. Протестите и ден денеска имаат за мене значење и се валидни и не сум се повлекол од нив. Меѓутоа, тие барања не само што не беа земени во предвид, туку тогашната Влада воопшто не расправаше за нив, иако огромен беше бројот на студентите што стоеа зад нив. Владата држеше тврдоглав став. Заседаваше, имаше вонредни седници, се прогласуваа мрачни штабови каде што се организирале студентите и се немаше доблест да се признае дека во тоа време била направена грешка и Министерот за образование треба да си поднесе оставка, а барањата на студентите да се исполнат.

Враќајќи се на случајот Пекснас, тоа не е никаква грешка можеби не се земало во предвид барањето дека учениците во тоа средно школо започнале со образовен процес и треба да го завршат, без разлика дали ние мислиме дека тој процес е позитивен или негативен. Едноставно Владата имаше доблест да каже: „Нека продолжат тие ученици да го посетуваат тој проект“. Не треба по секоја цена да инсистираме на доблест, во поднесување на оставка на Министерот, затоа што доблест е и Владата што излезе и изнесе прифатлив став за проблемот што ги тангира учениците, а со тоа и нивните родители, граѓаните кои што ја сочинуваат оваа држава. Таа демократичност на Владата не треба да се потценува, без разлика дали се согласуваме со неа или пак сме опозициони пратеници, политички неистомисленици. Една демократичност која досега не е позната во делувањето на Владата, треба сепак да се земе во предвид.

Исто така, беше спомнувано и напаѓано вероучението од опозиционите пратеници како, ќе се повикам на стенограм, зошто сакам да бидам прецизен:

„ Беше направено непланski, нетранспарентно, неподготвено, ненајавено“. Го толкувавте како вистинско и потполно промашување, во смисла која влијае негативно и на целта која беше поставена од страна на Министерот. А тоа е слика, ова сакам да го поцртам, ќе го повторам два пати: „ А тоа е слика за религијата и црквата токму кај младите“. Повторувам: „А тоа е слика за религијата и црквата токму кај младите“.

Токму таа и е намерата со вероучението. Идеолошката матрица која што ја имавме 50г, во процесот на образованието да се промени, каде што не само црквата, туку и другите вероисповеди беа погласувани за табу тема. Никој не смееше да зборува во таа насока. И нашата вековна традиција преку црквата беше изгонета од процесот на образованието. Токму тоа е моментот, кој што денеска се сака да се отсрани и тука најмногу го подржува Министерот. Затоа што ако ние самите нашата традиција не си ја почитуваме, ако не ја внесеме и вратиме преку процесот на образованието назад, тогаш како? Идеологијата ја беше избркала црквата, а да ве потсетам, кога немаше училишта во Македонија, учениците се школуваа во црквите. Тоа сепак не значи дека правиме обид да ја укинеме секуларизацијата и да ја вратиме црквата во извршните механизми во државата. Меѓутоа, тоа не значи дека на првиот школски час неможат и несмејат да добијат благослов, оние што се верници. За оние што се некрст, бидејќи имаме и такви, најверојатно затоа што се некрст им пречи што вероучението е влезено во школите. За нив не е крстот, за нив е петокраката и јасно ми е зошто такасе определуваат. Но, тоа не им дава за право на тие што се некрст и петокрака, на другите што веруваат и се обидуваат да ја заштитат традицијата, наследството и нашата историја, да им го скратуваат тоа право.

А тоа е слика за религијата и црквата токму кај младите, и тоа е така, односно мора да е така кај младите. Ако 50г. тоа боло табу тема, ако додека сум се образувал, кога сум бил основец, средношколец не сум можел на никој начин да бидам допрен од тоа наследство што го имаме, нормално е, ќе имаат младите негативен став за црквата и религијата. Меѓутоа дајте да не зборуваме, дека некој сега партиско-идеолошки го крои образованието, кога не е така. Се обидуваме да го вратиме во еден нормален тек. Невистините се тие тврдења од типот еве сега воведоа вероучение, готово, ќе ги исфрлата сите други предмети и вероучението ќе биде основен интерес. Не. Едноставно, прашање на избор. Оној што сака да биде некрст и петокрака, нека биде. Меѓутоа, тој што сака да биде крст и тој треба да има право да биде крст. Тоа треба да го има во предвид опозицијата. Не сакам да именувам, не сакам да

давам повод за расправија. Изнесувам свој став и ова што го критикував беше извадено од стенограм на говор на опозиционен пратеник.
Партизацијата е уште еден проблем за кој сме обвинети, а за кој ќе дискутирам. Во најмала рака е лицемерие, опозицијата денеска да тврди дека ВМРО-ДПНМЕ го партизира образованието, дека стручните кадри ги тргаме на страна и носиме луѓе од ВМРО-ДПМНЕ да го партизираат образованието. И што треба тие да направат? Да им поделат членски книшки на учениците? Не треба да се заборави еден факт кога се зборува за стручноста. Ајде да се сетиме на времето на СДСМ, дали можеше да биде директор во училиште секој оној што има поинаква партиска припадност. Имаме ние сеуште редица директори кои што биле директори на училишта уште во времето на бивша Југославија. Како што имаше СДСМ континуитет со СКМ-ПДП, така и директорите си фатија залет од минатиот систем, во новиот, па станаа успешни нови директори. Истите тие луѓе имаат по три, пет или шест мандати, а некои дури завршија со мандатите и отидоа во пензија.
Морам да кажам мене ми е сфатливо зошто опозицијата негодува во една насока. Затоа што, на некој начин, им се смалуваат можностите за влијание врз младината и за нејзино идеолошко воспитување.

Образованието сега се дезидеологизира и се остава простор на млади луѓе да дојдат и да бидат директори. Помлади луѓе, нови кадри, луѓе кои се образувале и привршувале со образованието, кои убаво ја искусиле македонската независност, немаат идеолошки багаж, немаат некое минато оптоварено со други системи, кои работеле и создавале и кои малку ги фатил крајот на еден тоталитарен систем. Систем кој, кога се распаѓаше, ВМРО-ДПМНЕ повикуваше на независна држава и добро знаеме која го бранеше тој систем, кој повикуваше на скаратени федерации, но да не навлегувам во тоа.

Во принципот на промена на подрачните министри, во принципот на промена на некои директори гледам можност и потреба Министерот да создаде своја екипа за да ја спроведе програмата што ја зацртал. Тој ќе биде со врзани раце и воопшто нема потреба да биде Министер ако околу него нема негов заменик министер, потсекретари и подрачни министри за образование. Што сакате да биде тој? Министер во Владата, а со ингеренции како опозицинер? Во таа насока треба да го размислиме ова, посебно околу обвинувањето за партизација. Да се свати дека доаѓаат нови луѓе, доаѓа нов начин на размислување и нема враќање назад. На системот на образованието тие луѓе што доаѓаат му нудат нови можности. Ако небидат како што треба, треба да се сменат. Ако некој директор не одговорил на директорските

обврски, ако тој како некои директори, за кои имаме информации го задолжил школото, направил сметка за телефон од 200.000 денари, за времена кампањата држел мобилна линија со кандидат на некоја партија, треба да се изведе пред лицето на правдата. Треба да се санкционира и во тоа време и во ова време. Вака треба да ги гледаме работите, никој не ги поставил тие луѓе и им дал апсолутна власт да прават што сакаат. Ние не можеме да поддржиме било кој директор што од децата од нормални, изучени, школувани да направи дебили и морони. Или да го наполни џебот, да си направи куќа и незнам што уште не, за време од година дена. Тоа не е дозволиво за оваа власт. Ако одите во насока дека се спроведува партизација, тоа треба да го отфрлиме веднаш.

Напротив, сакам и сега да споменам, ако не ги извршеше тие промени г-динот Министер, и нему ќе му се случеше тоа што денеска ни се случува нам. Бојкот на администрацијата. Имаме случаеви, земам пример од Собранието, а и на сите нивоа до администрацијата, кога ќе побараме нешто, тоа се зема на знаење, треба да биде завршено, а ништо од тоа. Тоа е тој тивок бојкот на администрацијата кој што го има оваа власт. Некој работи денеска се испревртуваат, наводно ВМРО-ДПМНЕ ја искорна администрацијата од нејзините чевли, се е променето, администрацијата е уништена и ВМРО носи свои луѓе кои се нестручни. Тоа не е точно. Кој е сменет во Собранието од стручните служби? Еве нека каже опозицијата, нека излезе некој да каже, 180 луѓе има вработени во администрацијата на Собранието, па колку од тие луѓе се сменети или отпуштени. Незнам за другите служби, несакам да навлегувам во министерствата, но еве ќе поставиме пратеничко прашање да ни одговорат сите министерства, колку луѓе се отпуштени од работа од како дојдовме на власт!? Колку раководители на сектори во Собранието се сменети, иако се очигледни примерите на бојкотот на новата власт?! Тоа ли сакате да се случува и во образованието? Министерот ќе издаде наредба, потсекретарот ќе ја прими таа наредба, еве на пример за Пекснас, а се ќе остане незавршено. Ќе излезе дека ВМРО е на власт, а владее опозицијата.

Да не ги спомнувам судовите, да не ги спомнувам сите опструкции кои се прават на ова власт, со користење на сите можни механизми. Тоа се прави и во образованието. Свесен за тоа максимално го подржувам Министерот во тоа што го направил, затоа што само на тој начин може да направи реформи во образованието.

На крај, да дојдам до проблемот на студенското сместување. Многу често беше споменувано студенското сместување и беа изнесувани бројќи дека вака се случувало, така се случувало. Министерот беше нападнат дека

низ партиските ходници на ВМРО се загубиле 1000 сместувања, па едноставно мора да се има партиска книшка на ВМРО за да се сместиш како студент. Сакам да ги негирам овие работи, тоа воопшто не е точно. Се заинтересирав за овој проблем затоа што опозицијата уште еднаш се обиде да најде момент што ќе го искористи во време на кампањата за претседателските избори да спечали некои поен и едноставно да ја претстави грубоста, тоталитарноста или нечувствителноста на оваа Влада. Не е точно. Во време на СДСМ да се биде студент кој не е член на таа партија и да се обидеш да влезеш во студенскиот живот, во сојузот на студенти, ќе го илустрирам тоа со пример, ако бидете трпеливи...

(Дофрлување на пратеници од место)

Нека провоцираат... Тоа ќе го илустрираме со пример, ако бидат трпеливи г-дата од СДСМ. Ние два дена ги слушавме како зборуваа. Да се биде припадник на друга партија, а да се влезе во студентскиот живот, беше рамно на мисија-невозможно, утопија. Ќе ви го кажам мојот пример. Не можев да се кандидирам во Сојузот на студентите во 1996г. Затоа што јавно кажав дека сум член на ВМРО-ДПМНЕ. Што се правеше во тоа време со студентското сместување? Во ходниците на СДСМ се губеа неколку илјади места за сместување. Па, ако влезевте во студентските домови од „Стив Наумов“, до „Гоце Делчев“, тоа беа партиски домови со знамиња на СДСМ. Ние укажувавме на тоа, меѓутоа ме зачудува дрскоста со која денеска се соопштуваат вакви ставови. Од проста причина, што, кога ќе забележам и речам свесни ли сте што правевте, а потоа ќе кажам што ние не правиме. Немојте да мислите дека денеска говорам што правевте Вие за да најдам оправдување и ние да го правиме истото. Не. Кога ќе речам што правевте Вие, мислам на една проста работа, дека кај вас исчезнуваа многу места, СДСМ имаше шест ипол години да направи една барака во домовите, една барака за дваесет студенти и не направи. Дури безобразно се оди во таа насока кога ќе прашам што правевте Вие, да ни се одговори: „Зошто не се буневте Вие“. Каде да се буниме? Каде можевме ние да го спротивставиме демократското миље минатата година и оваа година. Ќе докажам дека Македонија е многу подемократска земја оваа година, отколку минатата. Зошто? Затоа што оваа година имате три-четири нови опозициони весници, имате можност да се искажат сите проблеми и да се објават. Исти проблеми, многу помали проблеми на оваа власт, многу поголема транспарентност добиваат за разлика

откога Вие владеевте. Тогаш, едноставно не доаѓаа до јавноста, не можеше да се дознае дека СДСМ сместил 2.000 студенти минатата година, зошто се беше загушено, а постојат начини да се откријата и проверат тие работи. Оваа година, напротив студентското сместување е регуларно, регуларна е онаа листа што ја дава министерството. Не е регуларна листата на студентскиот центар и таа е направена од минатиот директор кој е близок до вашата гарнитура и тврдам, таа листа е направена со фалсификат бројки. Сакам во таа насока да се симнат сите сомнежи, ВМРО-ДПМНЕ како мнозинство во Парламентот и како главен носач на Владата воопшто дека немал потреба да одговори на тие обвинувања. Сакам да се одговори на тие обвинувања. Тој систем на студентско сместување што го имаше СДСМ, вашиот подмладок е напуштен.

Ќе завршам за студентското сместување, претпоставувам ќе има потреба да се говори во таа насока и секогаш ќе говориме, меѓутоа, ако се вратат парите кои исчезнаа од системот на образованието, ако се откријат сите директори кои ги проневерија парите, ќе се изградеа домови и студентски сали и сите школи ќе се комплетираа. Во таа насока кога споменувате војна, вооружен судир, агресија, тоталитаризам, неприципиелност, недемократичност, отстранување на опозицијата, овие примери што ви ги изнесов денеска апсолутно говорат против тоа, ја покажуваат демократичноста на оваа власт.

Вашата интерпелација не ја прифаќам и ќе гласам против неа, многу отворено, со чисто срце, со верба дека сум во право.

Пред да завршам, гледам не е тука тој дискутант што ме прозиваше пред малку (Зибери), кој ми порача да си ја затнам муцката со јасно апострофирање да замолчам. Нивото на домашно воспитување не ми дозволува да му одговорам како што заслужува. Второ, нема да му одговорам, затоа што како опозиционер, во комунистички манир ќе скокне обидувајќи се да го злоупотреби тоа што би го спомнал сега дека еве повторно мнозинството ја малтретира опозицијата, аграсивно е и насилно. Уште еден битен момент зошто нема да му се обратам на тој пратеник, кој беше многу некултурен, затоа што е припадник на малцинство и не сакам да го искористи тоа во насока дека ние ги малтретираме таквите и да создава додатно затегнување на односите. Меѓутоа, принципиелно сакам да кажам, пратеник на пратеник така не може да му се обрати и со тоа што го направи од оваа говорница покажа кој е агресивен, кој е невоспитан и кој е неприципиелен. Благодарам. (Аплауз)

34 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА, РАСПРАВИИ СО НЕКОЛКУ АЛБАНСКИ ПРАТЕНИЦИ ВО ВРСКА СО СУШТИНАТА НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ, 03.02.2000

Сакав да дискутирам, меѓутоа, во интерес на времето решив да се откажам и ќе ја одложам мојата дискусија за друг пат.

Меѓутоа, ќе се повикам на она што Претседателот на Собранието го прочита пред малку од Деловникот, доколку некој изнесе некои ставови со кои не се сложуваме и сакаме да ги појасниме, можеме да се јавиме да дискутираме, во форма на реплика од 5 минути. Можеби нема да биде ни пола минута, но морам да кажам дека во овој момент неможам да премолчам, односно да останам нем на една дискусија дека Албанија била поделена во 1913г. во пет држави, од кои што можеби подоцна Македонија како коминтеровска творба настанала. Една таква дискусија не е соодветна во ова Собрание, затоа што ова не е Собрание на Република Албанија, туку Собрание на Р. Македонија. И, ако разговараме во таа насока, можеме да кажеме што е историски факт дека во 1913г. Македонија е поделена на три дела, а не Албанија. Нека не ми се налути тој дискутант што го кажа тоа, меѓутоа, во оваа ситуација малку е ирелевантно, односно излегува надвор од нашата потреба за дискусии, или од наша потреба за изјаснување пред македонската јавност. Кога зборувам за македонска јавност, мислам на сите граѓани на Р.М. без разлика на национална припадност и да се губиме во некои дискусии, кои што воопшто немаат врска со оваа точка. Во интерес на времето се откажав од мојата дискусија, меѓутоа сметав дека ова треба да го кажеме јавно и јасно.

Уште една работа. Кога зборува за незадоволство на одредена етничка групација, треба да се има предвид дека препотенцирањето на незадоволството на одредена етничка групација, исто така, може да создаде незадоволство кај друга етничка групација. Во овој случај, мислам кај мнозинскито народ, односто единствен народ во Р. Македонија согласно Уставот е дека тоа постојано потенцирање може да доведе до некои ситуации, односно состојби, кои што можат да доведат до понатамошно комплицирање на, условно речено, добрите меѓунационални односи на Р. Македонија. Благодарам.

САВО КЛИМОВСКИ:

Му благодарам на г-динот Филип Петровски.

Сега се наредија за реплики многу дискутанти, до утре.

Навистина, или ќе ја прекинеме седницата или ќе одговараме на реплики. Тоа

не е продуктивно. Јас го молам и г-динот Зибери, Харуни и Рамадани да не се наоѓаат реплики. Па, неможеме да се докажуваме за работи кои што не се предмет. Би ги замолил, пред се, тројцата пратеници кои ги спомнав пред малку да се откажат од своите реплики, да побарам дали има уште некој за дискусија и евентуално да ја привршиме расправата, па ќе имаме можност кога и овие прашања ќе ги отвориме и ќе расправаме по нив. Не е местото, ниту пак даваме придонес кон оваа точка на дневниот ред. Јас би сакал да не ги гледам на екранот овде, меѓутоа, ама ако инсистираат јас, јас...вие инсистирате. Тогаш, имате збор г-дине Зибери и повелете.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Мислам дека најмалку има право за вакви прашања да говори г-динот Филип Петровски за кој сите знаеме, до пред една година ја предводеше групата која тука, пред Собранието бараше гасни комори за Албанците. Ние тоа го памтиме.

САВО КЛИМОВСКИ:

Ве молам немојте овие прашања денес да ги расправаме. Не се тие на дневен ред, ниту пак тие се дел на пактот за стабилност, односно на дукументот што треба да го носиме. Дајте, ако е можно...
Г-динот Филип Петровски, бара реплика.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Само кратко. Господине Зибери. Неколку пати вие се однесувате многу некултурно и овој пат ќе ви одговорам. Еднаш кога одбив да ви одговорам, кога мислев дека е во рамките на доброто домашно воспитување тоа, вас ве немаше во салата, а ме спомнувате претходно.
Јас сега сакам да кажам и пред вас и пред целата македонска јавност. Не сум ги заборавил протестите од 1997г. Зошто вие мислите дека сум ги заборавил. Мене не ми е воопшто јасно зошто вие мислите дека сум ги заборавил протестите од 1997г. Ако сакате да расправаме за нив, ќе расправаме, ако сакате да излеземе на телевизиска емисија и да се разбереме. Меѓутоа, вака да ја носите темата во друга насока не е добро. Многу е јасно, сакате да ќарите некој поен пред вашето гласачко тело.
Ако сакате да разговараме за феноменологијата на протестите, какви беа и што стоеше зад нив и дали е вистина тоа што вие го зборувате, гасни комори, незнам што, ќе дискутираме до утре. За тоа сум спремен да разговарам во

секое време со вас.

САВО КЛИМОВСКИ:

Има збор г-динот Сејфедин Харуни.

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:

Едно е добро, што сите дискутанти што земаа збор познаа за она до сега доста експлоатирано, за добрите меѓуетнички односи. За вториот дел што г-динот Петровски рече: „Коминтерновска Македонија“, извинете само да објаснам...

САВО КЛИМОВСКИ:

Нема што да објаснувате, не е тоа тема на денешната расправа. Уште г-динот Рамадани има право на реплика.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Г-дине Претседателе, прво со вас сакам да реплицирам, со вашиот коментар околу тоа дека не смееме, не можеме и не е добро да се повикаме во името на народот. Мислам дека погрешно ме сфативте. Јас кога го реков тоа ги споменав и двете политички партии и релевантни тука на Албанците во Парламентот и тука веќе мислам дека и да се повикуваш на такво нешто не е баш надвор од тоа што е коректно.

Второ, неколку пати повторував исто така, дека ние прашањата, проблемите никогаш не ги наметнуваме, не ги наметнуваме насилнички. Мислам дека тоа е претпознатливо за партијата на која јас и припаѓам. А тоа што во тој дел ми реплицираше Филип Петровски, јас дури со него не сакам да реплицирам затоа што барем него добро го знам, бев во овој Парламент, знам што правеше, но он лично си доби доста од тоа, стана пратеник, а сите други гладни ги остави таму на улица.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Сакам да им се заблагодарам на неколкуте претходни дискутанти што ја потсетуваат македонската јавност на протестите што беа одржани од наша страна 1997г. и уште еднаш јавно да кажам дека добро се сеќавам на тие протести. Година дена цела Македонија ме плука дека сум ги заборавил тие протести. Фала ви што ги спомнувате за да можам јавно да кажам дека не сум ги заборавил. Меѓутоа, многу добро се сеќавам и вие г-дине Рамадани и г-дине

Зибери што зборувавте во Парламентот во 1997г. кога јас бев тука, како студент. Да не се лажеме кој што е и како е. Ви кажувам, не сум се откажал од ништо што беше дел од тие протести. Апсолутно ми се познати и на памет ги знам барањата што ги поставивме како студенти во 1997г., не сметам дека се косат со Уставот на Р.М., со законите, не сметам дека имаше навреда на било која националност, посебно на Албанците. Некои сакаше намерно да ги претстави протестите, така како што ги претстави и денеска ги претставува, за да ги искористи во свои интереси, за собирање на политички поени. Сепак, се надевам јасно му е на македонскиот електорат како беше и како е сега.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Моето лично достоинство е засегнато, а мислам дека најмалку дотичниот господин има право да зборува за нечие домашно воспитување. Тоа ниту годините му го дозволуваат, а македонската јавност добро знае кој колкаво воспитание има. Нека остане за него неговото, за мене моето.
Мене ми беше друга намерата. Тоа е дека г-динот не ги заборавил протестите и барањата за гасните комори и смрт на шиптарите, мене ми е сосема јасно. Јас тука настапувам за да ги симнам токму тие маски и македонската јавност уште еднаш да се освести дека зад јагнешкото лице на г-динот Петровски се крие волк. Тоа како прво. Второ, на македонската јавност да им докажеме дека заради интересите на владеачката номенклатура еден досегашен волк се претставува во јагне само заради бенефициите што ги има. Навистина политиката е покварена работа.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Г-дине Зибери, ниту сум јагне, ниту сум волк. Ако сакате да ме споредувате со некое животно, за вас сум лав!

34 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА, ЧЕТВРТО ПРОДОЛЖЕНИЕ, СЛУЧАЈ АРАЧИНОВО, 11.02.2000

Почитуван Претседателе, почитувани пратеници,

Најнапред би сакал, започнувајќи ја дискусијата, да го осудам убиството на тројцата припадници на МВР кои што трагично загинаа за време на извршувањето на својата должност и да им изразам длабоко сочувство на семејствата на полицајците.

Она што го добивме како извештај од страна на МВР, дава надеж дека работите може да се решат по повод овој случај, односно виновниците да се изведат пред лицето на правдата. Но тоа на нас како пратеници не ни дава за право да молчиме, туку не повикува, во една ваква опасна ситуација, не обврзува, гласно, прецизно и јасно да се произнесеме со сиот наш авторитет што го имаме како дел од државниот апарат и истиот да го вложиме во разрешување на овој случај, односно во интерес на државата.

Велам во интерес на државата, држава Македонија, поточно државата Македонија е единствената држава што ја имаме. Барем јас така ја сваќам. И ако овој случај сакаме да го гледаме како изолиран односно како поединечен, како случај што можеме да си дадеме за право да го минимизираме, тогаш можеби да кажеме дека вакви работи не биле претходно односно дека нема да се случат повторно. Но, дами и господо, јас никако не можам овој случај да го гледам од страна незаинтересирано или по некој ентички клуч кој по дефиниција значи само замолчување за да не се нарушат „добрите“ или некој како сака нека ги интерпретира емѓунационални односи во Македонија. Сметам дека добрите меѓунационални односи не се градат со молчење или замолчување. Исто така тие не се градат со постојано потенцирање, ставање во преден план во едни вакви ситуации кој може да бидат злоупотребувани, или да ги сметаме за апсолутно непотребни и излишни. Последен случај за кој што и денеска расправаме е арачиновскиот. Тука имаме јасен криминален чин во кој апсолутно, да ми простите, не ме интересира која националност е во прашање, на тие што го направиле тоа, туку ме интересира да ги видам изведени пред лицето на правдата сите тие што го направиле тоа, односно да го видам убиецот, тој да излезе пред лицето на правдата и да ја добие максималната казна.

Си давам за право пред целата македонска јавност да побарам отвореност, пристапност на сите средства за јавно информирање, од почетокот па до крајот на овој случај за едноставно да биде симната маглата, да биде симнат било каков сомнеш од овој случај, да и биде јасен на

македонската јавност, да нема недвосмислености кои понатаму може да се злоупотребат во затегнување во меѓународна тензија и да нема никакво оправдување за виновниците. Во таа отвореност која сметам дека треба да оди кон македонската јавност, сметам дека треба да оди во таа насока затоа што мислам дека македноската јавност и средствата за јавно информирање се значаен сигмент на македноската држава. Таков однос треба да имаме сите од овој парламентарен состав. Истите тие својот однос, своите настапи ги градат со, можеби, голема доза на лицемерие кога зборуваат од говорницата, повикувајќи се на никаква усогласеност на пратениците. Мислам на пратеникот од Арачиново кој вчера зборуваше и кој што самиот не треба само декларативно да се произнесува за случајот, туку малце и од своја страна треба да работи на позитивниот приод на релаксирање на меѓуетничките тензии. Би сакал да забележам на неколку работи:

Мислам дека во овој случај, за кој расправаме неколку дена, за кој што животно е заинтересирана македонската јавност, имаме многу луѓе кои што се дирекно допрени, не може да излезе пратеник и да се произнесе дека тоа се случило во негова изборна единица и затоа што тој е најдирекно умешан, што мислам дека треба најјасно да се стави до знаење, не може да се зборува а аверзија од страна на Републиката кон Арачиново, туку во овој случај треба да зборуваме малку од аверзијата што ја има Арачиново кон Републиката. Тој спомна дека има неколку извешти од МВР, од последните години кои говорат дека таму била релативномирна ситуацијата. Јас сум поминувал повеќе пати, кога сум одел на кај Куманово, низ Арачиново и можам да Ви кажам дека ниту еднаш не сум видел полиција во Арачиново. Зошто е тоа така? Кој го создаде Арачиново, дали оваа власт, зборувам фугуративно, не сакам да се увредат оние луѓе кои што живеат во Арачиново, кои на некој начин можат да се осетат допрени. Меѓутоа ако зборуваме за Арачиновокако случај во кој што пратениците на опозицијата зборуваат, или на позицијата, дека тоа е мека на шверц, оружје на дрога, значи како еден синоним кој што од денес ми се чини се употребува во македонскиот јазик, треба да се прашаме кој го создал Арачиново. Дали е тоа оваа власт, ако е оваа власт да видиме зошто е создадено. Ако не е оваа власт да видиме која власт го создаде.

Повеќе пати во дискутиите на пратениците, посебно од опозицијата, има обид за поистоведување на власта и на криминалот. Јас само едно нешто сакам да прашам јавно. Од каде им толку голема сигурност на пратениците на опозицијата да излегуваат со такви ставови дека власта и криминалот се поистоветуваат. Дали е тоа можеби некое лично искуство. Еве јас како

пратеник кој ја поддржува оваа Влада, немам искуство дека власта може да се исповети со криминалот. Јас не ја амнестирам оваа власт, ќе се покаже и ќе се докаже дали оваа власт има нешто што можеби сличи на тоа за кое зборуваа пратениците од опозицијата, меѓутоа, сметам, ако се прави толку силна паралела, една апралела која што со таква сигурност се потенцира од толку многу пратеници, можеби треба да се запрашаме од каде доаѓа таа сигурност.

Тоа се дел од забелешките што ги имав. И една мала дигресија, ќе ми дозволите да се вратам на дискусијата.

На крајот од овие забелешки сакам да нагласам дека токму правилно изградениот став кон сопствената држава, кон сопствената јавност за кое што зборував и по повод така изградениот став, едно достоинство кое што го носи човек, па и пратеник односно народен избраник. Во една таква ситуација, со едно така поставено однесување, мислам дека би ни сметало да одиме по странски амбасади и да зборуваме против Македонија, затоа што тоа достиинство не би ни дозволило. Точно знаете на кој мислам. Затоа што кога одиме по станските амбасади и кога дискутираме за тоа колку Македонија не е добро место за живеење колку националните односи се такви или вакви, ние сме тие што им даваме за право на белосветските мисионери да ни се мешаат во внатрешните работи, да си испробуваат рецепти за работи за кој што се плашат да ги направат дома. Тука ќе се вратам на тоа што беше спомнато за кометарот на СИ-ЕН-ЕН, па понатака професорот Вилјам Дам, па тоа дека имало низа инциденти на меѓунационална основа кои тие понатаму ја користат за своите анализи и само им даваме за право да ни се мешаат во внатрешните работи. Мислам дека тој однос не е честит кон сопствената држава.

И сега во овој момент, веќе го спомнав тоа, меѓутоа опозицијата, посебно СДСМ го смета тоа за не популарна метода, но во еден ваков случај, со една ваква политичка тежина несомнено треба да се види, кога станува збор за оној случај, дали постои континуитет кој оди наназад, малку пред 1998 година, кој што се враќа на минатата Влада. Ако е така, верувам дека ќе собере сили опозицијата да признае дека имаше некои октопоти и слични животни кои беа во нивните редови. Тогаш е крајно време да се прашаме уште еднаш кој го создаде Арачиново такво за какво што зборуваме денеска, а постојат повеќе Арачинова, денеска. Ако се има доблест тоа да се признае, и се обраќам на опозицијата, тогаш таа може да има поголема тежина и поголемо право и да се обрати и на оваа Влада и да каже и Вие имате ваши Арачинова и Вие сте поврзани во незнам што. Јас незнам за такво нешто, јавно го кажувам тоа, не

ми е познат метод на такво владеење во кој власта е поврзана со мафијата и со криминалот, тоа сум го кажал повеќе пати. На суд ја повикувам македонската јавност и сите органи во државта. Ако има такво нешто, ако се собере сила да се признае како било претходно, така може да се земе како аршин и за понатака.

Кога зборуваме за овој случај, дами и господа сакам да одам еден чекор понатака и сакам да ги побарам имињата на сите приведени, инволвирани во овој случај, да ни бидат соопштени на нас пратениците. Мислам кога расправаме за една ваква значајна информација треба да имаме малку повеќе информации. Ако тоа не може да се направи со овој парламентарен состав, односно ако е премногу широко да се соопшти на 125 пратеници, тогаш барам да се свика комисија за контрола на Службата за државна безбедност и Агенцијата за разурнување и го повикувам Претседателот да закаже седница на која ќе разговараме за безбедносните детаљи затоа што тука се споменуваше дека е доведена во прашање безбедноста, дека има некои сегменти кои што ја допираат безбедноста на државата. Ако е така дајте да ги разгледаме тие моменти, ако тоа не претставува мешање во судската власт, сакам да ги дознаеме имињата, ние треба да ги знаеме имињата, ние сме сепак дел од институциите на државата и потребно е како комисија да излеземе со став. Нормално сметам дека како комисија немаме зошто комисија немаме зошто да не ја прифатиме оваа информација, но мислам дека ние како пратеници треба да бидеме добро информирани.

Јас би сакал сега да површам, ризикувајќи на некој начин да бидам помалку и досаден, ќе сакам да повторам некои работи. На некој можеби дури ќе му делува тоа и одвишно да се спомне. Една е Македонија на цела нејзина територија и од таа територија ниту еден сантиметар никој нема право да отстапи кој што е Македониц, и кој што е државјанин, кој што ги ужива правата на оваа држава. Тоа се однесува и за сите националности. Дури напротив, сите имаат обврска да ја штитат нејзината целовитост и интегритет по секоја цена. Едно чувство сепак, стои кај мене над сите останати, а би сакал да биде неприкосновено и за сите вас како што е за мене, а тоа е „Љубовта кон Македонија“. На тие што паднале за Македонија, зборувам после 1990 г. посебно на оние што загинале за служба на државата треба да им се обезбеди достојно место во историјата. Таа е логиката на нештата, барем таму каде што се прави држава која што ја градиш и сакаш да ти остане.

Предлагам, на несреќно загинатите полицајци да им се подигне споменик кој што сигурно нема да ја намали болката на нивните семејства, но

и на нивните семејства, а и на сите останати во оваа држава, а можам да кажам и на разните белосветски мисионери кои што доаѓаат тука да ни понудат свои рецепти ќе им го покаже односот на оваа држава кон оние кои што загинале во рамките на својата должност за неа, затоа што сметам дека напад врз полицаец е напад на државата.

САВО КЛИМОВСКИ:

Му благодарам на г-динот пратеник Филип Петровски за учество во расправата. Г-динот Исмет Рамадани има реплика

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Г-динот Петровски полемизираше со некои мои тези, односно никои мои информации.

САВО КЛИМОВСКИ:

Му благодарам на г-динот Исмет Рамадани за репликата.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Ја знаете ли народната поговорка г-дине Рамадани „Какво бачило, такво сирење“. Си давам за право да ја кажам, затоа што вие изнесовте лични навреди. Меѓутоа, нема да навлегувам повеќе во дискусијата само ќе кажам уште една работа. Мислам дека бев јасен, незнам дали бевте тука да ме слушнете. Кога зборував за Арачиново како синоним, не мислев дека и не пријудицирав дека некој од Арачиново тоа го направил, не тврдев дека некој излегол од куќа па ги престретнал полицајциве, туку едноставно зборував за еден синоним кој што се одомаќинува во македонскиот јазик за место кое што, односно за област во која што можеби има шверц на дрога, на оружје, не знам што. И она што го кажв во дискусијата, сега уште еднаш ќе го потенцирам, треба да видиме кога е настанато, од кога се зборува дека е такво местото, колку и кога имало полиција, какви случаи се регистрирани во една таква зона и реков дека во Македонија нема едно Арачиново, повеќе Арачинова има. Во најпозитивната смисла на зборот се обидов да дискутирам, меѓутоа ако сакате ќе реплицираме повторно на таа тема.

САВО КЛИМОВСКИ:

Г-динот Исмет Рамадани има реплика.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Обидот дека не мислев така за Арачиново, мислам дека г-динот Петровски го кажа. Го кажа тоа што го кажа „какво бачило, такво сирење“. Тоа значи дека се што тој кажа за Арачиново го кажа со еден збор. И мислам дека начинот како и понатаму настапува, мислам дека за него можеби е така тој вели. Но, оваа јавност многу добро знае кој е Филип Петровски и кој е Исмет Рамадани. Така што да не се обиде воопшто да не се обиде да даде такви квалификации кои апсолутно не му одат затоа што мислам дека јавноста добро ме познава и јавноста го дава тоа што веројатно и како мислење и на тоа ќе останеме. Нека си остане тој Петровски, јас останувам и понатаму Рамадани.

САВО КЛИМОВСКИ:

Г-да пратеници, јас којзнае по кој пат ви обрнувам внимание дека најдобро е да не се спомнувате еден со друг во расправата. Најдобро е да зборувате за предметот на расправата, а не да одиме во лични расправии. Кои сте, што сте и какви сме, не процениле и не треба што да се докажуваме овде. Тоа е многу лошо. Тоа е едно.

Второ, да внимаваме сепак, Арачиново е големо населено место, има многу чесни граѓани и да не го поистоветуваме како синоним, бидејќи ќе се најдат многу граѓани навредени и тоа не треба да го правиме. Ние имаме нешто сосема друго за расправа и да не ја влечеме расправата на друго место. На тие граѓани ќе треба да им се извиниме навистина ако премногу овде ги спомнуваме. Ние имаме конкретен случај и за конкретен случај расправаме. Утре можеби ќе расправаме за друг конкретен случај кој што е на некое друго место, а незначи дека целото место ни се наоѓа и ќе го ставиме под сомневање овде од овие говорници. Внимавајте, се работи конкретно за една Информација, околу неа да расправаме меѓу себе да не се расправаме. Тоа би било многу лошо и што е можно помалку да се спомнуваме. Тоа како укажување.

Г-дине Петровски имате право на уште една реплика.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Морам да кажам дека без разлика колку се трудев да го разберам пратеникот, не го разбрав што сакаше да ми каже. Меѓутоа, ќе дискутирам само на кратко за она „какво бачило такво сирење“, не мислев јас на луѓето од Арачиново, мислев на него кога ја кажав таа поговорка. Па сега ќе му кажам уште една „кој си ја има мувата на капата и вика иш“.

САВО КЛИМОВСКИ:

Не е ова веќе предмет на расправа. Да прекинеме со расправата г-дине Рамадани. Уште еднаш имате право на реплика.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Прво, јас ќе ти се обратам, дечко, немаш ни ниво и не си дораснат со мене понатаму да полемизирашј. Немаш ниво.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Г-дине Рамадани, мислам тоа за нивото нема да ви реплицирам. Меѓутоа, со тоа што го зборувате само вие си го покажувате вашето ниво.

25 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА, ВТОРО ПРОДОЛЖЕНИЕ, ИЗВЕШТАЈ НА АНКЕТНА КОМИСИЈА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ПОВЕЌЕ ИНСТИТУЦИИ, 02.03.2000

Сакам да се произнесам во врска со Извештајот на Анкетната комисија за испитување на јавните набавки во повеќе државни институции. На почетокот сакам да го спротивставам мојот став, на некои мислења од тука изнесени дека немавме потреба да формираме ваква комисија или дека таа е искористена за јавен линч, дури неколку забелешки одеа во насока дека таа е сосема излишна. Јас би се произнел сосема спротивно на тоа и таа комисија беше потребна за да се проверат некои бројки, за да се видат некои состојби и најмногу од се да и се стави на знаење на македонската јавност како некои луѓе ја практикувале јавната функција. Ние недвосмислено треба да се произнесеме во таа насока, за информацијата и да не се обидуваме да ги поништуваме бројките, на еден нихилистички начин да се обидеме да доведуваме бројките во прашање, односно сите инструкции на системот кои што работеле во врска со овие бројки што ги имаме пред нас. Тоа не ни е цел, но мислам дека не е повеќе од потребно пред македонската јавност да ги претресеме сите овие информации, да ги ставиме на увид. Ги гледав тие бројки и сметам дека воопшто не треба да има тајност за такви податоци. Македонската јавност има право да дознае за некои податоци, некои бројки и тие треба да и бидат достапни. На крајот на краиштата, оној што се занимава со јавна функција, односно оној кој што има доверба на овој или оној начин од гласачите, ако е чист нема од што да се плаши.

Се определив да се задржам само на некои моменти од Информацијата. Тоа се податоци кои што се повеќе или помалку познати на македонската јавност, но не е лошо кога дискутираме за овој Ивештај да претесеме некои бројки, да дадеме свое видување и нормално на крајот да се произнесеме како ќе гласаме за овој Извештај.

Бидејќи имаме предлог информација, се определив да дадам свое мислење за неколку моменти, кои што се наведени во извештајот на Комисијата за испитување на јавните набавки, а се однесуваат на Министерството за внатрешни работи. Зафатен е период на повеќе Министри, ќе се обидам да не ги именувам, меѓутоа бројките ќе ги изнесам затоа што тоа се интересни бројки, а секој оној кој што сака да спори со тие бројки треба прво себе да се праша кој му се мотивите. А секој оној кој што тие бројки сака да ги споредува со некои нови бројки, кои што во меѓувреме настанале треба

да знае дека сметам ние како Парламент имаме право да формираме анкетни комисии во секое време. Тоа значи, ако сакате, можеме да формираме анкетни комисии и за други периоди.

Оваа Анкетна комисија најмногу беше напаѓана дека исклучува еден период од претходната власт, периодот на експертската Влада на Премиерот Кљусев. Ако сакате и за тој период може да се формира Анкетна комисија, затоа што оној што е чист нема од што плаши.

Во таа насока, ние како Парламент предлагам да си го задржиме правото и кога ќе се договориме, изгласаме дека е потребно, можеме за било кој проблем да формираме Анкетна комисија која што ќе провери и испита се. Доколку тоа право право го потврдувате, а гледам дека го потврдувате, вие исто така, носите одговорност да бидете одговорни и спрема овој период и да не го потенцирате во вашите дискусии како линч, злоупотреба на власта, кон некоја стара номенклатура, политички санкции и сл. Едноставно треба да бидеме одговорни, трезвени и да ги погледнеме бројките. Ако некој го прекршил законот треба да одговара според истиот, ако треба да оди во затвор, да оди во затвор. Ова од наша страна не е притисок врз судската власт, нема да повикуваме од тука некој да се затвори, меѓутоа ние имаме право да ја информираме македноската јавност.

Моја лична проценка е дека овие бројки не се некоја голема тајна. Голем дел од бројките ги срекаваме во медиумите и мислам дека треба барем дел од нив да погледаме уште еднаш. Како што реков, се определив за некои моменти во врска со активностите на Министерството за внатрешни работи. Се спомнува реновирањето на гостинската вила, фактури со големи суми, кои што треба и тоа како да се проверат, односно да се види што во таа насока било прекршување во законот, да се види дали токму тоа што е внесено во гостинската вила, материјали и уредување дали се соодветни и токму тие потребни. Ова можеби не е многу проблематично, меѓутоа да се навратиме на овој момент.

Во 1994г. е извршена набавка на наочари „Рејбан“, преку Заводот за унапредување на стопанството (ЗУС) на Р. Македонија, по три фактури 397 парчиња во износ од 1.338.762,00 денари исплатени од сметката на МВР. Исто така набавени се наочари "Рејбан" од "Оптика". Во една фактура 100 парчиња по цена од 6.000 долари, кои што по налог на тогашниот помошник - министер за финансии во МВР, се исплатени во готово од касата на Министерството за внатрешни работи.

Исто така, треба да се провери, се разбира од страна на тие што имаат

законска обврска тоа да го направат, дали набавка на транспотери по цена од 165.000 долари по парче, или вкупно 1.980.000 долари за дванаесет транспотери, при што е платена и провизија, за која што можеби се расправавме во врска со еден претходен закон во денарска противвредност, дали била целосно законска. Да се проверат условите за одржување на транспортерите, начинот на испораката, рокот на гаранција и друго. Сето тоа треба да се има во предвид при пребарувањето на јавните набавки во Министерството за внатрешни работи.

Многу пластичен пример е случајот кој што беше доста експлатиран во јавноста во врска со преводите кои што се вршени во Министерството за внатрешни работи. Не би спорел доколку навистина има потреба од превод треба да се предвидува, кое што ја допира работата на Министерството за внатрешни работи, меѓутоа мислам дека треба да се има во предвид дека званичниот ценовник на Друштвото на научни и стучни преведувачи на град Скопје во 1998 г. превод на една страница од стран јазик на македонски изнесува помеѓу 300 или 400 денари, против законски е излегува надвор од дозволеното МВР да прифати цена за стручен превод од странски јазик на македонски и обратно за 800 денари. Ние овде се расправаме за големи цифри, за големи суми и можеби на некого ќе му делува минорна оваа бројка, меѓутоа треба сите детали да ги опфатиме. Оној што ја има одговорноста ја има и за најмалиот престап како што ја има и за најголемиот.

Исто така, би сакал да споменам дека покрај преводите на стручна литература, за потребите на МВР, Комисијата констатирала дека се вршени преводи на повеќе книги надвор од потребите на МВР. Како покарактеристични ќе го издвојам само насловот „Теорија за демократија“ од Љубомир Данилов Фрчковски, од македонски на француски јазик и истата не се наоѓа во библиотеката на МВР. Ова многу пластично укажува во која насока оделе работите во Министерството за внатрешни работи. Повеќе наслови, сите сте ги виделе во Информацијата, за кои што мислам дека во многу не се вклопуваат со потребите на МВР.

Во јавноста многу често се зборуваше и за набавени слики, скулптури и не е лошо уште еднаш да повториме дека во текот на периодот од 1992-1996г. со набавени уметнички слики, скулптури и резби од разни автори во износ од 3.137.000 денари, исто така платени од сметката на МВР. Тоа ако сака некој да го спори може да рече дека имало потреба во МВР од толку и толку слики, меѓутоа, ако зборуваме за пари кои што се земаат од граѓаните, за тоа што граѓаните за редовно функционирање на државата плаќаат

придонеси, треба да се имаат овие работи предвид.

Исто така и минатите министри склучувале договори за набавка на возила. Тоа е многу прецизно напишано и има потреба да се провери дали имало потреба од толку и толку возила и дали е реална таа цена што се плаќала.

На крајот, за набавката на коњи. Во Информацијата стои дека 1993г. од страна на полициската служба до Управата за заеднички работи е доставено барање за набавка на коњи од Липицанцерска раса и по разгледување на потребите од страна на колегиумот на Министерот формирана е комисија со задача да изврши посета на повеќе ергели и коњични клубови за да се прибават понуди. Комисијата од 15.9 до 29.9 1994г. посетила повеќе ергели и утврдила дека цените на коњите се движат од 7 до 100 илјади германски марки и предложиле да се купат коњи. Купени се 10 коњи за 85 илјади германски марки. И за тоа исто така треба да се подзамислиме. Можеби полицијата во тоа време имала потреба да има коњи во својата формација, меѓутоа да се купуваат Пастуви, кобили, Кастраби за цена од 85 илјади германски марки! Сепак треба да се стави приговор на ова што е правено во Министерството за внатрешни работи да се имаат предвид овие работи кога ќе се усвојува овој Извештај.

Некои информации што ние ги добиваме недвосмислено укажуваат на тоа дека овој Извештај треба да се усвои, инаку ќе се доведеме во една несимпатична ситуација-да негираме се што е институција на државата. Да ги спориме бројките, да ги спориме тие што ги донеле бројките и на крајот да се повикуваме на линч на политичките истомисленици и едноставно, на некој начин, да се обидуваме по секоја цена одговорноста да ја префрлиме на другите, после изминувањето на мандатот, со што апсолутно не се согласувам. Мислам дека бев јасен, промена на мандатото не значи и крај на одговорноста, со тоа што и новата власт не значи дека е амнестирано од одговорност додека не и заврши мандатот, а и потоа откако ќе дојде друга власт. Во таа насока јасни се ингеренциите и можностите кои што ги има овој Парламент и нема зошто да отстапуваме од нив. Но тоа незначи да бидеме селективни само за определен мандат, односно сега Ние да се занимаваме, како Парламент само со работата на оваа Влада. Апсолутно не држи забелешката дека до 1998 година не постоел Закон за јавни набавки и затоа до тогаш се било дозволено да се прави.

Исто така, се спомена дека треба да се исклучи од дискусиите минатата стриктура од проста причина што оваа структура на власт е многу

покорумпирана и се спомна бројката од шест пати поголема корумпираност. Не ми е јасно по кое математичко правило и равенство, дискутантот успеа да помножи шест пати, меѓутоа доколку е логички издржливо она што опозиционерите го тврдат, дека до 1998г. немало криминал и нема потреба од формирање на Комисија за јавни набавки затоа што се било чисто, а сега оваа власт е корумпирана, само да ја изведам равенката шест помножено со нула е еднакво на нула. Значи дискутантот не множел со нула ако тврди дека оваа власт е шест пати покуримпирана од минатата. Или ако сака да биде логички исправен исказот дека таа власт не е корумпирана, а шест пати помножено со нула еднакво на нула, докажува дека и оваа власт не е корумрирана. А ако не е нула тој докажува дека и претходната власт била корумпирана.

Така што, во самиот негов исказ стои едно мало уверување дека имало некоја корумпираност и ако имало било каква корумпираност таа треба да се испита. Лично да ви кажам и јас не сум задоволен од времетраењето на работата на оваа комисија. Комисијата можеше многу побрзо да ја заврши работата и доколку денеска завршиме со Извештајот, на некој начин можеме да го фатиме последниот воз. Да не се развлече работата во бесконечност и да дојдеме во ситуација да стане оправдано тврдењето: „Ако сакаш некоја работа да не се заврши, формирај Комисија!“.

Текстот е пред нас, бројките се прилично прецизни. Некој за тоа треба да се произнесе.

Во врска со оваа информација што ја добивме која исто така е под ембарго...

САВО КЛИМОВСКИ:

Можат да се користата само имињата што се спомнуваат во Информацијата, а другото е под ембарго. Само имињата што се спомнати во информацијата за нива да се побара до каде е стигната постапката.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Нема да одам во детали, ако се под ембарго. Ако имаат степен на тајност, нека биде, меѓутоа имаме информација дека одредени кривични пријави се покренати. Мене ми делува малку сомнително сето тоа и ќе го искористам своето право како пратеник да зборувам и да извршам одреден притисок со моите зборови, доколку за некого тоа е притисок. Едноставно некои работи треба побргу да се завршуваат. Имаме информација дека пред шест месеци, во некои случаи десет месеци се покренати кривични пријави и

одредени истражни судии ги водат тие предмети. Морам да потенцирам одредени имиња се повторуваат, значи некои истражни судии водат повеќе процеси. Тие треба да имаат во предвид дека ние очекуваме предметите да се завршат. Тоа не е вршење на притисок за да се осуди некој, меѓутоа дајте да ги завршиме тие предмети, да видиме што вина носат тие луѓе и дали воопшто носат вина, претпоставувајќи дека некои можеби се огрешиле од законот да бидеме малку поефикасни. Потребно е тие институции на системот да бидат малку поефикасни, затоа што апсолвирајќи го односот власт-опозиција, ако бидат поефикасни ќе имаме поголема доверба во државата.

А тоа ни е задача на сите нас, да создаваме со дискусија, расправа меѓу нас поголема доверба во институциите на системот, така што граѓанинот ќе може покомотно да се чувствува.

39 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА, ПРАТЕНИЧКО ПРАШАЊЕ ВО ВРСКА СО ШПЕКУЛАЦИИТЕ ЗА НАВОДНО ШИРЕЊЕ НА СИДА ОД СТРАНА НА КФОР, 30.03.2000

Претседателе,

јас немам некое прашање кое би сакал да се уврсти во дневниот ред, меѓутоа, сепак во согласност со Деловникот за работата на Собранието, би сакал да поставам пратеничко прашање. Иако знам дека за идната седница се закажани пратеничките прашања, сметам дека за прашањето кое што денеска сакам да го пставам, нема време за чекање. Одговорот ќе биде значаен за македонската јавност.

Имено денеска во дневниот весник „Македонија денес“ се појави, би рекол прилично сензационален наслов, „КФОР шири СИДА во Македонија“, во кој што се третира еден случај кој што се случува на Македонска територија и тој наслов во истовреме е многу загрижувачки, нормално, доколку е вистинит.

Во таа насока барам, согласно Деловникот за работата, Министерството за здравство во писмена форма или доколку може и веднаш да ни одговори дали има вистина во денешното пишување на веќе споменатиот весник и наслов или станува збор за обична шпекулација. Доколку има вистина, барам одговор што се превзема од страна на нашите надлежни органи по ова прашање.

Но и доколку не е вистина, барам одговор што се превзема од страна на надлежните органи, мислам во насока на пишувачот на текстот и на весникот. Благодарам.

42 СЕДНИЦА НАСОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА,ЧЕТВРТО ПРОДОЛЖЕНИЕ, ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ И ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ, 20.04.2000

Почитуван претседателе,

За разлика од претходниот дискутант, јас мислам дека треба да се прифатат овие измени за изменување и дополнување на законот за угостителска и туристичка дејност.

Она што се случуваше пред неколку недели, во угостителските објекти, предизвика интерес во јавноста и и би рекол големо подвојување на таа јавност. Од една страна имаме одобрување од родителите кои сакаат да си ги видат своите деца порано дома и до некаде има негирање на младната која мисли дека спроведува една акција која за цел ја има самата младина, така што некој сака да ја натера младината да си оди дома, да не се влечкаат по улици и на некој начин да се дисциплинира целото општество, што,еве, опозицијата умешно го користи и ни го претставува како некој маркетиншки потег на Владата, односно дека власта се обидува да воведе хаос во државата. Напротив воведувањето на ред односно, спроведувањето на законот, без разлика на се, мора да се одобри максимално и сите оние што акцијата ја толкуваат во смисла на маркетиншки потез на власта се доведуваат во една незавидна ситуација, затоа што не станува збор за хаос, не станува збор за организиран напор на власта да ја врати малдината дома, туку напротив, и повеќе од јасно е дека за и во угостителските објекти, има повеќе моменти кои треба да се регулирани со Законот, кој што треба да бидат доведени во ред и мора да бидат допрени, а за жал некои структури долго време не ги допираа. Се појавува често ситуација да има млади луѓе кои работат таму, кои се непријавени, кои што ја трошат својата младост, а немаат никаква сатисфакција во врска со законот и во врска со она што ги очекува кога ќе им поминат тие денови на младоста, стаж и пензија.

Понатаму, често се случува неуплаќање на даноци. Многу од угостителските објекти работат на своја рака, па се доведуваме во ситуација луѓето кои поседуваат угостителски објекти да бидат сметани за некои нови богаташи, односно луѓе кои стекнуваат голема материјална корист само затоа што поседуваат угостителски објекти. Заднината на тоа е токму неуплаќањето на данови, сигурно користењето и појавата што ја имаше многу често на пијалоци без бандероли, значи на акцизна стока. Имавме прекршување на законот во повеќе сегменти. Меѓу другото и пробивање на работното време кое што искомбинирано со сите овие претходни моменти, не пријавување на

работници, не уплаќање на даноци, користење на акцизни стоки кои немаат бандероли на тој начин се создаде хаос во угостителските објекти, или ако сакате во ноќниот живот.

Акцијата што беше спроведена од повеќе управи, нема зошто да не биде оправдана. Меѓутоа, во таа акција нормално е дека се создава еден отпор на младината. Во таа насока треба да се поддржат овие измени и дополнување на законот за угостителска и туристичка дејност, затоа што власта сака да покаже дека нема намера со сила некој да го врати дома, туку има намера целата ова област да ја регулира со закон. И најбитно од се, тоа регулирање со закон откако ќе биде спроведено, откако ќе бидат усвоени измените на претходниот закон, власта има намера да го спроведува законот.

Имавме акција на органите која што беше прилично третирана во јавноста. Таа акција ги даде своите ефекти, добар дел од угостителските објекти веќе гледаат каде е законската рамка и како можат низ неа да се движат. Меѓутоа, се појавија и нус-производи, се појавија и реакции, коментари од различни интересни групации, групацијата на млади луѓе, групацијата на родителите. Сето тоа со овие измени се балансира, се дозволува во летниот период да имаат продолжено работење во угостителските објекти. Во една таква ситуација, кога младите луѓе се наоѓаат на летен одмор, распуст нема зошто да не се забавуваат малку подолго. Од аспект на законот тоа сега нема да е проблематично. Можеби е проблематично и Владата да размисли какви одредби во Законот за угостителска дејност треба да се вградат, односно дали да се поострат одредбите во насока на угостителските објекти што ќе точат и служат алкохол на малолетници, за оној што нема да има јасни ознаки на објектот дека после 12:00 часот не е дозволен простап на малолетници или пак за угостителскиот објект во кој што ќе бидат затекнати малолетници кои ќе имаат алкохол или ќе бидат таму после 12:00 часот навечер.

Значи, апелирам до предлагачот, односно Владата да размисли малку во таа насока затоа што согласно овој закон и согласно напорите на Владата кои што можеме да ги видиме низ овие акции, сметам едно мало впотполнување недостига во таа насока. Тие одредби се чини дека ги има во законот, но без разлика што ги има во законот треба сите они инспекциски служби, што ги гледаме деновиве како одат горе-долу низ градов малку повеќе да одат во насока да видиме...

(Се извинувам Поповски, како да забележувате нешто?)

Г-дине Поповски, вие кога дискутирате...

САВО КЛИМОВСКИ:

Зборувајте си вие, јас давам збор.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Претседателе, дозволете една мала дигресија. Господине Поповски Вие кога дискутирате често се жалите на Претседателот на Собранието да овозможи ред, да ве слушаат сите, па дури и кога имате, така да кажам „жалопојки“, инсистирате да ве слуша цело Собрание. Сега дозволете и ние нешто да кажеме...

(Поповски продолжува да коментира од место)

Не знам дали сум специјалист, меѓутоа како млад човек и јас излегувам. Тоа можам да ви го повторам. Не кријам, полнолетен сум...

Да се вратам на темата. Така што владата да размисли околу примената токму на овие моменти во Законот, околу прашањата на малолетниците. Во тој домен треба да имаме малку поостра регулатива и комплетирајќи ја дискусијата...

(Реагирање на пратениците во салата)

Претседателе ако може да завршам. Тоа е практика што ја применуваат пратениците од опозицијата, секогаш ви се обраќаат да обезбедите ред, ако сакате сега да обезбедите ред.

САВО КЛИМОВСКИ:

Ве молам да бидеме колегијални.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Така што, заокружувајќи ја дискусијата сметам дека треба да им дадеме подршка на измените за дополнување на Законот, за угостителска и туристичка дејност.

44 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА, ПРВО ПРОДОЛЖЕНИЕ, ИЗМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ЗЛОУПОТРЕБИТЕ НА ДИСКУСИИТЕ ОД КОМИСИИТЕ, 11 МАЈ 2000

Почитуван Претседателе, немав намера да се јавам да дискутирам по четвртата точка од дневниот ред-предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата, од проста причина што многу работи ги дискутиравме на седницата на Комисијата за млади, спорт и екологија. Се беше јасно договорено и поставено како заклучок на Комисијата и тоа и го добивме како извештај. Втора причина зошто не сакав да дискутирам е затоа што не сум известител на Комисијата.

Сепак, известителот не е тука и бидејќи имаше една малку послободна интерпретација од претходниот дискутант за тоа како се одвивала расправата на Комисијата, сакам да дадам свое видување и свој придонес за да бидат работите појасни. Ќе си дадам за право да бидам малку попрецизен, со тоа што некои работи ќе ги прочитам од извештајот на Комисијата за да и биде малку појасно на македонската јавност за што сме расправале таму, а после ќе кажам кој беше моментот што ме испровоцира да се јавам за дискусија.

На седницата на Комисијата дискутиравме сите и бевме едногласни во уважувањето на причините за донесувањата на овој закон и констатиравме, има потреба од донесување на дополните на законот кој се уште е во сила, затоа што некои од одредбите се несоодветни и неприменливи во практиката. Исто така, има потреба од изменување и дополнување на Законот за да се разграничат и определат надлежностите на ова Министерство (за животна средина), односно да се усогласат за да се избегне евентуален судир на надлежности кои би се појавиле во други министерства. Го прифативме овој предлог и затоа што има усогласување на казнените одредби со одредбите од Законот за прекршоци.

Колку што се сеќавам на работата на Комисијата, како што беше присутна Шекеринска, бев и јас, немаше таму некоја раздвоеност или различност на мислењата помеѓу членовите и бевме едногласни дека овие одредби се прифатливи, треба да одиме на седница денес и да ги усвоиме. Во таа насока требаше да се потенцираат токму овие моменти и некоректно е кога ќе излезе член на Комисијата и ќе оценува кој се истакнал во работата на Комисијата, кој доминирал, затоа што не видов никаква доминација и од друга

страна како член на Комисијата не се трудев да воспоставиме некаква доминација по партиски принцип, без пребројување на партиски членови, а поради гол политички маркетинг. Затоа кога известуваме за работата на Комисијата треба да бидеме малку по воздржани во давањето на оценките. Работата е многу проста. Ние се договоривме амандманите што ги дадовме како Комисија, да бидат наши, од сите нас, значи да не излегувам да рекламирам пред македонската јавност за да таа знае колку сме ние активни. Од некои работи просто треба да се воздржиме, иако знам дека тоа е многу тешко. Тешко е кога ќе дојдеме на пленарна седница и кога ќе има некои прашања од наш домен да се воздржиме и да не и се претставиме на јавноста.

Шекеринска ја спомна јавноста, ќе кажам дека јавноста прави многу јасна дистинкција меѓу позицијата и опозицијата и доколку не влезам во полемика и разјаснување многу лесно можеме да се доведеме во ситуација дека опозицијата, бидејќи Шекеринска нагласи дека го истакнува ставот на СДСМ, е таа што се залага за јавност, а ние се наоѓаме на другата страна. Станува збор за тренд кои што опозицијата го наметнува, обвинување за нетранспарентност и криење на податоците, ситуација во која единствено позицијата е таа што ги нуди правите решенија.

Значи, работата е многу проста. Имаме предлог кој треба да го прифатиме, како што се договоривме на Комисијата. Истото важи и за амандманите кои што ги договоривме со консензус кој нема врска со партија, туку со квалитетно подобрување на законот и во таа насока би требале да бидат нашите дискусии кога дискутираме за работата на парламентарните комисии.

43 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА, ВТОРО ПРОДОЛЖЕНИЕ, ДА СЕ ОТВОРИ ПАРЛАМЕНТОТ ЗА ГРАЃАНИТЕ, 16 МАЈ 2000

Се извинувам Претседателе што ќе морам да испаднам од дневниот ред, меѓутоа и претходниот дискутант тоа го направи. Кога дозволивте тоа да се случи претходно, ќе ве молам да дозволите неколку забелешки во врска со таа дискусија.

Мислам дека нема потреба да правиме театар од Собранието, па да обвинуваме дека меѓу нас има атентатори, нападнати... Стои забелешката да се укаже на обезбедувањето на Парламентот да биде повнимателно, но тоа незначи сега половина час да дискутираме за нападот на Амди Бајрам. Весниците, такви какви што се, сензационалистички ги дочекуваат работите и гледавме слики во весниците на пратеникот Бајрам.

Да ви предложам понатаму за вакви работи да не дискутираме, испаѓајќи од дневниот ред, туку, ако оцените дека е потребно и се собрале многу предмети од таа свера, да ја ставиме како точка на дневем ред и да ја дискутираме. Амди Бајрам инсистира дека бил нападнат, во една интерпелација што ја имавме добиено од страна на пратеничката група на СДСМ исто така се спомнуваа напади врз функционери. И јас бев нападнат. Значи, може да ставиме точка на дневен ред што би била во врска со пратениците. Дали се доволно безбедни или не?! Меѓутоа да не испаѓаме од дневниот ред, затоа што неможеме да ја завршиме оваа седница со денови.

Во врска со тоа дали Парламентот може да биде отворен или не, сакам да дадам кратка забелешка.

Без разлика што Престедателот на Собранието, односно Претседателот на државата се сместени во оваа зграда, Парламентот може да биде отворен. Претседателот на државата има свој посебен влез. Ако сакаме даго отвориме Парламентот за граѓаните, како што беше ветено во вашиот инаугуративен говор, кога ја правземавте функцијата Претседател на Собрание, ние можеме низ посебни влезови да ги пуштиме граѓаните. Тие ќе можат да дојдат до салата за седници без да се допрат со обезбедувањето на Претседателот, ниту пак со Претседателот на државата. Уште сега да се размисли да се отвори овој парламентарен дом.

Тоа би бил добар чекор, за да можат граѓаните да бидат поблиску до нас, затоа што без разлика какво и да е обезбедувањето, без разлика какви протоколи да има тие, знам дека и во најдобро чуваните згради на светот и на најдобро чуваните функционери може и треба да може да им се прийде во

соодветна близина.

Затоа, размислете да ја отворите зградата, да дојдат луѓето и да ги следат седниците.

43 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА,ВТОРО ПРОДОЛЖЕНИЕ, ИНТЕРПЕЛАЦИЈА НА МИН. ЗА ОДБРАНА, Г-Н НИКОЛА КЉУСЕВ, ПО БАРАЊЕ НА ПРАТЕНИЧКАТА ГРУПА НА СДСМ, 16 МАЈ 2000

Почитуван Претседателе, министре, пратеници.

Некои пратеници сакаат министерот да зборува, и веројатно тој ќе зборува кога ќе му дојде редот и кога ќе оцени дека треба да зборува пред нас, така што предлагам мојата дискусија помалку да ја сватите како зборување наместо него, туку повеќе како лична дискусија, затоа што навистина по повод оваа интерпелација сум инспириран да кажам некои видувања што сметам не треба да бидат премолчени. Затоа што како што почна седницата, односно денешното продолжение, исполнето со доза на театралност и трагикомичност, така и продолжува дискусијата, објаснувањето на интерпелацијата од страна на СДСМ.

Во таа насока треба да се одговори на неколку моменти и сакам да го дадам своето видување како гледам на тие работи.

За повеќето обвинувања веројатно и министерот ќе најде за сходно да одговори и воопшто нема да се впуштам во детали кои што навлегуваат во позитното, попрецизното објаснување на Министерството за одбрана и неговата структуираност. Ќе говорам малку поопшто за тоа што е напишано во интерпелацијата. Армијата по дефиниција симболизира чест, должност и татковина. Така сте напишале во интерпелацијата.

Сум служел воен рок, јас токму така ја чувствувам армијата. Ми се чини дека со една вака срочена интерпелација многу работи се изнесуваат како невистини. Со голема доза на театралност се објавуваат податоци што немаат баш голема поткрепа во реалноста. Со тоа навистина се доведуваат во прашање погоре набројаните постулати: честа, должноста и сакањето на својата татковина.

Знам како се чувствуваат војниците кои се наоѓаат на границата. Мислам дека е и премногу тешка и премногу тврда констатацијата во интерпелацијата да се наведе или пак во дискусија да се образложува дека некои од тие принципи денеска отсуствуваат во Министерството за одбрана, во Армијата на Р. Македонија.

Ако е навистина така би бил многу загрижен! Кога зборуваме за овие сегменти на одбраната треба да бидеме малку повнимателни затоа што се чини дека и со самото изнесување на невистини во многу влијаеме на единството што го има во Армијата на Р. Македонија, или во многу ќе влијаеме на

столбовите кои што ја воспоставуваат, чинат нашата Армија. Така што на редот небулозни обвинувања кои што беа поставени, барам Министерот за одбрана да ги одговори, тие мораат да имаат одговор денеска. Ако останеме без одговор ќе останеме должни на јавноста, а има доволно материјал да се одговори на овие прашања. Меѓутоа, би сакал пред вас како пратеници и пред целата македонска јавност да го поставам прашањето што ќе се случи доколку на овие невистинити тврдења се изнесат релевантни одговори и заклучиме дека некој намерно изнесува невистини. Кој ќе ја понесе одговорноста? Затоа што, како што рековме Армијата навистина претставува столб на оваа држава и со ваквите дискусии во кои што премногу слободно некои работи ги толкуваме, ја доведуваме во прашање истата таа, наша Армија.

Тргнувајќи во коментирање на дел по дел да дадам една своја кратка размисла на наводите кои ги има во интерпелација. Сметам со тоа многу лесно ќе може да се заклучи и види дека некои работи се многу надуени и изнесени се невистини. Нека ми прости пратеничката група на СДСМ, изнесени се како еден гол политички маркетинг. Еве да ви кажам зошто мислам дека е така.

Не сум стручњак и не можам да кажам кој на која позиција во Министерството за одбрана треба да стои и на тоа веројатно ќе одговори Министерот. Меѓутоа, можам да ви кажам дека тврдењето што го изнесувате за распоредот на воени лица, на цивилни лица, па врз основа на тоа изведувате генерализација која што понатаму ја користите како политички маркетинг, дека ете новата власт прави дар-мар во Министерството, односно вработува свои луѓе непочитувајќи ја воената хиерархија, кодексот на модерната армија. Многу лесно од такви констатации, со сомнителна вистинитост, а од податоци што ги имам можам да заклучам дека се невистинити вие вршите генерализација и таа финишира, ја финализирате со напад за наводни партиски вработувања. А тој аргумент, дами и господо од СДСМ е добро позната работа која што Вие ја користите во текот на овие осумнаесет месеци и оценувајќи дека тоа ви носи поени постојано и постојано ни ја кажувате. Кога веќе генерализирате земете ги податоците од минатата седница кој ги имавме во врска со Законот за предвремено пензионирање.

За осумнаесет месеци владеење во сите Министерства од ова гарнитура се вработиени 4.300 луѓе за кои што ви тврдам дека не се сите од ВМРО-ДПМНЕ. Не го знам процентот колку се од ВМРО, а можам да тврдам со најголема одговорност дека луѓе што дошле преку ВМРО и се вработиле во државната администрација, добар дел од нив не се во ВМРО, туку дошле заради лични интереси, барање на сопствена среќа. Меѓутоа, не е наша работа

да одиме во детали и да проценуваме колкав е процентот. Само сакам уште еднаш да повторам дека не е голем тој процент. Ако ја земете бројката од 97.000 луѓе колку што ги има во државната администрација 4.300 не се ниту пет проценти. Ако го одземете образованието или здравството стануваат шест до седум проценти, а вие постојано зборувате за партиски вработувања, за партизирање на Министерствата, за хаосот кој го донесе новата Влада. Сите луѓе кои што се влезени во администрацијата ги претставувате како луѓе од ВМРО, со што сугерирате дека ВМРО целосно ја превзема државата.

Ви гарантирам не е така. Тоа го зборував и на претходната интерпелација кога баравте смена на Министерот за образование, г-динот Новковски, истата аргументација ја користевте за наводното партизирње на државниот апарат.

Министерството за одбрана е дел од тој апарат и си дозволив мала дигресија за да ви кажам дека аргументите се уште ги гледам како исти. Ви тврдам во Собранието во Р.Македонија, во која сакате државна институција ниту има ВМРО-вци, ниту сме вработувале ВМРО-вци, ниту пак многу го симпатизираат ВМРО. Што мислите дека ние тоа не го чувствуваме? Еднаш за секогаш веќе да престанете со користење на тие аргументи дека во вработувањето се оди максимално само по партиски клуч. Еве во Министерството за одбрана ВМРО-вци, војводи, комити, не знам кој и готово, Министерството е цело партиско и во ВМРО-ДПМНЕ, а согласно на тоа сите тие се нестручни. Ако се од ВМРО луѓето се нестручни и готово, државата пропаѓа. Напротив, вам не ви се многу стручни инерпретациите и не држат воопшто. Македонската јавност веќе може да ги прозре тие ваши аргументи и конечно после уште неколку вакви дискусии ќе почнете и контра ефект за вас да создавате, затоа што бројките се многу јасни. Кој како сака нека ги изведе, повеќе од 5%луѓе не влегле во администрацијата од после изборите. И сите нека се од ВМРО. Другите 95% ги примавме ли на работа и кога бевме опозиција? Или пак тврдите дека вие не примавте со партиска книшка или луѓето што ги вработуваше претходната гарнитура сите биле стручњаци. И само стручњаци. Тука завршувам со првата констатација, зошто не држи аргументот да генерализирате со партизирање во Минисерството и аргументот на сручноста.

Второ, што исто така провоцира на дискусија. Вие велите, во Брисел акциониот план на Министерот за одбрана за членството на Македонија во НАТО доживеал фијаско. Многу лесно се препознава маркетингот и ќе беше многу почесно од Вас како предлагачи на интерпелацијата да кажете: Во ред,

имаме уште шест точки на предложените пет да додадеме, ама точката два ќе ја повлечеме од интерпелацијата. Затоа што сите знаеме, имаме такви информации, незнам дали вие имате други информации, дека акциониот план за членството на НАТО беше прифатен.

(Дофрлување пратникот Китановски)

Не е прифатен? Тогаш го молам Министерот за одбрана да ни достави информација што се случува со акциониот план. Затоа што знам дека е прифатен, го видовме тоа и во весниците. А за многу од нас, најмногу за опозицијата, весниците, спектакуларните наслови во нив се мерило. Тоа ќе го покажам со еден пример, но ќе дојдам до тоа. Едноставно ако весниците и она што јавноста го знае не е мерило, нека ни одговори Министерот.

Исто така уште еден момент за кој што сакам да дискутирам е, како што го нарече г-динот Китановски: „Киндапирањето договорено од државниот врв, за кое што сите даваат изјави дека ништо незнаат и граѓанинот Трајковски дава изјави дека ништо не знае“. Прво, упаѓате во една мала логичка замка г-дине Китановски. Граѓанинот Трајковски ако е за вас граѓанин, тогаш не е должен да знае, а ако е претседател на држава, како што е и врховен командант на Армијата должен е да знае! И претпоставувам како што можам да забележам свесни сте дека намерно упаѓате во таа замка. И што поскоро подобро ќе биде и за вас и за целата оваа држава, бидејќи во интерпелацијата споменувате чест, должност и татковина, да го признаете врховниот командант на таа држава. Во спротивно, а гледам не се сложувате со тоа што ви го предлагам, во спротивно вие сте тие што ја доведуваат државата во прашање, затоа што ја доведувате главната врвната институција, правата алка во синџирот на Армијата во прашање.

Вие какаов однос кон граѓанинот Трајковски имате апсолутно не ме интересира. И можете колку сакате да го негирате тој човек и да тврдите вака или онака. Меѓутоа, ако направиме една мала дигресија, би рекол по народски „Од стап со кој што тепавте, добивте ќотек“. 1994 и 1999г. ако ништо друго се многу слични како изборни години. Мислам дека знаете што сакам да ви кажам со тоа.

(Дофрлување од пратеникот Поповски)

Г-дине Поповски, вие кога ќе признаете што правевте 94г. на изборите,

тогаш можеме да разговараме за се друго. Ќе ми простите што сум долг, меѓутоа многу ме инспирираше претходната дискусија и сакам да ги кажам сите работи што ми се гледат како релевантни.

„Киднапирање договорено од државен врв“!

Тоа е многу тешка констатација. Вие тврдите дека државниот врв се договорил со некој терористи да ги киндапираат војниците. Па, јас мислам ова отстапува од секаква логика и од секакво нормално размислување. Внимавајте сега, вие не само што ја доведувате во прашање функцијата врховен командант и Претседател на државата, вие ја доведувате во прашање и Владата и сите останати институции на државата. Како сакате ние да ви веруваме во вашите искрени намери пред било која ваша активност и во Парламентот и надвор од него дека вие ја сакате оваа држава. Никако не можам да прифатам дека некој од наша страна можел да се договори со некој друг да ни ги киндапира војниците.

Ако зборуваме хипотетички, ако некој киндапирал наши војници, незнам кој, соседна држава, терористичка организација, или некој лудаци, било кое барање тие да го постават на државата Македонија, а ги тангира животите на војниците, потсетувам дека зборувам хипотетички, за мене би било прифатливо. Земете ги како пример САД, животот на еден човек во таа држава е неприкосновен. А во нашиов пример, кој на вас ви беше толку интересен, станува збор за четири војници. И што требало некој да направи во случај да се случело ова за кое што јас не верувам дека се случило. Што требало да се направи? Да кажеме, одговориме нас не не интерелираат животите на нашите војници? Незнам како не можете таа логика да ја видите. И на крајот од краиштата, по убедување сум демократ, верувам во голема слобода на медиумите, меѓутоа таа фама што се создаде, ќе ми одговори ли некој од вас како се издува. Се издува со тоа што извесната персона дојде, го подигна решението за суд и од тогаш сите престанаа да зборуваат. Ниту го следам, ниту ме интересира каде е, знам дека дошол во државата, дошол во судот го подигнал обвинението. Претпоставувам се сложувате со тоа, го видовме тоа во медиумите.

Несакам да се сомневам во вашите искрени намери дека вие ја сакате Македонија. Меѓутоа, во ова што го правите, треба да бидете повнимателни во жекорите што ги влечете. Згора на киндапирањето го спомнавте и случајот на претепаниот македонски војник за што длабоко жалам како пратеник, како граѓанин на Р. Македонија. Неприфатливо е еден војник, припадник на Армија на Р. Македонија животот да му биде загрозен или доведен во прашање. Знам,

како што реков сум служел воен рок и знам што значи да се почитува својата татковина. Знам како се чувствуваат тие војници таму и целиот респект од мене за нив. Но, што сакате вие со ова што го кажувате сега да постигнете? Дека е ова прв случај што се случил? Сакам на ова, незнам дали ќе биде во состојба Министерот да ни одговори сега, написмено да добијам одговор. Откако е осамостоена Р. Македонија, од формирањето на Армијата број на инциденти по години. Да добијам одговор од Министерот за вкупната бројка на инцидентите, да видиме имало ли киндапирање, тепања, ако добиеме тајни информации да видиме дали имало и убивства, затоа што знаеме што им се служува на луѓето што ја чуваат границата, не само на Македонија, туку секаде во светот. Сакате да ви дадам примери, во моментот ми текнува на Скадарското езеро кога ја украдена штафетата на младоста на Југославија. Украден е чамецот со се војниците, а тоа е чувано во тајност 30 години. Инциденти на граница се случуваат многу. Незнам дали е благодарен примерот за со него да се прави паралела, меѓутоа сум со моето барање до Министерот сакам да видам дали откако дојде на власт ВМРО-ДПМНЕ војниците никој не ги почитува, ги тепаат и ги киндапираат на граница. Или е тоа тврдење кое што можам да го сведам во рамките на една небулоза, ништо друго освен гол политички маркетинг.

Убеден сум дека во сите овие години откако ја востановивме државата и откако имаме наши граничари дека имало инциденти. И ве молам немојте такви моменти да ги користите за ваква интерпелација. Знам дека сте незадоволни од Министерот, можеби и некој од нас е незадоволен, меѓутоа вакво создавање на критериум пред Македонската јавност, вакво злоупотребување на податоци штети и на вас и на нас и на Владата и на Армијата, на сите. Затоа мислам не ви држат тие обвинувања и морам да ви го кажам тоа.

Исто така Министерот сакам одговор и на тоа за што веќе зборував, за обвинувањата дека некој ги држи волците намерно во касарна 18 месеци.

Констатирам, ова е солидно изграден систем на напад од ваша страна врз Министерот. Меѓутоа, ако го прифатам како релевантен за мене, тоа значи да прифатам дека некој сака да ја уништи оваа држава, а не можам да се сложам дека тоа е така. Или пак ако е така, никогаш нема да се сложам со тоа. Затоа сакам да се одговори на овие обвинувања, мислам Министерот ќе има солидна аргументација и не верувам дека е точно обвинувањето за држењето на елитните единици со сила во касарните веќе 18 месеци.

Лично ги видов пред Владата кога беше косовската криза. Паѓаат во

вода вашите обвинувања. Дали им е единствена формациска определба на специјалните единици да бидат на граница, г-дине поранешен Министер за одбрана? Вие добро знаете тоа не им е единствена формациска задача, добро знаете дека елитните единици не се употребуваат само на граница. Тоа што го тврдите вие, повторно зборува за вас, за тоа колку вие ја почитувате оваа држава.

(Дофрлување на пратеникот Китановски)

А за македонската јавност бидејќи не ве слуша кога ми дофрлувате од место вие сега рековте: „Држете ги вие пред Владата само и се ќе биде во ред“. Владата е институција на системот ние не ги држевме волците пред Влада за да го чуваат Министерот или за да го чуваат било кој што се наоѓа во таа зграда, туку ја чуваа институцијата на системот.

И вие ги чувавте така институциите на системот. да ве потсетам на 1994г. кога протестираше ВМРО-ДПМНЕ и Демократската партија имавте три реда на полицајци со панцири, овде пред Парламентот. Паралелата е следна, вие ги чувавте институциите на системот, стававте барикади, тоа тогаш за вас беше прифатливо, а сега кога другите го прават истото го исмевате.

Да ве потсетам зошто беа волците пред Владата. Затоа што, иако не сум многу надлежен за воени прашања, ме интересира одбраната на државата, таа согласно и вашата интерпелација претставува чест и должност не само на оние кои се во Армијата, туку и на сите граѓани. Беше многу логично кога имаше воена интервенција на Косово, кога внатре во државата беа инструментализирани многу стари алки за да се вовлече Македонија во конфликт, беше нормално да се чува една институција на системот. И во што е тука проблемот? Демек, чуваат ВМРО-вци и затоа треба да ги уништиме институциите на системот, па да не постои државата?! Не ве разбирам, навистина.

Ви одговарам дека не е точно дека волците се во касарна, спред она што јас сум го видел, а нека повели, нека одговори Министерот. Мислам и тој ќе ве убеди дека не ви се точни обвинувањата. Навстина опасно е некој намерно да ги прави овие работи.

Најсетне, пред да ги прочитам податоците од оваа релевантна книга од одбраната, донациите на оружје и воена опрема во 1999г, уште една мала дигресија, одговор на она што го кажа г-динот Китановски.

За ТАТ. Како ќ заврши процесот воопшто не сум загрижен, затоа што ниту имам нешто со ТАТ, ниту пак мислам треба да се одолговечува процесот. Кој што имал во ТАТ, судот ќе каже. Меѓутоа, г-дине Китановски, морам да ве потсетам на една работа, кога веќе го спомнавте ТАТ. Откако изби таа афера, вие потоа 18 месеци бевте на власт. Ако толку бевте загрижени кој бил внатре привилегиран штедач, а кој не, можевте во тие 18 месеци некои работи многу полесно да ги решите и да се справите со октоподот, отколку сега да приговарате. Процесот е при крај и нема потревба повторно да го враќаме вака театрално на говорницата во овој Парламент. Тој и така и така ќе заврши. Кој е виновен ќе оди во затвор или ќе плаќа штети, казни. Добро позната работа е дека се обидувате сите моменти да ги искористите за партиски маркетинг. Не заборавајте најмногу од вашата партија ги имаше што одеа таму во тренерки, кои што ги има на списоците на привилегирани штедачи. Нема потреба да го враќаме тој случај. Случајот ќе биде решен.

Ако се утврди дека Министер или пратеник од ВМРО или СДСМ бил виновен, зошто мислите дека ќе избега од одговорност? Јас сум првиот кој мисли дека треба секој да одговара, и никој не е помалку еднаков од сите нас пред законот. Само единствено маркетинг можам да препознаам во вашиот настап и не ви забележувам. Имате право да се рекламирате, тоа го правите многу умешно во овие 18 месеци. Меѓутоа, мислам дека дојде време и треба да почнеме да ви одговараме на сите обвинувања во детал, ако е потребно и по еден час на говорница.

Донации на оружје и воена опрема во 1999г. Сметам дека овие податоци се релевантни. Ако не се, нека бидат повлечени, спорени. А ќе ги прочитам од проста причина за да ја информирам македонската јавност. Не спорам дека некој претходно ја градел Армијата, но може да ги прочитам овие податоци. Не се тајни, така? Сакам да ги прочитам пред јавноста, но не знам кој степен на тајност имаат? Ќе издвојам само неколку моменти. А ако сакате можеме да правиме и споредби. Неблагодарно е, никој не сака да го спори она што некој го направил претходно, Армијата колку ви значи вам, барем толку и нам ни значи. Ако сме постојано ние, вие, тие, ако се делиме по таква основа, тоа не е добро. Не можете вие со ваши дискусии да излегувате и да обвинувате: „Овие ја уништија Армијата“. Имплицирате дека не ја сакаме државата и ние тоа нема да го премолчиме. Сто пати ќе излезам да дискутирам и ќе ги спорам овие обвинувања. Нема да го спорам она што вие го направивте, но дајте имајте доблест, не спорете го она што сега се прави.

Во овој период донесени се триесет и шест хаубици од 105 мм., 703

митралези 7,62 мм., колку тенкови, колку се е донесено. Може ли да го направи тоа некој кој не ја сака оваа држава? Многу просто прашање.

Иако ако ја употребам реториката ваша, можам многу лесно да кажам дека вие не ја сакате оваа држава. Па после ќе спориме, ќе речете не, ја сакаме. Дајте, да не се надмудруваме кој повеќе ја сака оваа држава! Не верувам дека има предавници во Министерството за одбрана, не врувам дека има предавници во Владата, не верувам дека има предавници кај пратениците. Вие расчистете сами, со ова што го изнесов, многу од вашите обвинувања ги доведов во прашање и се надевав ќе имате доблест тоа да го прифатите. Ако сакате да се надмудруваме, ќе се надмудруваме три дена овде. Има за што да се зборува. Овде издвоивме само неколку податоци, неколку работи прескокнав, затоа што мислам, ќе треба сепак центламенски да му оставиме на Министерот за одбрана повеќе да каже. Благодарам.

САВО КЛИМОВСКИ:

Му благодарам на г-динот Филип Петровски. Господинот пратеник Благоја Хаџински бара реплика.

БЛАГОЈА ХАЏИНСКИ:

Како потписник на интерпелацијата, со оглед на тоа што јавно колегата Петровски го искажа на говорницата, сакам да укажам на тоа дека никаде во интерпелацијата не пишува дали актуелниот Министер за одбрана, академик Кљусев ја сака или не ја сака Р. Македонија. Ниту пак слушнав во досегашната дискусија некој да го постави тоа прашање.

Според тоа, тоа не треба воопшто да се дискутира и не треба да се припишува дека е предмет на интерпелација или дека било кој, повторувам. Било кој го доведува тоа во прашање.

Благодарам.

САВО КЛИМОВСКИ:

Господинот Филип Петровски се јави за реплика.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Да ви кажам дека не ви е основана забелешката. Што сте напишале во интерпелацијата: „Армијата по дефиниција, симболизира чест, должност и татковина. Тогаш може да се каже дека таа не е создадена да продуцира афери и скандали и дека со отсуството на само еден од горе споменатите принципи,

таа го губи епитетот на гарант на безбедноста на државата“.

Морам да ви кажам дека мене ми е сосема јасно што сакате со ова да кажете. Ако отсуствува нешто од ова, и ако се употреби импликација, „Ако-тогаш-следува“, едноставно нешто од ова фали, што беше засилено со настапот на некои ваши пратеници. Да не се надмудруваме околу тоа.

Несреќно вие е сложена интерпелацијата. И помирете се со тоа. Има работи што и мене не ми се допаѓаат. Но, тоа не значи ека вие можете да обвините и да кажете „Армијата го губи епитетот на гарант на безбедноста на државата“. Ако сакате да го напаѓате Министерот, да го ставите во ќоше, можеби требаше да се сконцетрирате на некои други работи. Требаше да бидете многу повнимателни кога ги составувавте овие реченици. Ги доведувате во прашање сите валидни документи што ги има Армијата и не можам да се согласам со тоа. Ве молам да ми простите.

САВО КЛИМОВСКИ:

Му благодарам на г-динот Филип Петровски. Поради реплика повторно бара збор г-динот Ханџиски.

БЛАГОЈ ХАЏИНСКИ:

Му се заблагодарувам на колегата Петровски, што цитирајќи ја, како што самиот рече преамбулата од интерпелацијата, токму докажа дека, ама баш по ниту еден основ не може да се извлече заклучок од тоа дека тие кој ја поднеле интерпелацијата си земаат за право да тврдата дека било кој, а во овој случај Министерот за одбрана Кљусев не ја сака Р. Македонија.

САВО КЛИМОВСКИ:

Повелете г-дине Петровски, имате право на уште една реплика.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Еве сега ја читавме преамбулата на интерпелацијата, иако премногу време му дадовме на текстот, ќе ви кажам каде, во уште два моменти обвинувате. Можеби зборот предавник е премногу силен за вас, но на што сакате да ја доведете македонската јавност со тврдењето дека киндапирањето е договорено со државниот врв. Тоа може само предавник да го стори. Второ, волците се држат во касарна 18 месеци, е нешто што може само предавник да го стори. Мислам дека докажав тоа не е вистина. Ваши беа тврдењата. Тоа индиректно имплицира дека некој ја повлекува ударната сила, ја прави

границата порозна, а со тоа за мене е предавник. Тие два моменти поткрепени со почетокот на текстот на интерпелацијата, многу јасно укажуваат која е вашата намера.

НЕ БИ САКАЛ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДА ОДУМРЕ, ИНТЕРВЈУ ВО МАКЕДОНИЈА ДЕНЕС, 8.7.2000

Каков е вашиот став за идејата за културна автономија на Албанците во Република Македонија која подолго време рее во политичката атмосвера на земјава?

- Моите позиции мислам дека и се прилично јасни на македонската јавност. Мојот став е „апсолутно против“ затоа што мислам дека некои моменти кои што се форсираат, меѓу другото, и таа културна автономија, се само моменти кои што ја туркаат Македонија поблиску до кризата или до дезинтеграција. Албанците во Македонија ги уживаат сите права, согласно со сите меѓународни стандарди и принципи што важат во земјата на западните демократии. Треба да се има благодарност и да се знае кога и каде да се каже „стоп“. Натамошното одвојување води кон дезинтеграција, односно кон се помало разбирање меѓу Македонците како мнозински народ и Албанците како малцинство.

Доколку Албанците од Македонија опстојат во своите настојувања за културна автономија, колку тоа ќе се одрази врз можноста за федерализација на земјата?

- Јас реков дека тоа не е последно ниво, тоа е само една низа барања кои по дефиниција, ќе отидат во таа насока. Не е проблемот во Албанците, проблемот е во Македонците, затоа што тие немаат доволен квантум на разбирање дека тие работи одат во таа насока и не застануваат како народ на едни свои барања, кои би ги значеле, од друга страна, пак, зацврстување на институциите на системот и зацврстување на државата.

Како би можело да се постигне тоа, кога ниту опозицијата, ниту позицијата не сакаат заеднички да седнат и да се договорат?

- Македонците треба да ги погледнат работите со отворени очи. Не треба да се создава страв, од кој, пак, од оваа страна овој корпус, значи македонскиот народ би го турнал во еден екстремизам, кој би бил одговор на тоа што се случува на другата страна, што повторно би довело до несакани последици. Конечно, треба да се развие свест дека Македонците немаат резервна држава, дека оваа држава тие со

векови ја сонувале, а ова генерација ја остварува и оживува. Без разлика што имаме држава, треба да бидеме свесни дека државите како феномен не се стопроцентно трајни. Во новиот светски поредок, во новото поставување на работите во светот, доколку не се согледа дека постои доволно свест за постоење на една држава, тие држави знаат и да одумрат. Тоа не би сакал да и се случи на Македонија.

Двете албански партии во Македонија во моментов се тивки во однос на прашањето за културна автономија, а особено гласни по прашањето на легализирање на парауниверзитетот на Мала Речица. Колку неговото легализирање ќе ги зголеми мотивите на албанските партии за културна автономија?

- Се надевам дека тоа што сега се тивки, ќе биде и натамошен тренд, односно ќе се откажат од таа идеја бидејќи ќе сфатат дека нема потреба од таква идеја, која може само да им наштети на односите на целиот Балкан. Веројатно, тоа ќе предизвика реперкусии и пошироко во меѓународната политика. Нормално е дека тие се насочени кон легализирање на Тетовскиот Универзитет. Тој е историска грешка, која што е направена во 1994 година, од тогашната власт, која што тешко кој ќе може да ја исправи. Најверојатно ќе успеат во тоа да го легалзираат Универзитетот, затоа што се забележува дека за прашањата што за нив се од особено значење, тие знаат да дејствуваат заедно. Во политиките на малите земји во многу се меша и надворешниот фактор. Тие имаат впрегнато голем меѓународен механизам за подршка на тоа што го бараат, и веројатно таа историска грешка тешко ќе може да се исправи. Се надевам дека тоа нема да ја чини целокупната државност на Македонија.

Деновиве, низ градовите на Западна Македонија се случуваат протесни митинзи на студентите и професорите од тетовскиот парауниверзитет. Вие го имате искуството на улична демократија во остварување на некое свое право. Колку тој начин на дејствување е успешен?

- Јас немам никаков проблем со тоа што некој протестира за барање на остварување на некои свои права. Меѓутоа, гледам проблем кога некои протести се случуваат во име на некоја друга земја. Ние

протестиравме, но тоа никако не може да се спореди со ова, затоа што протестиравме за заштита на македонскиот Устав, за заштита на Македонија, за заштита на македонскиот народ и јазик, додека некои протести ми личат како протести за заштита на некоја друга земја. Тука е галвниот проблем. Пратениците од албанското малцинство во македонското Собрание знаат многу често да кажат дека тие се албански пратеници, што асоцира дека тие, можеби, мислат дека тие се пратеници во Албанија. Потребна е поголена свест дека и Тетово и Гостивар се во Македонија.

Очигледно е дека и двете страни треба да направат отстапки. Веројатно, и Вие сте свесни за тоа дека од времето кога протестиравте многу работи се променија?

- Отстапки се прават. Тоа е реалност. Веројатно политиката е чин на отстапување на некое заедничко сеќавање во тоа што се нарекува Аристотелова „златна средина“. Меѓутоа, уште еднаш ќе потенцирам дека е направена голема историска грешка и се надевам дека нема да значи губење на идеалот за кој живееле многу наши генерации.

57-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО, ОДРЖАНА ПО ПОВОД БАРАЊЕТО НА ОПОЗИЦИЈАТА ДА СЕ РАСПРАВА ЗА СЛУЧУВАЊАТА ПОВРЗАНИ СО ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ, 12 ОКТОМВРИ 2000

Денеска расправаме по барање на опозицијата за повеќе моменти кои се поврзани со локалните избори што се одржаа, односно што се одржуваат оваа 2000г. И тоа прашање е од голем интерес, затоа што се случија низа на настани на кои што како собрание треба да им дадеме коментар, односно да се произнесеме за нив.

Токму во таа насока би сакал да дискутирам, да давам свое видување, свој коментар, кој што ве молам да го сметате како личен став. Меѓутоа во исто време да не заборавиме дека сум пратеник на ВМРО-ДПМНЕ, што не значи да ме разберете како нечии апологет или како некој што брани по секоја цена, туку како човек кој ви соопштува личен став.

Прво, би тргнал од расправата што ја имавме во Комисијата за заштита на човекови права и слободи. Денеска на дневен ред се наоѓа и Предлог декларација за осуда на секаков вид на загрозување на личниот интигритед и безбедноста на пратениците. Како еден од предлагачите, денеска се придружив на предлогот на таа декларација, како член на таа комисија да дадам свое видување и размислување за гинезата на некои случувања. Како тргна и до каде денеска стигна. Ние како комисија дојдовме до оваа декларација заеднички. Службите ви ја имаат поделено. Меѓутоа кои беа моите мотиви да се приклучам на декларацијата, а согласно ова што го имаме денеска за расправа во Собранието. Тоа го зборував и на комисијата, мислам нема да биде лошо малку да се потсетиме на некои моменти, за да биде појасно пред македонската јавност што сака да се каже со декларацијата и какви се нашите, моите ставови по овие прашања за безбедноста на пратениците.

Историјата на несигурноста, или на нападите врз пратениците, не почнува со проблемот што го имаат шесте пратеници од ВМРО-ВМРО. Имаше некои случувања претходно кои јасно укажаа што ќе се случува во Македонија во наредните месеци, години без разлика кој ја практикува власта, без разлика кој е во неа, а кој во опозиција. Имаше ситуација минатата година, пред претседателските избори, кога јас бев нападнат, а тоа беше дочекано на нож од опозициските новинари. Ќе си земам за право да ги наречам такви, па случајот беше злоупотребен за политички маркетинг и на крај не добивме никаков исход од тоа. После тоа имавме спротивна ситуација, како зла игран

а судбината. Им се случи да бидат нападнати на некојку пратеници од СДСМ, а тогаш веќе имавме голема галама во јавноста, како незнам што да се случило.

Сочуствувам со пратениците на ВМРО-ВМРО меѓутоа не беа тие први кои имаа таква проблематична ситуација и затоа сметам самата позиција на завземање на двоен аршин денес не доведе да имаме проблеми со безбедноста на пратениците, па да мораме да предлагаме декларации во Собранието, за да се доведат работите во ред. Декларации кои не водат во насока да се обвинуваме едни со други, а во крајна линија, нормално, опозицијата да гледа да ја искористи можноста за да ја нападне власта.

Треба да се напушти таа политика на двоен аршин и политика на заземање на субјективни ставови од проста причина што таа не доведе, донесе ништо добро. Да се заземеше една цврста позиција при првиот напад на пратеник, ова Собрание да реагираше жестоко, без разлика што сум пратеник од позиција, што ја подржува Владата. Да реагираше ова Собрание жестоко ќе имавме ситуација кога некои работи ќе се поставеа на многу појасни основи и денес немаше да имаме такви проблеми. Опозицијата ако беше исправна и искрена во своите напори да ги заштити пратениците, зборувам првенствено за сегашната опозиција, требаше да настапува уште поодамна. Тоа не се случи и еве денес до каде дојдовме. Нормално, претпоставувам дека претходниот Парламент (1994-1998) немаше потреба од декларации затоа што сите пратеници ја подржуваа власта и затоа беа одлично заштитени. Немаше опозиција, да не ширам многу, немаше демократија. Тоа е прашање на оценка.

Денес имаме потреба да ја поддржиме, како прв дел од мојата дискусија да ја поддржиме оваа декларација. Се надевам со неа, ако денес доволно јасно и гласно говориме во Собранието, ќе се застане конечно на патот на теророт, односно ќе се обезбедата пратениците и нивниот личен интегритет за понатаму во вршењето на нивните парламентарни обврски. Се надевам дека оваа декларација е правото решение.

Незнам како размислуваат политичките елити да се справат со политичките неистомисленици. Меѓутоа, досега јасно е дека, ако тргнам од мојот случај, а верувајте сигурен сум не беа тоа приврзаници на ВМРО-ДПМНЕ, се одбира екстремна варијанта. Тоа не е единствен случај, постојано ми се повторуваа такви ситуации. Едноставно треба да се надминеме себеси, да ги надминеме политичките бои, како што реков субјективизмот и да зборуваме како пратеници кои треба да го заштитат овој дом, а со тоа легитимитетот на народот. Барем јас така ја разбирам дефиницијата на Парламентот и неговото функционирање. Затоа ќе ја подржам оваа

декларација, без разлика што не се согласувам со образложението во неа. Му кажав на Претседателот на Комисијата за заштита на човекови права и слободи г-дин Тито Петковски дека ќе ја подржам декларацијата, во неа не гледам ништо спорно, меѓутоа гледам многу спорни моменти во образложението. Во него е наведено дека ги имаме предвид настаните кои се поврзани со локалните избори 2000г. и интегритетот и безбедноста на пратениците кои се припадници на ВМРО-ВМРО.

Мислам треба да бидеме чесни и да се потсетиме на дискусијата. Разговаравме за сите примери и како комисија се согласивме дека ќе предложиме декларација на Собранието која ја подржуваат пратеници кои се припадници, членови на повеќе различни пратенички групи. И декларацијата ќе ги има предвид и ќе ги опфати сите настани кои досега се случиле и кои можеби ќе се случат. Ако бидеме доволно единствени како пратеници сево ова ќе има некаков ефект. Во спротивно ќе имаме и понатака единствено политички маркетинг кој нема да се толкува на ниеден друг начин, освен како хранење на екстремните, радикалните струи и на активистите кои имаат потреба на тој начин да се врзуваат за партиите. Знаеме такви во Македонија има многу, во сите партии. Во таа насока да кажам дека никој во оваа сала не чувствувам за непријател. Иако имаме политички опоненти, иако има луѓе со кои не се согласувам како ја практикуваат политиката.

Денес ќе се обидам некои тези да ги оспорам и на некои многу директни прашања па согласно својата доблест, согласно своето гледање на работите, нека решат дали да одговорат, дали да дадат свое мислење и дали се во право со своите тези. Да видиме дали ќе можат да ги разнишаат тезите кои сакам денес да ги поставам? Тоа, сепак, незначи дека ќе одам на тоа да кревам тензија. Нема зошто да се крева тензија, нема зошто да се оспорува демократското право на дискусија по било која точка во Собранието. Навраќајќи се на работата на Комисијата за заштита на човекови права и слободи мојот став беше да се расправа и да се отворат сите прашања. Впрочем тоа е дефиниција на Парламентот, да ги вкрстиме спротивставените ставови, да и понудиме на македонската јавност размислувања, а таа нека избира каде ќе ја даде својата доверба, каде ќе го даде својот глас. Тоа може да се направи многу покултурно, без кревање на тензија и мислам дека некои вжештени глави треба да се оладат. Има во Собранието такви.

Сега ќе се вратам на локалните избори, а потоа ќе дојдам до случајот „Охрид“. По дефиниција кога станува збор за локални избори, расправаме за тоа кој ќе ја организира општината инфраструктурно, кој ќе го олесни животот

на граѓаните на локално ниво, кој ќе направи да се чувствуваат дека живеат во почиста средина, кој ќе обезбеди вода за пиење, ако сакате расправаме за многу помали работи во однос на работите со кои се занимава централната власт. Така ја доживувам дефиницијата на властта на локално ниво,односно на локални избори, на едно вкрстување на програми кои се насочени околу тоа кој ќе направи повеќе улици, која ќе го среи градот, ќе засади повеќе дрвја, со еден збор ќе го направи градот поблизок до граѓаните.

И не знам што се случи. Не бев многу активен во овие локални избори затоа што имаме парламентарни обврски, а и партиски обврски на други нивоа. Така што можев да направам извесна дистанца, да ги гледам работите малку од страна, да видам како некои луѓе сакаат да ги добијат локалните избори, какви стратегии ќе завземат партиите, коалициите, кој на колку екстремна позиција ќе застане и кој што ќе им понуди на граѓаните.

Да ви кажам, а тоа после можам да го потврдам и со имиња и презимиња, кога ќе зборувам за случајот „Охрид“, опозицијата направи катастрофална грешка со тоа што го повика народот на референдум. И политички аналфабет знае дека референдум се распишува во Собрание, дека постојат уставни рамки во кој може да се распише и спроведе референдум и има начин низ кој може да се помине и да се побара референдум. Вие, господа од опозицијата постојано ги негирате сите институции на системот. Велите во Собранието има мнозинство од други партии, затоа не го фермате Собранието. Во државните органи, во МВР имало луѓе од ВМРО. Значи и МВР не го земате за валидно. Понатака министерство за правда, образование, Претседател на држава итн. Ги негирате сите институции на системот. Тогаш логички, затоа што е запбиколено Собранието по прашањето на референдум останува една работа да се констатира, а тоа е дека вие сакате да изградите параинституции во државата. Според мене вие парадржавно се однесувате. Стојам позади моите зборови, имам право да го кажам моето размислување, а вие имате право да не се согласите со мене.

Прогласувањето на референдум, давањето на референдумски карактер на овие локални избори донесе последици. Никој не бега од тие последици. Имаме мртви имаме ранети, имаме повредени, имаме понижени, имаме екстремизирање на односите помеѓу позицијата и опозицијата. Морам да ви кажам и пак ќе потсетам на таа дистанца што ја имав од локалните избори, за инцидентите не е виновна позицијата, власта. Иако никој не е ангел, никој не вели дека некој можеби не искористил некои полуги. Незнам кој спомна имало вакви работи, имало такви работи. Ќе се вратам на тоа поконкретно.

Јавните претпријатија ги спомна г-динот Никола Поповски. Токму денес, кога дојдов во Собрание добив едно писмо од некој човек, незнам од каде е, не го познавам, ќе ви го дадам бројот проверете го ако мислите дека правиме некои местенки. Вие во се се сомневате, ништо за вас не е релевантно, ништо не е објективно, затоа проверете. Еве ќе ви дадам копија од писмото, има на него телефонски број, г-динот Никола Поповски нека се јави, да видиме дали таму во јавното претпријатие „Водовод“ од Богданци, каде што директорот е член на вашата партија, а таму сте на власт уште од 1990г. дали таму има злоупотребување на средствата за партиски потреби. Ова е еден минорен пример, но не единствен. Затоа немојте да се правите ангели. Понатаму уште пример, јавното претпријатие „Комунална хигиена“ од Скопје. Тоа е целото време облепено, за време на кампањата со ваши постери, а таблата на која стои насловот на јавното претпријатие ја нема поради еден голем постер. За тоа власта ли е крива? Вие создавате привид дека се е контролирано од ВМРО-ДПМНЕ, иако контролирате многу јавни претпријатија на локално ниво. Еве во Кочани од каде што дојдоа „обезбедувачите на изборите“ во Охрид пред некој ден. И таму, во Кочани СДСМ ги контролира јавните претпријатија. Имам тука имиња, после ќе повикам некои од вас да објаснат во каква релација се со нив. Немојте сега ВМРО партизирало се, како да нема други партии во државата. Само ВМРО е виновно за се.

Не сакам никого да обвинувам, но да бидеме малку пообјективни. Некои работи едноставно се злоупотребуваат и мора на нив да се парира. Имам дистанца од локалните избори која што ми дозволува да бидам барем малку пообјективен. Неможе од субјективизмот никој да побегне, ама може да се биде барем малку пообјективен. Еве ви стои на располагање писмото, проверете дали има во него наш обид за правење на маркетинг.

Кога веќе зборуваме за радикализација на односите, кога зборуваме за жртви, цел ден расправаме за тоа колку се влошени состојбите и опозицијата си зема за право да ја напушти седницата додека не се расправа за оваа точка, треба објективно да и погледнеме на вистината во очи и некој да понесе одговорност за тоа. Мое тврдење, моја теза е овие локални избори, ако се третираа локално немаше да се случи никаков проблем.

Вие г-дине Црвенковски ако лета мува околу вас, во овој момент, сигурно со раката ќе мавнете за да ја избркате. Можеби е вулгарен примерот, меѓутоа објаснува дека секоја акција предизвикува контрареакција. Принцип на поврзани садови. Кој како сака нека мисли ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ се

многу потесно поврзани отколку тоа што делува на македонската политичка сцена. Црно и бело, ноќ и ден, плус и минус. И затоа неможе да излезе на прес-конференција г-динот Бучковски, се извинувам што споменувам некој што е надвор од Собранието, меѓутоа размислував на оваа тема. Ако може некој од прес-конференција да прозива, тогаш можам и јас, од тука да го прозивам него. Ако може некој да излезе во јавност да даде интервју, да изрече партиски став дали во медиуми или на друго место, тогаш можеме и ние да му одговориме. Во случајот јас нема да му одговорам. Меѓутоа, ќе прашам на што мислеше г-динот Бучковски кога рече: „Многу сме јаки“, после првиот круг на локалните избори. Мислеше ли дека ние ќе кажеме дека сме многу слаби.

Се обидувам да не внесувам тензија во говорот, изрекувам тези, меѓутоа не сум жесток, немам омраза кон никој. Едноставно барам да си ја понесат одговорноста тие вжештени глави кои не доведоа до ова. Без разлика на се непростливо е да се доведе до овој степен Македонија. Ви велам колку сакате зборувајте за судир, за конфронтација, ама неа не може да ја има ако постои само еден. Неможете вие само да обвинувате по секоја цена, а да бидете чисти. Тоа не е така, не сте чисти. Да си ја понесете одговорноста затоа што ги радикализиравте работите.

А ако има некој што е одговорен од наша страна, да си ја понесе одговорноста исто така. Никого не амнестирам пред закони, никого не амнестирам пред државни интереси, никој нема право да ја загрозува Македонија,ама ни вие. А не, никој нема право да ја загрозува Македонија, ВМРО нема право да ја загрозува Македонија, само ВМРО ја загрозува Македонија. Не! Кога зборувате, кога употребувате таков аршин и такви тешки зборови прво на себе применете ги. Применете го на себе она што сакате да го направите на друг. Кога ќе ја понесат одговорноста некои што доведоа до ваква ситуација во Македонија и кога ќе се заврши еден процес на расчистување со една зла крв што ја има во партиите, тогаш можеме да зборуваме за напредок. Очигледно е дека има застој во демократскиот развој затоа што некои луѓе се и премногу занесени, па и само заљубени.

Сега доаѓм до следниот момент, односно до инцидентот кој се случи во неделата во Охрид, а кој беше и првична мотивација на СДСМ да побара вондредна седница во Собранието. И мислам дека е добро што расправаме за тој случај затоа што се изрекуваат, според мое размислување големи невистини кои можат македонската јавност да ја насочат во погрешна страна, односно да дадат погрешно светло на работите. Треба да зборуваме отворено за овој случај, да видиме кој се беше таму кој даваше инструкции, кој плаќаше.

Да видиме што е запленето како оружје од страна на полицијата, како биле опремени луѓето што беа таму. Да подискутираме малку низ призма на присуство на вооружени лица или како популарно се нарекуваат рекетари, активисти, кои дошле да ги обезбедуваат изборите. За мене тоа е непозната категорија во законите кои што ги имаме за спроведување на избори и на таков начин се продолжува со формирање на параструктури, создавање на некои парадржавни, да не речам против државни структури. А ќе дојдам до тоа противдржавно однесување, ќе кажам малку за тоа кога ќе зборувам за политичкото досие што го добив пред некој ден од полицијата, што го правевте во време на вашето демократско владеење.

Значи сакам да разговарам имам многу информации, сигурно и вие имате многу исто така, па да ги споредиме. Триесет и пет луѓе со девет коли одат од Кочани во Охрид. Да речеме дека не се ракетари на СДСМ, иако знам точно од кого добиле пари за да отидат во Охрид. Ќе го кажам и тоа, но малку подоцна. Повторувам, триесет и пет луѓе со девет коли отишле во Охрид. Да речеме не биле таму со намера да ги обезбедуваат изборите. Вие господа од СДСМ сигурно ќе негирате, можеби ќе ги правдате дека биле на семинар или на туристичко пропатување. Затоа ви предлагам да провериме статистика на туристичките бироа или агенции во последниве сто години, во месец Октомври дали триесет и пет луѓе од Кочани наеднаш биле во Охрид во исти ден! Да одиме малку понатаму, да ја продлабочиме тезата.

Ако биле да ја обезбедуваат изборната процедура, тоа ја докажува грешката на опозицијата, на СДСМ и обидот за рушење на државните институции. Тоа е форсирање на параинституции по секоја цена. Не ви одговара парламентот, не ви одговара полицијата, за владата јасно е дека не ви одговара, не ви одговараат изборните комисии, не и верувате на државната изборна комисија. Добро, можеби малку ги симплифицирам работите, но нека излезе некој од вас и нека каже што му одговара на СДСМ. Која институција од државата на вас ви одговара? Ние бевме 4г. во опозиција. Јас бев активен политички во тој период и се сеќавам. Ако некој е повикан да биде радикален точно тоа е опозицијата.

Опозицијата која што вие ја имавте од 1994-98г. беше вонпарламентарна. Таа тврдеше дека има фалсификат на изборите во 94г, собираше потписи за референдум, кои што вие без никаков проблемги отфрливте. Правевме 300 митинзи, но никогаш не се одлучивме да кажеме ништо не е легитимно во оваа држава, имаме план "Г" или незнам кој план и мирно ќе влеземе во Собранието, или нема мирно да влеземе во Собранието.

Ќе опструираме, ќе бараме пет дена дискусија, ќе ја подграваме тензијата до безсвест во македонската јавност. Луѓето кои не се доволно упатени во хаос се доведуваат. А после се сакате процедурално да ја прекинеме дискусијата, затоа што изгледа толку ви било значајно да зборуваме по ова прашање. И на мене не ми се бендисува што нема присутен никој од Владата, сега тука.

(Реакција на пратениците од место)

Не гледам никого од Владата и тоа ми дава уште поголемо морално право да зборувам. Вие сакате ли да прекинеме со дискусијата, сакате да зборуваме пред македонската јавност или да си одиме? Што сакате?

(Реакција на пратениците од место)

Г-дине Харуни, не сум како вас и ве уверувам дека речникот што го користите од место, согласно тоа како се однесувате како пратеник ви одговара и не ви замерувам.

САВО КЛИМОВСКИ:

Ве молам, да не комуницираме од место. Молам да бидеме парламентарни да се сослушаме. Рековме дека ќе дозволиме секој да говори толку колку што има да каже. Тоа го изгласавме пред да направиме пауза.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Не се обратив на никој, освен некој кој намерно е прозван во мојата дискусија. Можеби сакам да има реплика? Тоа не се однесува на г-динот Харуни, меѓутоа тој е познат како човек кој постојано ја опстуира работа на Собранието. Тој мисли дека околу него се врти целото Собрание.

САВО КЛИМОВСКИ:

Ве молам задржете се на своето.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Да се вратам на случајот –„Охрид“, за кој што изведувам теза која за опозицијата не мора да е валидна, но ја изведувам и велам дека СДСМ прави упад во државните институции. Така го разбирам ова што сум го научил во моето скромно занимавање со политиката.

На вас е, вие мора да одлучите или ќе ги почитувате институциите на системот или ќе се соочите со одговорноста што ја превземате кога одите против нив, на недемократски начин. Нема друго. Вие сакате и како демократи да се претставувате, Да расправаме во Собранието, а надвор од него ниедна кочница, ниедна пречка во однесувањето не си поставувате. Едно со друго не иде. И СДСМ ќе мора длабоко да ја преиспита својата стратегија на настап. Ова не е мешање во внатрешно-партиски работи, но ако се доведува македонската јавност во заблуда треба да се дадат и контрааргументи.

Прашувам уште еднаш, кој сака нека ми одговори. Триесет и пет луѓе со девет коли, според сознанијата што ги имам партиско возило на СДСМ од Кочани и возило со бугарски таблици. Функција-присуство да се обезбедата гласачки места. Во Охрид биле девет коли од Кочани, ама биле 30 коли вкупно од цела Македонија. Имало од Прилеп од Штип, луѓе кои што се доста помлади од мене, организирани од извесен пратеник кој се наоѓа меѓу нас. Од него добиле пари. Стојам позади овие тврдења со сета морална одговорност. Тоа е пратеникот од Кочани г-динот Ванчо Ѓеорѓиев. Тоа се информации со кои што располагам.

(Дофрлување од пратеници: Од каде знаеш?)

Да ве прашам вас од каде ви се извештаите што ги имавте од контаразузнавачката служба, што ги објавувате во весници? Вие оваа држава и администрација ја поседувате многу повеќе од ВМРО-ДПМНЕ, и да не глумиме дека вие се знаете, имате право, а другите ништо не знаат. Дали сте спремни вие како опозиција на затворена седница да ги провериме сите документи што ги има полицијата, ако ги има и да видиме кој е одговорен за тоа што се случуваше во Охрид за време на одржување на локалните избори. Или за вас МВР не е валидно...

(Пратеникот Нано Ружин дофрла од место –„Зошто на затворена, на отворена“?)

Ако сакате и на отворена седница може да разговараме.Ајде да разговараме дали сте активисти луѓе кои земале пари за да извршат одредена задача? Да отвориме дилеми за сите прашања. Немам ништо против доколку имало такви и од наша страна и за нив да дискутираме. Меѓутоа, реков во оваа ситуација се случува принципот „акција-реакција“. Примерот што му го

поставив како прашање на г-динот Црвенковски, ако ми лета мува околу главата, ќе мавнам за да ја отстранам, ако ми тече капка пот, ќе ја избришам. Многу е просто тоа...

(Дофрлување од пратеници. кажете ги имињата)

Има доста имиња, ќе ги кажам не е проблем. Проблемот е во тоа што г-динот Црвенковски бил таму. Согласно со Уставот на Р. М. и сите демократски права и слободи, вие г-дине Црвенковски имате право да бидете каде сакате, кога сакате и колку сакате на територијата на државата. Меѓутоа, таму каде што сте биле вие неколку пати доаѓале лицата од Кочани, биле во ваша близина. На вас како политичар тоа ви е катастрофална грешка и треба да внимавате такви работи кога правите, оти со тоа се радикализира состојбата. Ова е мој став и се надевам нема да ве навредам, немам намера лично да влегувам во полемика, но зборуваме за политичка одговорност. Вие сте лидер на политичка партија. Втор пат во животот ви се обраќам. Прв пат ви се обратив во 1997г. кога дојдов тука како студент, кога побарав да си дадете отставка, бевте премиер, не си дадовте отставка. Според мене беше најнормално да си одите од политиката, вие не си отидовте, уште сте тука и сега си давам за право втор пат во животот да ви се обратам. Мислам дека направивте грешка и ако не вложите сила вие, СДСМ, партиите од таа страна на Парламентот, а и партиите од оваа страна тие работи да не се повторат, Македонија оди во погрешна насока. Зошто да бидете дел од тоа?

Македонија заслужува подобро и уште еднаш ви повторувам не сум ничиј апологет, никого не сакам да бранам, по секоја цена, што е од наша страна. Многу луѓе од кај нас не ми се допаѓаат. Сум го кажал тоа, ама тоа не значи дека сега треба да имам размислување кое што е исто со вашето.

На пр. еден поранешен наш пратеник, што не е веќе во ВМРО, сочувствував со него кога на Комисијата за заштита човекови права и слободи плачеше за своите деца тврдејќи дека не се осеќа безбеден и дека му е страв да ги прати на училиште. Тоа не смее да се случува и немојте ниту вие ниту некои други да бидат дел од тоа. Тоа ми е поентата! Сакам да ги отворам малку посуптилно овие прашања, сакам поемотивно да разговарам, слободно да комуницирам. Некои луѓе подолго се занимаваат со политика од мене, но тоа не значи дека емпиријата, односно староста по секој цена значи мудрост.
Се докажа на овие избори нема баш многу мудрост и се надевам ова ќе биде последно вакво нешто што се случило.

На крај, уште една работа да кажам. Предлагам некои луѓе да престанат да изигруваат големи демократи, посебно пратениците од СДСМ. Ако сакате ќе ги именувам! Пред една недела го земав политичкото досие од полицијата, согласно Законот, што го донесовме, за отворање на досиетата водени од идеолоши причини. Шеесет страници има, поточно 58, кое што е водено во времето на СДСМ. Имиња има. Јас сум, а тоа ми ја радикализира мислата и политички, сум бил 24 годишен студент на кој таа гарнитура му отворила досие како „македонски екстремист“, за што ви благодарам. Тоа многу ми годи, меѓутоа сте ме воделе како човек кој што бил опасен за уставниот поредок на Р. Македонија без никаков доказ и сега некој тука и по повод локалните избори ни изигрува демократ, а се работи за истите луѓе. Па, немате никакво морално право. Многу лесно некои луѓе денес Милошевиќ го споменуваат. Шеесет страници во кои што сум обработувам, од мајка до татко, до приватни контакти. Г-динот Бузлевски и Ило Илоски ги има во моето досие. Прислушкувани се разговори. Мајка ми кога му се јавила на Бузлевски да му каже: „не ги закачајте децата во шаторот, нека бидат безбедни“. Се јавила затоа што полицијата сакаше да не тепа. Г-динот Бузлевски во тоа време беше потпретседател на вашата Влада, прислушкуван е. Го има тука, ќе ви дадам копија и на вас, не е ништо тајно.

Записниците од досието се водени како Строго доверливи, државна тајна. Немојте сега некој тука да ни продава демократија. Некои луѓе нека се погледаат во огледало и најубаво ќе си биде да си одат од политиката. Тогаш ќе биде подобро за Македонија, а не овде тероризам, екстремизам, некој споменува непресметливост, алкохол, а не се погледнува себе. Многу сум присебен кога зборувам за ова, меѓутоа имам голем бес во душата. Кога ми рекоа да го земам досието во полицијата мислев 2-3 страници има. Нешто следеле, протести ваму, таму, дошол некој полицаец, слушнал по нешто од шаторот и крај.

Следен сум од страна на тајните служби и после протестите, за време кога бев Претседател на подмладокот на ВМРО. Анализирани се состаноци на кој сум учествувал по општините низ Македонија. Згора на тоа следена е девојка за која на тајните служби не им било јасно во каква релација е со мене и затоа е проверувана до мајка и до татко.

Јас колку што знам директор на Дирекција за Безбедност и Контраразузнавање се назначува од Влада. Вие можете да одбегнувате одговорност, да кажете дека незнаете што правеле луѓето од ДБК, сепак тоа не ве амнестира од одговорност, затоа што вие сте ги назначиле, тоа се ваши

функционери.

Понатаму, во досието има план како да ми се подметне дрога за да може да се комбинира оперативно. И сега настапувате и Милошевиќ го споменувате, македонската демократија ја споредувате со него. Не, некои луѓе немаат право тоа да го зборуваат.

Од 10 Мај, оваа година не сум дискутирал во Собранието, имам некои свои лични причини за тоа како гледам на политиката, сега. Многу тешко ми паѓаат некои работи. За Законот за високо образование ако некој преживеа пекол тоа сум јас. Меѓутоа, за да се смират тензиите, не затоа што не можев да зборувам, не зборував. Ако го направев тоа ќе станеа десет пратеници од ПДП, на нив ќе им одговореа пет пратеници од ВМРО, па од СДСМ и на крај што ќе се случеше. Малку созреав. Едноставно не зборував долго време, имав свои проблеми кои што сакав да ги расчистам. Но на оваа точка не можат да излезат некои луѓе и со квазиморал да настапуваат пред македонската јавност. Пет-шест месеци не сум зборувал, ако треба уште шест месеци нема да зборувам, ама кога ќе дојде на дневен ред ваква значајна точка во која некој многу лесно ќе бара човекови права и слободи, а истиот тој ангажира луѓе, ги плаќа истите, кои што се страв и трепет во Кочани. Неможе тој да се прави демократ. Расчистете со тоа!

Многу се повикуваат некои присутни од тука на западни дипломати, што на мене како човек што се занимава со политика не ми е допадливо. Ние треба да имаме релација со дипломатите, да ги слушеме нивните сугестии, меѓутоа не е прифатливо да ни е пресудно по секој цена што кажале западните дипломати. Па се зборува по цел ден дипломатите биле за Владата, биле против Владата. Некои луѓе од тука не треба тоа да ги мачи, туку да размислат како да расчистат со сопствените морални проблеми. А ако веќе ги споменуваме дипломатите меѓу другото, како што слушнав тие ни порачаа да видиме колкава одговорност во целата оваа ситуација имаат партиите, а не парламентот и не државните институции. Прашање е колку партиите ја потпалија атмосферата. Кога ќе расчистиме со тие дилеми и кога ќе сватиме дека на избори, макар кога и да биде неможе да има убиства, неможе да има радикализирање на односите, дека се е менливо, секој мандат минува, тогаш народот ќе биде спокоен.

Тоа е единствената цел која дава колку, толку некакво оправдување да се занимаваме со политика. Подобар живот на народот и негово спокојство. Ако навредив некој нека ми прости. Декларацијата ја подржувам и ќе гласам за неа. Дај боже со тоа да сме ја завршиле работата, да не се повтори никогаш

нешто слично и отворен сум за реплика.

САВО КЛИМОВСКИ:

За збор се јави г-динот Бузлевски, бидејќи беше спомнат.

ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Во исказот на г-динот Филип Петровски имаше одредена празнина која може да ја искриви правата вистина. Заради тоа, јас ценам, со оглед на тоа што бев споменат, да ја кажам правата вистина која на свој начин ја одразува правата слика за односот на инструкциите на власта спрема разни манифестации, во случајот таков беше протестот на средношколците и студентите манифестиран преку штрајк со оглед наспроти овој Парламент.

Со право во тоа време некои од родителите беа загрижени за состојбата на нивните деца кои штрајкуваа и најверојатно од потреба за да се процени како ќе дејствува власта во таква ситуација и се јавуваа на телефон. Понатаму, јас незам во кој контекст и како е вградено во спомнатото досие, но разговорот беше на линија дека како родителите стравуваат за состојбата во која се наоѓа нивното дете, во случајот Филип Петровски. Јас сум согласен да се прочита тоа што сум го кажал тогаш, бидејќи се сеќавам дека сум кажал да, во тоа време кога СДС беше на власт и во такви случаи СДС не применуваше сила на такви манифестации, т.е. сакаше низ дијалог да ги расчисти сите потреби кои се создаваа во општеството, па оттаму јас како потпретседател на Владата на Р. Македонија кажав дека гарантирам за целокупната безбедност на Филип Петровски. Тоа се оствари, Филип Петровски еве го, тука е, може да каже дали некој врз него во тие настани се однесуваше грубо или се обиде да се однесува грубо. Господа, во тоа е разликата на владеење во тој систем кога беше таа гарнитура на власт во однос на овој систем кога е оваа гарнитура на власт.

Благодарам.

САВО КЛИМОВСКИ:

Благодарам г-дине Бузлески. Реплика за г-динот Петровски.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Г-дине Бузлевски моето почитување за вас, вие знаете имаме повеќе од пријателска релација и немаме никаков проблем во комуникацијата. Ако бев нејасен, бидејќи опширно зборував сега да дообјаснам. Точно е тоа што вие го

кажавте, копија од Досието ќе добиете, од прислушкуваниот телефонски разговор што вие и господинот Илоски сте го имале со мојата мајка која бара заштита за мене. Меѓутоа да кажам пред македонската јавност, иако правиме испад од темата што е на дневен ред. Се извинувам за тоа, но ако зборуваме за демократија никогаш не е доволно да се зборува. Станува збор за разговор кој што е сниман вонуставно. Сите знаеме дека со Уставот се забранува прислушкување, а вие како тогашен потпретседател на Влада, од вашата Влада сте биле прислушкуван.

Има една работа која мислам дека е многу интересна во врска со досието. Таа докажува дека нема реваншизам од страна на ВМРО, за разлика од тврдењата на СДСМ. Господинот Горан Станковски, шефот на ДБК за Куманово звани Каро...

(реакции заради зборот Каро)

Во Куманово се користи зборот „звани“. Тој и ден денеска не е сменет, началник е за кумановската ДБК. Лично тој потпишал дека УДБК Куманово ќе превземе активности против носителот на Оперативна Обработка „Марта“, на линија на работа „Македонски ексремизам“. Меѓу другото ќе се работи на потврдување на податокот дека носителон на ОО конзумира дрога со цел оперативно комбинирање спрема истиот.

Знаете ли вие каков бес има во мене кога го читам ова.

(дофрлување од пратеници: сменете го!)

Да го смениме, па потоа да го искористите тоа како доказ за реваншизам од наша страна. Така? Дека и ДБК ја партизираме!

Дерегистриран сум од обработка четири дена после победата на избори, на оваа гарнитура, на 4 ноември 1998 година. Вашиот началник во тој документ вели: „беше следен преку изворите Зоки, Ашик, Гемиџија и Бодигард и беше применувана ОТС мерка „Врело“ што всушност е прислушкување. Од превземените мерки и активности беа потврдени противуставните активности на споменатото лице“. За тоа што не се согласував со вас, за тоа ли бев противуставно настроен? Дајте ве молам!

Не е битно, ова може во книги да се пишува, па кога ќе остариме ќе има што да кажуваме на внуците. Меѓутоа неможе некој после такво практикување на власта да изигрува тука демократ. Ако ништо друго оваа власт не прави

досиеа. Ако имате други сознанија кажете. И ден денеска ДБК е 90 проценти под контрола на СДСМ. Речете паушално ги даваме оценките и свесен сум за тоа, но немојте да заборавате како владеевте и какви демократи навистина сте.

САВО КЛИМОВСКИ:

Има збор г-динот пратеник Ванчо Ѓорѓиев.

ВАНЧО ЃОРЃИЕВ:

Почитувани пратеници, г-динот петровски изнесува непроверени тврдења дека јас имам плаќано луѓе со намера да одат во Охрид. Всушност сакаат тие луѓе да ги претстави како ракетари, како платеници кои за пари ќе отидат да завршат некоја работа за сметка на партијата.

Апсолутно не е точно, ниту јас ниту некој од мојата партија од Кочани имаат дадено на некого пари, освен за превоз и за јадење на тие луѓе што беа присутни во Охрид. Тоа не сакаме да го сокриеме. Точно е и дека девет коли од Кочани беа присутни во Охрид како активисти на СДСМ и тоа не сакаме да го сокриеме, ниту можеме да го сокриеме. Но заборава да каже во кого беше пукано, од кого беше пукано и кој беше тепан во Охрид. Благодарам.

САВО КЛИМОВСКИ:

Реплика за г-динот Петровски.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Колега пратеник еве за ваше користење неколку имиња, односно прекари, а вие претпоставувам подобро ги знаете луѓето. Дајте да се договориме да ви ги кажам имињата, ако ми ја гарантирате безбедноста.

ВАНЧО ЃОРЃИЕВ: (од место)

Јас да ти ја гарантирам безбедноста?

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Од каде да знам дека нема да има реваншизам од ваша страна?

БЛАГОЈА СТОЈКОВСКИ: (од место)

Има институции да ти гарантираат безбедност.

САВО КЛИМОВСКИ:

Ќе ве молам дајте да се сослушаме.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Немојте да не зборуваме кој го воведе принципот на насилие, случајот Хард Рок, кој луѓе од СДСМ се задолжени за контрола на рекетарите, па се чувствуваат толку моќни, па можат и на прес-изјави да даваат „многу сме јаки“.

Еве ви неколку имиња на луѓе што земеле пари од вас. (Имињата нема да бидат наведени, бидејќи тоа не е релевантно за книгата)

Што барале тие туристи од Кочани кога заминувале од Охрид со пиштоли, со безбол палки, гасен пиштол, бомба. Интересно е што само за еден пиштол имале дозвола, а за другите не.

СЕ ПОТКУПУВАТ ПРАТЕНИЦИ ЗА НОВО МНОЗИНСТВО, ИНТЕРВЈУ ВО МАКЕДОНСКО СОНЦЕ, 17.11.2000

Господинот Филип Петровски е еден од неколкуминатa млади политичари од Македонија. Тој е пратеник во Собранието на Република Македонија од редовите на најголемата партија на власт, ВМРО-ДПМНЕ. Поразговаравме со него за актуелните политички прашања, за најавената интерпелација на Владата, па и за преостанатите проблеми.

МС: Господине Петровски, како пратеник од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, какви се внатрешно-партиските размислување за најавеното ново парламентарно мнозинство и точни ли се шпекулациите дека доколку Тупурковски излезе од власта, премиерот ќе распише предвремени избори?

ПЕТРОВСКИ: Сведоци сме дека во последно време има наддавање. Опозицијата по секоја цена се труди да создаде мнозинство во парламентот, што мислам дека е легитимно право на секоја опозиција, затоа што секој што е во опозиција се труди да дојде на власт. Меѓутоа, мислам дека премногу нервозно се прават тие работи, затоа што се зголемува тензијата меѓу граѓаните. Сметам дека не е оправдано тоа создавање тензија, бидејќи едноставно ова парламентарно мнозинство, согласно моите сознанија и моите убедувања, не е толку разнишано колку што се тврди. На вториот дел од прашањето - што ако Тупурковски излезе од власта - одговорот е дека и тоа е легитимно право. Ако тој оцени дека не може со ова мнозинство да оствари програми, кои ги има или ако ги има, може да излезе од власта, ништо не е спорно. Но, тоа остава простор за создавање ново парламентарно мнозинство од наша страна, така што мислам дека нема да има предвремени избори, од проста причина што мандатот е добиен за четири години и многу од програмите, многу од стратегијата што е поставена се врзува токму за тиа четири години. Во еден период на жестока реформа каква што ја имаме, сигурно е дека не можеме за дванаесет и дваесет и четири месеци да ги добиеме резултатите. Ние изгубивме да речеме половина од овој мандат да ги поставиме основите, за коишто сметам дека денес се поставени здраво, со добар темел. Мислам дека тие во наредните две години ќе дадат соодветни ефекти кои што ќе ги почивствува народот за кој всушност и се прават.

КОАЛИЦИЈАТА НЕМА ДА СЕ РАСПАДНЕ

МС: Ќе се распадне ли Коалицијата за промени или се уште има шанси

таа да опстане?

ПЕТРОВСКИ: Коалицијата има одредени проблеми, тоа и повеќе од видливо. Според моите согледувања мислам дека ќе опстане, од проста причина што сепак таа Коалиција е повеќе од врзана. Ние настапивме со заеднички листи на локалните избори. Луѓето се блиски и по лична основа, меѓуто постои И идеолошко зближување. Станува збор за проекти коишто заедно ги туркаме две години. Мислам дека нема зошто да не се продолжИ заедно. Но, ако некој смета поинаку, можни се сите варијанти.

МС: Според Вас, дали на најавената интерпелација од страна на опозицијата некаде кон крајот на овој месец Владата ќе падне или пак сметате дека таа се уште ја ужива поддршката од позициските пратеници?

ПЕТРОВСКИ: Мислам дека Владата ја ужива поддршката од повеќе од шеесет И еден пратеник, така што многу тешко дека ќе падне. Но, притоа не се исклучени сите варијанти, затоа што во вакви ситуации постои зголемена нервоза, се слушаат вакви или онакви понуди, се купуваат или поткупуваат пратеници, се и сешто се нуди. Ќе биде интересно да се следи целата ситуација. Но, мислам дека ќе биде задржана оваа позиција, односно дека Владата ќе оцтане. Се надевам дека така и ќе биде од проста причина што треба некои проекти да се завршат и да се видат ефектите од нив.

МС: Се шпекулира дека ќе преминете во редовите на ВМРО-Вистинска македонска реформска опција И дека нема да гласате за доверба на Владата?

ПЕТРОВСКИ: Тие шпекулации јас одамна ги слушам и тие постојано ме следат. Можеби од проста причина што, да речеме, јас од некои работи не сум задоволен. Но, тоа не значи дека незадоволството мора да се манифестира со тоа што некој ќе премине во друга партија. Работите од коишто јас не сум задоволен или не се согласувам во редовите на ВМРО-ДПМНЕ гласно ги потенцирам. Како млад човек се борам за моите ставови, се борам за работите кои не ми допаѓаат и во таква насока мислам дека успевам нешто да променам. Сепак, никогаш работите не се идеални, се знае дека не може по секоја цена да очекуваме дека се ќе оствариме од она што се наши заложби, како поединци. Мислам дека сепак успевам. Заедно со една млада група луѓе едноставно се трудиме да промениме нешто за подобро. Има доволно простор да ги отфрлам тие шпекулации дека преминувам во друга партија. Но, тоа не значи дека не продолжувам да се борам за остварување на некои цели за

подобро на сите млади луѓе. Мислам дека низ ваквиот ангажман можам да ги остварам.

БЕЗОБРАЗИЕ ОД ОПОЗИЦИЈАТА

МС: Премиерот Георгиевски се пофали со зголемениот државен Буџет. Но, коментарите од народот и од опозицијата се дека тој парите ги враќа на оние коишто предходно ги соголил и дека овој модел не е ефикасен?

ПЕТРОВСКИ: Мислам дека не е така. Од страна на опозицијата станува збор за евтин популизам, затоа што тие со слатки зборови сакаат да му се обраќаат на народот, дека тие едноставно се грижат за нив, дека ВМРО-ДПМНЕ ги соголило, дека ги ограбило или незнам што друго. Едноставно, станува збор за суфицит кој што прв пат се појавува и според мое мислење тој е создаден од домаќинско работење, затоа што се намалува сивата економија, големите сопанственици, коишто станаа тоа ефтино приватизирајќи големи фирми во времето на СДСМ, се натерани да плаќаат данок на државата. Тие станаа големи стопанственици купувајќи фирми во времето на СДСМ, а она што го должеа на државата не го даваа. Сега државата поздраво ги поставува своите основи. Едноставно, ги спроведува реформите, рамката е позаострена. Меѓу другото, воведен е и Данок на додадена вредност, кој што целиот модерен свет го познава и е многу ефикасен во оваа насока. Ефектите се тука. Сега се појавија вишок пари. Тие пари се од домаќинска народна власт и сакаме да ги вратиме на народот. Постојат програми и начин како тие да му се вратат на народот и ќе му се вратат. Не можам да сватам до каде ќе оди безобразието во тој популизам од страна на опозицијата на парите што му се враќаат на народот да им наоѓаат маана. Едноставно, се оддадовме на една маратонска расправа, на маратонска дискусија, одолговлекување на расправите во Собранието, само да не дојде до ефектот којшто ние го предвидуваме, а тоа е народот да ги почувствува тие пари, односно да не дојде до една ситуација во која тиа како опозиција ќе добијат негативен поен. Мислам дека објективно треба да ги гледаме работите. Оваа власт има одговорност за сопствениот народ и мислам дека тоа многу брзо ќе се види. Овие пари од суфицитот брзо ќе стигнат до поединци и луѓето на кои што им се наменети и ќе се види дека моделот е ефикасен. Наредната година ќе се оди со намалување на персоналните даноци, ќе се оди со наредни реформски зафати и мислам дека многу брзо работите ќе се движат во позитивна насока.

МС: Вие најавивте тужба против екс-министерот за внатрешни работи, г. Томислав Чокревски, за полициското досие кое за Вас го водеа во времето на студентските протести во Скопје во 1996 година. Врз основа на што се должи ваквата одлука и до каде е постапката со пријавата?

ПЕТРОВСКИ: Македонската јавност јас ја запознав дека за време на студентските протести во 1996-1997 година, но и во 1997 и 1998 година, ми е водено идеолошко досие, затоа што не бев истомисленик на СДСМ, односно на тогашната владеачка гарнитура. На мое големо вчудовидување јас го добив досието коешто има шеесет страници и кое го објавив целосно во весникот „Македонија денес“ и согласно моите демократски определби го ставив на увид на македонската јавност. Меѓутоа, морам да кажам дека досието е водено надвор од сите законски регулативи, прислушкувани се телефонски разговори коишто се надвор дури и од уставните определби за темелните права и слободи на поединецот со што мислам дека се нарушени сите мои основни права и слободи, а и моето право за политичко занимавање и ангажман. Најавив тужба против Чокревски. Таа сеуште не е поднесена, затоа што ги подготвувам деталите. Во моментот го водам второто ниво на истрага, односно доставувам барање до МВР да ги видам имињата на доушниците, коишто не ми беа доставени во првото ниво, првиот степен. Откако ќе ги добијам сите потребни податоци, ќе поднесам тужба, која што се надевам ќе биде позитивно решена, затоа што станува збор за крунисување на еден зафат којшто Македонија конечно се одлучи да го донесе. Педесет години се водени досиеја на неистомисленици на власта. Луѓе се гонети и затворани, прогонувани, уништувани им се приватните животи, иднината и семејствата. Мислам дека Македонија го направи првиот чекор со тоа што донесе Закон за отворање на досиејата. Вториот чекор е да го осуди тоа и конечно да се затвори таа постапка. Тие што си земале за право да се најдат над законот и над Уставот, треба да ги стигне лицето на правдата, така што можам да најавам дека оваа работа ќе ја водам до крај.

„РАДКО“ НЕ Е МОЈ ПРОБЛЕМ!

МС: Пред две недели се случи инцидент при промоцијата на Здружението „Радко“ на кое присуствуваа неколку пратеници на ВМРО-ДПМНЕ. Колку ваши пратеници, односно членови присуствуваа, дали нивното присуство значи дека тие се чувствуваат како Бугари? Вашиот став за „Радко“?

ПЕТРОВСКИ: Прво, јас не знам дека присуствувале пратеници на ВМРО-ДПМНЕ и тоа првпат го слушам од Вас. Дури можам со сигурност да тврдам дека не присуствувале, така што одредена дистанца е добро што се има од тој инцидент. Тие што го направиле инцидентот нека ја сносат одговорноста. Мојот став за „Радко“ е многу обичен и монгу нормален. Невалидно здружение може да функционира. Секој којшто сака невалидно да се здржужува нека се здржужува, демократски нека се здружува меѓутоа нека не ми наметнува недемократски свој став мене или на некој друг. Ако тие луѓе се чувствуваат како пробугари или Бугари, тоа е нивен став, тоа е нивен проблем а не мој.

МС: Во Бугарските весници („Труд“, „24 час“, „Литературен форум“ итн.) беа објавени текстови во кои се вели дека Георгиевски и половина од министрите се чувствуваат како Бугари, дека зборот Македонец значи Бугарин во Македонија. Постои ли бугарофилство во највисокото раководството на ВМРО-ДПМНЕ и воопшто во државата?

ПЕТРОВСКИ: Знаете дека неблагодарно е да ги коментирам бугарските весници. Меѓутоа, можам да кажам дека како што има вжештени глави во Македонија, така ги има и во Бугарија. Како што некој сака да впише евтин популистички поен во Македонија, така некој веројатно сака да го направи тоа и во Бугарија. Да не се навраќаме многу на историјата. Денес разговараме од современа перспектива, така што да не ги објаснуваме историските наследства, секој ги знае и има право да избира во што ќе верува. Едноставно, не би сакал да коментирам и ќе го задржам тоа како став дека некои работи треба да се земаат со доза на резерва. Дека министрите и Георгиевски се чувствувале како Бугари мислам дека е евтин трик. Нема такво нешто. Можеби постои во сопствените определбина некои поединци и тоа е нивно право. Не им го одземам.

МС: Како ги коментирате пишувањата на г. Георгиевски во нашите весници, каде се вели дека уште Тодор Александров зборувал за македонски Бугари, дека во нивните документи прочитал дека ВМРО-Обединета воопшто не споменува Македонци, туку Македонци-Бугари, дека скоро сите наши револуционери и преродбеници биле Бугари. Потоа размислувањата на министерот Маријан Ѓорчев дека еден народ сме и во таа насока објаснувањата на Георгиевски Што лошо сме виделе од бугарите, дека заедно со госпоѓицата Димовска и бугарскиот амбасадор во Македонија, Ангел

Димитров, формирано е здружение за добри односи меѓу Македонија и Бугарија, а на неговото основачко собрание воопшто ништо не е спомнато за Македонците?

ПЕТРОВСКИ: Ништо спорно за цитатот. Не сум компетентен да коментирам ставови на други луѓе. Македонската јавност е таа што пресудува и носи ставови за политичарите, таа им ја дава или им ја одзема довербата. Неблагодарно е да коментирам изјави на луѓе кои што се или на државни или на партиски позиции. Мислам дека нив треба да ги прашате за нивните ставови. Како млад човек, сметам дека на Балканот треба да постои соработка помеѓу сите народи и држави и да постои почит од двете или сите страни, сите треба да се признаваме и да не се негираме и Балканот сигурно ќе оди напред. Според мене така треба да размислуваме, да не се оптоваруваме со тоа. што било како било, затоа што во темните лавиринти на историјата многу лесно можеме да се загубиме.

МС: Како ги коментирате размислувањата на Младен Србиновски објавени во неговата книга Обеди ништожност, во која тој зборува за наводните бугарските корени на македонскиот јазик и народ?

ПЕТРОВСКИ: Таа книга не сум ја читал. Верувам дека во блиска иднина нема да најдам време да ја прочитам, така што неможам да коментирам. Прашајте го Младен Србиновски.

63 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПРОДАЖБА НА МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ, 20 ДЕКЕМВРИ 2000

Господине Претседателе, дами и господа во врска со денешнава седница, односно Информацијата за продажба на македонскиот телеком сакам да изнесам свое видување, со некои тези на опозицијата да полемизирам и на крај да дадам свој став во врска со ова прашање, кое што предизвика доста полемики во јавноста и е прашање од висок политички интензитет, третирано безмалку од секој граѓанин на нашата држава.

Оваа седница е свикана по барања на опозицијата и според мене е сосема оправдано кога опозицијата ќе постави барања за дискусија по било кое прашање што е од ваков интерес, или пак во одредени случаи и од понизок политички интензитет, ние да се свикаме и да расправаме, што според тоа како ја разбирам државата, дефиницијата на институцијата во која што работиме, е нормална работа, нешто за кое што ние сме тука. Ова прашање е од јавен интерес и треба да му обрнеме посебно внимание добро е што опозицијата побара да разговараме.

А сега, накратко нешто во врска со процесот на приватизацијата на телекомот. Го следев излагањето на Министерот и она што го фатив како прибелешка, процесот е беше транспарентен, отворен, со задоволство на сите учесници што можевме да го видиме и од учесниците и од македонските медиуми, односно можевме да заклучиме дека нема некој проблем кој што трајно стои зад приватизацијата или некаква мистификација која што ја доведува во прашање целата приватизација, кредибилитетот на Владата, или пак нас како законодавен дом. Јас се согласувам, приватизацијата на македоскиот телеком е извонредно значајно прашање за надворешниот рејтинг, углед и имиџ на државата и за градење на доверба во процесот на приватизација кај нашите граѓани, кај политичките субјекти, токму со транспорентноста, објективноста и отвореноста, за која што како пратеник немам зошто да се сомневам, односно немам во што да се сомневам затоа што се потпирам на моите сетила, посебно на видот и слухот. Она што го видовме и слушнавме, ако сакаме да бидеме објективни води во таа насока.

Се поставува прашање од страна на опозицијата, кое што е доста експлоатирано дека овој процес ги загрозува македонските национални интереси, дека се делат провизии, Владата не води сметка за ништо во државата, подготвена е се да распродаде и оваа Влада е, она што го слушаме изминативе две години, најлоша од сите можни влади во постоењето на

независна Македонија и едноставно не внимава на ништо што прави, ги запазува само личните интереси. Јас не би можел да се согласам со оваа констатација од причина што повторно со повикувам на тоа што е договорено при приватизацијата Владата обезбедува учество во телекомот на ниво на Одборот на директори, Владата задржува право на вето, ја поседува златната акција и правото на вето може да го искористи кога станува збор за стратешки и национални интереси. Според тоа нема зошто да се сомневаме во Владата, ако ги задржува овие можности и дека нема да ги искористи. Од таа гледна точка би сакал да дадам своја оценка, сите тие настапи што ги имаше опозицијата, без разлика дали е во Парламентот или надвор од Парламентот се настапи односно ефтин политички маркетинг во кој што голата борба за власт доминира и се забораваат токму од опозицината страна македонските национални интереси, доведувајќи ја Македонија во позција да надворешните фактори сметаат дека ние во државата не можеме на ниедно ниво, во ниедна институција или пак за ниеден национален интерес да имаме минимум консензус. Значи, ги доведуваме во прашање сите работи, го доведуваме во прашање функционирањето на било што, само за да се запази сопствениот теснопартиски интерес. Така, се соочивме со опструкција, сведоци сме на невидено жестока кампања која што се води од сите расположливи средства. Опозицијата „пука“ од сите калибри, ова сватете го со ограда, немојте како војнички термин да го разберете, пред се мислам на злоупотреба на сателитските придружни организации кои што ги има на располагање опозициониот СДСМ, која што неможам да ја оценам како борба за прекинување на процесот на привартизацијата на Телеком, туку како начин, односно скалило како да се дојде на власт.

Во таа насока би сакал, бидејќи сметам дека во парламентарната работа, или добро подготвен настап во Парламентот треба да се имаат и аргументи, односно ако се настапува како пратеник кој што се согласува со приватизацијата на Телекомот, ако излегувам како пратеник кој што доаѓа од страна на позицијата, или пак ако настапувам како пратеник кој што сака да спори со опозиционите ставови, сакаме да се повикаме на одредени работи, на одредени писанија. Тие работи се евидентирани, докуметирани во македонската историја, иако станува збор за поблиска историја, односно за документи кои сеуште не се објавени од Институтот за национална историја, меѓутоа овие писанија еден ден ќе бидат достапни на Институтот и врз основа и на нив ќе се пишува историјата на Македонија од 1997/98 година.

Дами и господа, јас овде имам за вас...

(Покажува од говорница полна папка со документација)

Не се плашете, нема да го злоупотребувам времето што го имам добиено за зборување на говорница, имам за Вас еден сет писанија кои што се објавени во Нова Македонија, во Плус и во Вечер во периодот од 1997 и 1998 година, а се во врска со приватизација на македонските телекомуникации.

За оние што заборавиле да потсетам дека 1997 и 1998 година на власт беше СДСМ, имаше своја Влада, имаше свој министер со денешниот ресор, имање свој директор во Македонски телекомуникации, до детали е објаснет процесот на приватизација. Издвоив неколку писанија за кои што мислам дека се многу пластични и флагрантно можат да ни го доближат примерот околу тоа како тогашната власт, денешната опозиција градела свој став околу продажбата на Телекомуникациите. Ова го правам од проста причина затоа што сметам дека оние кои што на овој начин се изјаснувале пред две до три години можат, меѓутоа е недозволиво, политички можат, мечутоа етнички е недозволиво да изигруваат камелеони пред македонската јавност, пред македонските гласачи и да се и да се прогласуваат за светци и единствени заштитници на македонските национални интереси. Затоа што станува збор за изјави, станува збор за интервјуа, станува за пишување на новинари блиски до власта во тоа време, кои што нема да ги именувам, меѓутоа ќе ви дадам датуми и ќе ви ги дадам весниците за да можете вие да ги прочитате, а ако сакате ќе ви го доставам и материјалот да си го исфотокопирате и да бидеме малку пообјективни. Тоа можам да го направам затоа што во прашање е македонската јавност која што деновиве се повикува на граѓанска непослушност, се повикува на бунт, некои партии повикуваат на подигање на тужби за да се сопре продажбата на телекомуникации, а ако не се лажам имаме и тужба од правното биро на СДСМ, извинете ако не го погодив правилно насловот на бирото, но дека има тужба од тоа ваше биро е и повеќе од јасно. Тоа значи дека можам да ви се обратам...

(Дофрлување на некои пратеници од место)

Не, мислам дека не е политбиро.

СТОЈАН АНДОВ:

Нека си зборува слободно пратеникот што има збор.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Благодарам претседателе. Значи, мислам дека не станува збор за политбиро, незнам дали интерно така се вика, но разбрав дека се вика правно биро на СДСМ. Тоа сега води спор за сопственоста на Телекумуникации. Ќе издвојам неколку писанија за да видиме што се пишувало во време на Владата на СДСМ, како се гледало на приватизацијата на Телеком. Текстот се вика „Најскапоцениот камен на круната“ од 21.02.1997 година објавен во Фокус. Текстот завршува: „Ова што се случува во моменти кога владиниот кабинет влегува во постапка на оценка на причините за многу лошата партиципација на странскиот капитал во македонската економија. Со добрата реализација на овој проект работите можат да тргнат по саканиот правец. Мене не ми останува ништо друго туку да заклучам дека владиниот кабинет сака да го приватизира Телеком. Да не ве замарам, да не одам во многу долга експлозиција на текстовите, меѓутоа морам уште нешто да ви доближам.

1997 година 30 Октомври, текстот се нарекува „Дон Перињом“, објавен во Пулс. Значи, сега Владата се надева и на свои екстра поени пред македонската јавност или на екстра активности од парите што ќе ги добие од Телеком. Во меѓувреме целата ова телекомуникациска епизода ќе има и свои споредни споредби, меѓутоа исто така исклучително важи финансиски отклони. Како што дознава Пулс минатата недела бил постигнат конечниот договор меѓу македонскиот Премиер. „Во тоа време г-динот Црвенковски беше Премиер кој што го нема денеска да присуствува на оваа седница“, и гувернерот на Централната банка за искористување на значително парче од овие телекомуникациски долари за формирање на долгонајавуваната Мат-мес банка за поддршка на македонскиот извоз. Значи вие сакате да ги искористите парите, имавте конкретни приекти и сега јас можам единствено да заклучам дека болката не е во тоа што ќе се приватизира македонскиот телеком, ама кој ќе ги користи парите. Всушност финансиската партиципација во формирањето на банката ќе биде само дел, во секој случај битен од владината програма на која што се работи за искористување на доларите до приватизацијата на Телекомот. Нема никаков сомнеж дека доларите ќе се искористат и некој сака да го приватизира Телеком. Тука има 30-тина, 40, можеби и 50 текстови кои што се пишувани како ќе се искористат парите. Морам да ви кажам не најдов ниеден ред, ниедно зборче на критика дека се продава најскапоцениот камен во круната на државата, златното јајце, најпрофитабилната фирма и поради тоа што се продава некој ќе ги украде

парите, или затоа што се продава македонскиот телеком се загрозени македонските национални интереси.

Сакам едно прашање да и поставам на опозицијата и да полемизираме, а можете и да не ми одговорите. Како можете да ги доведувате македонските национални интереси во прашање кога го продава оваа Влада Телеком, а да не ги доведувате кога ги продаваше вашата Влада? Како можете да ги доведувате во прашање провизиите односно криминалот да го туркате по секоја цена напред кога владее оваа Влада за разлика од вашата Влада? Има милион примери, ако сакате ќе зборуваме колку проценти од македонското стопанство или благото, од богатството на Македонија вие го приватизиравте, па не се сеќавам дека бевте доблесни да изјавите оти имало криминал, а криминал, во стилот на една изјава на Претседателот на Собранието, „криминал имаше“.

Доаѓам до една клучна работа, кога зборуваме за приватизацијата на Македонските телекомуникации, барем според моја проценка.

Се води кампања во јавноста дака Македонските телекомуникации им припаѓаат на сите граѓани, дека во времето на социјализмот сите сме вложувале, па сега да си бараме дел назад да ни се врати, кои се тие од оваа Влада да ја приватизираат, да ги приватизираат Македонските телекомуникации, па тоа е наша пот, ние 50 години го создававме Телеком. Меѓутоа, незнам зошто, а уверен сум нарочито заборававте некои работи кои ги направи Вашата Влада. Во принцип не сакам да префрлуваме наша-ваша Влада, или пак да си дозволувам да влезам во ризик со тоа што ќе зборувам за некои претходни времиња да дојде некој од Вашите дискутанти, па да каже Вие ги добивте изборите и немате право сега да жалите, Вие сте сега единствени виновници. Меѓутоа, дозволете ми да поставам неколку прашања. Во принцип секогаш кога дискутирам и поставувам прашања на кои не одговарате - мала дигресија, Ви поставив прашање за политичкото досие минатиот пат, никој од Вас не се огради како пратеници кога зборував. Во принцип не сакате да одговарате на тоа, но не значи дека и ние не можеме да ги поставиме прашањата, нека си одговори македонскиот гласач. Станува збор, кога зборувам за претходниот период, со сите огради од ризикот што можете да ја свртите дискусијата дека тоа е период за кој не треба да дискутираме, една според мене круцијална работа која можевте да ја направите ако бевте толку многу заинтересирани за македонскиот гласач, ако бевте толку многу заинтересирани за за македонскиот граѓанин или пак ако сакате за македонските национални интереси. Текстот во „Вечер“ од 18

Декември 1997 година „Пререгистрација - основа за приватизација“, вели "онака како што беше договорено со Европската банка од Лондон која влегува во предприватизациониот процес на Македонските телекомуникации, Владата на својата последна седница донесе одлука за трансформација на ова претпријатие од јавно во акционерско друштво, кое ќе биде во државна сопственост. Ова мислам е клучниот момент кога господата од СДСМ и нивната коалициона Влада со сите учесници од тоа време создадоа можност да се приватизираат Македонските телекомуникации и во тоа време не размислуваа како што денес се претставуваат, за македонскиот гласач, македонскиот граѓанин, парите вложувани 50 години во приватизацијата, за она за кое денес раце ќе испокршите само за да допрете до македонскиот гласач. Дилемата е расчистена, Вие го направивте тоа со намера да ги приватизирате Македонските телекомуникации, што не е спорно од моја страна. Секаде во светот практиката покажува дека Телекомуникациите се приватизираат посебно во пост-комунистичките земји. Оваа приватизација ќе донесе многу пари или вкупно ќе донесе пари од целата приватизација до сега што е направена, а со овие огради што ги поставивме, право на вето од страна на Владата за заштита на стратешките интереси, „златна акција“, не се доведува во прашање ниту еден стратешки национален интерес.

Можеме да заклучиме, СДСМ или опозицијата прави маркетинг кој не е издржан. Јас Ви го оправдувам маркетингот, Вие имате потреба да излезете со нешто пред македонскиот гледач. Нормално е да му го кажете на македонскиот гледач она што сака да го слушне, дека Вие ќе му дадете пари, Вие ќе ги зачувате македонските национални интереси, дека она што се создаваше 50 години еве Вие сега да сте на власт не би го продале. Меѓутоа, да се повикаме на примери. Ако се повикаме на она што го пишува во весници како избор од Владата, а знаеме „Пулс“ во тоа време чиј беше и ако се повикаме на конкретни чекори што ги преземала Владата, едноставно станува збор за подготовка за приватизација, а денес станува збор за еден прост врисок да не се приватизира овој Телеком и за да не може да се искористат парите во македонската економија. Незнам зошто да не се сомневам, односно зошто да не се сомневам во намерите на Владата, а впрочем претпоставувам дека и Вие ќе бидете доволно агилни па ќе соберете од 1999 и 2000 година списанија, па претпоставувам ќе ги соберете и сите изјави на сите челници и на Владата, министерствата и Македонските телекомуникации и врз основа на нив ќе можете да ги прозивате или да ги повикувате на одговорност луѓето кои го направиле ова, доколку ја има. Меѓутоа, во спротивно предлагам таа гола

реторика, тоа форсирање на сопствената егоцентрична нарцисоидна да го прекинете, затоа што не мора и не е позитивно и не Ви носи никаков поен, центарот на светот да го проектирате кај себе и во тој центар на светот да се гледате самите себе си како најубави и најумни. Едноставно, некои интереси одат и над нашата партија, и над Вашата парија и дека можам слободно реторички да злоупотребам некои Ваши моменти, чекори и однесувања, па да Ве прогласам за антиреформски, не сакате приватизација, да Ве обвинам со тоа дека не доаѓате постојано на гласање на Законот за одбрана и да ви набројувам ред примери во кои се инаетите како мали деца. Меѓутоа, тоа денес нема да го направам. Ќе ве повикам да се посетите на она што беше, да се потсетите на тоа како беше во Ваше време и не го направив тоа злонамерно или инаетички, го направив тоа за да Ви дадам на Вас во предвид некои работи кои што сте ги заборавиле многу брзо, да му дадеме можност на македонскиот гласач уште еднаш да се потсети на некои однесувања. Политичките чекори од пред две три години не треба толку лесно да се забораваат. Конечно, да престанете да не прозивате за македонски национални интереси, туку ако сакате да зборуваме за македонски национални интереси, да се свикаме аргументирано и без инаетење да дојдеме и да ги искристализираме, бидејќи тоа е нешто што нам ни недостасува, но тоа не е момент кој што треба да го злоупотребувате во време на приватизација на Македонските телекомуникации.

Од моја страна, мислам бев доволно јасен, приватизацијата треба да се заврши поради доброто на македонскиот народ. Се надевам парите нема да завршат, како што некој сака злонамерно да каже, во туѓи џепови, односно во приватни џепови, нема да се испокрадат, дека брзо ќе го почувствуваме ефектот. Парите ќе одат на посебна сметка и сигурно ќе може да бидат лесно проверливи каде завршиле парите. Гледаме, меѓународниот фактор едноставно ги набљудува овие работи. Сигурно нема ние како некои каубојци да се одлучиме до државата да направиме салун, како што опозицијата сака да направи и конечно да се заврши овој процес на приватизација на Телеком кој што сигурно ќе има позитивни ефекти за македонската држава.

80-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ГОВОР ПО ПОВОД ОТВОРАЊЕТО НА ПРОЦЕДУРАТА ЗА ПРОМЕНА НА УСТАВОТ, 31.08.2001

Дами и господа,
пред да започнам со дискусијата морам да кажам дека ретки се седниците на кои се дискутира за прашања со ваква историска важност за една држава и би потецирал со ваква историска важност за еден народ, мислам на Македонскиот народ.
Денес оваа процедура на одржување на седница, односно отварање на процедурата за промена на Уставот за некои ќе биде гордост што се пратеници, меѓутоа, за некои ќе биде срам што се пратеници, а тој срам предвидувам, еве си давам за право, иако претходниот дискутант рече дека не е Ванѓа, меѓутоа, не мора да се биде Ванѓа за да се видат вакви работи, предвидувам дека некои презимиња со векови ке ги следи овој срам зошто учествувале во предаството на идеалите на многу генерации македонски синови. Ова посебно се однесува на македонскиот дел од овој парламент.
Би сакал да најавам дека сакам да зборува, малку за историјатот на проблемот понатаму, сакам кратко да го анализирам документот, Рамковниот Договор од Охрид, што ни е предложен од страна на Претседателот на државата и понатаму сакам да зборувам за некои прашања кои се наметнуваат во целата процедура, некои дилеми кои се поврзани не само со документот, некои дилеми кои излегуваат малку повеќе и пошироко опфаќаат едни комплексни односи за тоа како ни е уредена заедницата, државата,како функционира овој парламент и кои се тука предавници а кои заштитници на интересите на македонскиот народ, кои се против, кои се за.
Сега, ако ми дозволите, кратко за историјатот, се одлучив да зборувам за историјатот на овој проблем затоа што не сметам дека војната, војна внимавајте, ги користам термините на г-динот Црвенковски, го слушав денес кога дискутираше, неколку пати рече војна. Значи, не сметам дека оваа војна трае шест месеци и дека е ова феномен што ни се случува од февруари и едноставно како таков треба да го акцептираме и да бараме одговорност односно да промислуваме и размислуваме за период од шест месеци.

Јас мислам дека целата ситуација има корени најмалку 50-години, меѓутоа ќе се задржам на годините на суверена и независна Македонија.

Несакам да зборувам за тоа дека дедо ми од 1950 до 1956 година живеел во Тетово и се борел против балистичките банди на Шара. Тоа е семејна работа. Меѓутоа и тоа докажува дека има историјат ова што се случува на

Шара.

Ќе се задржам на годините на независна и суверена Македонија, мислам дека тоа не интересира и мислам дека никој нема право да ми каже дека со тоа што ќе анализирам и со тоа што можеби нема да се согласам со таканаречениот мировен план, јас сум предавник, а тој е заштитник на македонскиот народ.

Како ќе гласам ќе ви кажам на крај, прво дозволете ми да ја образложам мојата замисла, размисла околу овој проблем кој ве уверувам дека дење, ноќе ме мачи. Се срамам понекогаш што сум Македонец, се тргам од луѓето на улица затоа што незнам што да им кажам. После ова, ако прифатам некои тези и предлози мислам дефинитивно не ми останува ништо, на кое што како македонец ке можам да се гордеам.

Да одиме со ред.

1992 година се одржа референдум за Илирида или може би не се сеќавате?! Да се потсетиме која партија го направи ДПА или ПДП, мислам дека пратениците знаат, за оние што незнаат ПДП, затоа што ДПА тогаш уште не беше ни оформена

(Од место некој викна заедно).

Заедно? Еве, добивам сугестија од албанските пратеници дека заедно ја правеле Илирида. Токму тоа е потврда на она што денеска го правите дека нема искреност, ви благодарам вака што ми сугерирате, сега кога ќе ги образложувам другите постулати, ве молам исто така сугерирајте ми, јас сум сконцентриран ќе ве слушам и ќе ги прифатам вашите сугестии. Затоа што ова не е дискусија што е напишана, јас ова го имам во глава и ви кажав мене ме мачи, и многу ми е жал што не ги мачи сите македонски пратеници. Иако денеска не сум подготвен ад хок да обвинам луѓе за предавство, како што тоа некој го стори во претходните дискусии. Зависно од тоа како ќе гласал некој ќе бил предавник или заштитник на македонскиот народ. Тоа, барем на мене, никој нема право да ми го претстави како такво и јас да го прифатам и после тоа да мислам дека тоа е некаква догма.

Да се вратам на 1992 година, референдумот за Илирида. Сметам дека тогаш пратениците, односно тие што гласаа за Илирида јасно кажаа дека сакаат да излезат на левата страна од реката Вардар, тој дел од Македонија да оди во голема Албанија, заедно со Косово, заедно со делови на Црна Гора и заедно со делови на Грција. Ги имате тие карти, често излегуваат во весници,

ако немате, читајте во македонските, затоа што ги преобјавуваат.

За мене тој референдум е јасен доказ дека постои потреба да се распарчи оваа држава уште во 1992 година. Заврши како што заврши процесот, дојде 1994 година и тетовски универзитет, односно неговото прогласување.

Г-динот Бранко Црвенковски, рече дека денеска нема намера да ги заострува работите и дека нема намера да ги преиспитува причините, туку дека ќе погледне визионерски во иднината и дека ќе донесе некои заклучоци, кои ќе бидат за мир, што директно посочува на тоа дека ако некој ги покаже причините, ако некој ја разгледува алката во случувањата.. Шекеринска, ве молам да не ме прекинувате, бидете сконцентрирани.

Ако може да не ме прекинувате. Имате право да реплицирате, а јас имам право три пати да ви одговорам.

Да се вратам на темата, никој од нас нема право со тоа што синџирот на случувањата ќе го заобиколи, да се направи визионер. Со тоа што нема да каже дека во 1994 г. е прогласен Тетовскиот универзитет...

(Дофрлување од пратеници со зборови 1995 г. беше...)

Господа пратеници, Тетовскиот универзитет беше прогласен во 1994 г. и вие не знаете кога сте го прогласиле. Значи 1994 г. го имаме како случување Тетовскиот универзитет и уште сто и педесет илјади државјанства за дојденци од Косово кои ќе гласаат за господинот Киро Глигоров.

-Можеме ли да конструираме пирамида без основа?

-Кој од вас знае да конструира пирамида во воздух?

Сите вие знаете дека токму тие сто педесет илјади нови државјани на РМ денес пукаат во Македонија врз Македонци, прават етничко чистење во Тетово и неговата околина, убиваат Македонски војници и полицајци.Тоа е потврден и верифициран факт кој не може да се негира.

Денес, да се каже, заобиколувајки ги почетните точки, во име на единство, лажно единство и тоа не мислам на „Шиптарите“ или Албанците - како сакате нарекувајте се - туку мислам на Македонскиот блок дека нема да се напаѓаме, но ќе настапиме со визија како да се обвиваат работите понатака, дека нема да се прогласуваме за педантиц, е во најмала рака лицемерие.

Зборувам и ви кажувам лични ставови, не зборувам во име на партија или количтивитет, тоа право не сакам да си го земам, иако јас сум член на ВМРО-ДПМНЕ и пратеник на ВМРО-ДПМНЕ и тоа е голема гордост и

привилегија.Мегутоа мене ми се обракаат луге кои што не се по дефиниција членови на ВМРО-ДПМНЕ. Ми се обраќаат и Македонци од етнички исчистените територии околу Шара.Ми се обраќаат исто така и луѓе кој што се на линија на фронтот во Јегуновце, жилче, Ратае и уште неколку Македонски села кои што единствено останаа етнички неисчистени до Скопје, кои што се секој ден под снајперски оган, без разлика на сите можни примирја, договори, како сакате наречете ги.

Знаете ли сите тие луѓе во каков страв живеат?

Наместо тоа да биде прашање со кое што сите ние ќе се занимаваме, еден пратеник од СДСМ ми рече дека било партиски маркетинг тоа што сум бил во униформа на Македонските безбедносни сили. Дозволете мала дигресија. Ќе се согласам дека е партиски маркетинг, истовремено ќе ве прашам: Дали може да се облече униформа и да се загине во име на една држава, како партиски маркетинг?

Од оваа говорница ве прашувам и барам да ми одговорите!

Обвинете ме вие слободно за партиски маркетинг, меѓутоа одете во Јагуновце, Жилче и Ратае и прашајте ги луѓето таму како им е дење и ноќе и дали спијат мирно?

Исто така прашајте ги што мислат дека ќе се случи со нив ако се повлече Македонската полиција, велам полиција, бидејќи војската некој ја повлече. Некој ги повлече тенковите, а вие добро знаете кој.

Ако некој сака единство, тоа сум јас. Ако некој мисли дека единство ни е неопходно, тоа сум јас. Ако некој сака да се дружи со вас, тоа сум јас. Јас немам ништо против вас, меѓутоа вие не можете, ниту вашиот лидер, да не обвинувате дека сме за војна дека сме против единство, само затоа што не ви одговара она што го правиме.

Да се вратам на 1994 г. и формирањето на Тетовскиот универзитет. Македонската јавност не знае некои работи. Некои работи од страна на новинарите, за цел овој период, не се пренесуваат такви какви што се.Неинформираноста се должи на тоа што целото македонско „независно“ новонарство е за ситни пари купено. Тие утре наместо да известуваат објективно ќе обвинуваат и распнуваат на крст нивни неистомисленици. Треба ли тоа да не загрижи? Ни најмалку, затоа што утре нема ништо да остане од Македонија.

А за Тетовскиот универзитет, поради ова „објективно“ новинарство кое што ја сокрива вистината, Македонскиот народ нема шанса да дознае дека сега со овој договор ќе треба да се регализира. Пак ќе потсеам Тетовскиот

универзитет не беше отворен во време на владеење на ВМРО ДПМНЕ. Ме интересира како вашите способни ретори Никола Поповски или можеби Шекеринска, ќе успеат да ја убедат македонската јавност дека ВМРО ДПМНЕ е виновно или пак умешано во формирањето на тој универзитет. Е тоа сакам да го видам, а мене излезете пуздер направете ме од говорница. И убедете ме исто така дека сум предавник, ама кажете дека не сте дале 150.000 државјанства на Косовари за да владеете. Тоа се 150.000 луѓе кои што денес пукаат на нас и кој што и ден денес не знаат Македонски да зборуваат. Кога ќи малтлетираат Македонците им зборуваат на Српски што уште еднаш докажува дека се од Косово дојдени.

Да одиме сега во не толку далечната 1997 г. Се сеќавате дека во Тетово и Гостивар пред општинските зради се вееја Албански знамиња. ВМРО ДПМНЕ се уште беше во опозиција. Ова е време на наше опозиционо делување, но време прилично значајно за подготовка и поставување на подлога на она што денес ни се случува. Оти Македонската армија во Февруари не можеше да возврати со хелихоптери, затоа што ги немаше. Во познатите случувања од 1997 г. не можеше да возврати армијата со тенкови, кога беше нападнат суверенитетот на Македонија затоа што ги немаше.Во едно логичко докажување, претставување, проследување треба да зборуваме од кои појдовни точки се родил проблемот, од што до што доаѓаме, едноставно да не ги заборавиме нештата.

Кој е тој што денес може да каже дека во Танушевци во Февруари оваа година настана проблемот и кризата затоа што тогаш им текнало на Шиптарите да го прават тоа. Тоа е долго подготвувано сценарио. Правени се проби, тестови. 1997 г. беше тест. Тој тест го имавме во вид на Албански знамиња истакнати пред општините на Тетово и Гостивар, што заврши како што заврши. Завршија во затвор накои луѓе, градочалниците на Гостивар и Тетово, Црвенковски интервираше со полицијата и случајот беше затворен. Меѓутоа да ве потсетам истата таа 1997 г. Македонскита студенти сфатија до што ќ е дојде и гласно го кажаа тоа. Имаше дво месечни протести против законот за Педагошки факултет, на Г-динот Црвенковски направен во договор со неговите тогашни коалицијони партнери со ПДП, кој што беше уште една причина повеќе и вовед во ова што денес го имаме како ситуација.

Никој не може да ми каже дека тој парцијален закон не беше логичен предвесник на она што денес ние треба со овој рамковен договор да го дефинираме, а тоа е прогласување на Тетовскиот универзитет за државен универзитет. Пробите беа успешни, еве до што дојдовме денес и не може да

Г-динот Црвенковски да излезе и да не предизвикува, да не прозива и да не става на тапет како предавници како одговорни, кога знаеме дека законот за Педагошки факултет е негов закон. Тој закон беше страмно донесен во овој парламент. Да ве потсетам, беше изгласан одкако на студентите им беше ветено дека нема да биде изгласан. Студентите беа излажани. Згора на тоа законот беше донесен за време на паузата помеѓу зимскиот и летниот семестар со една математичка прецизност, кога повеќето студенти се наоѓаат дома, за да се избегне можноста од протести и од блокирање на парламентот. Се сеќавате ли?

Тогаш бев надвор од парламентот и бев многу горд насебе и на сите студенти што го искажуваа своето незадоволство од тој закон. Денес ми е многу жал што не сум надвор со тие луѓе пред парламентот, затоа што јас се чуствувам како дел од нив. Три ипол години до ден денешен поданичките новинари на СДСМ на крст ме распнуваат за тие протести, како расист, како шовинист, како предавник, како човек што лажно се играл со чувствата на Македонците. Јас повеќе пати кажав дека не сум се откажал од тие протести. Тие протести денес сметам дека ја добиваат својата историска верификација. Укажаа на тоа што ќе се случи со Македонија. Македонската интелегенција и свест, иако имаше и средношколци,а очиледно некои средношколци се попаметни од врвни политичари во Македонија, укажаа на тоа дека следува распад на Македонија. Авие не прогласивте за најголеми предавници. До ден денес не престанавте да ги негирате тие протести. Јас ви кажувам јавно, јасно и гласно ниту сум се откажал од тие протести, ниту мислам после тестот на историјата и после тестот на времето и на историската дистанца, дека нешто било направено во тие протести. Сме сакале една единствена држава што ја имаме, затоа што јас незнам дека има друга Македонија таква каква што е, сме укажувале на тоа дека постои лицемерие од страна на шиптарите, дека утре нас тие ќе ни го копаат гробот, ќе ја чистат етнички Македонија и дека не им е до образование. И сум горд што сум спиел 15 дена пред тоа Собрание. Сега користам можност да ги поздравам сите што биле таму и да им кажам дека мојата верба не престанала ако можат да ме разберат. Ако не, животот е долг, тука сме за докажување, освен ако не се одлучат некои поекстремни шиптарски групи и на ликвидации.

(Дофрлување од страна на некои од пратениците албанци со зборовите „не зборувај така“)

Знаете ли зошто зборувам така? Јас несакам да ве навредувам ниту најмалку. Но вие мене ме навредувате кога ме нарекувате славомакедонец, славоправославен... Вашите лидери во нивтине јавни настапи се произнесуваат и не нарекуваат така како што ние не се чувствуваме. Јас заради вас самите можам да ве нарекувам Албанци, мегутоа сакав овој момент да дојде, да ме прашате зошто ве нарекувам Шиптари?!

(Дофрлување на пратеници од место)

СТОЈАН АНДОВ:

Ова не е разговор на двајца ве молам обраќајте се на парламентот.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Се извинувам. Јас сум ја проценил историската одговорност на овој момент, сум ја проценил историската тежина на овој говор и како пратеник господине Претседателе, согласно Деловникот за работа на Собранието и согласно Уставот на РМ го користам правото да говорам така како што мислам дека треба.

СТОЈАН АНДОВ:

Никој не може да ви го земе тоа право. Ќе си зборувате тоа што мислите.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Господине претседателе се извинувам ако бев не пристоен, меѓутоа бев предизвикан од место и затоа одговорив.

Завршија како што завршија протестите, се надевам дека пратениците на СДСМ ќе имаат што да проговорат за тие протести, па во репликите ќе можам да кажам нешто повеќе за нив.

Одиме на наредната година, 1998 г. заврши ерата на комунизмот во Македонија, ерата на едноумието, на наместени избори. Според мое длабоко уверување на власт дојде една коалиција за која искрено да ви кажм сметав дека е во ред. Некој од сопствените идеали, младешки идеали, идеали за оваа држава сум мислел дека со тоа ќе се остварат, ќе се реализираат и во оваа држава ќе дојде едно подобро време, ќе се реализираат некои поекти кои ќе значат подобар живот на Македонците, кои што ќе значат достоинство на Македонците.

Одиме со ред. Една од првите седници на новиот парламентарен состав,

поточно меѓу првите 5 седници и донесувањето на фамозниот закон за амнестија. Ги амнестиравме политичките затвореници, меѓу кои и градоначалниците на Тетово и Гостивар во знак на добра волја, во знак на подготвеност за соживот, во знак на разбирање, во знак на подадена рака дека ќе живееме заедно.

Да се потсетиме малку што се случи тогаш и како реагираше СДСМ, кој патен сега треба да се најде во улога на предлагач на закон, односно да подржи сега нов закон за амнестие во кои и Али Ахмети треба да биде амнестиран.Меѓутоа за тоа подоцна ќе зборам.

СДСМ гласаше против законот за амнестие во 1998г. Тоа беше закон со кои што ние прв пат се соочивме со тоа да ни падне реитингот. За прв пат се соочивме со тоа да господинот Киро Глигоров, тогашен претседател на државата го врати законот на парламентот затоа што наводно тоа било предавство. СДСМ објаснуваше на јавноста дека ВМРО амнестира криминалци, убијци, луѓе кои работеле против државата. Тогашниот закон на амнестија на нас како коалиција ни беше земен како најголемо зло. А ние само сакавме да покажеме добра воља, да се обидеме да живееме нормално во Македонија.

1999 година.Косовска криза. 350 илјади албанци беа протерани од косово во Македонија. Ние како држава примивме помегу 15 и 18% бегалци од вкупната популација на нашата држава, што ако се направи споредба со нпр. Франција и бројот на жители што таму живеат, би значело дека тие примиле наеднаш околу 10 милиони бегалци на своја територија.

Ние ги примивме бегалците. Такви какви што сме ги примивме бегалците. Зошто? Затоа што не ги сакавме? Затоа што сме геноцидни? Затоа што сме расисти, шовинисти? Или затоа што сакавме да покажеме колку сметаме дека е нормално на сосед да му се подаде рака, да му се помогне во неволја, незнаејки дека денеска тие истите ке се свртат и ке пукаат на нас. Гледаме како подадената рака денес се злоупотребува. Мегутоа, сметам дека косовската криза и се што се случуваше тогаш јасно го покажаа убедувањето на Македонците за заеднички живот. Постоеше желба, но јас малку верував дека до ова нема да дојде.

2000 година. Донесовме закон за високо образование. Поради тој закон ние како партија загубивме 6 пратеници. Шест пратеници ја напуштија ВМРО-ДПМНЕ. Не говорам за тоа дали тие биле задоволни или не,или пак дали тоа бил вистинскиот чекор, туку правам ретроспектива на тоа како се одвиваа работите во тоа време,што сметам дека е битно за да се стекне

вистински увид,дали СДСМ беа во право кога секојпат после секој наш чекор не обвинуваа дека сме предавници.

Режимските новинари, вас можам и да не ве сметам за режим, вие сте 50-годишен режим, постојано ме малтретираа околу тоа, дали сум гласал или не за тој закон. Ме доведоа до една состојба да се срамам што не сум зборувал против тој закон. Дома се потев гледајќи ги седниците на Парламентот, кога госпоѓата сегашен министер за надворешни работи и ред пратеници одтука ме прозиваа каде е господинот Филип Петровски да каже зошто денеска неговата Влада, неговата партија носи Закон за високо образование, а тој 15 дена спиеше пред Собрание уверувајќи не дека тоа не треба така да биде. Ќе кажам една вистина, интимна вистина, затоа што мислам дека немам што да кријам од никој.

Бев замолен да не гласам за тој закон од проста причина, односно да не зборувам против тој закон, од проста причина што сакавме да им покажеме на тие што денеска пукаат врз нас, што силуваат, внимајте Македонци, не Македонки, дека сакаме нормално да живееме, дека сакаме да имаме еден соживот кој што ќе трае неограничено. Јас жртвував дел од својот интегритет, од сопствената гордост, луѓе ме пцуеа по улици, за да покажеме дека сакаме нормално да живееме. И само толку, затоа што никој не ви се продал на вас, нема намера и нема право.

2001 година бум, војна, како што рече господинот Црвенковски. Војна, меѓутоа кога ние предлагавме да се воведа воена состојба, не направивте малоумни. Не доведовме во една ситуација да не прогласите за единстени виновни. Господинот Црвенковски нема право да го користи тој збор војна, затоа што кога рековме да се воведе воена состојба, за да ги решиме проблемите, па после тоа да разговараме, ние бевме идиоти, лудаци. Како и да е, со ова што што до сега го кажав мислам дека овој историјат како ланец на случувања не смееме да го занемариме. Секој Македонец треба да го има во предвид, секој што мисли и што нешто му значи овој проблем, што му значи оваа војна, што му значи оваа држава, не смее ова да го заборави. Од каде тргнавме?

Јас не сакам да обвинувам други, меѓутоа, не можам да дозволам другите без обзир да дојдат тука, да не апосрофираат и да си излезат од салата, како ништо да не било. Мислам дека бев прилично јасен во врска со историјатот, би сакал да го земам предвид таканаречениот документ за мир од Охрид, документ за демократија, за враќање на нештата во нормала. Во животот на еден политичар постојат моменти после кои може одложено да

дојде ефектот, од она што ќе се направи, бидејќи и Исус Христос, како што знаеме бил син на Бога, па сепак луѓето го распнале на крст, бидејќи не го разбрале. Денес пак после 2000 години го слават сите тие и наследниците нивни, што го распнале на крст. Меѓутоа, ова е време во кое не смееме да бидеме лицемерни, ова е време кое не можеме да чекаме ефекно одложено дејство, ова е време во кое што сакам се да ви кажам и сеедно ме е дали утре ќе бидам политичар. Јас не знам како ќе направите избори во Липково. Јас не знам како ќе направите избори во Арачиново, или ќе испратите набљудувачи на ОНА во изборните комисии? Значи, не е време за маркетинг. Сега да има избори не можат 120 пратеници во Парламентот да седнат. Има изборни единици во кои не може да се гласа, а постои тенденција да ги има уште повеќе такви. Затоа, мислам дека треба да се погледнеме во очи и да си кажеме се што мислиме. Тоа во никој случај не значи дека јас сум во војна, а дека тие што се лицемери, лажговци, тие што им се улизуваат и на Албанците и на Меѓународната заедница, тие се правите. Се надевам дека оваа опција за која зборувам нема да помине како Исус Христос, распната на крст. Меѓутоа, ако тоа е цената за Македонија, да не ставите, на сите голготи, ние ќе ја прифатиме. Зборувам во сопствено име, цитирајќи некои мисли од историјата на Македонците. Понекогаш, подобро е да се каже „подобро ужасен крај, отколку ужасен без крај“. И тоа е мисла од еден од нашите свети Илинденци. Јас размислувам така денеска. Друга варијанта за нас нема.

Рамковниот договор, документ за мир, сакам да го анализирам по шест точки. Но, само бегло да спомнам.

-За демократијата,
-За насилството,
-За полицијата,
-За консензуалната демократија,
-За легализацијата на Тетовскиот универзитет и
-За Знамињата.

Во Рамковниот договор стои дека точките даваат усогласена рамка за обезбедување на иднина на демократијата во Македонија и овозможување на развојот на поблиски и поинтегрирани односи во Република Македонија и евроатланската заедница. Јас кога го читам овој текст ми се поставува едно прашање - дали досега немаше демократија во Македонија?

Понатамошната анализа на тоа што се менува, како суштина, во Уставот, мене не може да ме убеди дека станува збор за демокатија, односно

за демократизирање, менување на категории кои што одат во насока на подобрување на животот на поединецот. Напротив станува збор за капитулација, за предавство на вековни стремежи, идеали на еден народ. Ништо друго не можам да прочитам во овој Рамковен договор.

Јас не ја омаловажувам работата на тие што работеле. Сметам дека Претседателот на државата има право да поднесе иницијатива за промена на Уставот. Тоа впрочем е загарантирано право во Уставот и мислам дека никој од нас не може да го оспори тоа право. Јас не ја омаловажувам работата на 4-те партиски лидери. Не можам да кажам дека тие таму седеле, гледале сопствени интереси, или пак се глупирале, незнаеле што прават, меѓутоа, јас си го задржувам правото, да го читам договорот така како што моите очи го гледаат, иако воопшто не сум сигурен дека ова е тој Договор, затоа што оргиналната верзија е потпишана на англиски јазик. Кој може да потврди дека преводот на македонски е соодветен? Кој ќе потврди дека двозначноста или повеќезначноста на некои зборови не е намерно направена, или ја нема.
Го задржувам правото се сметам за еднаков на сите 120 пратеници во македонскиот Парламент да кажам дека овој Договор ќе го читам како што го разбирам.

Основниот принцип во договорот е што се отфрла потребата на насилство за остварување на политички цели. Се согласувам дека тоа секој политичар треба да го прифати како принцип. Не верувам дека некој тука кој што би можел да излезе на говорница да каже дека не се согласува со овој принцип. Меѓутоа, во основните принципи, таму каде што се зборува за отфрлање на насилството за остварување на политички цели не се наведува кој почна да употребува насилство, кој постигна со употреба на насилство потпишување на ваков договор! Затоа што ние можеме да си наброиме, да си испарафираме многу работи во договорот, меѓутоа да истражиме како доага до нив! Овој Рамковен договор додека да биде потпишан, додека лидерите на четирите партии беа во Охрид, Македонија има дваесет мртви припадници на безбедносните сили.

Може ли некој на тоа да замижи?

Принципите што се наведени тука се добри,но не се соодветни на нашата реалност. Сметам дека македонската јавност, а и пошироката ако има интерес, треба да знае дека Рамковниот договор во самиот свој почеток не ја одразува суштинската реалност на ситуацијата во Македонија. Кој сака на тоа да затвори очи, кој сакал тоа да биде премолчено, дали некој странски фактор или некој друг, не знам, но тоа не значи дека не треба тука да се критикува она

што не е издржано и неприменливо. И останувам на тоа дека договорот не соодветствува на македонската реалност и дека неговото усвојување ке предизвика долгосежни последици.

За другите точки, за полицијата, ке зборувам малку поопширно. Се извинувам што е така, мегутоа реков дека се ретки вакви седници што имаат толку голема историска важност, и ке зборувам опширно затоа што сметам дека Македонскиот народ намерно е доведен во заблуда. Тој денеска е опсипуван со вести, со весници, од невладини организации, од разни емисари, од партиски доброволци, од различни мешетари со објаснувања дека ова е „Договор за Мир“. Дека секој кој што е против договорот, всушност е против е за војна. Дека со овој договор се ке биде по старо, дека ке потече мед и млеко... Притоа никој не излегува и суштински и реално не се загледува кажувајки дека работите од некаде тргнаа, имаа свој почеток и секако сега имаат насока каде што ке отидат.

Ние како пратеници на овој народ, како луге на кои што им е даден мандат и истовремено одговорни пред својот народ, немаме право овие работи да ги премолчиме.

Да видиме што пишува во Рамковниот договор за началниците на полицијата на локално ниво и да си претпоставиме како ке изгледа сето тоа применето на терен, односно како ке изгледа Тетово или Гостивар после шест месеци.

Локалните началници на полицијата ке ги избираат советите на општините од листи на кандидати, предлочени од страна на МВР и истите редовно ќе комуницираат со советите. Незнам дали вие како пратеници планирате, а се обраќам на сите пратеници Македонци, ама Македонци, кога ке заврши оваа пародија и фарса со промена на Уставот, да одите во Тетово. Некој од тука што планира да направи коалиција со Али Ахмети можеби ке може да оди таму,но што станува со другите? Што станува со нас?

Тие што нема да коалицираат со Али Ахмети, ке можат ли да одат во Тетово прашувам уште еднаш?

Дами и Господа, тоа што сакам да ви го кажам е дека вас ќе може терористот,што денеска пука и убива Македонци слободно да ве малтретира. Тоа затоа што нема да биде идентификуван и затворен, бидејки за тоа нема политичка волја. Напротив истите ке бидат амнестирани. Е таквите ке станат полицајци и тоа предност секако ќе имаат најистакнатите, најдокажаните и најекстремните затоа што мегу другото токму на таквите ке им треба имунитет за тоа што денеска го прават. Тие ке ве легитимираат кога ке одите накај

Тетово или Гостивар и ако нешто не им се допага кај вас ќе можат да ве измалтретираат колку што сакаат и ако соберете храброст да им се спротивставите, ќе можат да ве проведат и накрајот да ве прогласат за виновен по сите основи.

Во тој случај требаше да гласате прво да се изгради алтернативниот пат за Охрид што ке оди преку Македонски Брод, доколку воопшто мислите да одите за Охрид, а да го заобиколите Тетово. Да не спомнувам воопшто, дами и господа другите општини како што се Теарце или Лешок затоа што таму ситуацијата во општинските совети ке направи да процентот на албански полицајци биде и до 80 %. Ние со овој Рамковен Договор од утре за началници на полицијата во споменатите места, но и во многу други ке имаме терористи.

И многу ме интересира како некој сега на ова ке контрира од пратеничката група на СДСМ или пак од страв од терористите ке одберете да молчите?

Еве и неколку новини што Рамковниот Договор ги донесува, а според мене се недоволно познати и јасни на македонската јавност. Тие новини одат во насока на воведување на Консенсуална демократија. Например за Уставниот суд една третина од судиите ќе се избира од страна на Собранието со мнозинство од вкупниот број пратеници кое ќе содржи мнозинство од вкупниот број на пратеници кои тврдат дека припагаат на заедниците кои што не се мнозинско население во Македонија. Оваа постапка ќе се применува и при изборот на Народниот Правобранител и на тројца членови на Судскиот совет. Тоа е само првото ниво. Уставен суд и Народен правобранител.

(Реакција на некои пратеници во салата)

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам престанете, дајте да го ослободиме да зборува. Човекот добил збор.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Уставните амандмани и Законот за локална самоуправа нема да можат да се усвојат без квалификувано мнозинство на две третини од гласовите на пратениците во рамките на тоа што ќе мора да има мнозинство од гласовите на пратеници кои тврдат дека припагаат на заедниците, кои не се мнозинско население во Македонија. Значи ке имаме консенсуална демократија по прашање на Уставниот суд, Народниот правобранител, измена на Уставот,

Законот за локална самоуправа... А ова се четири столба на државата.

Понатаму, закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазикот, образованието, личните документи, употребата на симболи, Законот за локалната самоуправа, за град Скопје, за општинските градоначалници... За сево ова ќе мора да постои мнозинство од гласови на пратеници кои тврдат дека припагаат на заедници кои не се мнозинско население во Македонија.

Немојте да ме разберате дека не сум демократ, дека сметан дека Албанците не треба да се изјаснуваат за сите овие работи, мегутоа ако ваквиот начин на изјаснување не е Консенсуална демократија, кога на сите нивоа ќе биде потребна половина од нивни гласови како услов, тогаш што е? Или половина привилегирани албански пратеници ке гласаат или нема ништо од гласањето!

Наредна работа, се укинува она што се нарекува механизам на гласање, просто мнозинство, апсолутно мнозинство, двотретинско мнозинство. Ништо од тоа нема веќе да важи.

Вие можете да имате 80 пратеници за некаква промена на Уставот, мегутоа под предпоставка дека има 25 албански пратеници во Парламентот и само 12 од нив се изјасниле за промената. Во тој случај промената нема да важи, оти не е исполнет условот половината од нив позитивно да се изјаснат. Ке се доведеме во ситуација никогаш ништо да не можеме да промениме во Уставот. И верувајте тоа е Дефиниција на пропаста. Па кој ги ограничува сега истите тие пратеници кои што не се Македонци да поднесат било какво барање поврзано со точките горе неведени, па дури и за промена на Уставот?

Еве сега се 25 на број, не се доволно за покренување на иницијатива за измена на Уставот, ама ќе земат 5 пратеника од СДСМ, ке станат 30 и ке имаат потребна бројка за промена. Нека не убедат со аргументи, нека излезат на говорница и нека кажат дека е вака и вака. Еве нека земат 5 пратеници и од ВМРО-ДПМНЕ, гледам дека реагирате од место. Па ако ги убедат пратениците од СДСМ претпоставувам дека ке можат да ги убедат и пратениците од ВМРО. Мегутоа, утре еден од овие пратеници ако не биде задоволен цела држава ке биде закочена во сите нејзини механизми. Што е тоа ако не консенсуална демократија, што е тоа ако ако не уцена и терор на малцинството врз мнозинството во име на демократијата. Што е тоа ако не е крај?

Дали Македонија станува Босна? Ова го прашувам затоа што во Рамковниот договор стои дека е заштитен интегритетот на државата и апологетите на истиот тоа го користат како аргумент. Во смисла на тоа дека

Македонија е неделива, дека ке нема промена на граници. Светската и мегународната јавност јасно кажаа дека Македонија нема да се дели.

Па кое е тоа лицемерие! А што е денеска Босна и Херцеговина? Таа е една држава, ама каква држава? Каква е внатре? Исто така што е Југославија? Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност кажува дека Косово е составен дел на Југославија, но дали тоа е навистина така сите добро знаеме.

Е да знаете, ви предвидувам на вас што ке гласате за промена на Уставот, втора Босна или второ Косово, таму каде што денеска Македонија е етнички исчистена или се чисти. А истите Вие што ке гласате за промена на Уставот вака како што е предвидено, од народ да преминеме во заедници, да си ја превземете одговорноста, да ги вратите Македонците истерани од Лешок, Теарце, Арачиново и сите други села. И притоа немислам на Координативното тело за создавање на циркуси, зошто не верувам во него.

Тие што ке гласаат за промена на Уставот, на чело на колоната да одат за да ги вратат лугето во своите домови. По можност и да се населат некои од нив таму, оти Бранко Црвенковски го бараат многу во Жилче, Ратае и во Јегуновце да отиде со нив малку заеднички низ нивните маки да помине. А и Бучковски го бараат исто така. И Бошковски го бараат со една разлика што тој таму беше. Немојте да мислите дека јас тука некој партиски обвинувам, дека СДСМ намерно го прозивам. Да госпогице Шекеринска, Бошковски беше во Јегуновце. И пак ке оди и ке одиме. Тоа таму е Македонија. Барем јас знам луге кои што немаат намера да се повлечат од таму. Господине Стојковски бидејќи дофрлувате од место и допринесувате за денешната седница да се одвива во вакво расположение и на вас ке ви повторам, илјада Македонски синови се во овој момент на позиции кои што ја штитат државата и овој Парламент. Тие се во ровови кои во моментов ознажуваат некоја нова граница и поделба што сакаат Албанците да ни ја направат. Во тие ровови тие ја штитат последната Македонска енклава што постои до Скопје. Тоа немојте никогаш да го заборавите.

Наредно прашање, легализација на Тетовскиот универзитет.

Рамковниот договор вели: финансирање од страна на државата ке се обезбеди за високо образование на јазици на кои што зборуваат најмалку 20% од населението во Македонија. Што значи тоа? тоа значи легализација на Тетоскиот универзитет. Зошто тој е оформен и функционира веќе 6-7 години, ПДП постојано се залага за негово признавање, тој работи, дефакто произведува кадри, незнам коклу стручни, а многу и не ме засегаше до сега, но од утре ќе треба да ме засега. Оти истите тие ке бидат признаени и вградени

во нашиот образовен систем. И никој нема да формира нов универзитет кога Тетовскиот веке постои.

Тие два универзитета ќе мора да ги финансира државата. Ова го предвидува овој договор за мир. Тука е напишано, незнам зошто никој не сака тоа да го прочита. Што значи тоа? Дека паѓаат во вода сите обвинувања кои биле предавници и кои биле заштитници на македонскиот народ, кои давале, продавале закон за високо образование, кои биле лицемери, кои биле тие што не мислеле на нас. Знаете што? Јас сметам дека лека, полека работите почнуваат да се разјаснуваат и дека многу бргу ќе го добијат вистинското светло. Оти вистината може да се сокрие, меѓутоа вечно не може да остане во темница. Јас не сум против високо образование на Албанците. Свети Кирил и Методиј во Скопје, па во Битола универзитетот, меѓутоа, кога ќе се избројат работите на крај, албанците ќе имаат три универзитета, а Македонците еден. Па, извинете, да изнесам транспарентни пред Собрание и да протестирам за повеќе образование на Македонците? Мислам, колку и да е чудна, некогаш и смешна вистината, она што го направија К-15 во еден нивен скеч, денеска е вистина во Македонија. Ќе треба да протестираме за повеќе права, за повеќе слобода и за повеќе образование на Македонците. жално.

За знамињата.

Ние бевме обвинувани дека сме пуштале на слобода криминалци кои што државата ја ставиле на бездер, ја продале, ја предале, ја отстапиле, затоа што со законот за амнестија во 1998 г. ги амнестиравме неколкуте политички затворенци по повод случајот со знамињата, во Гостивар, 1997 г. Изразување на идентитетот во Рамковниот документ вели: „Во однос на симболите непосредно до симболот на Р. Македонија локалните власти ќе ја имаат слободата на предната страна од локалните јавни објекти да постават симболи со кој се одбележува идентитетот на заедницата“. Вие нема да ставите знаме со симбол на Триглав или Шаховница, се знае кои знамиња ќе стојат до македонското знаме, само Албански. Значи, доаѓаме на ситуацијата за која што ние сме осудувани, а сега некој друг ни ја нуди истата работа и прозива како најголеми предавници ако ја прифатиме. Се враќаме на ситуацијата од 1997 г. Јас ќе прашам, зашто Црвенковски ги тепаше албанците во Гостивар, ако денеска толку воодушевено гласа за овој договор и дури се заканува, читам по весниците, дека ќе ги отстранува пратениците од партија ако не гласаат, ќе дели исписници од СДСМ. Или лицемеријето отишло до таков степен што тогаш можел таков да биде, а денеска да биде ваков соодветно на личните потреби. Претседателот Трајковски тој сега го нарекува претседател,

а го понижувше година ипол, нарекувајќи го граѓанинот. Тоа се само примери на лицемерие до кој што сакам да дојдам подоцна. Да престанеме со лицемерието дека работите се подобруваат со овој договор. Оти, јас навистина сметам дека наведов доста аргументи дека тоа не е така.

Ова, во врска со воведниот дел на Рамковниот договор, сега ќе го разгледам Анексот-а, уставни амандмани и да Ви кажам ке го коментирам само Анексот-а. Анексот-б и с ќе ги прескокнам во интерес на времето и на важноста на документите, зашто мислам дека навистина ако се анализираат уставни амандмани и се оценат како неприфатливи, најверојатно дека нема потреба да се анализираат законските амандмани, кои што следат потоа.

Во врска со уставните амандмани ќе се задржам на две работи. На преамбулата и на уште една работа, член 78, дека Собранието ќе основа комитет за односи меѓу заедници. Има и многу други работи што се неприфатливи. Во член 7 за втор јазик, со член 19, во член 69 консензуална демократија, во член 86 каде што се воведува клуч, член 109 со клуч, член 114 со клуч, што значи консензуална демократија и член 131 во кој што се уредуваат начините на кој што се менува Уставот. Меѓутоа, зборувам за консензуалната демократија и сметам дека нема потреба да Ве оптоваувам толку многу, оти претпоставувам дека и некои други пратеници ќе ги анализираат овие моменти. Само ќе се задржам на овие две што ги спомнав.

Преамбула на Р. Македонија, односно на Уставот на Р. Македонија.

Јас ќе ја прочитам прво преамбулата и после тоа ќе го прочитам текстот како тоа сега би требало да гласи преамбулата. Значи, прво преамбулата во Уставот на Р. Македонија. „Тргнувајќи од историското, културно, духовно и државно наследство на македонскиот народ и неговата вековна борба за национална и социјална слобода и создавање на своја држава“, сега ќе ги прескокнам неколкуте работи што се помалку значајни во моментот, за тука да се потенцираат, иако сметам дека преамбулата од збор до збор е слово како Библија, барем за мене многумина мислат дека не треба така да се гледа Уставот, дека Уставот е променлива категорија, дека тоа е нешто што може да се модифицира како ќе дувне ветерот.

Јас мислам дека цврстината на една држава се гледа по тоа колку е цврст и каков е односот кон Уставот. Зошто, Американскиот Устав, иако е несоодветна средбата, има 213 г. од своето донесување, а нема поеќе од 20-тина амандмани. А ние сега во пакет имаме над 30 амандмани само во овој круг на промената. И уште еден дел во преамбулата е многу битен. Историскиот факт дека Македонија е конституирана како национална држава

на Македонсиот народ, во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на Македонскиот народ со Албанците, Турците, Ромите и другите националности кои што живееат во Р. Македонија.

Не мислам дека овој текст, преамбулата дискриминира некого. Плус тоа нема правно дејство. Има само историско објаснување. Па сепак се предлага темелно негово менување. Оваа преамбула кажува дека ние Македонскиот народ, последен народ во Европа, по редоследот на нештата, сме се собрале, сме имале тешкотии 10 века, 20 века и на крајот сме успеале да направиме сопствена држава.

Таа преамбула не Ве негира, Вас што седите во задните редови, господа Албанци. Ве пишува во таа преамбула. Меѓутоа, таа преамбула ја кажува основата на залагањата на десетици, стотици Македонски генерации. Предложената преамбула, односно наредната преамбула, ако го усвоите тоа што е предложено ке гласи: „Граѓаните на Р.Македонија, превземајќи ја одговорноста за сегашноста и иднината на татковината, свесни и благодарни на своите предци за жртвите и посветеноста во нивните заложби и борба за создавање на самостојна и суверена држава Македонија и одговорни пред идните генерации за зачувување на се што е вредно од богатото културно наследство и соживотот во Македонија,еднакви во своите права и обврски кон заедничкото добро...“, Бла,бла,бла...

Каде е тука Македонскиот народ? Па кој може да гласа за ваков предлог. Г-дине Црвенковски сакам да ви честитам на храброста што ја искажавте во вашето говорење пред Македонскиот Парламент кога го браните Рамковниот договор. Оти вие кажавте дека сите пратеници од СДСМ без поговорно ќе го гласаат договорот што вие го потпишавте. Навистина не ми е јасно како можевте да превземете ваква одговорност. Ова што го зборувам се однесува и на сите други пратеници што имаат намера да го дадат својот глас за ваков текст на преамбула. Не е во прашање тоа што јас не сум демократ, па не ми се допаѓа што некој друг постои во Македонија. Напротив, тоа е верифицирано со оргиналната преамбула на Македонскиот Устав. Запишани се заедниците во него, освен што можеби се испуштени србите. Но тоа може да се дополни со амандман.

Па сега ќе кажат, некои таканаречени уставни експерти дека не постои Устав од ваков тип во Европа, освен Уставот на Словачка. Дека тој одразува закоравен начин на претставување на нештата, дека никој во уставите не се набројува сам себе како народ...

Меѓутоа, јас и понатаму сум убеден дека ние како народ едноставно

имаме право да се напишеме во нашиот устав. Ако ние не се напишеме во Уставот, ниту Бугарите, ниту Грците, ниту Србите, ниту Албанците сигурни бидете дека нема да не напишат. Во разговори со неколку дипломати, тие ми потврдија дека апсолутно им е јасно зашто е навредена нашата гордост и од каде е нашата тешкотија да се согласиме да се брише Македонскиот народ од преамбулата.

Не сакам да навлегувам во хипотези од типот на светски заговор против Македонците, оти тоа делува како премногу не битна работа за светските сили, за воено-индустриските комплекси, за големите банкарски семејства за тие да се занимаваат со тоа да не избришат нас како држава, или да не остават да остоиме како држава, а да не избришат како народ. Меѓутоа никако не ми оди во глава ние самите да се избришеме, доброволно, од преамбулата.

Некои амандмани се прифатливи и потребни, за некои од нив ке дискутираме, некои најверојатно ќе бидат усвоени. Меѓутоа, да прифатам амандман да се избришам од преамбулата како народ, во најмала рака немам пренесен од граѓаните, мандат. Ако утре Македонскиот народ излезе на референдум и каже : „Ние се бришеме од Уставот“, тогаш ќе се избришеме!

Дотогаш преамбулата, е еден од единствените документи во кои што нас не пишува како народ и немаме право од неа, туку така, да се откажеме. Дури сметам за ова прашање треба да се согласат и пратениците Албанци, дека од Уставот ние неможеме да се избришеме. Мислам дека не е прифатливо Преамбулата да се замени или избрише, односно промени. Во однос на тоа каква е во моментот се надевам дека ке остане иста.

Втората работа во врска со промената на Уставот, која што многу ме загрижува, е членот 78, односно Собранието ке основа Комитет за односи помегу заедниците. Тој комитет ќе го сочинуваат по седум члена од редовите на Македонците и Албанците од Собранието и пет члена од редовите на Турците, Власите, Ромите и други две заедници. Собранието ке ги бира членовите на Комитетот, а Комитетот ќе ги разгледува прашањата на онсите помегу заедниците во Република Македонија и ќе донесува предлози и мислења за нивно решавање. До тука и ми делува некако нормално работата, иако не ми делува прифатливо паритетот на седум Македонци и седум Албанци. Дали се согласуваме дека процентот на Албанците во Македонија е 50 проценти? Или пак тоа е најава за тоа што не чека утре?

Да продолжам со делот на текстот што во никој случај несмее да ни биде прифатлив, Собранието ќе биде должно да ги разгледува мислењата И предлозите на Комитетот и да донесува одлуки во врска со нив. Тоа практично

значи, се основа Комитет, односно комисија што не е под контрола и надлежност на Собранието.Ние, со овој предлог, основаме тело кое што е еднакво на Собранието. Тоа тело ќе мора да се произнесува во врска со предлозите на Собранието и да се произнесува по нив. Уште повидливо е кога ке се разгледа точката 6, во врска со спорот кој евентуално ќе настане при гласање и ке е ненадминлив. Решението што сега се нуди е постапка за гласање, во врска со консенсуалната демократија, каде што се појавува ново тело, Комитетот, кој ке е надлежен и ќе одлучува со мнозинско гласање.

Доколку се разминат мислењата на пратениците на пленарна седница и нема доволен број на пратеници потребни за промена на претходно наброените закони, или за изгласување на судии на Уставниот суд, или за изгласување на Републички Судски Совет, или за Народен правобранител, или пак за незнам што, ќе се создаде една состојба на хаос во кој ке мораме да го повикаме Комитетот и таа негова одлука ке биде обврзна за Собранието.

Што е тоа ако не втор дом? Не сум уставен експерт, но за ова е доволно да се чита текстот на Рамковниот Договор, таканаречениот документ за мир. И во ваква ситуација некој да не прозива како предавници доколку не го прифатиме истиот, во најмала рака е ризично и жонглерски.

Збор два и за Патриотизмот. Патриотизмот кој што на нас ни е забранет. Знаеме дека денеска Босна и Херзеговина е во рамките на границите од пред војната. Меѓутоа одвнатре е турли-тава, а исто таква е и Југославија. Со овој документ таква ќе биде и Македонија. Навистина ништо од Рамковниот Договор не вреди толку за да насрада Македонскиот народ. Меѓу другото и патриотска обврска ни е да се спротивставиме на тоа.

Не сум тој што сака по секоја цена да бојкотира и мислам дека со дискусијата го докажав тоа. Не обвинувам без причина, или пак отфрлам за да утре имаме нови загинати. Ама и не прифакам префрлање на вината на друг во стилот, ние сме носители на документот, а сите други се виновни. Згора на тоа напаѓајки не, не ни дозволувате ниту да се изјасниме што мислиме за истиот.

Значи ли тоа дека ние треба да го прифатиме овој документ, бидејки, слушам од ваши членови,ширите муабети дека ќе тактизираме неколку години додека Македонија да зајакне воено и потоа ќе сме го врателе интегритетот и територииите? Ги повикувам тие што го потпишале документот и што со полна уста за мир го бранат, да излезат и да кажат пред сите нас дали ке ги вратиме територииите кои што ни се окупирани и дали ке ги вратиме Македонците во домовите од кои што беа исчистени.

Дали Вие имате гаранции дека ќе се вратат Македонците во домовите и ако ја имате кажете ни ја. Кој е подготвен да даде гаранција дека ако ние прифатиме да влеземе во овој ризик на промена на Уставот, со што ке ви дадеме за право, дека Македонците навистина ќе се вратат во своите домови.

Напротив Вие тука правите паралела со Милошевиќ и неговите војни. Точно е дека тој ги загуби сите војни. Тоа е точно. Меѓутоа таа паралела не ви држи. Милошевиќ војуваше за Хрватска, за Босна, војуваше со сите, со кои што можеше да војува, надвор од границите на Србија. Ние, за разлика од него, не војуваме за освојување на територии. Ние војуваме за да ја одбраниме територијата и државата, а и црквите што ни ги креваат во воздух, како онаа во Лешок. Ние имаме право и обврска да ја браниме државата.

Не ми е јасно како можете да правите паралела на Милошевиќ со Македонскиот пример?! За пример да ви кажам дека не го зазедовме Прешево, ниту отидовме во Лерин, ниту го нападнавме Ќустендил. Сакаме да го допамине Куманово, за да има вода за пиење. Сакаме во Арачиново да нема минофрлачи за да не пукаат врз Собранието и врз Владата, и врз Аеродромот. Сакаме луѓето во Теарце да можат да живеат нормално иако се Македонци, а Вие Господине Црвенковски на сето тоа направивте споредба со Милошевиќ.

Доколку споредбата ви е направена во смисол дека ќе ја загубиме војната, зошто Милошевиќ ги загуби сите негови војни, тогаш ви ја разбирам споредбата. Ако сметате или знаете дека ќе загубиме. Ако сметате дека хегемонизмот што го манифистираше Милошевиќ по прашање на СФРЈ е ист со нашата борба за одбрана на татковината, Тогаш да оставиме на јавноста да ги процени намерите на секој од нас. Исто така јавноста нека процени дали јас или вие господине Црвенковски сте медицински случај.

Сметам дека мирот на граѓаните мора да им се врати. Сакам да им се врати мирот. Меѓутоа, мирот нема да се врати доколку ние замижиме и кажеме: „Ех, колку сум среќен, денес на телевизиите видов реклами за мир, слушнав дека женското лоби ќе прави митинг за мир, дека СДСМ сака мир, дека ВМРО сака мир и надвор е мир“. Но надвор не е мир. На некои од нашата територија нема мир. Сите ние треба да направиме се за да го вратиме мирот. А мирот се враќа со татковинска одбрана на државата, по секоја цена. Значи, денеска доколку не се вратиме таму, утре сигурно нема да се вратиме. Задутре уште помалку. Со сето ова, ги потавуваме темелите на едно идно уредување, кое ќе биде бинационално, консесуално, кое што се ќе закочи, со устав кој нема да функционира, со нелојалност која што ќе биде верифицирана. Велам верифицирана затоа што ќе биде изразена со број на пратеници кои што,

едноставно нема да гласаат за сето она што нема да им се допаѓа и таквиот однос ќе биде валиден.

Ние сме тие што тука треба со нашиот глас тоа да го верифицираме. Или, ако сакате, Вие!

Рековте сите што ќе гласаат против Рамковниот договор да соопштат концепт. Се сложувам, народот треба да знае, треба да се соопшти концепт.

Ќе гласам против и мојот концепт е многу прост. Во него нема никаква филозофија: да нема предавници, да нема отстапки, да нема соопшување на тајни податоци за тоа кој е резервист и кој има оружје како полицаец во Тетово и Гостивар на терористите и да се задржи едно, единствено право, од Бога дадено. Право дадено да се брани сопственото огниште од терористи.

Дами и Господа, тоа е концептот за мир. Повторно ќе кажам: „Подобро ужасен крај, отколку ужас без крај“.

Ви кажав како ќе гласам, а одкако ќе реплицирате ќе ви кажам уште еднаш.

РЕПЛИКА НА ШЕКЕРИНСКА, ИСТАТА СЕДНИЦА НА ПАРЛАМЕНТОТ, 03.09.2001

Само кратко. Ќе и дадам за право на Шекеринска да смета дека изнела многу значен говор пред Собранието, па заради тоа предизвикала реплики. Но ова беше само покривање на нејзиниот лидер, затоа што ниту таа, ниту најзините колеги не одговорија на она што ние го поставивме како прашање и дилема. Господинот Црвенковски не одговара на она што го прашувам во повеќе говори наназад.

Не ми останува друго освен да ја прашам уште еднаш Шекеринска, дали таа вака мисли да постигнеме единство? Господинот Поповски ќе го прашам зошто мисли дека со тој депласиран говор во кој што вели дека нема да напаѓа никој, постигнал напредок. Та нели сте вие и Шекеринска од иста партија? Кажете ми во која насока оди говорот на Шекеринска? Во насока на создавање на единство ли?

Без разлика на се, со некои од вас сметав и дека може да имаме единство, меѓутоа после ова плукање на се од страна на Шекеринска, ке се сложам со Пандов, тешко и црно и се пишува на Македонија.

А тоа што вие не ги ни споменувате, во вашите настапи, тие што загинаа во името на Македонија, мислејќи дека безцелно загинале, тоа може да ви биде маркетинг само пред тие што сакаат слепо да ви веруваат. Сакате ли нив, бранителите на државноста, што загинаа, да ги заборавите?

Во македонскиот Устав согласно договорот што го потпишавте во Охрид, сакате да кажете дека не е избришан Македонскиот народ? Барем така зборувавте Вие Шекеринска во вашиот настап. Ви предлагам, помачете се читајки го уставот па можеби и ќе го најдете Македонскиот народ некаде.

Навистина незнам веќе зошто ние тука зборуваме, какви се овие разговори што ги водиме.

За се можете да приговарате и во едно нешто сакам де се препознаам, иако незнам дали ми е упатено на мене. Шекеринска не беше доволно јасна и не именуваше. Мислам дека, земајќи ја во предвид сериозноста на темата треба од говорницата да се именуваме. Расправаме за промена на Уставот и не сме во амфитеатар, и не дискутираме академски за да замаглуваме филозофско, политички и теолошки. Па за да викаме овој рече ова, оној рече она, само за да се одалечиме што подалеку од суштината. Да ве повикам, едноставно, прозивајте по име, за да видиме кои се тие предавници што само вие од СДСМ ги гледате. И зошто се предавници.

Се што мислам да ви кажам, ви кажувам лично по име и презиме. Токму вие немате право мене да ме наречете предавник, а вие тоа го сторивте. Во смисол некои биле божевни патриоти затоа што сега им пречело што се нарекувани Славо-Македонци. Доколку не знаевте мене секогаш ми пречи што сум нарекувам вака или онака, а не Македонец. Меѓутоа не можеме од вас да допреме до јавноста. Сите медиуми ми ги купивте. Не може никој од овие луѓе, од пратениците да изнесе став освен на оваа говорница. Можеби Вие мислите дека ова што го зборувам не е точно, меѓутоа погледнете ги весниците и телевизиите, да видите како се пренесуваат извештаите од говорењето на нашите пратеници, а како на вашите.

БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:

Тоа не се купува.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Тоа е мој став господине Ханџиски. Вие ако имавте храброст, како сега што имате храброст од место да дофрлувате, ќе се нафатевте да бидете министер за одбрана. Наместо тоа ставивте еден нестручњак, неавторитет човек кој ја уништи одбраната на Македонија, за министер за одбрана. Вие г-дине Ханџиски и г-динот Лазар Китановски бевте министри за одбрана. Зошто не се нафативте?

ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:

Господине Петровски немојте да навлегувате во меѓусебни дијалози. Реплицирајте и на г-ѓица Шекеринска.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Да, меѓутоа репликата се однесува и на другите.

ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:

Господинот Ханџиски го опоменав да не дофрла од место.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Само сакам да ги кажам моите ставови дека едноставно не може да се продава лицемерие и да се апострофираат луѓе без причина. Вие господа од СДСМ кога влеговте во Владата требаше да ставите министер за одбрана кој што ја знае работата. А не да ставите министер кој доброволно потпишува

наредба да се повлечат тенковите од линијата на одбрана во Тетово и луѓето таму, Македонците да се молат на господа што ќе им се случи утредента.

Знам дека молчешкум се согласувате со ова што го зборам. Меѓутоа договорот со Али Ахмети се чини ви е многу побитен за да направите коалициона Влада со него. Веројатно затоа намерно премолчувате.

Ве уверувам брзо ќе дојде гласањето за овој дукумент и за бришењето на Македонскиот народ од Уставот. Ќе дојде гласањето за тоа дали ќе се зборува на Албански, или на Шиптарски во ова Собрание и за тоа дали ќе се разреши министерот кој не побара екстрадиција на терористот Семи Хебиби. Лично ќе барам поединечно гласање и се надевам дека ќе има 10 мажи тука во парламентот, да ме подржат да се гласа поединечно, за да види Македонскиот народ кој на која позиција стои.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Да бидам искрена не ја ни разбрав репликата. Меѓутоа сакам да кажам дека во ова Собрание да се биде маж не е доволно. Фала богу има мнозинство мажи, многу големо мнозинство, па гледаме три години Собранието по правило грешно решава за клучните теми. Затоа освен што треба да бидете маж треба да имате и нешто повеќе, малку повеќе храброст, малку повеќе памет и малку повеќе знаење за тоа кога треба да се гласа а кога не. Тој што денес бара да гласаме поединечно треба да си ги погледне листинзите на своите гласови и претходно. Од како ќе си ги провери да ојде овде и да бара од другите одговорност. Да се биде херој и патриот денес е многу повеќе да се споменува шиптарски и да се мисли дека тоа е врвот на херојството. Да се биде херој значи да се биде херој на време, а не во невреме.

ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:

Реплика за г-динот Филип Петровски.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Народот рекол на мака јунаците се познаваат. Ако мислите дека сте многу паметна ќе ви пружам рака, бидејќи вас очигледно на пиедестал ќе ве дигнат во СДСМ со овој предавнички говор што го држевте против Македонија. Мене тоа и ми одговара. Сакам пред Македонија сите вие да се легитимирате. А тие што се смеат сега ќе ви бидат новите коалициони партнери, заедно со Али Ахмети. Воопшто не сакаме да бидеме во таква Влада, во која вие се подготвувате да влезете после ова предавство што го

правите.

Морам да кажам Шекеринска, јас ви се чудам. Вие многу интересни размисли кажувате. Тези кои што не можам ни да сфатам како сте дошле до нив. Фаќав цртички од вашата „Пофалба на глупоста“. Во неа вие ја прогласивте за предавство размената на четворицата киндапирани војници што ние ја направивме со една единствена цел, да ги спасиме нивните животи.

Мислите дека не се сеќаваме што сме кажале тогаш и на кои ставови сме биле? Или тоа ви дава за право паушално да прозивате за тоа каков сум бил во изминативе 3 години. Па вие и вашата власт и вашите новинари мене ме праевте расист и ксенофоб, нацист и шовинист.

Точно тој што сега дофрла од место, во тоа време, господинот Лазар Китановски на разни емисии, на радио, за време на протестите од 1997 година ме убедуваше дека рекетарите кои што тој ги измисли со случајот Хард Рок, нема да ми наштетат. Г-динот Китановски тоа што ми претат дека ќе ме убијат, затоа што имам спротивни ставови од тогашната номенклатура сметаше дека не е проблем, оти он ги контролира истите тие рекетари.

Се чини, без разлика што да ви кажам денес, нема да допрам до вашата фрекфенција. Вие сте во некој етер кој Македонците не можат да го разберат. Но ви кажувам уште еднаш и на сите реплики ќе ви го повторувам истото тоа. Ќе гласаме поединечно, ќе гласаме за тоа како да се смени преамбулата како да гласи нејзиниот текст по ново, или по ваше. Ќе гласаме за тоа дали Македонија е земја на заедници, на Индијанци, на Ескими или е земја на Македонскиот народ и на сите што сакаат тука да живеат, како што беше досега.

ИНТЕРВЈУ ВО НОВА МАКЕДОНИЈА, ПОВРЗАНО СО ПРОЦЕСОТ НА ПРОМЕНАТА НА УСТАВОТ, 8 СЕПТЕМВРИ 2001

Пратеникот Филип Петровски во своето опсежно излагање на парламентарната седница посветена на отпочитување постапка за уставни промени, со факти, како што вели тој, гласно соопшти дека нема да гласа за нив. Но, сепак, најави дека ќе учествува во амандманската расправа со свои амандмани кои ќе се однесуваат на повеќе членови од Уставот на Р. Македонија. Пресуден момент за ваквата одлука е неговото присуство заедно со неговиот колега Александар Пандов на борбената линија речиси во сите кризни региони во државата.

Имавте многу емотивна, но истовремено и конструктивна дискусија на седницата во Собранието на Република Македонија. Што Ве натера пред парламентарците да излезете со толку опсежно елаборирање на македонските состојби?

-Мислам дека моментот е историски и крајно сериозен, кој го отвора прашањето за постоењето на македонската држава. Во текот на овие шест месеци од воената криза во мене се таложеа фрустрации, емоции, бес, разочараност и една немоќ што се создаде гледајќи ги етнички исчистените територии и децата кои останаа без своите родители. Од тука мислам дека како политичар имам најмногу право да зборувам емотивно, бидејќи политиката не ја разбирам како проста математика со одредена број на непознати на кои треба да им се даде вредност и да се заврши работата, туку напротив како уредувањето на една земја чија иднината е повеќе од болна. Со оглед на тоа дека шест месеци немавме можност да зборуваме, воопшто не сум задоволен од тоа колку работи кажав на говорницата. Постојат уште многу работи кои во дискусијата не успеав да ги кажам, но во интерес на времето, одлучив дел од дискусијата ја пренесам во втората фаза каде имам намера за секој амандман да дискутирам многу поопширно.

Верувате ли дека Рамковниот договор може да ја реши воената криза, по што во Македонија конечно ќе завладее мир?

-Сметам дека со изгласувањето на овој договор, во оваа варијанта каков што е сега, ќе заврши се, ќе заврши и Македонија. Овој Рамковен договор предвидува рекомпонирање на Уставот, кој пак знаеме дека тој е „осликуван“ од државата, што значи станува збор рекомпонирањето на државата, која по овој Рамковен договор повеќе нема да биде истата. Но, затоа ќе биде плод на

еден притисок од теророт на малцинството врз мнозинството и ќе биде еден амалгам, кој не ќе може да живее. Ако ја погледнеме мисијата на НАТО во која доминираат британски војници, слободно можам да кажам дека тука имаме и плод на една вековна стратегија на Велика Британија кон Македонија, односно трет чин по 1913 година и Букурешкиот договор, 1948 со Егејска Македонија и 2001 година со оваа војна каде дефинитивно сака да се покаже дека Македонија не постои. Во овој Рамковен договор се брише Македонскиот народ со што ќе се покаже дека ние како народ не постоиме, а јас можам да го толкувам единствено како геноцид врз Македонците. Но, во сето ова ме зачудува историската кратковидност на некои наши политичари кои со толку големо воодушување го прифаќаат овој договор.

До каде според Вас македонскиот народ и Македонија воопшто може да оди во отстапките кон албанското малцинство, односно дали ќе бидат доволни само уставните промени за да се задоволат нивните апетите?

-Станува збор за проект на таканаречената „Голема Албанија“ кој се потврди со неколкуте призренски документи. Џафери, Имери и Ахмети нам ни покажаа што сакаат од Македонија-половина од нејзината територија да заврши во Албанија низ етничко чистење кое, за жал, го гледаме на теренот. Постојат уште десет македонски села од Шара до Скопје кои по секоја цена ги браниме бидејќи доколку не го правиме тоа ќе нема Македонец во Скопје. Нели е тоа етнички исчистена територија подготвена за отцепување!? Мислам дека промената на Уставот само ќе верифицира геноцид врз Македонците и затоа не гласав за отпочнување на процедурата на промена на Уставот, иако сметам дека таа треба да се отвори, бидејќи сите ние заедно со нашите визии, идеи за иднината пред македонскиот народ ќе излеземе на еден празен простор, кој понатаму ќе може да суди кој биле тие што имале визија, а кои биле предавници. Знам дека овој збор е многу тежок, но истовремено морам да кажам дека имаме некои нови предавници кои што во име на власт и во име на некоја нова коалиција ги затвораат очите пред геноцидот, пред починатите херои, при тоа не споменувајќи ги воопшто во нивните говори.

Вие како пратеник доброволно се пријавивте во резервниот состав на македонската полиција. Дали со тоа сакавте да дадете пример или пак искрено сметавте дека одбраната на државата е обврска на секој македонски граѓанин без разлика на неговата позиција и функција?

-Позицијата пратеник согласно законските одредби овозможува да не

бидам поканет во резервниот состав на безбедносните структури. Меѓутоа, јас тоа го направив според моите лични убедувања за да ја бранам татковината, бидејќи немам друга татковина. Сметам дека не таков начин треба да размислуваат сите без разлика на нивната позиција или функција, а не да зборуваат дека тие што одат да ја бранат државата повикуваат војна. Мислам дека се измешани два клучни термина кои не се направени случајно-термините војна и одбрана на земјата. Секој има право и обврска да ја брани својата татковина, а мојата е Македонија.

Дали можеби емоциите што ги поднесовте од бојното поле, беа повод и за Вашата жолчна дебата во Собранието?

-Да, затоа што видов многу измачени луѓе, видов старци кои се плашат да излезат од своите домови. Луѓе на кои зад една одредена линија животот не им е грантиран и кои многу лесно можат да бидат цел на напад. Болката што тие ја преживуваат и приказните што од нив ги слушав само ја зголемија мојата лична болка за тоа што се случи. Но, сепак на едно сум многу горд, што нашата појава заедно со пратеникот Александар Пандов во кризните села ги охрабри жителите и направи да се чувствуваат посигурни, бидејќи ние имаме еден проклет синдром на поделба постојано виновниците да ги бараме во нашите редови и да го обвинуваме оној што во моментот не е тука. Со нашето присуство на борбената линија некои работи се променија, иако станува збор за микро пример, но во моментов сосема доволен бидејќи во одредени моменти видов големо единство на Македонците, кое е единствен услов за преживување.

Каде го гледате „расплетот“ по Рамковниот договор?

-Со „аминувањето“ на овој документ таков каков што е, мислам дека ќе дојдат црни и тажни денови за Македонија. Поради овој документ секојдневно сум подложен на притисок и од домашни и од странски претставници и секојдневно добивам смртни закани од претставниците на албанското малцинство. Но, сето тоа не ми пречи, горд сум што сум Македонец, без разлика дали понатаму ќе се занимавам со политика бидејќи доаѓаат моменти во животот кога некои работи стануваат ирелевантни, како и тоа дали понатаму ќе бидам политичар или, пак, не.

Досега требаше да бидете во Њујорк. Што стана со Вашата идна функција-Генерален конзул на Република Македонија во САД?

Заминувањето во Њујорк е „замрзнато“. Досега требаше веќе да бидам заминат, но по моја сопствена одлука одлучив дека е доблесно да бидам со жителите од кризните региони, чија судбина, заедно со нашата, е неизвесна. Одлчив дека е подобро да бидам овде отколку во Њујорк секојдневно да размислувам што се случува во мојата земја, со моето семејство и кој тоа тука верифицира предавство.

81 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ГОВОР ПО ПОВОД РАЗРЕШУВАЊЕТО НА МИНИСТЕРОТ ИЏЕТ МЕМЕТИ, ЗАРАДИ НЕБАРАЊЕ НА ЕКСТРАДИЦИЈА НА ТЕРОРИСТОТ СЕМИ ХЕБИБИ, 10.09.2001

Благодарам.

Се извинувам што овака започнувам, но чувствувам дека ова што се случува е обид за опструкција од опозицијата. Бидејќи цело време се дофрлува од место би сакал да се заврши прво дофрлувањето па да почнам да кажувам она што имам да кажам. Затоа што цело време дофрлува од место г-динот Нилола Поповски, а бев претходно од него прозван во ова обраќање имам намера да му кажам неколку работи и би сакал тој да биде сконцентриран за да слушне добро. Можеби ќе сака да реплицира.

Денеска имаме пред нас, за расправа предлог за разрешување на член на владата и тој предлог ни го образложи Премиерот. Овој случај, за терористот Семи Хабиби беше многу експлоатиран во Македонската јавност. Денеска пред нас и Македонската јавност барањето за разрешување на министерот Мемети беше јасно образложено од страна на Премиерот.

Сите вие знаете за што станува збор, колку е тежок овој случај, колку е значаен за системот на вредности и на сите нас што живееме тука. Никој нема да може да ја избегне одговорноста за тоа како ќе гласа, со правење на циркус во Парламентот.

За мене овој случај е јасен и без многу да должам ќе кажам како гледам на него. Претходно морам да ви кажам дека имав подготвено неколку тези кои произлегоа како дестилат, како производ на она што го дискутиравме по повод првата фаза на промената на Уставот и реакциите што ги слушнавме потоа. Се сеќавате, напади, одбрани, нервоза, се она што се нарекува единство, односно не единство на сите нас. За разлика од тогаш мислев дека денеска кога имаме предлог за разрешување на член на влада кој подржува терористи ќе имаме единство. Сакав да ја повикам десната страна од Парламентот, воедно и господинот Никола Поповски да гласа заедно со нас, да гласаме сите единствено. Токму денеска не ни е потребно прозивање во некаква ретроспектива на вина туку е потребно повторно и повторно повикување на единство помеѓу Македонците.

Таков говор имав намера да направам. Дури и зборував со неколку пратеници од СДСМ за тоа. Доста од вас ме прозиваа во врска со првата фаза од промената на Уставот, се воздржав од реплики затоа што знам дека ќе имаме уште многу можности, тука од оваа говорница да се разбереме и да и

оставиме на Македонската јавност да просуди за се.

Знаеме дека не очекува втора фаза на Уставни промени, Односно отварање на процедура за амандманска расправа. Токму денешната дискусија, пред втората фаза која деновиве не очекува е вистинско време да демонстрираме единство. Повеќе пати сакам да го повторам зборот единство затоа што ова е момент во кој единството можеме и мораме да го демонстрираме тоа единство како Македонци и да испратиме јасна порака дека не прифаќеме уцени. Не прифаќаме уцени во ситуација кога сме јасно прозвани како Парламент и Влада дека ако министерот биде разрешен некој партии ќе ја напуштат Владата. Денеска треба да покажеме голема зрелост. Се надевам дека и пратениците Македонци од Албанско етничко потекло ќе ја искористат можноста да гласаат за разрешување на министерот. Тоа е добра можност да манифестираат лојалност кон државата. Оти добро се сеќавам на една дискусија испорачана пред некој ден кога се кажа дека Албанците ќе добијат многу со Рамковниот договор и доаѓа време, ситуација во која нема да можат постојано да бараат туку ќе мораат со нешто и да се согласат. Денес е тој ден.

Можеби денеска тој чин нема да биде толку значаен, можеби денеска се уште ќе бидеме на чекор од посакуваното единство. Меѓутоа мислев дека ќе дојдеме на еден чекор поблиску пред утрешниот ден, пред втората фаза на промена на уставот. А таа фаза јас ја нарекувам „Верификација на геноцидот врз Македонскиот народ и Македонската историја“.

Тоа сакав да го дискутирам денеска. Но некој работи тргнаа во некоја друга насока и затоа ќе си дадам за право да го објаснам тоа што некој тука намерно го замаглува. Се надевам со тоа што ќе бидам малку подиректен нема да ме сфатите погрешно, нема да го сфатите тоа како намерна провокација на која што ќе треба да се браните.

Дами и Господа, случајот Ицет Мемети не е случај преку кој се прикриваат грешките, случајот Ицет Мемети е случај преку кој пред нас стои можност да се поправат грешките. Правени се грешки, некаде постоела и политичка наивност кога се подала рака на другиот во овој политички живот во ова Македонско миље.

Некој пратеници од СДСМ не прозиваат, не нарекоа луѓе со задоцнет рефлекс, прашуваат „Сега ли ви текнало?“. Навреда до навреда. Ајде да се сложиме со добар дел од тие приговори, се сложувам со добар дел од нив. Па можам веднаш потоа да одам понатака, па да прозивам за едно илјада работи што биле направени до 1998година и со тоа да се затвориме во еден волшебен

круг од кој што нема да можеме лесно да излеземе. Нема никој од нас што не е со грешки. Меѓутоа што станува денеска? Тоа што никој не е безгрешен, ниту од СДСМ ниту од ВМРО, значи ли дека му дава за право на некој да обвини за задоцнет рефлекс? Од ова може да се извлече логички заклучок и оправдување за утре, во смисол сега вие се поправате, а ние сме тие што имаме право да грешиме.

Оваа ситуација е многу сериозна. Не конкретно за г-динот Иџет Мемети, бидејќи нашата Влада функционира под експеримент кој што го прави меѓународната заедница. Експеримент во кој имаме Влада подржана од целиот Парламент, односно Влада која што нема опозиција помеѓу пратениците. Сепак добар дел од пратениците спротивно на ова, од чисто маркетиншки причини се однесуваат во своите настапи како опозиционери. Значи не го зборувам ова поради господинот министер за правда, туку поради нас. Сите сме ставени во шах- мат позиција, подобро кажано пат позиција и не можеме да повлечеме потег без да предизвикаме реакција под принципот на „сврзани садови“ од другата страна. Така што ова е значаен момент да видиме дали можеме да бидеме единствени.

Во име на тоа единство денеска ќе бидам повоздржан, иако има многу работи за кои што сакам да зборувам. За да не одземам многу време а во насока на тоа што го кажаа некои претходни дискутанти се слжувам дека Македонската јавност треба да знае се. Ќе кажам уште нешто, Македонската јавност знае и има став по повод овој случај. Таа не треба да се убедува многу и нема потреба од перење мозок.

Имаме терорист, Семи Хабиби кој што е уапсен за кривично дело во Германија. Не е тој уапсен затоа што бил многу убав од страна на Германската полиција. Истиот тој изврши напад врз полициска станица, удри врз уставниот поредок на Р. Македонија. Како да се произнесме во врска со министерот што не сака да побара негова екстрадиција. Со внимание го слушав настапот на г-динот Зибери. Нормално е да го браните министерот кој е член на вашата партија и нормално е да ја отфрлите оваа иницијатива. Но г-дине Зибери во ниеден момент во својот говор не кажавте дали сакате екстрадиција на г-динот Хабиби или не.

Ние можеме во реторички залети и занес да каже ме било што, тоа може и добро да прозвучи на овој или оној дел од јавноста, зависно од тоа на кого се обраќате. Меѓутоа г-дине Зибери вие пред нас требаше да кажете,еве министерот е од наша партија, не ни се допаѓа Премиерот, ќе го напаѓаме Премиерот, ама ќе побараме да се заврши овој случај со испорачување на

терористот.

Внимателно ве слушав, некој пат немам доволно такт да ве слушам, за да чујам дали ќе кажете: „Точно е овој случај треба да заврши, страните се на различни позиции, дајте да го видиме криминалецот, односно терористот пред лицето на правдата“. Тоа не го слушнав. И би сакал бидејќи најави реплика г-динот Зибери кога ќе настапи со навредите барем да има доблест да го каже тоа дали тој е за екстрадиција на г-динот Терорист Иџет Мемети, односно Семи Хабиби.

(реакција на пратеници од место)

Се извинувам не мислев на министерот, но оној што брани терористи и самиот може да се нарече терорист. Ако не терорист тогаш јатак. Тоа е мој став. Имам ли право да го кажам?

(довикување од пратеници - НЕ!!!)

Така ќе биде во некој ваш Парламент каде вие ќе кажете кој како да зборува. Во овој Парламент Македонците ќе зборуваат отворено, слободно и не ви се плашат. Кога веќе сакате да провоцирате ете ова ви е мојот став.

Значи, заклучувам, случајот е јасен, г-динот министер треба да се разреши.

И пред да завршам ќе си дозволам мала дигресија да објаснам кои беа моите дилеми кога гласавме за првата фаза од промената на Уставот. Ова го правам затоа што ептен многу го мачи г-динот Никола Поповски кој толку ногу сака да слуша што имам да му кажам. Г-дине Поповски ви се обраќам како на пратеник, а не како на координатор на пратеничката група на СДСМ. Ви се обраќам за да ви кажам зошто гласав еднашка За и еднашка Против во првата фаза за отварање на промената на Уставот. Ви кажувам затоа што тоа за Вас денеска е позначајно од се, дури и од отпочнувањето и верификацијата на геноцидот врз Македонскиот народ. Да ви кажам што се случуваше во мене. Иако Шекеринска смета дека човека не треба не треба да има емоции кога дискутира, јас обратно, од тоа не се откажувам. Цело време имам емоции и цело време се кршам и ви се чудам како можете анблок како партија, сите до еден да гласате За.

Доказ на ова е денешното гласање. Пак ќе речам, ви се чудам. Сакате да зборуваме отворено под каков притисок сме ние. Мене не ми тешко да

кажам отворено, немам што да кријам ниту од вас, ниту од никој друг. Ве интересира зошто пратеници од ВМРО гласаа За. Сакате да знаете зошто? Токму затоа што вие како партија се ставивте во блок со двете Албански партии и гласате без поговорно, за да го прикажете ВМРО како единствено виновно и истовремено да не изолирате.

Тоа е проблемот што мене ме крши. Растев во ВМРО, влезем сум таму уште кога бев студент и кога вака безобразно некој го мести ВМРО и Македонија не ми е лесно да се помирам со тоа. Вие учествувате во тоа местење, подметување наместо да кажете како Македонски блок да седнеме и ние да гласаме сите исто. Не ми е јасно како другите можат лесно да се договорат а ние не. Наместо тоа единствена цел ви е нас да не изолирате и прогласите за единствени виновници во оваа криза.

Да не ве потсетувам на случајот на Газмент Кадриу од 1997година добро знае и г-динот Лазар Китановски за тој случај. Се сеќавате на списоците на паравојската, толку детални што човек може да се чуди. Без да навлегувам во детали овој случај ви го кажувам како доказ дека војната има длабоки корени, години наназад.

Наместо сето тоа да ве интересира и загрижува на вас ви е многу интересно како гласал Филип Петровски. Еве ви кажувам гласав За, за партијата која што вие ја местите да биде изолирана, а која што партија ако ја нема, ќе ја нема и Македонија. Меѓутоа гласав и Против оти и тоа сметам е дека во интерес во државата. Не може да се легализира и верифицира ваков геноцид врз Македонскиот народ.

Сите ние сме ставени во ситуација да не знаеме што да избереме. Немојте да мислите дека само јас се кршам. Сите овие пратеници што беа плукани од вашите весници цели два дена, мислите дека сакаа да гласаат За? Тие гласаат со љубов кон државата и партијата сакајќи да ги спасат и двете. Ние за разлика од вас немаме договор за идна Влада ниту со Али Ахмети, ниту со меѓународната заедница. Вие имате ли?

Ние имаме една единствена света цел, да ја заштитиме државата. Многу ми е тешко кога го зборувам ова. И ви кажувам, му благодарам на тој што побара јавно гласање, бидејќи ме ослободи од тоа што го имав како терет. А ќе видиме како вие на сите наредни гласања, јавни и поединечни ќе гласате. Очигледно е дека ќе има уште гласања во кои ќе може јасно да се види сечија позиција. Внимавајте некој можеби е на два ума. Но, тоа двоумење може да се смета како грешка во едно или две гласања, ама во дваесет или триесет произнесувања, колку што има амандмани, тоа никако не може да биде

грешка. Во толку гласања тоа е или принцип на коленичење или исполнување на некое ветување по секоја цена. Значи ќе имаме доолно можност сите да се видиме.

И ви повикувам г-дине Поповски да не провоцирате за да слушате вакви одговори, бидејќи ова е несоодветен одговор на денешното прашање што го расправа Парламентот. Од друга страна ви благодарам што ми дадовте можност да се произнесам за ова прашање кое што толку многу ми тежи. А зошто на вас не ви тежи е голем знак прашалник. Без да трепнете гласавте, така како што гласавте, цела пратеничка група. Тоа е или многу добра глума од ваша страна, согласно препораките да се нема емоции или е навистина една убеденост се што сте замислиле за во иднина како цел, да бидете Влада дека ги оправдува сите средства. Чист Макијавелизам!

Се надевам дека бев јасен. Ако не ви бев јасен повикајте ме повторно пак ќе зборувам за тоа како сум гласал, колку ми било тешко и колку ми се тресеше раката кога гласав. Пак ќе зборувам. Сто пати ќе зборувам. Сто пати ќе објаснувам зошто и како сум гласал и колку сум го колнел моментот што сум пред една таква историска одговорност во која што треба да се донесе таква значајна одлука. На вас очигледно око не ви трепнува.

Ако може да реплицирам. Ќе ве молам за малку трпение иако знам дека на некои им е доста и сакаат побрзо дома да си одат. Напротив треба да останеме тука додека да ги разјасниме сите работи.

Изгледа дека пак погрешно ме сватил г-динот Поповски. Воопшто не му се заканив. Не знам дали е толку плашлив г-динот Поповски па имаше потреба вака са зборува во неговата реплика. Пак ќе речам не му се заканив, а зошто се плаши тој самиот си знае. Сега да му дообјаснам што сакав да кажам бидејќи очигледно не ме сватил.

Имав така срочен говор, така направено обраќање со кое имав намера да ве повикав на единство, бидејќи мислам дека треба да ви се даде шанса. Бидејќи постојано ја споменувате црквата треба да ви се даде шанса да не ги загубите душите.

Г-дине Спасов постојано дофрлувате од место, подобро слушајте па реплицирајте.

Со тоа што се претставувате како виртуоз, еквилибрист во политиката, седејќи во овој Парламент повеќе од десет години само и покажувате на Македонската јавност колку сте станале без емоции и душа за она што ние го браниме тука Македонскиот народ. А вие г-дине Поповски бидејќи се одлучивте да бидете безобразен, сега ќе добиете исто таков одговор.

Спомнавте две категории на луѓе и според тоа јас ќе одам на исповед во црква, а вие можете да одите на психијатар.

Колку ќе ни остане таа црква после она што се намериле да го направите е знак прашалник. Ќе ве молам и ќе ве прозивам кога ќе дојде на дневен ред амандманот за Македонската Православна Црква. По име и презиме ќе ве прозивам да кажете што мислите за МПЦ, дали таа има историска улога во формитањето на Македонската држава или заслужува да биде израмнета како сите други заедници. Постојано ќе ве прашувам за тоа.

Мислите дека сум навлечена на тоа што вие го кажавте смирено, елоквентно и елегантно? Знаете ли дека ова не се елегантни прашања? Ова се прашања за живот и смрт. Затоа имам дилеми. Немате никакво право да ме прозивате туку одете дома и размислете малку за тие дилеми. Политиката не е секој пат да се гласа по секоја цена како што ќе им каже господинот Црвенковки. Запамтете ја таа работа, бидејќи ви кажувам дека не се сметам себе за безгрешен, ама сум 10 пати побезгрешен од вас лично. Вие учествувавте во промената на две Уставни категории: Име и Знаме. Според тоа на вас не ви е проблем да ги смените сите останати Уставни категории. Не ми е тешко кога ве глаедам единствено вас, тешко ми е кога ја гледам целата ваша пратеничка група како веднее глава пред вас. И сега сите нека реплицираат ако сакаат, ама не ми е јасно како можат десет пати поголеми мажи од вас да не смеат да ви кажат не.

Запаметете ги зборовите на Перикле од Беседата за починатите кога сакате да зборуваме за вина. Имам вина.
„Оние што загинаа за татковината...“.

Ве молам г-дине потпретседателе да обезбедите услови за да можам да реплицирам. Би сакал ако може да им обрнете внимание на пратениците од Албанските политички партии дека имам добиено збор.

Или е ова некаква подршка на г-динот Поповски, опструкција да не можам да му кажам што мислам. Обезбедите ми услови да зборувам, затоа што имам што да му кажам. Или да излезам на говорница?

Да продолжам, запаметете ги зборовите на Перикле од Беседата за починатите точно за прашањето на вината. Кој има вина, а кој нема. Реков, прифаќам вина. „Оние што загинаа за татковината си обезбедија почит од следните генереции. И сето она што го направија претходно како грешка, Обезбедија да биде избришано пред наредните генерации, бидејќи тоа што го направија за татковината е многу повредно од она што претходно го правеле“.

Вие г-дине Поповски се поставувате како тутор не дозволувајќи некој

ниту да може да ја исправи својата вина. За барањето за поединечно гласање мислите дека е закана. Не е тоа закана, но вие тоа го претставувате така затоа што не знаете како ќе гласате и ќе имате проблем гласањето да го оправдате. Се разбира не сите, чест на исклучоците кои што најавија дека ќе гласаат против. И можете што сакате да ми кажете на мене. Ќе имате проблем на Македонскиот народ да му објасните, не на мене.

83 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ДЕКЛАРАЦИЈАТА ЗА ОСУДА НА ТЕРОРИСТИЧКИТЕ НАПАДИ НА САД, 17.09.2001

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави г-динот Филип Петровски.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Во врска со Декларацијата за осуда на терористичките напади во Њујорк и Вашингтон ќе бидам краток, затоа што имам намера повеќе да зборувам по втората точка од дневниот ред, околу референдумот, која што според мое длабоко уверување повторно излегува од она што ние го имаме во оваа Декларација за осуда на тероризмот.

Да бевме ние Парламент на Латвија или можеби на Чиле можевме воопштено да зборуваме за тоа што се случи како трагедија во Њујорк и во Вашингтон. Можевме да кажеме дека тоа е нешто далечно од нас, ние жалиме, тоа е еден настап кој не сакаме да им се повтори на Американците и да ја завршиме работата со тоа, како Собрание.

Меѓутоа, ние сме Парламент на Р. Макединија, имаме шест месеци проблеми со терористи и не можеме да замижиме пред тој факт. Ние можеби имаме како држава разлика во последиците, бидејќи таму знаеме какви се бројките, знаеме кај нас какви се бројките, меѓутоа мотивот е ист.

Оној што го срушил светскиот трговски центар за мене не е поразличен од оној што направи масакар во Вејце, во Тетово, во Љуботен. Оној што го крена во воздух „Лешочкиот Манастир“ и оној што дигаше во воздух цивили во Бриони, е ист со тој што сруши авиони во Њујорк.

Ние како држава треба да признаеме дека си имаме мака и таа треба да биде дел од документите што ги носиме тука. Не можеме да замижуваме, и како предлагач потпишан на оваа декларација сметам дека текстот е издржан и дека како таков треба да остане, и да биде изгласан.

Бидејќи ме спомна г-динот Гештаковски од СДСМ со него ќе реплицирам, нема да реплицирам уздуш и попреку на изнесени интереси, би рекол фантастични приказни.

Баравте и ветивте дека ќе се извините, како СДСМ. Не мора како СДСМ, вие лично излезете и извинете се, ако сметате дека ова што ќе го кажам е валидно, ако не ќе го провериме документот, бидејќи вие баравте документ каде постојат 150 илјади државјанства, каде постио доказ дека СДСМ во времето на своето владеење направил односно дал на Албанците, нешто што денес на глава ни се руши.

Еве ќе ви кажам. Бидејќи вие сте заљубени во Меѓународната заедница и денес имате голема подршка од нив, заедно со вашите коалициони партнери со двете Албански партии, можете да го гледате документот на Советот на Европа при укинување на мониторингот на Македонија. Мислам дека тоа е валиден документ за вас судејќи по начинот на кој се однесувате пред секој што ќе дојде од надвор во Македонија.

Точка 95 или 96, не ме земајте за збор, ако сакате и заедно ќе го гледаме документот, ако не ќе се потрудиме да го ископираме па ќе го испратиме во вашата пратеничка група. Во документот се вели: Советот во Европа ја поздравува Македонската Влада затоа што доделила 133.000 државјанства и тука се апострофира еден период од 1994,1995 па некаде до 1998 година. Меѓутоа, тој период на владеење е наш. Сега вие имате право да се сомневате. Секој пат, секоја реторика може да се доведе во прашање и на се да се стави некаков извичник.

На гласачкиот список во 1994 г. се појавени 180.000 не се запишани гласачи. Вие многу добро се сеќавате, иако глумите од место сега голема болка. Вие многу добро се сеќавате која можност беше дадена, оној што го нема во гласачкиот список, иако јас сум млад се сеќавам 1994 г. на тогашните избори, оној што може да го докаже својот индетитет да биде допишан. На едно место во документ на ОБСЕ 133.000 државјанства се спомнуваат, а во нашиот избирачки список од 1994г. имаме 180.000 додадени гласачи. Не сакам да кажам колку биле шетачи на СДСМ и како ги фалсификуваа изборите, сами заклучете. Ако сакате ќе зборуваме и за тоа. Меѓутоа, најмалку 50.000 биле шетачи. И така ги добивте изборите во 1994 година. Сега погледнете ги тие два документи, еден на Советот на Европа, еден избирачки список и мислам

дека ќе ви биде решена дилемата. Ако мислите дека тоа е валидно за вас, би требало да се извините на Мкедонската јавност, ако не, мислам често пати сте знаеле да не одговорите на нашите прашања, па можете и сега да си замолчите во надеж дека со вашите коалициони партнери ќе ви успее опсрукцијата што ја правире на Македонското Собрание.

Знаете зошто зборувам за коалиција. Затоа што во Владата не функционира коалиција, функционира надвор од Владата што ја има на мобилни телефони, ја слушаме таа коалиција односно ја читаме, ја објавуваат и на телевизии и во весници. За таа опструкција зборувам и затоа ви честитам на таа опструкција. Очигледно е дека денес ви се дадени задачи и текстови и ви е дадена задача да зборувате по два часа сите. Зошто? Затоа што утре почнуваат промените во Уставот. Денес се бркаме по ходниците, не можеме никако да најдеме цел ден. Ќе видиме утре колку ревносни ќе бидете и први ќе дојдете тука. Не се обраќам на ПДЛ се обраќам на СДСМ, но Очигледно дека функционирате како едно.

Владата на широка коалиција Г-динот Гештаковски не е направена по наше барање. Мене ако ме прашувате можете да си ги соберете вашите министри и веднаш да излезете од таа Влада, бидејќи вие откако дојдовте во таа Влада оттогаш ги имаме сите опструкции и од тогаш почна падот на Македонија. Кој знае до каде ќе отидеме, ако останете во ттаВлада. Така што ве повикувам веднаш да си излезете од таа Влада, ако имате доблест заедно со вашите коалициони партнери. Па, каде што викам, ако има 61 мажи ќе направиме Македонска Влада, па ќе се расправаме се овој проблем на Македонски начин, ако немам како што тврди г-ѓица или г-ѓа Шеќеринска, еве ја прозивам, има можност да реплицира, тогаш ќе видиме колку има мажи кај вас, иако не мислам на неа, да не се навреди.

Уште една работа. Четворица лидери потпишале договор. Тој договор сега бил нова Библија. Да ви кажам, четворица луѓе не можат да решат за судбината на Македонија и нема да дозволам јас со мојот глас тоа така да биде, кој може тоа да го дозволи, дали некој од вас или од кај нас,нека повели.Ќе гласаме поединечно, ова не е закана. Г-динот Поповски си излезе, бидејќи не може да слуша кога зборуваме отворено. Ќе гласаме отворено и јавно па ќе види Македонскиот народ. Ако Македонскиот народ не сака да има држава и нека нема држава. Вие помогнете му во тоа.

85 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПРВА ФАЗА НА УСТАВНИТЕ ПРОМЕНИ, ЧЕТВРТ АМАНДМАН, ЗА ПРЕАМБУЛАТА, 20.09.2001

(дофлување на пратеници од место да не се дискутира за темата)

Не е грешка мојата намера да зборувам! Дами и Господа, иако ми се чини дека џабе ќе зборувам, имамшто да кажам и ќе ви зборувам. Работата се одвива токму онака како што не треба да се одвива, гледајќи од македонсата страна и гледајќи за Македонскиот народ и по повод она денеска што го расправаме амандмани на Уставот на Република Македонија, нацрт текст, конкретно амандман 4, имам што да кажам излегов да го кажам моето мислење, а судот на историјата ќе не стигне сите нас и ќе видиме кој како ќе може да го поднесе.

Во првата фаза на отварањето на уставните промени зборував прилично опширно, зборував и за овој амандман и ако добро се сеќавате, а за оние што не се сеќаваат реков дека и тогаш и многу пати после тоа, па и денеска ќе повторам многу пати за оние што имаат трпение да слушаат. Со овој амандман, ваков каков што е предложен ќе се изврши геноцид врз Македонскиот народ, ќе се изврши бришење на еден народ, ќе се изврши предавство од вековни размери.

Ги слушав сите дискусии За и Против, како и сите други, жители, граѓани на оваа држава и сум подложен на тортурата за бришење, односно перење на мозокот што овие денови ни се случува, меѓутоа морам да кажам кога зборувам за овој амандман никако не можам да најдам причина, оправданост,издржаност, било што, за да кажам, еве овој амандман е во ред. И прв пат кога зборувам кажав дека не е спорно претседател на држава да отвори процедура за менување на Уставот. Затоа што, тоа го имаме како дадена можност во Уставот. Меѓутоа, едно отворање на ваква процедура и вакво нудење на текст, мислам дека едноставно не доведува во една ситуација да размислувам дека нешто не е во ред со нас. Нешто не е во ред со нашиот ментален склоп и ние како држава немаме, односно, како народ, немаме инстинкт за преживување. Па, во име на некакво си македонско национално единство или неединствено формирање Влада, па си ги делиме ресорите вака или онака, меѓутоа, едноставно сето тоа го користиме за напад врз другиот, за оправдување кое што можеме да го трпиме од другиот или за другиот, но, никако, никаде, нечувствувам инстинкт за преживување.

Морам да кажам дека се чудам како воопшто дојдовме до ова и се чудам

од лагодноста кои некои ја чувствуваат кога зборуваме за овие проблеми, кои што, да речеме, некој ги прифаќа како нешто што е можеби нужно или мало зло. Меѓутоа, не можам да кажам дека станува збор за зло, станува збор за самоубивство на сите нас. Затоа, денеска пешив најмалку неколку пати да ви го прочитам амандманот 4, ќе ја злоупотребам говорницата и најмалку неколку пати ќе ја прочитам и преамбулата, за да допрам барем до некои овдека внатре, затоа што се сомневам дека надвор од овдека може да се направи некакво влијание. За да барем некој овде внатре, го натерам да помисли и на друг начин.

Ќе кажам зошто мислам за овдека внатре, повеќе отколку за надвор. Затоа што, очигледно е дека е верифицирана опструкцијата на референдумот. Очигледно е, некој тука сакаше да нема референдум, најверојатно и ќе го нема, без разлика што сеуште не сме гласале. Очигледно е, некој не сака да слушне што мисли народот. Очигледно е дека имаме договори по мобилни телефони за опструкција. Очигледно е дека функционира една невидлива коалиција. Очигледно е, се ова што се случува во државата, можеме слободно да го наречеме фарса.

Очигледно е дека некој работи се договорени и допрва треба да профункционираат. Тоа е само една увертира на она што допрва ќе се случува, а не предвидувам светли денови и добра иднина, без разлика што имаме „усти полни со земја“, кога зборуваме за мир, без разлика што како што ви реков се изнаслушавме и се изнагледавме реклами како тоа во име, на незнам кој, ние треба да бидеме за мир, во една очигледно намерно апсајдаум поставена теза во која мирот и војната се поставуваат како ден и ноќ, како единствени опции. Тоа е една намерно поставено појдовна точка на погрешни основи, само за да се верифицира она што допрва треба да се служи. Затоа денес не би требало многу да го малтлетирам Македонскиот народ, бидејќи ма кој да го малтлетира.

Сакам да им се обратам на некои тука, нема да кажам ВМРО или СДСМ, да ги натерам уште еднаш да размислат, иако мислам дека и за тоа можеби веќе е доцна и тоа можеби нема шанса да се случи.

Се извинив дека ќе бидам подолг и се надевам дека колегите ќе го уважат тоа.

Немам некој посебен занос за говор, ниту желба, бидејќи гледам дека е безцелно што некои работи се кажуваат тука. Меѓутоа, јас ќе ви ги кажам!

Сега ќе ви ја прочитам преамбулата на Уставот на Република Македонија, бидејќи таа сеуште е валидна:

„Тргнувајќи од историското, културно, духовно и државно наследство на Македонскиот народ и од неговата вековна борба за национална и социјална слобода и за создавање на своја држава, а посебно државно-правните традиции на Крушевската Република, историските придобивки на АСНОМ и уставно-правниот континуитет на македонската држава како суверена република на Федеративна Југославија, од слободно изразена волја на граѓаните на Република Македонија на референдум на 8 Септември 1991г. како и од историскиот факт дека Македонија е конституитана како национална држава на македонскиот народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на Македонскиот народ, со Албанците, Турците, Власите, Ромите и другите националности кои живеат во Македонија се донесува Уставот.

Денеска пред нас стои сосема друг текст, амандман 4, кој вие дами и господа сите 120 пратеници треба да го прифатите односно 61 од вас. Тој гласи:

-Граѓаните на Република Македонија преземајќи ја одговорноста за сегашноста и иднината на нивната татковина, свесни и благодарни за своите предци, за жртвите и поставеноста во нивните заложби и борба за создавање на самостојна и суеверена држава Македонија и одговорни пред нивните генерации за зачувувањето и развој на се што е вредно од богатото културно наследство и соживот во Македонија, еднакви во своите права, бла, бла...како што реков и прв пат.

Знаете што ми смета. Ми смета што кога некои лидери тука или некои долидери, помали лидери, мали лидери излегуваат и зборуваат, ние направивме еден договор во кој е сочуван интегритетот на државата, сочувана како унитарна држава, сочувана од целовитноста на оваа држава.

Едно нешто можам да ви кажам на сите вас што сте се договориле во Охрид. Тоа е загарантирано со Уставот немаше потреба да го договарате.

За што се договаравте вие? Кого лажевте? Кој е тој што треба да ја купи таа лага дека е сочуван интегритетот на Република Македонија, унитарниот карактер и дека се ќе биде по старо кога ние ќе го смениме Уставот и ќе го избришеме Македонскиот народ. Можам да си објаснам како некои политичари можат тука со такво лицемерие да настапат. Сега сеуште не прозивам никој.

Во вториот дел од мојот говор ќе прозивам по име и презиме бидејќи сакам сите да излезат тука и да објаснуваат. И мислам г-дине претседателе сте се прелажале кога рековте дека денес ќе завршиме, бидејќи денеска ако

завршиме со овој амандман, не со сите амандмани, тогаш знајте дека сме завршиле со судбината и иднината на Р. Македонија и на Македонскиот народ. Сеуште се надевам дека мала надеж има, иако многу темно гледам денеска, а мислам дека таква е и и иднината на Македонија со ова што го имаме пред нас.

Мала дигресија, бидејќи дофрлувате.

Знаете, јас сум за мир, јас сум за тоа сите ние да живееме со соживот. Јас сум за тоа да можам да отидам во Матејче, во Манстирот, ама да нема терористи таму г-дине Благоја Стојковкси. На тоа мислам.

СТОЈАН АНДОВ:

Немојте поединечно да им се обраќате на пратениците.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Па ми дофрлуваат од место.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам оставете го говорникот нека зборува.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Ако ме остават да зборувам, ќе зборувам она што мислам, ако не ќе одговарам и на провокации од место. Мислам воопшто не ми смета мене.

(Дофрлување од место)

Тоа така вие мислите. Само кого лажете? Ќе отидете утре во 8:00 часот во Матејче, ќе се вратите после 2 саата и после тоа што ќе имате, уста полна радост? Колку, два часа? Колку ќе бидете таму, колку време?
Немојте да провоцирате од место, г-дине Стојковски.

Вие исто така г-дине Настевски. Можете да почекате да завршам, ве спомнав, па да ми реплицирате, ако сте толку испровоцирам од тоа што ве прашувам.

Како да не ве прашувам колку време ќе поминеме во Матејче!? Па како сме оделе таму, а сега неможаме да отидеме. Како да не прашувам. Ќе ве прашам сите поединечно. А бидејќи толку инсистирате, целата група на ЦДСМ, по име и презиме ќе ве прозивам, излезете сите реплицирајте.

(Од место Бранко Црвенковски, дофрла прашајте ги и тие од ВМРО)

Ќе ги прашам од ВМРО. Господине Црвенковски, долго време чекам вие да ми реплицирате, односно да ми одговорите. Да излезете и од тука на одговорите на тоа што постојано ве прашувам. Нема шанса? Е нема затоа што знаете што сте договориле, само вие и ви е страв и срам пред Македонскиот народ и немате храброст јавно да кажете. Можете да бегате.

(Црвенковски ја напушта салата)

СТОЈАН АНДОВ:
Ве молам г-дине Петровски, обраќајте се на Парламентот. Продолжете.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:
Г-дине Претседателе, јас се обраќам до Парламентот и таква намера имам, да се обраќам на Парламентот цело време. Меѓутоа, господине Претседателе ние тука ќе треба да гласаме поединечно и јавно за се, се надевам дека ќе имам подршка барем од 10 пратеници. Мислам дека ова веќе поминува и во лична работа. И ако некој пратеници се наоѓаат погодени и толку неможат да издржат па ми дофрлуваат, ви кажувам дека ќе продолжам и ќе им одговорам на сите од тука, од говорницата. И немам зошто да имам што да им кажам.

Сега да се вратам на тоа што го зборував. Преамбулата и текстот на Нацртот ви го прочитав. Ќе ви ги прочитам пак да не ги заборавите.

Да ви кажам зошто мислам дека има безскрупулозно перење на мозокот на Македонците, оти Албанците знаат што сакаат и тоа и го постигнаа. Точно, се постигнаа, освен Голема Албанија, ама како што тргнале за пет години ќе стигнеме и до тоа.

Деновиве сме изложени на безскруполозно перење на мозокот на Македонците. Секој весник, секоја ТВ станица, секоја радио станица емитува реклами за движењето за мир, па во нивно име ние тука сме требале да бидеме За, бидејќи како што реков тезата е поставена и јасна, дека оној што е против договорот е за војна. Меѓутоа, реков, не се согласувам со тоа. Сум за мир и мислам дека имам право работите да ги анализирам и образложам така како што јас ги гледам.

Бев на интернет да видам која е таа организација што толку многу се залага за мир. Која е таа организација што пере пари. Чии пари, ќе дознаеме веројатно наскоро, организација, што има „уста полна со мир“ и што сите нас

не бара во нивно име да бидеме во мир. Еве јас ќе им одговарам јасно и гласно на сите типови како Мирјана Најчевска и слични на неа дека сум за мир. Меѓутоа, немам никаква намера со тоа што сум за мир да почнувам кампања, да перам мозок на Македонците од една страна, а од друга страна да повикувам јавно да се праќаат Македонци во Хаг. На таков начин ли сте за мир? На таков начин ли сите тие квази невладини органи се за мир, да се иживуваме преку одредени ТВ станици да ми простите на збор, да свршуваме што некој Македонец ќе оди во Хаг. Се извинувам.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам внимавајте. Да ги бираме зборовите.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Јас одговарам за моите зборови, претседателе. Се извинувам уште еднаш.

СТОЈАН АНДОВ:

Да, ама на говорницата мораме да имаме некој однос.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Мене ми е апсолутно јасно дека ова како што тргнало ќе се стигне таму каде што предвиделе некои други, истите тие што се јавуваат по телефон да ни кажат, морате да гласате, а ни се претставуваат како добро намерни. Меѓуто, тоа да биде верифицирано од Македонци со една состојба на занес, тоа неможам да го прифатам.

Би сакал сите вие да отидете на интернет, ајде, некој од вас што не знаат како се оди на интернет, да ги ослободиме од таа обврска. Меѓутоа сите оние што гледаат, нека отидат на њњњ.бидиза.орг.мк и да видите кои организации денес ви зборуваат за мир. Да видиме кои се тие што стојат позади тоа, кои се тие што ви го прат паметот, кои се тие што денес снимаат реклами и наши прогласуваат за геноцидни суштевства и ги подготвуваат за Хаг, па да видиме колку Македонци има таму. Да слушнете што нуди тоа „движење за мир“, како одговор, односно да прочитате што нуди како одговор на она што нас не мачи. Прочитајте ги тие одговори, да не ви ги читам тука, иако можам и тоа да го направам, да видите со каква празна реторика и со колку лаги целата оваа ситуација се објаснува. И утре вие, некои од вас, тие луѓе ќе ги прогласуваме за херои, а тие што загинаа како херои за оваа држава, ниту ќе ги споменете

ниту ќе помислите на нив, ниту ќе им оддадете должна почит. Некои од нив дури ќе праќате во Хаг. Е тоа неможам да не го коментирам.

Едниот аспект, перењето на мозокот се надевам дека со ова доволно јасно ви го образложив. Исто така се надевам дека ве испровоцирав да ги проверите сите тие организации што се претставуваат како големи поборници за мир. Проверете ги самите колку се веродостојни.

Сега ке зборувам за друг аспект. Но најнапред ќе ми дозволите уште еднаш да ја прочитам Преамбулата на македонскиот Устав. Во интерес на времето ќе ги прочитам само двата дела во кои што се споменува македонскиот народ.

-„Тргнувајќи од историското, културното, духовното и државно наследство на македонскиот народ и од неговата вековна борба за национална и социјална слобода и за создавање на своја држава, а посебно од државно-правните традициина Крушевската република и историските одлуки на АСНОМ... и изразената волја на граѓаните на Република Македонија ов 8 септември 1991 година, како и од историскиот факт дека Македонија е конституирана како национална држава на македонскиот народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со Албанците, Турците, Власите, Ромите и другите националности кои живеат во Република Македонија... се донесува Уставот.

Ова повторно го прочитав токму затоа што од тоа сакам да го извадам вториот аспект, кој што го најавив, односно да прашам, тука во македонскиот Парламент што во оваа преамбула значи нерамноправност? Кој збор што е употребен покажува недемократичност, кој збор укинува права на некое малцинство, кој збор тероризира, кој збор понижува... Со што се отсранува постоењето на некое малцинство, освен србите што се неправедно изоставени, а што може да биде исправено.

Немате одговор? Нека излезе кој сака од вас и нека одговори што е тоа во преамбулата на македонскиот Устав што мотивираше одредена група на луѓе да земат оружје и да убиваат македонци? Нема ништо во оваа преамбула што го оправдува она што се случува во Македонија. Се е ова фарса. Затоа ми е тешко да зборувам пред вас. Ова е фарса од невидени размери. Еве потврдуваат некои пратеници од место дека е тоа така.

Ова е геноцид врз Македонскиот народ. И ќе докажам зошто. Тука сум да изнесам тези пред вас. Вие можете да ги отфрлите, меѓутоа неможете да ми го одземете правото да ги изнесам тезите. Како што тргнале работите, можеби ќе има и некој амандман на Уставот и на Деловникот за работа на Собранието,

па може и нема да можеме слободно да се изразуваме. Незнам. Како тргнале работите можеби скоро и до таму ќе стигнеме.

Прашав што смета во таа преамбула, што не чини.

Ниту Бранко Црвенковски, ниту никој од СДСМ, ниту никој од ВМРО-ДПМНЕ, ниту никој од албанските пратеници не може да излезе да каже што нечини. Ве повикувам, излезете да кажете што нечини. Што од овде е нерамноправност, кој збор ве малтретира, омаловажува кој збор ве брише. Нема таков збор.

Има нешто друго. Има проект за „голема Албанија“. И сите оние што ќе учествуваат во промената на Уставот и преамбулата се соучесници во проектот за создавање на голема Албанија. Не зборувам јас за Албанските пратеници, да не се разбереме погрешно, зборувам за Македонските пратеници. И да знаете сите имиња и презимиња ќе бидат запомнети. Тие писма што ги добивам јас ги добивате и вие. Македонската историја ќе ве памти. А тие што ми дофрлуваат од место, чувствувам дека имаат голем притисок од нивните семејства, од нивните гласачи, од нивните пријатели кои што исто така ги прашуваат зошто ќе гласаат за промената на Уставот, а тие не знаат што да одговорат.

Сега ќе шпекулирам во стилот на г-динот Никола Поповски, кој навистина ништо друго и не прави кога говори освен што шпекулира. Мислам на она што го рече пред некој ден дека пратеници од ВМРО-ДПМНЕ ќе гласале поделено, но дека предлогот за референдумот ќе поминел. Еве контра шпекулација. Знаете јас слушнав и тоа го зборуваат многу гласачи дека 20 пратеници на СДСМ добиле пари од Албанците за да гласаат за промена на Уставот.

Шпекулација?! Излезете негирајте! Само се плашам да не е таа шпекулација вистинита!

Да се вратам назад на Преамбулата. Како што сакаат Албанците да не избришат од неа, исто така, сакаат и други народи. Меѓутоа тие немаат своја директна вмешаност или учество во овој случај. Неможат да влијаат директно врз Парламентот. Сепак да се потсетиме малку на историјата затоа што оваа Преамбула е израз на едно историско напрегање на македонскиот народ, на бројни негови генерации. Добро знаете дека пет, шест војни се водеа во минатиот век на овие простори. Балканските војни, две светски војни, војните при распадот на Југославија. Знаете зошто се водени посебно балканските војни и дека нашата нација е негирана од сите четири соседи континуирано, на овој или оној начин. Несакам да држам предавање кој не ни го признава

јазикот, кој не ни го признава името, кој не не признава на овој или на оној начин.

И што правиме ние сега? Ве прашувам и незнам зошто немате трпение да ме исслушате,толку ли големи глупости се ова за вас? Дали се ова глупости за вас? Не ми е јасно. Никако неможам да се објаснам зошто немате трпение да ме исслушате. Толку ли бргу сакате да го промените Уставот? Не, не, неможам да си објаснам. Ова е ситуација на комплетно лудило.

Да не кажам кој дипломат, не е културно да се кажуваат по име и презиме, ми рече: „Ве разбираме зошто не сакате да ја промените Преамбулата.“ Тоа што тој ми го кажа ќе го искористам за тезата која што сакам да ја докажам. „Затоа што Преамбулата е едно од ретките места на кое што вие како нација сте запишани“, додаде тој. Повторувам, самиот тој рече дека разбира зошто неможеме да се согласиме да се промени Преамбулата, претставник на една голема и моќна држава.

Но што се случува после тоа, откако со него се расправам и му докажувам дека не треба да гласам за промена, едноставно доаѓам тука, во овој претставнички дом...

(пратеникот Мевљам Таири дофрла од место: кажи кој е тој дипломат!)

Стрпете се господине Таири, ќе чуете подоцна, имам уште многу да зборувам.

Сепак она што сакам да го кажам е дека чемер и јад имам на душата кога ке влезам овде, гледам дека тука има помалку разбирање за истата таа работа, многу помалку разбирање од Македонците што таа преамбула значи за Македонците. Повеќе разбирање покажуваат дипломатите кои во Македонија живеат 6 месеци, година дена. Ја сфатиле подобро нашата историја.

Сакам да ве прашам сите нели сфаќате дека со оваа промена на преамбулата и со бришење на Македонскиот народ од неа, навистина ќе им дадеме за право на сите околни земји да ја продолжат нивната долгогодишна стратегија за парчење на Македонија.

Оној што денеска успеал по 6 месечна борба, со 3.300 пушки да не натера да го смениме Уставот и преамбулата, утре, за три месеци со 6.000 пушки ќе не натера градови да даваме на други држави. Прашувам која е разликата? Кој ќе излезе од вас да ми каже дека не сум во право? Ако денес имаме 3.300 терористи кој вика дека утре ќе нема 6.600 терористи или дека

неможе да ги има. Не велам дека мора да се Албанци. Утре ќе се појават некои нови групи, со нови барања и ќе речат немате право на името бидејќи нема народ со такво име што ќе го утврдува и името на државата. Како ќе се повикуваме на името Македонија кога ќе нема Македонци? Утре ќе нема и проблем со јазикот бидејќи ќе нема народ кој ќе го зборува тој јазик.

Или на сето ова некој од вас ќе излезе на говорница и ќе ми каже: „Немојте да бидете трагикомичен, па ние се спомнуваме на две или три места во Уставот“. Трчај, трчај можеби навистина и ќе најдеш во Уставот Македонци.

Луѓе, треба да сфатиме дека оваа преамбула не навредува никој, дека оваа преамбула не е напишана против никој, оваа преамбула е за нас, единствено за нас. А ако се усвои новиот текст на преамбулата и заедно со него и амандманот кој што ја утврдува консенсуалната демократија, а очигледно е дека ќе се усвои според тоа што го гледам тука, никојпат повеќе за век и веков нема да имаме можност да ја исправиме оваа историска грешка. Ве прашувам дали сте свесни на тоа? И не е решение она што го прави Господинот Црвенковски кој кога нешто не му одговара ќе си излезе од оваа сала, ќе ги занемари сите забелешки и наместо тоа ќе му се јави на Господинот Џафери за да се договори како да се одложи седницата за референдумот, кој што толку многу не му одговара. Потоа ќе се врати внатре во салата, ќе дофрлува од место, чекајќи го моментот на гласањето, надевајќи се дека потоа повторно ќе биде Премиер.

Оваа работа е поголема од пратеничко место, поголема е и од премиерско место, поголема е од се. Сто пати слушнав Уставот не бил Библија. Напротив за нас Уставот е Библија. Ако тој акт ја востановува државата, ако тој го изразува напорот кој траел две-три илјади години, тој за нас е Библија.

Имате голема одговорност, историска одговорност и не знам како можете да ја носите на грбот свој неземајќи во предвид народот. Гласачите можеби забораваат, историјата сигурно нема да ги заборави оние што гласале. Ова не се однесува само на пратениците на СДСМ, ова се однесува на сите Македонски пратеници. Сето ова многумина од вас го сфаќаат погрешно и велат каков политички маркетинг! Нема да има избори! Ако некој тврди дека не може да има референдум затоа што е освоена една петина од територијата на државата, тогаш како ќе има избори? Така што, да се ослободиме од тие заблуди дека ќе има избори и дека овие говори се држат заради политички маркетинг.

Пак ќе повторам не станува збор за избори, не станува збор за маркетинг, туку станува збор за голема историска одговорност. Во таа насока сакам да кажам една многу битна работа, божја работа, иако ние треба да зборуваме за тукашни, земни работи. Ќе ја кажам оваа работа затоа што верувам во Бога.

Г-динот Никола Поповски кога не напаѓаше во своите спекулативни настапи зборувајќи за референдумот, а си давам за право да го спомнам референдумот, затоа што референдумот се однесува и на овој амандман, рече: "Ако ВМРО сака референдум, ќе има референдум. Ако ВМРО не сака да има референдум ќе нема референдум. Ако ВМРО сака да има промена на Уставот ќе има, ако ВМРО не сака промена на Уставот ќе нема. Мислам на ВМРО-ДПМНЕ, кога велам ВМРО.

Конечно да ви кажам што е божјата работа. Божја работа е што ВМРО има 46 пратеници во ова собрание. Вие сакате да ни ја префрлите политичката одговорност на нас и само на нас затоа што имаме 46 пратеника. Јас ви велам НЕ! Нас не има 46 и залудни ви се сите телефонски разговори, сите договарања, сите опструкции, се ви е залудно доколку оваа пратеничка група остане компактна. А ве уверувам како што денеска се менува односот кон тероритите во светот, ќе се смени односот и кон нашата ситуација. Само малку ако имате трезвеност да помислите, предвидите што ќе се случува со Македонија во наредните неколку месеци, ќе бидеме поцврсти како Македонци. Мора да се смени односот кон Македонија од страна на големите сили. Еве одете на интернет, сите можни извори укажуваат на поврзаност на Бин Ладен со УЧК.

(Пратеникот Таири дофрла од место дека тоа се весници што ги контролираат Македонските власти)

Г-дине Таири читајте Сандеј Тајмс па ако мислите дека имаме влијание таму како партија или како Македонци тогаш во ред. Читајте Њујорк Тајмс што пишува. Сакате ли да ви ги дадам текстовите да ги прочитате? Ќе ви ги дадам со задоволство. Ќе ги прочитате, но што од тоа ќе прифатите?

Ако сите можни светски тајни служби, организации, глобални медиуми ја отвораат врската на Осама Бин Ладен со тероритите на ОНА,ние не смееме во овој момент да го направиме ова предавство. Не смееме како Македонци!

Ве повикувам и ќе ве повикувампостојано и додека можам на македонско национално единство. Не сакам никој од вас да прозивам како

предавник. Самите ке се легитимирате како такви сите вие што ќе гласате за преамбула во која нема да го пишува Македонскиот народ. До гласањето уште имате време и пред Бога и пред Македонија да се вратите назад, ако сте земале пари да ги вратите и нив назад.

Во овој момент ве уверувам дека се менува глобалниот однос кон Албанското прашање.

(Пратеникот Благоја Стојковски дофрла од место и се крсти)

Да г-дине Стојковски се менува глобалниот однос кон Албанското прашање. Зошто немате трпение да слушате за Албанците? Можеби тие треба утре да ве гласаат или ќе треба истите тие да ве пуштат да одите во Матејче. За тоа ли се крстите сега? Од дете ве знам и ве почитувам и мислам дека треба да имате почит и да ме дослушате кога зборувам. Не мора да се сложувате, не ни очекувам токму вие да се сложите, барем имајте почит кон еднаквите на себе кога зборуваат, оти сите тука сме еднакви...

(Пратеникот Стојковски продолжува да дофрла)

И вие како докажан комунист ми е чудно што се крстите, да ви кажам најискрено. Кога веќе претерувате да ви кажам, потсетам дека на вашето партиско знаме имате петокрака и не е природно да се крстите. Што глумите вие да ве прашам? Па добро знаете дека во симболиката петокраката е антипод на крстот. Што се крстите? Или не знаете што сте?

(Пратеникот Абдулаи дофрла дека нема место за ваква дискусија)

Има место. Имам право да кажам, согласно Деловникот за работа на Собранието на Р. Македонија што мислам. Ако ви е досадно излезете си. Вас Албанците што дофрлувате ве разбирам. Вие едноставно имате цел и ја остварувате. Јас не можам да ги разберам овие тука што се крстат.

Да се вратам на Осама Бин Ладен. Цел свет укажува на неговото делување и врски овде. Дури и нашите опозициони весници денеска пишуваат дека тој има фирма во Македонија.

(Пратеникот Китановски дофрла дека ВМРО е на власт)

Ние ли сме на власт г-дине Китановски? Па, како не ви е срам. Па нели вие учествувате во Владата, имате ваши министри кои што единствено знаат да зборуваат против Премиерот и да се фалат колку не го слушаат. Ако сме ние на власт, тогаш вие вечерва, уште вечерва излезете од Владата. Ве повикувам по втор пат да излезете од Владата, па барем Македонец да го земе Министерството за одбрана и да ја брани државата. Излезете од власта.

Мојата намера не беше денеска да предизвикувам раздор. Не сакам никој од вас да навредувам. Сакам да го повикам да се освести секој еден од нас. Сакам да повикам на Македонско национално единство. Меѓутоа, внимавајте после се што се случува тука констатирам дека македонското национално единство не мора да биде по секоја цена единство помеѓу ВМРО и СДСМ. Македонското национално единство значи Македонскиот народ да застане позади една идеа и да не отстапува од неа.

(Аплауз)

Да се вратам на Осама Бин Ладен, за тоа сакав да зборувам. Во момент кога цел свет го поврзува со терористите од овие простори, кога прстите се насочени тука, кога знаеме каков ќе биде пропорционалниот одговор на западниот свет, кога сме на раб на судир на цивилизации, судир кој што го предвидува Хантингтон, редифинирање на целата светска политика, ние треба да си ја запечатиме судбината засекогаш. Неможам да ве сватам. Неможам да го разберам ниту еден од вас кој е за промена на преамбулата. Не станува збор ни за предизборна кампања, како што веќе реков, ниту за обвинување, ниту за купување на време, туку станува збор за отворање на картите. Немам што да кријам од вас, ниту од моите партиски колеги, ниту од Македонската јавност. Треба да се отворат картите.

За крај да кажам дека ќе зборувам и за текстовите на другите амандмани. Денеска се задржав најповеќе на четвртиот амандман.

Сега ќе го кажам она што најтешко ми паѓа, за да се уверите дека не ви продавав партиски маркетинг. Ако овој народ, Македонскиот народ го прифати ова што треба да го направиме, ако овој народ го нема пред Собранието и тоа најмалку 50 илјади кои ќе дојдат и ќе не изритаат на клоци сите нас, тогаш и не треба да има држава и нека биде таа избришана. Ако овој народ дозволи да правите опструкции за референдумот, дозволи овде ние да се изживуваме со историјата и судбината негова, ако не дојде да не исшутира, нека нема држава.

(Аплауз)

83 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ТРЕТО ПРОДОЛЖЕНИЕ, РЕФЕРЕНДУМ- ДА ИЛИ НЕ. 25 СЕПТЕМВРИ 2001

Дами и Господа, збор, два околу прашањето за референдум, да или не. Ќе се сложам со некои претходни дискутанти ова се навистина тешки времиња, времиња на одлука, времиња кои што ќе ги дискутираат наредните генерации, седници, и стенограми што произлегуваат од тие седници кои што ќе бидат анализирани на судии, кој што кажал, какви ставови имал, за што се застапувал, што произлегло од тоа. И во склоп со тоа бидејќи ова е значајно прашање кое што е засега иднината на Македонскиот народ, во склоп со она што имаме како процедура за промена на Уставот, во склоп, односно како следство, на се она што го имаме во десет години независна и суеверена држава Македонија, ние доаѓаме во една ситуација, условно кажано еден без излез, во кој што сме ставени од една страна од Албанскиот политички блок, односно од Албанското прашање кое што оди на тоа да се реши интегрално во овој дел од Европа создавајќи го она што се нарекува голема Албанија, и од друга страна сме притиснати од меѓународната заедница.

Меѓутоа, многу од нас се склони и сакаат да забораваат дека има уште една страна. Значајна страна. Најбитна страна од се, тоа Македонскиот народ. Народ кој што е ставен во кош и се сложувам со г-динот Иловски дека може да се прават споредби и да се употребуваат коментари на сомнителни весници дека имаме животно кое што е фатено во стапица. Меѓутоа, тоа животно не е некој пратеник. Тоа животно не е ВМРО-вец, не е СДСМ-овец, тоа е Македонскот народ. Да,се сложувам со вас, тоа сакам и да го кажам. И во таа ситуација, навистина е потребно да бидеме одговорни, навистина мислам дека сите треба да зборуваме, да настапуваме, меѓутоа и да гласаме одговорно. Во една таква ситуација често пати во прашање, односно во дилема сме сите ние. Дали ако гласам „за“ или ако гласам „против“ сум на вистинската стана. Дали сум погодил со гласањето. Затоа што многу лесно може другата стана да ме обвини, другиот дел, половинката, третинка, од страна на Македонските пратеници, од другата страна на Парламентот, дали навистина ние сме биле во право, дали тие биле во право. Потребни се опстојни анализи кога се дискутира за едно вакво прашање. Треба, навистина да се вратиме малку наназад да видиме каков легитимитет имаме ние внатре и дали можеме за едно вакво прашање со таква леснотија да дискутираме и да кажеме дека на нас концептот на народ не ни е интересен бидејќи можеме да поднесеме толкава одговорност, иако сите знаеме овие уставни промени, овие уставни

амандмани ја редефинираат комплетно државата. Државата повеќе нема ниту малку да наликува на она што денеска личи. Апсолутно сум убеден дека со таквото редефинирање на државата ќе се промени целокупниот систем на вредности. Ќе се промени целокупното наследство што го имаме и системот, институциите на системот ќе бидат закочени. Имам право како пратеник да ги анализирам тие амандмани, да излегувам со свои дискусии, меѓутоа и да замислувам, да предвидувам што ќе се случи.

Апсолутно стојам на став, дека оние уставни промени, цела оваа процедура е поставна наопачки, како процедура за мир и ќе ја уништи државата. И, не мора да сум во право. На крајот од краиштата навистина не мора да сум во право, може би грешиме, секој има право, да дискутира, да донесува свои заклучоци и секој од нас се наоѓа во позиција и можеби и да погреши. Мислам дека ние не сме најпаметните во оваа држава. Овие 120 луѓе што се тука. Незнам кој зборуваше, колку имало со основно образование во оваа држава, каков бил процентот, средношколци, кои биле стручњаци, високообразование. Па сепак каков и да е просекот или процентот на образованието на граѓаните и на Македонскиот народ, не сум спремен да го потценам, не сум спремен во ниеден момент, во ниедна ситуација да кажам да-ние 120 луѓе овде сме најпаметни и ние можеме да ја земеме таа одговорност да решиме во името на 2 милиони луѓе.

Каков што реков, се работи за комплетно редефинирање на државата и во таа насока би сакал да добие легитимитет тоа редефинирање на државата. Не барам ниту војна, ниту мир, ниту сакам на некој да му перам мозок со тоа што ќе му објаснувам, ќе водам кампањи, во Собрание, надвор од Собрание, со интервјуа, со настапи, со тоа што ќе покренам една машинерија, радио-телевизија, весници, па ќе му објаснам ете не е тоа така, тоа е вака, дајте да ги смениме ставовите. Не барам таков настап. Јас барам една проста работа. Народот да каже што мисли. Морам да ве прашам, зошто толку се плашите од народот? Зошто е проблематично во една ваква ситуација, народот да излезе и да се изјасни?

Од каде знаете дека народот нема да каже: „Подржете го Рамковниот договор и промените на Уставот“. Со каква сигурност можеме ние да тврдиме како би се изјаснил народот на референдум? Немаме никаква сигурност. Тоа значи дека можеме и мораме да му се обратиме на народот, оти пак ке кажам не сум сигурен како ќе гласа, односно како ќе се изјасни. После едно вакво безобзирно и безобразно, секојдневно перење на мозокот, нема да се зачудан и ако се изјасни За. Е ако се изјасни народот позитивно тогаш и вие и ние ќе

имаме право и обврска да го промениме Уставот.

Дами и господа, концептот на Референдум е едно од најдемократските средства кое што многу ретко се користи во нашата држава. Да се потсетиме на 1996 година и 150-те илјади потписи за распишување на раферендум што ги поднесе тогашната опозиција. Потписите беа отфрлени од оваа Собрание, без поголемо објаснување. Знаеме каков беше составот на тоа Собрание во 1996 година кое заобиколи 220 илјади граѓани кои сакаа да се изјаснат на референдум. Многу од тогашните пратеници и денеска се пратеници и постојат некои политички и ментални структури кои имаат проблем да му се обратат на народот и тогаш и сега, без разлика дали е 1990 или е 1996, 2000,2001.

Мислам дека сите ние треба денеска да се надминеме. Денеска треба да го срушиме тој концепт, односно, ако сакате, просто кажано да го надгласаме концептот на заобиколување на народот при секоја важна историска одлука. Еден концепт на лага што му се наметнува на Македонскиот народ, еден концепт на безобзирно перење на мозокот, еден концепт на октроирање на вистината да се замени безусловно со „Концепт на народот“. И тоа во најпозитивна смисла на зборот.

Со ова не смее да се свати дека тука некој повикува на војна, дека повикува на насилство, дека повикува на револуција,дека повикува на рушење на државни структури, дека некој сака да го уништи „Договорот за мир“, иако стопати кажав и пак ќе повторам дека тоа не е договор за мир. Сеуште така мислам и стојам зад тоа. Тоа е политички договор што го донеле четворица лидери, кој пред нас 120 пратеници, а понатаму ако го изгласаме референдумот, ќе треба да оди на оценка пред целиот народ. Затоа треба да му се обратиме на народот. После се народот е тиј што сите нас не избра, па да видиме како размислува сега.

Повторно ќе кажам, немаме причина да мислиме, заклучиме дека народот ќе го одбие овој договор. Јас незнам како ќе се изјасни народот. А ако некој прави анализи, ако прави анкети, ако се плаши од народот, тогаш слободно нека гласа против денеска или на денот кога оваа иницијатива ќе дојде на ред загласање.

Значи за да не бидам погрешно разбран, да бидам јасен и за тие што слушаат тука и за тие што слушаат надвор, концептот на лага и бришење на вистината треба да го замениме со „Концепт на народот“, барем еднаш во овој наш мандат сите ние да собереме храброст да му се обратиме на народот.

Кој вели дека во референдумското изјаснување ќе мора да стои само

прашањето „Дали сте за промена на Уставот?“, или „Дали сте за бришење на Македонскиот народ од Уставот?“. Ајде да се договориме, бидејќи ние тоа право како пратеници го имаме, да поднесеме амандмани, односно дополнување или измени на текстот што ни е предложен, па и да го прошириме. Ајде да го прашаме народот за повеќе прашања. Да го прашаме дали се согласува четворица лидери да му ја сменат дефинитивно и запечат иднината не само негова туку и на неговите внуци и на внуците на неговите внуци! Да го прашаме Народот во тој референдум, бидејќи колку што ми е познато немаме ограничувања, десет прашања. Да го прашаме дали е за војна или е за мир? Истовремено да го прашаме дали мисли со тоа што е против своето бришење од Уставот во исто време тоа значи дека е за војна.

Ова го предлагам затоа што некои од нас говорат дека со тоа што се повикуваме на народот, се доведуваме во непријатна ситуација на укинување на договорот, што навистина значи повикување на војна. Такви замени на тези за мене се неприфатливи.

Имаме ли храброст да му се обратиме, во овие клучни мигови, на народот? Имаме ли храброст? Или можеби некој правел анализи и пресметал... Јас не сум тој. Јас сакам да се потпрам на она што ми го кажува улицата, патот по кој врвам секојдневно. Секаде на тој пат го среќавам обичниот Македонец кој прашува, а не вели: аман бре од вас што сте за војна, ја уништивте државата со тоа. Прашува: „Што да правиме? Како да се однесуваме, како да помогнеме? На која позиција да стоиме, која е нашата идеологија, која е нашата иднина, како да се проектираме?“... Други пак ми викаат: „Ако го изгласате овој срамен документ се што имаме ќе продадеме и ќе се отселиме од Македонија“. Трети велат: „Ќе го смениме македонското државјанство, ќе бидеме државјани или бегалци во било која друга земја во светот само не тука“.

Значи не тврдам дека има унисоно размислување. Но сегледа мака, тежина, има и црнила и тага кај сите, посебно кај оние што изгубиле некој свој во одбрана на државата.

Така што, после се ова што го кажав, прашувам нели е лицемерно од наша страна, како политичари да кажеме: „Добивме одговорност и сега таа одговорност ќе ја носиме не земајќи го народот во предвид“. Одговорноста ја носиме со самиот настап тука. Со самото тоа што сме тука и се произнесуваме За или Против имаме и носиме одговорност, притоа никако неможеме да бидеме сигурни дали сме во право.

Не е прифатливо и во ниту еден момент нема да се согласам со тоа да

бидеме обвинети-: „Е вие вака правевте три години, шест години... сега ние имаме право...“. Неможе да се развива теза дека се стекнуваме со оправдание затоа што ќе докажеме дека противникот наш така правел години наназад! Обвинувањето не ни дава за право да ја превземеме целосната одговорност, заобиколувајќи го народот.

Не, тој концепт треба да го укинеме. Подготвен сум да кажам дека и јас ќе вложам напори тој концепт лично, не многу често да го соопштувам, да му спротивставам концепт на македонското национално единство. Дали се подготвени другите да кажат, во ред, ние исто ќе застанеме на тезата за македонско национално единство и ние нема да гласаме во пакет со наведнати глави за се, ќе најдеме, ќе видиме, сигурно има и кај нас некој кој не се согласува со ова што се случува. Нема да му кажеме-ти ќе бидеш избркан од оваа патрија ако се спротиставуваш на било кој амандман или ако кажеш не за она што сите ние велиме да или ако кажеш да за сето она што ние велиме не.

Има ли такви? Еве, јас во оваа прилика, во овој момент, сакам да повикам на македонското национално единство и не сум лицемер. Подготвен сум да разговарам за македонско национално единство со секој оној кој не е подготвен, ако различно размислувам од него, да не прогласи априори за човек кој сака војна, за милитант или за некој кој апсолутно е неприфатлив во неговото политичко и идеолошко делување.

Горе-долу е концептот што го имав за референдумот, односно некои сопствени размисли како јас гледам на релацијата парламентарни групи, позиција-опозиција, кон народот и за народот и доколку ќе немаше одредени провокативни дискусии ќе застанев на ова, ќе кажев ќе гласам за референдумот. Тоа ќе биде по мое длабоко уверување една заокружена дискусија, која што на тој начин ќе стави точка.

Меѓутоа, има некои прашања што мора да се одговорат или да се постават прашања! Или, ако сакате дилеми на кои треба да обрнеме внимание. Бидејќи, длабоко сум убеден дека и тие дилеми, тие прашања и тие подметувања се дел од една кампања, што често пати ја споменувам, на перење на мозокот, а упатена само и единствено кон македонскиот дел на електроратот. На што мислам?!

Тука некои лидери или пратеници или шефови на пратеничките групи излегуваат па велат-референдумот не може да се изведе оти една петина од македонската територија е окупирана. Би сакал да спорам со таа теза.

Прво, мислам дека не е окупирана една петина од македонската

територија, оти ако Македонија има 25.713 километри квадратни, тоа значи 5 илјади километри се окупирани, а тоа не е мала територија. Освен ако некој има некои проекции за тоа што ќе се случи после 6 месеци или некаква проекција, некаков таен договор помеѓу некои интересни групации и тие кои денеска се фатиле за оружје во намера да избројат човекови права и слободи, убивајќи Македонци.

Една петина од територијата не е, и никогаш не била окупирана. Барем до овој момент. Мислам дека оваа теза не случајно се изнесува пред Македонците, од проста причина што треба да се заплашат и да помислат, добро е денеска е една петина, дајте, ќе се согласиме со тој таканаречен „мировен договор“, за да не биде една половина. Не гледам друга логична правданост и издржаност.

Така што мислам дека тие кои го плашат Македонскиот народ треба да бидат многу внимателни какви бројки соопштуваат, оти имаат свои министри за одбрана, па тие можат со стручност, со прецизност да ги проверат картите на Македонија и да кажат колку проценти навистина се окупирани од територијата.

Тоа е добро прашање. Бидејќи го слушнав тој збор „окупирана“ истите кои велат дека една петина е окупирана, да излезат пред нас, бидејќи се и потписници на Договорот, да кажат на кој начин мислат да ја ослободат територијата? Бидејќи овој Договор никој не го дефинира како договор за ослободување туку како договор за мир. Тоа е една многу не дефинирана реченица, еден многу недефениран збор во кој што немаме никаква посебна конкретност што тој значи? Никаде не пишува во „договорот“ кога ќе се вратат избеганите луѓе, раселените, етнички исчистените? Никаде не пишува, односно не се објаснува, на кој начин ќе се ослободи територијата? Тоа се некои странични работи што некој сака да ни ги протне вака или онака. Тоа се некои работи што кај нас на вулгарен начин се претставуваат места на живеење кои трајат по 2-3 часа. Никој не излегува да ни каже дали е тој договор за мир или договор за ослободување?

Да се вратам на тезата, во една таква ситуација кога сите зборови, сите знаења, сите зборовни значења се испревртени, се користат субјективно и за лични, дневно-политички потреби, никој не ни објаснува како тоа референдумот не може да се изведе, а предвремени избори можат да се изведат? Тоа, не ми е јасно. Оти, референдумот треба да се изведе на истите места каде што треба да се изведат изборите.Избирачките места се исти, односно се користат гласачките места, иста е шемата, иста е мрежата во која

што треба да отидат жителите, граѓаните, Македонците, Албанците и сите други за да го дадат своето мислење.

Навистина не ми е јасно како може во еден залет, во еден занес на, условно кажано, некаква предизборна кампања, некој да зборува „во мое име-биди за“. Војната да ја менува одеднаш со мир, да ни нафрла кубици, купови, стотици зборови за мир, ни сам не верувајќи во нив, а да не дојде да ги објасни овие многу прости дилеми, како ќе има предвремени избори, ако не може да има референдум?

Или на друг начин да се постави дилемата. Ајде сега, сите ние денеска што сте против референдумот, да излеземе, ако има такви, да објасниме дали со тоа што сме против референдумот сме за предвремени избори? Или, навистина...

(Пратеникот Мерсел Биљали дофрла од место)

Да. Е, па,г-дине Биљали јас ве повикувам кога ќе завршам да реплицирајте, да ги објасните тие дилеми. Како пратеник, денеска треба да гласам и се нејаснотии што ги имам и што сакам вие да ми ги појасните за да можам да донесам релевантен став како ќе гласам. Или, да ме разубедите, бидејќи сакам да гласам за референдумот, вие да изнесете релевантни сознанија, релевантни описи како тоа ќе ја ослободите територијата со овој мировен договор и можеби, во една демократска процедура и да ме разубедите, па да можам да гласам. Исто така да излезат да објаснат тие што се против референдумот, дали се за предвремени избори и на кој начин мислат да ги реализираат бидејќи народот, се ставаме во негова ситуација, е уплашен. Една петина од територијата е окупирана. Има оружје. Има терористи. Не е сигурно. Територии се минирани. Луѓе се раселени. Илјадници луѓе не се дома. Како во таква ситуација ќе изорганизираме предвремени избори?

(Дофрлање од место од страна на Чифлиганец. Претседателот на Собранието повикува на ред)

Ова беше една приземна провокација од г-динот Чифлиганец, во негов стил и нема да му одговорам. Мислам дека не заслужувам да му одговорам, согласно принципот што го урврдивме да дискутираме и да се обраќаме на целиот Парламент, нема да му одговорам на г-динот Чифлиганец. Ќе почекам прво тој да реплицира, па да видиме на што сме.

Меѓутоа, тоа што тој го дофрли од место ми одговара една нова дилема. Да не бидам погрешно разбран, му благодарам што ми дофрли од место, да ја отвори таа дилема, да се дообјаснам пред сите вас, да не помислите дека сум против предвремени избори.

Јас сум за се она што ние тука ќе се договориме, 27 Јануари, 27 Февруари, 27 Декември, не е битно кој датум сакам пред вас да ја отворам оваа дилема, мене тоа ме интересира. Како може да нема референдум, а да има предвремени избори. Или да има предвремени избори, а да нема референдум. Или да ги има и двете и референдум и предвремени избори, или двете да ги нема во една вака поставена логичка замка на односите, во која што територијата ни е окупирана, во која што луѓето биле ваму, биле таму, не било мирно, незнам што имало, незнам што немало.

Намерно ги поставив тие работи и добро е што паѓате на таа провокација. Тие се прашања, кои што не се поставени за вие да одговорите. Тие се прашања, кои се надевам дека ќе си ги одговори Македонското народ, во оној момент кога ќе треба да излезе или на референдум или на избори или на било која форма во која што ќе одлучува за сопствената иднината. Зашто, не е доволно вие да направите прес конференција, да наредите партиски знамиња зад вас, да повикате послушни новинари кои што ќе ги истакнат вашите ставови со големи зборови, со големи наслови, театрално и да кажете ние ја завршивме работата.

Во се она што ќе го изјавувате, зад кое што јавно ќе стоите во еден ваков критичен момент, треба да барате логика, да видите дали ставовите се издржани. Дали може еден прост, обичен човек со својата обична народска логика кога ќе ги испрашува кога ќе мисли во своите домови, дали ќе издржат пред него не се сметам за некој којзнае каков човек, се сметам од редот на тие обични луѓе и мислам дека вашата логика не држи. Само сакам да ги поставам тие прашања и да ги отворам пред вас. Тоа што вие немате доблест и што немате храброст да прифатите или пак, да не прифатите, само да ги земете предвид, тоа е ваш проблем.

Има уште една работа која што сакам во врска со референдумот да ја кажам и после ќе гледам да ја ослободам говорницата. Би сакал да го изнесам својот став во врска со опструкцијата која се прави на оваа седница. Сите ние знаеме дека е според начинот на дискусиите и според начинот на кој што се одвиваат до денеска оваа седница и според, ако сакате, телефонскиот разговор на г. Црвенковски и г. Џафери, кој што беше јавно објавен, имав можност да го прочитам во медиумите, дека некој има намера да изврши опструкција, не

опструкција на оваа седница, туку опструкција во крајна линија на исходот кој што треба да произлезе можеби ако има 61 глас од оваа седница.

Мислам дека јавно треба да проговориме за тоа, накратко и јас би сакал да го повикам г. Црвенковски да излезе да го појасни пред нас неговиот телефонски разговор со г. Џафери, ако има доблест. Тој ги појасни на прес конференција неговите ставови, се закани, не плашаше, изнесе ставови за окупирани терорости и сл. Меѓутоа, мислам дека е фер и дека е редно да излезе пред нас тука како пратеници да ни објасни, односно да ни го појасни начинот, потребата зошто тој преку други партии сака оваа седница да не се одржи, да се одложи или веројатниот исход да се промени.

Зошто тој морал да му се јави на г. Џафери за да ја одложи седницата? Требало сам да побара одложување на седницата. Ќе беше доблесно како лидер на голема опозициона партија, бидејќи како такви се прикажувате постојано, иако сте во Владата веќе 4-5 месеци, да излезе и да каже: „г-дине Претседателе ние имаме состанок, вообичаено е да ве замолиме да ја одложите седницата“.

Навистина не ми е јасно зошто мораше преку друга партија, преку ДПА г-динот Црвенковски да ја одложува седницата.

Ќе поставам јавно прашање пред сите вас, дали тоа можеби беше тестирање на новата коалиција? Да одговори г-Црвенковски дали со тоа што го направи тестираше некое ново парламентарно мнозинство. Мнозинство кое што го најавуваат некои трабанти на СДСМ, кај нас популарно наречени независни медиуми.

Сите тие дилеми, се повикувам на говорот на г. Ило Иловски, кој претходно говореше дека ако сме чесни политичари, треба да ги отвориме тука. А, не да направиме циркус во врска со референдумот, апсолутно да го збуниме народот, и најдени во стапица, бидејќи е обелоденет тој разговор, да излеземе на една прес конференција која што недоликува на времето, на потребите на Македонскиот народ, недоликува за потребата, за која што цело време зборуваме, за Македонското национално единство. Немајќи можност г-динот Црвенковски да го негира разговорот, за што очигледно е дека е премногу реален и прецизен тој разговор, ни дава една замена на тези, грст од лаги, закани и ако сакате една потреба со која што ќе се исчисти сопствената одговорност, напаѓајќи го политичкиот противник.

Ќе се каже дека Македонија е окупирана, дека референдумот неможе и несмее да има, а дека ако има референдум, тој ќе ја напуштел Владата. Внимавајте, не ми е јасно дали г-динот Црвенковски сака да ја напушти

Владата, бидејќи смета дека не постои „концепт на народ“, со тоа, што се определил да направи нова, тајна, невидлива коалиција со која што коалицијата ќе си обезбеди доволно пратеници за да може, да ја урне Владата или г-динот Црвенковски сакаше со своите опасни тези во врска со референдумот Македонската јавност нагло да добие амнезија за тој телефонски разговор, па да го заборави? Знаете не е лесно сега да се биде во кожата на г-динот Црвенковски, во која што иста кожа се наоѓа тој самиот, а претходно постојано зборуваше дека постои еден драматичен и опасен двоец за државата Ѓеорѓиевски и Џафери кој што ја разградува државата, кој ја уништува државата, кој поставува невидливи бариери, кој поставува поделби на интерес на зони на шверц, на трговија и тн. И, сега одеднаш, бидејќи на лагата и се кратки нозете, да се најде во ќош, ќе ја употребам кованицата на г-динот Ило Илоски, во замка во која што навистина не треба ногата да си ја скинете за да ви остане дел од телото, туку напротив, треба телото да си го раскинете, ако може единствено пред Македонскиот народ да запали едно вакво колективно паѓање во амнезија и нормално продосжување на безкупулозната кампања за перење на мозок.

Еве, јас ќе прашувам јавно, свесен за тоа дека некои од медиумите ќе продолжат кампањата на линч за што го зборувам. Зошто ниеден медиум не анализира, не прашува, не поставува дилема што значи тој таен разговор за опструкцијата на Македонскиот народ. Што значи, бидејќи г-динот Црвенковски рече дека постоела серија на разговори, што значи таа серија на разговори. Значат ли нова коалиција? Значат ли уривање на Вадата? Значат ли предвремени избори? Што значат?

Ќе си дозволам да шпекулирам бидејќи тоа е начинот кој што го употребува и г-динот Црвенковски и координаторот на СДСМ г-динот Поповски. Дали е тоа заговор против Македонскиот народ? Тоа сакам да го слушнам? Не велам дека сум во право. Можеби сум згрешил во сите мои претпоставки. Можеби носам многу голема тегоба, тежина на својата душа и сум подготвен и да се извинам ако докажат дека грешам! Да дојде да ми каже, не г-дине Петровски, грешите. Ние сакавме, јас кога му телефонирав на г-динот Џафери, ние сакавме да ја осигураме и да ја обезбедиме иднината на Македонскиот народ. Ние сакавме, бидејќи нема да има предвремени избори да бидеме добри парципиенти во оваа Влада, се договаравме меѓу другото во нашите разговори и за сите други работи настапувавме искрено, настапувавме народски пред овој народ и едноставно вие грешите. Тогаш, јас ќе му кажам. Г-дине Црвенковски јас се извинувам вашите тези се појаки од моите и јас

сакам да ве поддржам вас, во вашиот напор да гласаме против референдумот.

Спротивно на тоа, што добиваме? Добиваме илјадници прашања. Заговарачи на тајни поредоци, на завери против Македонскиот народ. Тие што имаат полни усни со аргументи во овие три години за шести зони, седми зони, осумнаесети зони, за тајни планови не излегуваат пред нас и не даваат едно единствено објаснување, одговор. Што ќе постигнат со тоа што нема да реплицираат? Ќе ги избришат ли овие зборови со тоа? Ќе не доведат ли во ситуација, со негирањето, да помислиме дека овие зборови не постоеле.

Тоа се некои прашања кои што на мене ми се поставуваат и би сакал за нив да добијам одговор. Имав доблест да ги повикам тие што ги отвораат овие дилеми да ги објаснат. Тоа е демократско право и едно нормално комуницирање во Парламентот, повторувајќи дека кај мене постои потреба и желба за Македонско национално единство. Сметам дека не навредив никој со овој говор. Некои луѓе ги спомнав затоа што тие обнародија интересни ставови за анализа. Со тоа што ги споменав не сакав да ги навредам, да предизвикам омраза на која што ќе одговорат со навреди. Намерата беше сите ние заедно да се запрашаме што ќе биде со овој референдум и со иднината на Македонија ако продолжиме вака да настапуваме?!

Едно се зборува тука како официјален став, едни барања се нудат како образложение до Претседателот на Собранието, за одложување на седницата, а друго се дискутира по телефон. Интересно! Што ќе биде со нашата иднина ако ваквите принципи и понатаму ги практикуваме? Обидувајќи се да завршам да ви кажам дека нема потреба од апокалиптично размислување. Нема потреба од страв дека „мировниот процес“ ќе биде стопиран. Нека не се секираат гласноговорниците дека ќе им пропадне планот. Напротив овие два ипол месеци кои што ќе ги имаме како период за подготовка на референдумот, без разлика кога точно тој би се одржал, може да се искористат правилно. Во тој период ќе имаме можност да ја видиме завршена третата фаза на собирање на оружје од терористичката УЧК. НАТО е релевантана институција, зарем не? Ако е така, според нивните проценки дека УЧК има 3300 парчиња на оружје, тогаш во овој подготвителен период за референдумот, ние ќе можеме да ја видиме УЧК разоружана.

До денеска велевме дека 3300 парчиња на оружје не се доволни, од денеска ќе кажеме дека ќе го смениме ставот, дека навистина имало 3300 парчиња и кои кога ќе бидат собрани ќе немаме проблем за да го оддржиме референдумот. Значи ке ја тестираме логиката на тоа што ни се наметнува да го прифатиме со сила: ќе се соберат 3300 парчиња на оружје, ќе заврши

третата фаза на жетвата, ќе се поклопат бројките, оружјето ќе се уништи... Во меѓувреме бидејќи оружјето ќе биде собрано, затоа што е во прашање период од три месеци, ќе гледаме како се враќаат нашите безбедносни сили на позициите од почетокот на годината. Кога велам дека ќе се вратат на позициите, ислучиво мислам на позиции од пред почетокот на кризата и неприфатливи се било кои други датуми, како на пример 5 јули или незнам кој друг датум се спомнува.

Ќе имаме доволен период во кој, прифаќајки ја оваа идила што ни се нуди, можеме да си замислиме дека сме си го повратиле територијалниот интегритет, народот се вратил во своите домови, дури некои од нив и си ги поправиле куќите кои што им беа разрушени и почуваат да живеат нормално. Идила, не? Да, ако бројките навистина се вистинити и ако желбите и намерите се искрени.

Па ова е одлична можност да се доближиме до таа идеална состојба! Ова е можноста што ја чекаа оние што постојано и безскрупулозно ни го переа мозокот, дека ова е единствено можно решение.

Уште еднаш ќе повторам за да бидам сигурен дека сум јасен, имаме три месеци, терористичката УЧК ќе се разоружа, раселените ќе се вратат дома, сите ќе бидат задоволни... Па верувајте во таква ситуација, на референдумот, со така поставени нешта, народот ќе ни даде за право да го смениме Уставот. Ми се чини дека тие што се закануваат со Апокалипси, настапувајки енергично во одбрана на „договорот за мир“, вака ќе можат да излезат како победници!

Или пак, вистината е нешто сосема друго.

... или сомнежот кој што го имаат застапниците на „мирот“ оди во насока дека не се работи за 3300 парчиња оружје?! Ова го отварам како дилема, прашање и немам одговор на тоа.

(дофлување од пратеник- на кој го поставуваш прашањето?)

На сите нас 120. Се обраќам на Македонскиот Парламент. Значи прашањето е лошо поставено или тезите се лоши. Навистина, нема 3.300 парчиња оружје и нема да се разоружаат тие што се фатиле за оружје во „борба за човекови права“, нема да се вратат раселените и нема да има мир со тоа што ке го усвоиме „документот за мир“. Неможам друга логичка поврзаност на нештата да најдам. Во мене има желба за мир, мир поткрепен со желбата на народот, со изјаснувањето на овој народ. Мир кој што во едно следство во

наредните 3-4 месеци со сигурност би бил утврден, цементиран, поставен на здрави основи. Додека тече разоружувањето на терористите, паралелно народот ќе се врати во своите домови од каде што беше насилно иселен. Во меѓувреме ќе си оди процедурата во парламентот, расправата за амандманите. Па ќе се усвојуваат, ќе се даваат амандмани на предложените амандмани, па ќе се дискутира, во меѓувреме ќе не посетат Солана и Робертсон уште 5-10 пати, ќе дискутираме за сите прашања и ќе дојдеме до мир.

Или, по стоти пат ќе повторам, вистината е сосема поинаква. Мир нема да има, нема само 3.300 парчиња оружје, нема желба за мир и Македонците никогаш повеќе нема да се вратат таму од каде што беа етнички исчистени.

Имаше денеска грст на обвинувања против ставовите на ВМРО. За да не го поттикнувам и продлабочувам раздор во Македонското национално ткиво нема да одговорам на тие обвинувања. Се надевам дека и вие ќе имате доблест малку да ги замолкнете вашите понатамошни обвинувања.

Сето ова што го изнесов и поставив како прашање, објаснував како теза за сите вас, за сите Македонски пратеници се надевам има логичка издржаност и затоа ќе гласате за референдумот. Со тоа ќе обезбедиме траен мир и спокојство на Македонските граѓани, нормално и на сите останати што живеат во Македонија. Со ова сакам да кажам дека завршувам со зборувањето и дека ќе гласам за референдумот.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор Абдулади Вејсели.

(некој пратеници бараат реплика)

Што, реплика? Чија реплика. Повелете.

БИЛАЛ ЉУТФИИ:

Почитуван Претседателе. Со некои работи се согласувам со Г-н Филип. Посебно во тоа што вика дека треба да го прашаме народот за повеќе прашања. Апсолутно се согласувам да ги прашуваме граѓаните, односно вработените воопшто во образованието. Како во основно, средно, вишо и високо образование, да ги прашуваме вработените во здравството воопшто дали се тие задоволни со личните примања, со платите што ги земаат, а ова го кажувам од причина што имав вчера околу 24 часа да бидам во Медицински центар и патем една медицинска сестра ни објасни дека за 12 часа, односно 8+4 часа

примаат 120 денари. 120 денари значи плус. Потоа да ги прашуваме вработенитеод тој реон каде бил Г-н Петровски во ХЕК Југохром Тетово, Јегуновце, дали се задоволни со тие примања, дали имаат нешто да земат од тоа богатство, или пак во Тетекс, ФАС 11 Октомври итн.

Јас сум на мислење, длабоко сум убеден зошто господине не прашовате што се договориле, верувам дека не поставувате такво прашање од причина што веќе еден догњоод имаме, од Охрид каде се сретнале четворицата лидери на големите политички партии во Македонија, целокупниот разговор, а имаме можност било во четири очи, било на ниво на партии, да дознаеме како тие дојдоа до тој Рамковен договор. Не верувам дека некој од лидерите се договараат за некоја си коалиција, затоа што тоа неможе да секрие засекогаш тој догњоод кога би се договориле, било преку телефон или на некој друг начин, затоа што мора да помине овде во Собранието.

И на крај зошто бара Нова Демократија референдум јасно ми е. Но, да биде тој референдум поддржуван од пратеници чиј лидер потпишал во Охрид Рамковен договор тоа не ми е јасно, а тоа личи на народното (зошто селаните трчаат по волкот јасно ми е, но зошто ковачот трча по волкот тоа неразбирливо и нејасно ми е.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Петровски, да ја завршиме репликата.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Јас ви благодарам за оваа реплика, затоа што мислам дека е на ниво, така што немаше нешто посебно на кое би сакал да реплицирам, освен да кажам дека не изнесов некои тврди ставови. Поставив прашање. Поставив прашање за кое што господинот Љутвии рече дека неможе да се крие долго време од јавноста, имало или немало некакви разговори за нови коалиции и апсолутно се согласувам со него дека тоа не може долго да се крие од македонската јавност, затоа што најверојатно ќе дојде во овој Парламент на дневен ред. Сакам да кажам навистина е прав момент да се оди на Референдум. Тезите ги извлеков референдумот ќе биде за мир, за спокојство, за враќање дома, за разоружување на УЧК, за консолидирање на институциите на системот и сега само ќе дополнам - овој Референдум и време да видиме што тоа господинот Црвенковски и господинот Џафери се договориле. Дали тој договор значел уривање на оваа Влада, дали значел поддршка на Владата? Дали тој договор бил, ако сакате, добронамерен, злонамерен? Дали со тој

догњоод е утврдено Македонците да се вратат дома, затоа што ова се двајца големи лидери и тие имаат можност да помогнат работата да се олесни, лугето да се вратат во етнички исчистените села.

Значи, во таа насока ви благодарам за репликата. Таа беше на културно политичко ниво и мислам дека не кажав ниту збор кој што го напушат тој концепт.

СТОЈАН АНДОВ:

За реплика бара збор господинот Љутвии.

БИЛАЛ ЉУТВИИ:

Апсолутно несакам да предизвикувам реплики, но деривате совеста не ми дозволува повеќе да реплицирам, било што да кажуван на господинот Петровски затоа што не сум од тие што предпладне носам Калашников во рака, а попладне да се договориме не сум за ова, не сум за тоа. Но, доколку сериозно г. Петровски одлучил дефинитивно овде да се договориме јас повеќе би се зафатил со г. Петровски затоа што е помлад и ако се договориме во добра смисла за народот и ќе биде среќа за нас, ако за лошо ќе биде заедничка несреќа.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор г. Петровски

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Ќе се обидам да го искористам правото што ми го овозможува Деловникот, нема да барам ништо повеќе од тоа.

Видете г. Љутвии сакам да се договориме. Сакам да се договориме тука, народот да се врати таму од каде што е етнички исчистен. Мислам дека тоа е нормален договор. Сакам да се договориме работите да ги вратиме во нивното нормално ниво, претходно ниво, да речеме од Јануари годинава!? Со мојот настап мислам дека не ви оставив сомнеж дали навистина тоа го сакам? Моите настапи се порадикални. Па можеби тоа што го слуша во нив некого го погодува, боли? Радикално значи во корен, па ако тоа некој го погодува, немислам на г. Љутвии, туку на сите нас. Но, радикалноста незначи дека сакам да ви влејам страв или несигурност.

Не ви зборувам како лицемер кога велам дека сум за мир. Господинот Црвенковски бараше да слушне концепт од сите оние што не го подржуваат

неговиот договор. Изнесов концепт и од него не отстапувам. Мирот може да ни се случи на два начини. Или ова денеска што го гледам како можност, свелте точка што се отвора на крајот на тунелот, со една процедура на смирување на нештата во која што трајат дискусии, но се подготвуваме за референдум, ја разоружуваме УЧК, сите седнуваме, се враќаме на претходни позиции и народот е мирен затоа што се вратил дома. Ги гради своите куќи. Сите ние помагаме тоа што е уништено да се поправи.

Или другиот концепт кој што го изнесов тука, меѓудругото и како одговор на тоа што го бараше г. Црвенковски, а пред македонската јавност. Позади тој концепт стојам, а тоа е концепт на Татковинска одбрана на државата. Стојам затоа што кога ќе ми дојде некој дома и ќе ми каже одиси од тука, јас ќе му кажам дека нема да одам туку дека ќе ја бранам и сочувам сопствената куќа.

Ова колку да знаете го кажувам и за да знаете како рецонфирм кога сум резервист на Македонската Полиција, бидејќи гледам тоа многу ве интересира. Точно е, спремен сум да ја бранам оваа држава во секој момент и на било која позиција и на било кој фронт.

Тоа право нема да ви дозволам да ми го одземете.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор г. Таири.

МУХАМЕД ТАИРИ:

Почитуван Претседателе, почитувани пратеници. Слушајќи го колегата Филип Петровски си зедов за право да му реплицирамсамо во еден дел на неговиот говор, бидејќи сме во Анкетната комисија за човекови права каде што дебатираме долго и широко за прислушувањата околу телефоните.

Што се однесуваше до тој дел на неговото излагање, според мене и според тоа што ние дебатиравме во комисијата за човекови права околу прислушувањето на телефоните, нашиот став беше дека тоа не е вистина и сега се прашувам јас, па и него го прашувам како членови на таа комисијадали верува дека телефоните се присушуваат во оваа држава.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Благодарам на претходниот дискутант што со својата реплика уште еднаш ми дава можност да се дообјаснам, затоа што некои работи остануваат нејасни кога се зборува за вака значајни теми.

Ќе кажам пред Македонската јавност дека сум еден од тие кои се често прислушувани. Немам начин да утврдам дека и сега не ми се прислушува телефонот и од институции или од поединци што си купиле сами прислушни апарати, можеби партии, меѓутоа и од странски разузнавачки служби, кој знае веќе кој не. Тоа не ме загрижува.

Мојот однос кон институции на системот, за кои што ќе биде докажано дека прислушкувале е јасен. Ако некој злоупотребил државна институција за да прислушкува, па макар ги слушал и г-динот Црвенковски и Џафери, треба да одговара пред лицето на правдата. Немам сомнеж и затоа во мојот говор се повикав на тоа дека разговорот го прочитав во медиуми, пишани, печатени. Кој прислушкувал треба да излезе пред лицето на правдата.

Не значи дека јас сум подготвен поради целта да ги оправдувам средствата. Не, не ги оправдувам средствата, прислушкувањето треба да престане, треба еднаш да можеме нормално да разговараме по телефони.

Може да кажам врз основа на што барам реплика? Врз основа на дискусијата на г-динот Зибери, во која што имаше одредени закани, во наша насока, па би сакал, ако може да реплицирам. Ако не може да реплицирам, ќе се повлечам.

Да не се правиме „на Тошо“ пред Македонската јавност. Знаеме што значи УЧК. Ако не знам на Албански да ја кажам кратенката, меѓутоа „К“ на крајот значи Косово, не значи Македонија. Ако не е така, нека излезе г-динот Зибери нека ми ја разложи кратенката.

Сакав нешто друго да кажам во врска со неговата дискусија што ја поврзувам со точката на дневен ред. Разговараме за референдум. Има два моменти што би сакал сега да ги истакнам.

Претседателот на државата доби известување од генерал Ланге дека ОНА е разоружана. Или, УЧК, како што сака да ја вика г-динот Зибери. Тоа значи дека ние од денеска можеме слободно да шетаме, да се најдеме на било која позиција во оваа држава, дека не можат да не пресретнат наоружани луѓе, дека нема наоружани терористи и дека ние можеме да одржиме референдум.

Од друга страна, она што најмногу сакам да истакнам или потенцирам, денеска имаме еден нов момент. Се повикувам на печатени медиуми. Дека СДСМ поведе иницијатива да се почнат дополнителни разговори за можна поинаква формулација на преамбулата.

Кога, зборувавме дека референдумот треба да се одржи за 60 денови, а имаме дополнителни разговори за кои што ќе треба време, ние цело време зборуваме за нови разговори, за нови формулации. Еве, денеска и СДСМ ни се придружува. Тоа значи дека навистина го добиваме, со изгласување на референдумот го добиваме потребното време да ги завршиме разговорите. Значи процесот нема да биде блокиран, туку ќе оди нормално. Затоа мислам нема да имам никаков проблем да се одржи референдумот.

Сега, на крајот, за што и се јавив за дискусија, во однос на тие закани. Морам да ви кажам дека ни пет пари не давам за тие закани. Не може некој да излезе на оваа говорница и да каже - вие ако одржите референдум, ние ќе одржиме референдум. Ние нема да одржиме референдум. Ние, како Собрание ќе гласаме дали ќе има референдум или не. Секој оној кој надвор од Собранието сака да закажува референдум да знае дека работи против интегритетот и сувереноста на државата. Согласно на тоа треба да се реагира кон тој кој сака на таков начин да разговата референдум.

Г-дине Претседателе, дами и господа, Би сакал да изнесам мои ставови во врска со Петтиот амандман и на почетокот да се извинам на сите присутни и сите кои што не слушаат во државава, бидејќи не сум подготвен да го зборувам тоа што многумина, овде присутни сакаат да го слушнат.

Напротив, денеска сакам да изразам незадоволсво од водењето на процедурата за промена на Уставот, и незадоволство од капитулацијата што државата Македонија и Македонскиот народ ја прават во овој значаен историски момент, исто така и во врска со амандманите што се пред нас, како и Петтиот амандман. И не само амандманите, туку и во врска со целиот, „Мировен договор“, како што некои милуваат да го наречат. Ми се чини дека повеќепати зборував за тоа колку овој договор, во кој што Петтиот амандман е составен дел или произлегува од тој договор, е мировен и дали овој договор на крајот ќе заврши со мир или со нешто друго. И повеќе пати прашував јавно дали целата оваа процедура ќе резултира навистина со мир или тоа навистина една голема лага со која што се перат мозоците на Македонците само за да влетаат во не знам чии и не знам какви намери и шеми.

Ние, во овој период од нешто повеќе од месец дена откако ја завршивме претходната фаза, ја слушнавме јавноста, ги слушнавме размислувањата, ги слушнавме негодувањата, меѓутоа мислам дека со она што го имаме пред нас како текст, не земаме во предвид многу од тие негодувања и така што не ми преостанува ништо друго, освен повторно да изразам незадоволство кога станува збор за Петтиот амандман.

Ќе си земам за право да прочитам некој делови од јавната расправа и да се обидам да ги коментирам, така како што ги разбрав и да прочитам некои делови од образложението што ни го испраќа Претседателот на државата. Тие на мене во многу ми делуваат, наликуваат на спротивставени оценки. Незнам зошто е така. Нека просуди составот на Собранието кога ќе гласа. Меѓутоа, пак ќе кажам, резултатите од јавната дискусија по нацртот на амандманите што ги добивме од Комисијата за уставни прашања на Собранието и образложението, односно дописот што го има Собранието од Претседателот, делуваат многу спротивставени, многу различни. Како да се работи за два различни света. Како да се работи за две различни материи, како да се работи за црно и бело.

Така што, во образложението, Претседателот, што го допира и Петтиот амандман стои дека, а се работи за дописот во кој што се доставени

амандманите 5, 6, 10, 11, 16 и 17 се објаснува следното. Имаме образложение, кое што, меѓу другото, нема да го читам цело, објаснува дека имаме нацрт амандмани кои што претставуваат соодветна уставно-правна транскрипција на Рамковниот договор што е постигнат од лидерите на четирите партии под покровителство на Претседателот од областа на уставната материја.

Вториот став, во кој се вели дека земено во целина уставните промени претставуваат измена на приближно 12% на Уставот на Република Македонија.

Првото несогласување што сакам да го изложам е дека станува збор за промена на 12% од Уставот, ако се земат на куп. Сите добро знаеме дека со амандманот 4 се предвидува промена на преамбулата, амандманот 5 зборува за утврдувањето на материјата како ќе се зборува во државава, за службените јазици, амандманот 7 за црквата, понатаму воведување на Комитет за меѓунационалкни односи, па на крај да завршиме со амандманот 18 каде што се утврдува, односно воведува консензуална демократија.

Сакам да поставам прашање, јавно да го поставам, не барам никој да ми одговори, дали овие спомнати работи, од преамбулата, преку црквата, јазикот, комитетот, па до завршување со консензуална демократија може да се сметаат за 12% или за приближно рачено една деветина од материјата што ја обработува Македонскиот Устав?

Мислам дека Не. Овие работи што се пред нас, овие образложенија, овие оценки, овие резултати од јавната расправа и на крајот и нашето сопствено, лично мислење како пратеници кои што треба да гласаат за тоа, покажуваат дека не станува збор за 12% промена или „приближно 12%“ како што е напишано во дописот доставен до нас од страна на Претседателот на државата. Уште еднаш ќе повторам, не задржувајки се премногу општо на целата оваа материја, бидејки сакам да зборувам за 5 амандман, само да кажам дека со индигнација отфрлам објаснување дека станува збор за промена на само 12% од Уставот.

Ова е едно „замачкување на свеста“, на здравиот разум, на моќта на расудување ако си дозволиме да прифатиме дека се менува Уставот и тоа само 12%. Веќе зборував за тоа и само ќе повторам дека ако си дозволиме да прифатиме вакви амандмани, вклучително и амандманот 5, прифаќаме капитулација за македонската држава. Тоа ќе значи крај на македонската држава ваква, каква што ја познаваме и ќе отвориме еден процес, односно можност за процес за некои движења што понатаму ќе резултираат трагично и за оваа држава и за македонскиот народ.

Тука гледав дека во ова образложение има желба да се изнајдат решенија, што не е спорно. Не сакам да ја омаловажам целата оваа процедура. Не сакам да кажам дека не се направени напори од страна на Претседателот, од лидерите на четирите партии потписнички на Договорот. Не сакам да кажам дека не се соодветни напорите од страна на меѓународните помагачи. Не сакам да кажам дека нема работи што не треба да се поправат во Уставот и државата и дека сите работи се идеални.

Меѓутоа, апсолутно е несоодветно решението што се нуди. Една борба за јазични и за културни права, за правична и соодветна застапеност во институциите на системот, односно сите нивоа во јавниот живот е апсолутно нормално и достојна причина за отворање на тие прашања и дискусија. Но, ние се наоѓаме во една ненормална ситуација во која зборувајќи како Парламент, во обид работите тотално да ги превртиме во некаква борба за јазични и културни права, некаков договор за мир занемарувајќи го она што го имаме на терен...

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам да се воздржиме, да му дозволиме на г-динот Петровски кој доби збор, да доврши.

ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:

Бидејќи ме прекинувате уште еднаш ќе повторам. Не спорам дека секој има право да дискутира, да отвара полемики, процедури во рамките на партиите, да промовира програми или во рамките на Парламентот да поставува прашања на дневен ред. Ако е учесник во Владата исто така. Тоа се однесува до јазичните и културните права, недискриминацијата, правичната и соодветна застапеност во институциите на државата. Меѓутоа, се наоѓам во една ненормална ситуација во која промовираме со „очи широко затворени“ капитулација. Капитулација во која што го менуваме уставот. Прифаќаме амандмани и велиме дека Македонија го задржува унитарниот карактер како држава во ситуација кога знаете колку мртви имаме, знаете дека ни е запоседната територијата, имаме киднапирани, целокупен хаос. За киндапираните несакајќи да ги вознемирувам нивните семејства добиваме информации дека се измасакирани.

Во таква ситуација во најмала рака благо речено лицемерие е да кажеме дека станува збор за борба за јазични и културни права. Некој немал некакви права, па затоа оправдано ли е да земе оружје во рака? Една борба за

недискриминација на граѓаните се оправдува ли со масакри како оној во Вејце, Карпалак, Љуботен...

Иако можеби влегувам во замка некому тука присутните господа да им бидам здодевен, кога ова го зборувам ја прифаќам и сфаќам таа работа. Сакам принципиелно да кажам, како што кажав на почетокот на дискусијата, изразувам незадоволство од се она што ни се случува во државата.

Зборуваме за промена на Уставот не повикувајќи се на странски искуства, а знаеме дека во многу модерни држави, поразвиени од нас вградена е категорија во Уставот, односно член дека Уставот неможе да се менува под воена присила, терористичка закана или при окупирана територија.

Намерата ми беше да го изразам незадоволството од водењето на процедурата и да истакнам дека на овој начин државата Македонија капитулира, со се Македонскиот народ. Ова се мои лични ставови. Предлагам на оние што ќе сакаат да прават анализи по нарачка да не ги припишуваат овие ставови на Партијата. Има работи за кои што може да разговараме како луѓе кои се партијци, но има работи кои директно го засегаат човечкиот, личниот момент, во онаа потреба за анализа која на некој начин значи загледување во иднината. Со други зборови, давање сопствен и личен одговор што ќе ни се случи во времето.

Оти, ние се изнаслушавме и дури незнам колку и мојот сопствен мозок не е веќе испран во меѓувреме, колку е добар овој „Договор за мир“, дека мирот доаѓа и се досега што се правеше било лага... Некој друг сакал војна, некој сакал со тоа да се одржи на власт, намерно се произведувала војната, се е всушност шега затоа што демонстрирана е добрата волја на тие што беа наоружани со самото тоа што го предадоа оружјето. Сега истите тие си отидоа, сега сите ние ше живееме повторно исто како ништо да не било.

Се создава благопријатна ситуација за да се смени Уставот затоа што овие другите се откажале од своето оружје, но ние треба да го смениме Уставот, а тоа повикува на оценка, да се загледаме во блиската иднина, зошто да не и подалечната и да помислиме што со нашиот чин на гласање ќе направиме?

Оваа моја дискусија ја презентирам пред македонскиот парламент, но и пред македонската јавност затоа што мислам и длабоко сум уверен на се она што го спушаме како лицемерие, како перење на мозокот, како промоција на лагата, набргу ќе му истече рокот на траење и дејството и влијанието. Ќе му истече дејството без разлика дали ние ќе го усвоиме, а ако го усвоиме ќе видиме набргу дека визијата била краткотрајна и потоа многу тешко ќе се

извлечеме од проблемите што ќе се појават.

Во таа насока сакам уште едмаш да потенцирам дека не прифаќам и го отфрлам ова што ни се нуди, како алтернатива без која нема мир. Отфрлам дека овие амандмани што се пред нас го засилуваат и потврдуваат унитарниот карактер на државата.

Уставот на Република Македонија е таков каков што е и на нас ни се наметнува сега една многу интересна работа. Уставот сеуште не е променет, што значи дека Македонскиот народ постои во тој Устав. Затоа нема потреба тука некој да ни раскажува приказни како Македонскиот народ ќе се врати во Македонскиот Устав! Македонскиот народ постои, запишан е во Уставот и се додека не биде изменето тоа ќе постои, а дали ќе престане да постои откако ќе биде сменет Уставот зависи од тие што предлагаат и од тие што сето тоа треба да го гласаат.

Длабоко се надевам дека ќе постои и потоа. Мала дигресија, со споменување на пример. Ни се сервира една состојба на по секоја цена прифаќање на овој договор и на амандманот 5 и во тоа ни се објаснува оти немаме многу простор за маневар и можеби само нешто малку ќе може да се спаси. Ова е апсолутно извртување на тезите. Не можеме со мали и ситни интервенции во смисла на запирки, три точки, извичници и прашалници да кажеме дека нешто сме спасиле. Треба да го гледаме секој амандман поединечно, а и сите амандмани вкупом, што тие навистина значат.

Со ова што го кажувам не ја потценувам волјата да се реши овој спор. Не ја потценувам желбата на тие што го правеле ова, учествувајки на било кој начин во креирањето на овој документ. Не ја потценувам желбата за мир.

Сите ние сакаме мир. И јас сакам мир. Ама го доведувам во прашање ова, кога се ќе земеме на куп, каде ќе завршиме? Апсолутно е неприфатлива тезата дека ние нешто малку може да спасиме, со ситни интервенции да се протнуваме низ иглени уши. Ги повикувам сите што се инволвирани во овој процес и сите пратеници да се замислат, да не наведнуваат глава пред сабјата. Сабјата за некој може да е совеста, за некој може да е неговиот гласач, меѓутоа по се изгледа дека во овој случај тоа е меѓународната заедница и нејзиниот диктат.

Повикувам да не се ведна главата затоа што во овој случај не важи народната: „наведната глава сабја не ја сече“. Во Македонија се покажало многу пати досега дека наведнатата глава сабјата ја сече! Затоа мислам и предлагам, оти тоа нам ни е дадено како можност и обврска, а согласно она што го има истакнато и Претседателот на Собранието, и содржано во

Деловникот за работата на истото, да работиме, да предлагаме, да дискутираме и што е најбитно од се, да мислиме. Никој неможе дани го одземе тоа право, да мислиме!

Исто така ние немаме право на капитулација, немаме право во име на некои нејасни цели, да се согласиме дека нашето право се состои само во тоа да смееме да додадеме по некоја запирка. Решив тоа право да си го задржам и да ги кажам моите ставови, иако на крајот од краиштата можам само да се надевам дека некој ќе ме слушне и да бидам задоволен дека, ако ништо друго, барем имам свој став.

Во ова образложение недостасува, иако тоа може да биде од оваа перспектива незначајна забелешка, кога се објаснува дека се заокружува еден либерално-демократски систем не индивидуални човекови права и слободи. Таканаречен граѓански статус со дополнителна заштита на висок степен на права во делот на културниот идентитет и корпусот малцински права. Недостасува образложение, мислам соодветно е во една ваква дискусија, од прашање од ваков жесток политички и државен интерес да се даде образложение. И тоа образложение во која држава, во кој Устав или Устави на држави, а имаме меѓу нас стручњаци кои добро ја познаваат таа материја и можеле да изготват образложение за да можам да одлучам дали да гласам за против или воздржан по овој амандман, но и по другите.

Во кои држави, а по можност да не е тоа Гана, Уганда, Брегот на слоновата коска, Заир, Мароко, Авганистан, Пакистан, кои се тие западни земји од кои го влечеме искуството кое ни дава за право да бидеме сигурни дека овој рецепт кој го применуваме тука не е екперимент, туку ова се потврдени работи. Кои се примерите за успешноста на овие работи применети во некои западни демократии? Примери дека се зборува на два или повеќе јазика во нивните парламенти и при тоа нема затегнување меѓу националните односи. Кои се примерите дека теророт од малцинството врз мнозинството е верифициран во Уставот и мнозинството со тоа се сложува. Во кои држави процентот за прифаќање на службен јазик е 20 проценти, дали некаде има помал процент или пример за поголем процент по ова прашање? Недостасува соодветно објаснување и тоа може само да ја намали ефикасноста наша, доколку навистина треба да бидеме тие што ќе аминуваат и ќе веднат глава, или ако сакате ми недостасува соодветно објаснување за да гласаме за овие амандмани. Јас не сум доволно убеден.

Наспроти овие образложенија, лабави образложенија кои што ги добивме од страна на Претседателот на државата, јас најдов повеќе валидни

оценки за креирање на моето лично мислење, за поткрепа на моите ставови во „Извештајот за резултатите од јавната дискусија“, што ни го достави Комисијата за Уставни прашања. Ќе ми дозволите делови од тој текст да истакнам затоа што мислам можат да бидат валидни во оваа наша дискусија.

Притоа нема зошто да се сомневам дека оваа јавна дискусија беше објективна и релевантна таа не е нечија лага во смисла на тоа дека некој ми подметнал материјал, кои на нас треба да ни одговара за нашите потреби. Тоа не е материјал кој го продуцирале или го измислиле мала група на луѓе нерелевантни не соодветни за да задоволат нечии личен или можеби партиски интерес, интерес на било каква групација на луѓе.

Она што го издвојувам од началните забелешки и констатации и сметам дека треба да го имаме во предвид, а се надевам секој пратеник го има во предвид, оти верувам ги читаат овие материјали, дека предложените измени не се резултат на темелно проучување на спроведување на Уставот. Не се резултат на ангажман на целокупниот креативен потенцијал на оние што се занимаваат со Уставно право, туку пред се се резултат на еден политички договор кој во својата природа има компромис!

Нема да го анализирам политичкиот договор и природата на компромисот затоа што зборував за тоа. Тој е наша капитулација! Голема е кусогледоста во тој политички договор и не ја проширувам дискусијата, да не зборувам по сто пати на иста тема, иако можеби е потребно сто пати да се зборува за оваа тема. За нешто и да ни влезе во главата. И едноставно ги прифаќам оценките од јавната дискусија дека предложените амандмани не претставуваат придонес за надградба на Уставот, не се во функција на изградба на граѓанското општество. Јавната расправа утврдила дека не е сигурно дали отвараат можност за мир на разврска на Македонската политичка воена и економска криза.

Го земам овој став, го размислувам го читам и сметам на него треба да се внимава, оти повеќе пати потенцирав дека овој договот не е во неговата суштина мирен договор, дека е капитулантски. Овој договор е лош за Македонците и ќе биде наша историска грешка, ако низ овие амандмани, вака предложени биде преточен во Уставот. Ако вака го утврдиме Уставот дефинитивно ќе ја запечатиме иднината, а и историјата на Македонскиот народ. За тоа ќе зборуваме повторно кога ќе дојдат на дневен ред некои други амандмани.

Да се вратам на документот од јавната расправа и да набројам дека во неговото создавање учествувале МАНУ, Правен факултет, здруженија,

форуми, научни и стручни институции. Скоро без исклучок е истакнато дека при вакво пристапување кон измена на Уставот или вакви измени од суштинско значење мора и треба да се води сметка за историските факти, непобитните историски факти за создавањето на Македонската држава и процесот на нејзиното етаблирање во меѓунаодните односи и нејзиното меѓународно признавање.

Она што ме загрижува кога ги читам ови заклучоци, односно овој извештај е што сите оние кои што дискутирале, дебатирале јавно, а не можам да ги омаловажам, како некој сака тоа да го направи или го прави деновиве, сите овие учесници предупредиле дека со продолжените измени не се зајакнува граѓанскиот карактер на државата, Македонската држава. Напротив, се отвара простор за разнебитување на опстанокот и развитокот на Р. Македонија.

Оваа теза апсолутно ја подржувам, со неа се согласувам, тоа се и моите тврдења. Со мојата дискусија не велам дека по секоја цена или на секој начин сум во право. Но сакам да кажам дека имам страв за тоа што ќе се случи со Македонската држава. Затоа дискутирам на овој начин.

Сега ќе ја прескокнам анализата од јавната расправа, за преамбулата, ќе го дискутираме тоа понатака. Само да споменам дека за предложените амандмани ние го добивме целокупниот материјал, извештај и дописи кои што беа упатени до Претседателот на државата. Сите што се обратиле со допис на Претседателот, со предлози, анализи, сугестии, беа препратени до нас. Тоа е огромен материјал. Во сите тие допоси се вели: „Предложените амандмани прасираат елементи на мултиетничка држава, етнички заедници, како основа за изградба на државната власт“. Сите ние зборуваме за јакнење на граѓанскиот концепт, образложението на Претседателот оди во спротивна насока. Да не се враќам повторно на тоа образложение на Претседателот кое вели дека не одиме во насока на етнички заедници, како основа туку одиме во насока на јакнење на граѓанскиот концепт и во насока на заокружување на либерално-демократски систем на индивидуални човекови права и слободи?!

Разликите во овие два документи ми се видливи сосема јасни и затоа реков на почетокот на дискусијата, кога ги читав и анализирав овие два документа, Извештајот од јавната расправа и дописот од Претседателот на државата, се прашував како може за една иста материја да имаме толку спротивставени и крајно различни позиции. И во двата документи се имаат вградено стручњаци кои што ја познаваат материјата. Некој не ја кажува вистината.

Понатаму извештајот од јавната расправа, многу јасно, вели: „Ќе имаме конституирање на институции на системот врз етничка основа. Ќе имаме регрутирање на составот на полицијата на национално и локално ниво врз етничка основа, ќе имаме право на вето врз етничка основа, издигнување на јазика на национално малцинство на ниво на службен јазик“. А тоа е амандманот пет, од Рамковниот договор.

Пак ќе повторам дека во извештајот од јавната расправа се потенцираат етничките заедници кои стануваат темелна вредност и основа за структурирање на целокупниот уставен поредок, што е апсолутно неприфатливо. Ако се гради граѓанско општество не можеме етничките заедници да ги прогласуваме, доведуваме на ниво и со вакви промени на Уставот да ги поставиме како темелна вредност и основа во целокупниот уставен поредок. Тоа е токму она што на крајот ќе резултира со тотално закочување на државата, преку петтиот амандман, но и преку сите други амандмани ќе го закочи системот, ќе го успори, ништо веќе нема да биде усвоено и развојот ќе оди во негативна насока што на крајот ќе резултира со колапс на државата.

Апсолутно можам да ја прифатам оценката, од јавната расправа, дека ваквиот концепт, каков што го имаме од страна на Претседателот Трајковски, Република Македонија ја оддалечува од европските стандарди, не ја приближува кон меѓународната заедница. Токму затоа барав и се праШувам јавно, а и други луѓе сметаат дека решенијата на нацрт амандманите се суштински преседан, да ни се даде пример кои се тие модерни европски и светски држави кои што усвоиле вакви стандарди, го тестирале овој рецепт и можат да се пофалат дека тоа е успешна работа и истата да ни ја препорачаат нам.

Во случајот, ако не ни се дадат такви примери, задржуваме право да сметаме дека ни е доста од такви експерименти. Веќе четири месеци имаме експеримент на Влада без опозиција, што е исто така преседан и гледаме како ни функционираат работите. Без разлика што можеби сме слепо црево на Европа, да не зборувам во рамките на светот, тоа не значи дека немаме право на гордост, достоинство како држава и како народ и да кажеме доста ни е од вакви експерименти!

Нека одат да експериментираат на некое друго место! Доста ни е од уцени, те вака ќе биде, те така ќе биде, ќе имало ембарго, народот економски ќе бил исцрпен. Им предлагам на тие што не уценуваат, но и на тие што не плашат така, да излезат надвор и првите сто луѓе што ќе ги сретнат, да ги

претресат, да видиме дали ќе соберат 10.000 денари.

Овој наш народ е сиромашен, исцрпен, измрцварен, измалтретиран и на крајот, после се што му нудиме, понижување. Му нудиме да нема никаква гордост. Затоа може да се прифати дека Македонија навистина се оддалечува од Европа, ако ги прифатиме овие амандмани. Ова посебно се однесува на амандманот пет. Ќе дојдеме во ситуација, освен што сме понижени, измрцварени, бедни и безперспективни, да останеме и недефинирани како народ и како луѓе, кои што немаат иднина и секако немаат историја. Од амандманите кои засегаат во нашата историја, во историјата на Македонскиот народ, ќе останеме навистина, незнам дали може да се каже „колективитет“, група на луѓе кои треба да завршат мизерно, кои што нетреба да ги има.

Се плашам, тоа навистина сакам да го кажам, со целата одговорност што тие зборови ја носат, ако заврши целиот овој процес како што се посакува, после 5, 10, 15, 20 или 50 години, кои што во историскиот процес не се многу, одвај две генерации, ќе зборуваме за престанок на постоењето на Македонската држава, Македонскиот народ. Потоа ќе се појави нов проблем, Македонското Прашање во овие балкански простори, па ќе тргнеме од Србија, Бугарија, оваа територија којзнае каде ќе биде поделена, Албанија и Грција и секаде каде што не има. И поради сево ова, исто така, се согласувам со оценката дека се одалечуваме од Европа, а силовито се приближуваме кон нашиот крај.

На крај пред конкретно да поминам на Петтиот амандман, иако се ова што го зборував досега се однесува и на овој амандман само уште да кажам дека се она што се нуди како концепт и решение, повторувам, на го спорам значењето на тие што работеле, не ја спорам обврската, можноста и правото на тие што се вклучени во овој процес, да ни го предложат тоа што ни го предложиле, но го гледам крајниот резултат од сево ова. На крајот капак на се ќе биде, а за тоа подетално кога на дневен ред ќе дојде 18-тиот амандман, консезуалната демократија која што ќе го запечати процесот и ќе го трасира патот кон тој крај. Затоа што терминот заедница се употребува во амандманот пет, или подобро кажано се употребува концепрот на заедници, што ако се анализира ќе се сфати чистото етничко значење кое што го има, што исто така не одалечува од замисленият концепт.

Прифакајќи го овој концепт ние не му се приближуваме туку дури и се одалечуваме од вистинското решение, од мирот и сожителството. Јас сакам јавно да прашам зошто немаме храброст терминот заедница, што е непознат збор во меѓународните акти, документи, зошто немаме храброст да го

употребиме поимот малцинство. Немаме ние намера никого да навредуваме. Во целиот Рамковен договор, во 5-тиот амандман и во сите останати амандмани треба да биде разграничено и јасно да стои што се човекови права што е зајакнување на граганските слободи, што е чекор напред. Но исто така треба јасно да се знае што е малцинство, што е мнозинство.

Купишта хартија стојат нас, многу жртви паднаа. Не можеме да затвараме очи и да кажеме денес нема малцинство во Македонија. Има малцинство! Тие што не сакаат да бидат малцинство, а да бидат заедница, нека бидат заедница. Но погубно ќе биде тој термин да се рефлектира и користии за мнозинскиот народ. Се надевам сфаќате дека зборам конструктивно и поставувам дилеми кои што треба да ги имаат во предвид пратениците кога ќе одлучуваат за овој амандман. И не само пратениците.

Им предлагам на колегите од овој 3 парламентарен состав да имаат храброст и сите исправени пред сопствената историска одговорност да знаат дека треба или да предложат или да прифатат синонимот заедница да се замени со синонимот малцинства или малцински групи, ако станува збор за Македонскиот народ, да се замени со терминот мнозинство или Македонски народ. Не знам зошто овие работи се камен на сопнување, освен ако не се бара оправдување или ако не се подготвува терен, за она што постојано го зборувам тука дека ќе дојде наредниот чекор на деградирањето на државата, дезинтеграција и промовирање на голема Албанија.

Значи може отворено да зборуваме. Не станува збор само за еден концепт за борба за човекови права и слободи. Затоа треба да бидеме внимателни и на крајот, ако сакате, треба малку и храброст да се има за да се изведат овие работи како што навистина и треба. Да и одговориме на меѓународната заедница дека како заштита на Македонските национални интереси, интересите на оваа држава, и на нас како парламентарен состав не ни одговара да ја разградиме државата, не сакаме нашите имиња да бидат запишани во историјата како предавници, туку како луѓе кој биле дораснати на овој историски предизвик.

Сега ќе ми дозволите во врска со 5-тиот амандман да се вратам малку назад низ времето. Да се вратам затоа што суштината на 5-тиот амандман нужно не враќа во поблиската, не толку одамнешна историја на оваа држава, на настани кои не се случајни, туку настани кои навистина ни даваат за право да направиме градација и пред да започнам дека усвојувањето на овој амандман нема да заврши само со негово усвојување, процесот нема да се затвори тука и дозволете да изведам една теза дека други се целите кои се

бараат преку овој амандман, односно се кријат зад текстот на овој амандман. Федерализазијата е крајната цел, парчење на оваа држава. Мислам дека тоа може лесно да се види врз основа на овој амандман, иако многу полесна, повидлива и поприфатлива е анализата ако се изведе врз основа на целокупниот договор. Земајќи ги во предвид сите амандмани или враќајќи се на договорот од Охрид и анализирајќи ги околностите во кои што тој беше донесен: етничко чистење, убиства, воена закана, тероризам, притисок од сите страни.

Меѓутоа анализирајќи го конкретно овој амандман нема да се вратам на 1994, основањето на Тетовскиот парауниверзитет, туку ќе се вратам на 1997, бидејќи зборував за периодот пред 1997 во некои претходни говори. Зборував и за настаните во 1997 меѓутоа мислам дека е потребно да си го освежиме сеќавањето.

Законот за Педагошки факултет, претходната гарнитура и се она што таа го направи, како гарнитура на власт, во стимулирање на големо албанските апетити кои денес завршуваат во 5-тиот амандман. А утре? Можеби некој ќе рече дека се мешаат различни перспективи, дека објективот или универзумот на ови две прашања се многу различни. Сетете се на она што беше во 1997, борба од страна на едно малцинство за еден таков закон, донесен од ова Собрание, со кои што еден факултет ја разби автономијата на Универзитетот и исто времено 48 член на Уставот на Р.Македонија. Некои тогаш толкуваше што е применливо, а што не е во сверата на образованието. Денес целата процедура, долггодишниот напор на екстремните Албанци ни завршува како 5-ти амандман на Уставот со кој ние албанскиот јазик треба да го прогласиме за службен јазик во Р. М. Значи не може да зборуваме за нешто случајно, не можеме да зборуваме за нешто што не е подготвувано, не можеме да зборуваме за недостаток на стратегија.

Во тој правец на Албанците можам да им симнам капа и да им честитам јавно, бидејќи ако се усвои овој амандман тие направиле се. Заокружиле еден процес во сверата на образованието во сверата на јазикот, процес кој јасно говори во кој правец одат работите. Тоа е дел од целокупната стратегија. Констатирам дека Албанците се успешни, а за тоа никој не ни е виновен освен самите ние.

Конкретно за 5-тиот амандман. Некому тоа можеби ќе му се види како научна фантастика, некој можеби ќе има мала или поголема доза на ирониј за се ова што го зборуваме, некој ќе каже: „јас сум експерт подобро знам, вие не знаете што зборувате“. Меѓутоа, ќе си го задржам правото да кажам што

мислам, ќе си стојам на моите ставови, освен ако не бидам разубеден со релевантни примери, ако ми биде презентирана некоја значајна визија која што сум ја пропуштил во моите размислувања.

Амандманот 5, во став 2 вели: „Друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, исто така е службен јазик, што е определено со овој член“.

Реков, навистина ми треба пример кој што објаснува зошто се земени 20% како критериум, а не на пример 5%. Тоа е првата дилема. Зошто се фаворизира само едно малцинство и јазикот на тоа малцинство со овој амандман? Ова е навистина значајно прашање кое бара одговор.

Зошто ако сме демократи, ако навистина сме чесни во нашите намери, зошто не ги направиме службени јазици сите јазици што се користат во Р.М. Зошто не се зборува во Собранието и на Ромски, Српски, Индијански...

Прашувам...

(дофрлување на пратеници)

Ги молам колегите Албански пратеници да не ме прекинуваат. Тоа е првото нешто што е нејасно, што во себе вградува дискриминација, дискриминација на другите малцинства. Не ми е јасно кој го измислил овој процент од 20%, ако не Албанците. Кој го измислил тој процент од 20%, ако не за Албанците. Ова го кажувам од проста причина што знаеме дека нема 20% ниту Срби, ниту Роми, ниту едно друго малцинство. Ова е јасно воочлив момент на дискриминација кој е апсолутно неприфатлив. Да се одлучиме дали ќе бидеме држава по терк на модерните западни држави каде што јазикот претставува елемент, момент на спојување на сите граѓани, на сите етнички групи во една нација. Не сум слушнал дека се зборува на Германски во Англискиот Парламент, иако можеби не ми е соодветен примерот, затоа што тоа се демократии и по 300г. стари. Но, ако во 300г. демократија не се покажал како проблем јазикот, односно јазикот ги интегрирал различните групи, тогаш ние треба во тој правец да ги сфатиме нашите погледи. Спротивната крајност, ако сакаме да експериментираме по секоја цена, за се и сешто, тогаш да го избришеме овој процент од 20% и да кажеме дека секој јазик што го зборуваат граѓаните на Р.М е службен јазик. Тогаш, теоретски, ќе имаме, иако практично неможам тоа да го замислам, идеално општество. Едноставно, потребите на граѓаните ќе бидат задоволени на максимално ниво и ќе нема за што да се жалат, барем кога се работи за прашањата на јазикот. Кој од нас е подготвен да размислува така?

Видливо е што навистина подготвува петтиот амандман, многу видливо за оној што сака да види. А некој сака да ни ги замачка очите. Ќе дадам еден пример за тоа. Во процесот на хипнотизирање на македонските граѓани, пред се на македонскиот народ, кога му објаснуваме дека се бориме за да го вратиме во Уставот, преамбулата, се кажува ако го направиме тоа(а тоа не треба да се прави затоа што македонскиот народ е запишан во Уставот) тогаш некоја пратеничка група ќе бара легализација на Тетовскиот Универзитет! Така се замачкува нашата визија.

Нели ни е јасно дека процесот ќе продолжи усвојувањето на овој амандман. Нели ни е јасно за какви намери станува збор. Нели ни е јасно дека ова на крај ќе биде попатна станица, која што само во нашите визии е последна. Начинот на кој ние колаборираме, ја веднеме главата пред сабјата покажува дека ќе има продолжение!

Рамковниот договор од Охрид, потпишан на 13 Август 2001г. не предвидува само амандмани на Уставот. Иако тој беше достапен на македонската јавност, во исто време беше пропратен со бомбардирање од реклами за мир, од типот: „Не е битно како се викам, битно е да има мир“, „И немам работа, ама ќе има откако ќе се усвои договорот“ или „Договор куќа гради“. Им порачувам на тие што со договорот куќа градат да остават адреси и телефони на кои што може да им се јават сите оние што немаат куќа, да видиме колку куќи ќе бидат изградени. Ова е мала иронија, иронија од болка затоа што не знам на кој начин, на тие што постојано ни го перат воздухот да им кажам да престанат!

Да се вратам на Охридскиот договор. Договорот предвидува амандмани, промена на Уставот, меѓутоа предвидува уште нешто што се протна под маса и не е доволно експлоатирано, не е доволно објаснето на јавноста. Договорот предвидува и измени во законодавството, значајни измени. Значи нема само да го смени Уставот туку ќе ја отвориме Пандорината кутија од која што ќе излезат многу суптилни измени во законодавството. Крајот го знаете.

Да не го кажам погрдниот термин „Македонска салата“, како што не објаснуваат во некои западни земји. Тоа е термин со кој се објаснува дека се е измешано и не се знаат состојките внатре.

Затоа сакам во врска со овој амандман да го спомнам анексот Б,односно измените во законодавството. Не е спорно да се даваат права, да се утврдува некаде и со проценти нешто, но само ако биде поткрепено со валидна аргументација, која што во овој случај ја нема! Ајде да размислиме што ќе се

случи, реално гледано, уште во мандатот на овој парламентарен состав, кога ќе се усвои овој петти амандман, затоа што Охридскиот договор не значи само промена на Уставот, туку и имплементација на други мерки на доверба. Ги спатулам сите што го имаат договорот да ја погледаат точката 7, односно правилата за Собранието, а за тие што го немаат текстот на Договорот, пошироката македонска јавност, ќе го прочитам тоа на што упатувам. Ќе пробам да не го толкувам многу, а ќе побарам сите сами да си го толкуваат за да добијат визија каде тоа ние навистина одиме со овој предлог, кој што доаѓа од страна на Претседателот!?

Точка седум, „Правила за Собранието“. Собранието пред крајот на мандатот на овој состав ќе го измени Деловникот за да овозможи употреба на албанскиот јазик во согласност со делот од Рамковниот договор, парафраф 8 и подолу, и релевантните амандмани на Уставот предвидени во анекс А. А тоа е, дами и господа, релевантниот амандман пет!

Точка 8, закони што се однесуваат на употреба на јазиците. Собранието до крајот на мандатот на овој состав ќе усвои нова легислатива која ќе регулира употреба на јазици во органи на управата на Република Македонија. Оваа легислатива треба да се обезбеди, а ова не го кажувам како потреба од дискриминација, за најмногу година дена. Ако во Собранието гласаат За 80 пратеници, а јас гласам против, ќе биде ирелевантно моето мислење, ќе биде усвоен овој амандман, ќе се донесат овие Закони и работите ќе имаат ново руво. Целата моја дискусија ќе биде излишна. Меѓутоа се додека тоа не се случило, ќе укажувам на опасностите, барем како што ги гледам и се надевам тие што ќе сакаат да ги исмеваат овие зборови ќе имаат предвид дека секој од нас има право на сопствено размислување.

„На Пленарни седници и во работните тела на Собранието пратениците ќе можат на јазиците споменати во член 7“, што значи на официјалните, или како што прецизно е кажано: Службените јазици. А: „службен јазик ќе биде оној јазик кој што го зборуваат 20%“, а знаеме според последниот попис кој има бројка од 20%. Според процентите единствено албанците ќе можат да се повикаат на ова погодност. Што значи, по слободно толкување, во ова Собрание до крајот на мандатот на овој состав ќе треба да се зборува на албански, ќе треба да се обезбади симултан превод и исто така сите закони, согласно став 2 ќе се објавуваат на споменатите јазици во Службен весник. Тоа значи законите што ќе ги донесе ова Собрание ќе се објавуваат и на албанскиот јазик, освен на македонскиот.

И пак ќе кажам, ниту го спорам правото на тие што предлагаат, ниту го

спорам правото на тие што бараат, ама кажувам дека истите тие неможат да го спорат моето право да анализирам и да се плашам, или пак на крајот на краиштата да не го прифатам сево ова. Да ве потсетам, во 1998 кога се шетавме низ Македонија, кога одевме низ градовите, селата, кога не поздравуваа тие што ни даваа подршка, не се сеќавам дека на некој од нив му ветивме дека вакво нешто ќе се случи во овој мандат. Затоа ние нарративе катастрофална грешка што како Собрание го стопиравме или го одолговлекувавме процесот на нашето изјаснување по прашањето за референдум. Ви велам немам мандат вакво нешто да направам. И ова е можеби еден од поминорните амандмани во однос на тоа што се предвидува во другите. Но, за тоа потоа. Нели сме демократска земја, нели утврдуваме граѓански права и слободи, нели заокружуваме еден Граѓанско-Либерален концепт во кој што ќе се зголемат поединечните права, нели едноставно одиме напред, се приближуваме кон Европа? Еве секој мајор од НАТО ни кажува дека утре ќе бидеме членка на Европската Унија. Станавме мајорско прашање на НАТО, како држава.

Во целава ситуација, ако навистина е така, зошто да не го прашаме народот, зошто се плашиме дали народот ќе ни каже Да или Не ако се што ни се кажува е точно. Па народот ќе го подржи овој амандман ако со него се вегетал во Европа…

(Дофрлување: Капларско прашање!)

Е да, на крајот ќе завршиме како капларско прашање. Затоа извинувајќи се што бев малку подолг, пред да завршам, пак ќе потсетам дека сите имаме огромна историска одговорност И треба да сме свесни на тоа. Сите треба да знаеме што ќе се служува до крајот на овој мандат, тука во ова Собрание.

Почитувајќи го правото на искрена борба за човекови права, како реално право, инхерентно право на тие што се борат за тоа, повторно потенцирајќи дека го одобрувам и правото на тие што предлагаат, затоа што го имаат тоа право во Уставот, изјавувам: Ниеден од нив нема право да ми сугерира по секоја цена ова да го прифатам и како да гласам!

Така што, сеуште не сум одлучил, или ќе поднесам амндман на овој амандман, или ќе гласам против.

СТОЈАН АНДОВ:

Пратеникот Александар Флоровски има процедурална забелешка.

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:

Ќе бидам краток. Мене ми се чини дека ни фали човек во Собранието. Го немате главниот протагонист овде, да не кажам актер, поточно предлагач на уставните промени…

ДОДАТОК

РЕДОСЛЕД НА СЕДНИЦИТЕ

Еве го редоследот на уставните промени што произлегоа од Рамковниот договор според седници:

80 седница - 31.08.2001 - Предлог за пристапување кон измена на Уставот на РМ

1 продолжение на 80 седница - 03. 09.2001

2 продолжение на 80 седница - 04.09. 2001

3 продолжение на 80 седница - 05.09.2001

4 продолжение на 80 седница - 06.09.2001

85 седница - 20.09.2001 - Утврдување на Нацртот на Амандманите на Уставот на РМ

1 продолжение на 85 седница - 21.09.2001

2 продолжение на 85 седница - 24.09.2001

86 седница - 24.10.2001 - Утврдување на Предлог - амандманите на Уставот на РМ

1 продолжение на 86 седница - 25.10.2001

2 продолжение на 86 седница - 31.10.2001

3 продолжение на 86 седница - 01.11.2001

4 продолжение на 86 седница - 05.11.2001

5 продолжение на 86 седница - 06.11.2001

6 продолжение на 86 седница - 08.11.2001

7 продолжение на 86 седница - 09.11.2001

8 продолжение на 86 седница - 15.11.2001

90 седница - 16.11.2001 - Прогласување на Амандманите од 4 до 18 на Уставот на РМ

Динамиката по седници со фази на структуирање на измените.

Еве го тајмингот и на седниците на кои се расправало за Референдумот. Значи, иницијативата е поднесена од пратеничката група на Нова Демократија за предлог на Одлуката за расписување на Референдум во Република Македонија била поставена на дневен ред на 83 седница,

1 продолжение, одржана на 18 септември 2001 год;

2 продолжение, одржана на 24 септември 2001 год;

3 продолжение, одржана на 25 септември 2001 год;

4 продолжение, одржана на 26 септември 2001 год;

5 продолжение, одржана на 27 септември 2001 год;

6 продолжение, одржана на 28 септември 2001 год;

7 продолжение, одржана на 1 октомври 2001 год;

8 продолжение, одржана на 15 октомври 2001 год;

9 продолжение, закажана на 16 октомври 2001 год. Која што е одложена поради немање кворум

Се расправало на една седница (8), со 8 продолженија, и оваа седница не е завршена, односно до овој момент не е поставена на дневен ред.

РАМКОВЕН ДОГОВОР

Точките во наредниов текст даваат усогласена рамка за обезбедување на иднината на демократијата во Македонија и овуможување на поблиски и поинтегрирани односи помеѓу Република Македонија и Евро-атланската заедница. Овој Рамковен договор ќе го промовира мирниот и хармоничен развој на граѓанското општество, истовремено почитувајки го етничкиот идентитет и интересите на сите македонски граѓани.

1.Основни принципи

1.1. Целосно и безусловно се отфрла употребата на насилство за остварување на политички цели. Само мирни политички решенија можат да ја загарантираат стабилната и демократската иднина на Македонија.

1.2. Суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија, и унитарниот карактер на државата се неповредливи и мора да се сочуваат. Не постојат територијални решенија за етничките прашања.

1.3. Мултиетничкиот карактер на македонското општество мора да се сочува и да најде свој одраз во јавниот живот.

1.4. Една современа демократска држава, во природниот тек на својот развој и созревање, мора постојано да обезбеди нејзиниот Устав целосно да ги исполнува потребите на сите нејзини граѓани во со гласност со највисоките меѓународни стандарди, коишто и самите постојано се развиваат.

1.5. Развојот на локалната самоуправа е од суштествено значење за поттикнување на учеството на граѓаните во демократскиот живот, и за унапредување на почитувањето на идентитетот на заедниците.

2. Прекин на непријателствата

2.1. Страните го истакнуваат значењето на заложбите од 5 јули 2001 година. Ќе има целосен прекин на непријателствата, целосно доброволно разоружување на етничките албански вооружени групи, и нивно целосно доброволно распуштање. Тиа го прифаќаат фактот дека за донесување Одлука од страна на НАТО да помогне во овој контекст, ќе биде потребно

воспоставување општ, безусловен и неограничен прекин на огнот, со гласност за политичко решение за проблематиц на оваа земја, јасна заложба на вооружените групи доброволно да се разоружаат, и прифаќање од сите договане страни на условите и ограничувањата во рамките на кои ќе делуваат силите на НАТО.

3. Развој на децентрализираната власт

3.1. Ќе биде усвоен ревидиран Закон за локална самоуправа со кој ќе се зајакнат овластувањата на избраните локални претставници и значително ќе се зголемат нивните надлежности во согласност со Уставот (како што се измените во согласност со Анекс А) и Европската повелба за локална самоуправа, при што ќе се одрази принципот на вертикална организираност кој што во моментов важи во Европската унија. Зголемените надлежности пред се ќе се однесуваат на областите на јавните услуги, урбаното и рурално планирање, заштитата на животната средина, локалниот економски развој, културата, локалните финансии, образованието, социјалната заштита и здравствената заштита. Ќе се усвои Закон за финансирање на локалната самоуправа за да се обезбеди соодветен систем на финансирање, за на локалните власти да им се овозможи да ги исполнуваат своите надлежности.

3.2. Во рок од една година по завршувањето на новиот попис, кој под меѓународен надзор ќе биде спроведен до крајот на 2001 година, ќе бидат ревидирани општинските граници. Ревизијата на општински граници ќе биде спроведена од страна на локалните и нациоалните власти, со меѓународно учество.

3.3. Со цел да се обезбеди дека полицијата е свесна за и одговара на потребите и интересите на локалното население, локалните началници на полицијата ќе ги избираат советите на општините од листи на кандидати предложени од страна на Министерството за внатрешни работи и истите редовно ќе кумуницираат со советите. Министерството за внатрешни работи ќе го задржи овластувањето за разрешување на локалните началници на полицијата во согласност со законот.

4. Недискриминација и правична застапеност

4.1. Целосно ќе се почитува принципот на недискриминација и рамноправен третман на сите лица пред законот. Овој прицип особено ќе се применува во однос на вработувањата во јавната администрација и јавните претпријатија, како и кај пристапот до јавното финансирање за развојот на деловните активности.

4.2. Во законите со кои се регулираат вработувањњата во јавната администрација, ќе бидат содржани мерки со кои ќе се обезбеди правична застапеност на заедниците во сите централни и локални јавни тела и на сите нивоа на вработување во тие тела, истовремено почитувајќи ги правилата за компетентност и интегритет според кој се раководи јавната администрација. Властите ќе превземат активности за да ја корегираат постоечката неврамнотеженост во составот на јавната администрација, особено преку вработување припадници на заедниците со недоволна застапеност. Особено внимание ќе се посвети на тоа да се обезбеди, колку што е можно побрзо, полициските служби генерално да го одрзат составот и распределбата на населението во Македонија, како што е специфицирано во Анекс Ц.
4.3. За Уставниот суд, една третина од судиите ќе се избира од страна на Собранието, со мнозинство од вкупниот број пратеници, која ќе содржи мнозинство од вкупниот број пратеници кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско населени во Македонија. Оваа постапка ќе се применуваа и при изборот на Народниот правобранител и на тоица членови на Судскиот совет.

5. Посебни собранискиот процедури

5.1. На централно ниво, уставните амандмани и Законот за локална самоуправа, нема да можат да се усвојат без квалификувано мнозинство на две третини од гласовите, во рамките на што ќе мора да има мнозинство од гласовите на пратениците кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Македонија.

5.2. За донесување на законите кои директно ги засегаат културата, употребата на јазикот, образованието, личните документи и употребата на симболи, како и на законите за локално финансирање, локално избори, градот Скопје и за општинските драници, ќе мора да постои мнозинство од гласови, во што ќе мора да има мнозинство од гласови на пратениците кои тврдат дека припаѓаат

на заедниците кои не се мнозинско население во Македонија.

6. Образование и употреба на јазиците

6.1. Во однос на основното и средното образование, наставата ќе се изведува на мајчините јазици на учениците, а истовремено во цела Македонија ќе се применуваат унифицирани стандарди за академските програми.

6.2. Финансирање од страна на државата ќе се обезбеди за високо образование на јазиците на кои што зборуваат најмалку 20 проценти од населението во Македонија, а врз основа на посебни спогодби.

6.3. При уписот на државните универзитети на нови студенти, кои припаѓаат на заедници кои не се мнозинско население во Македонија, ќе се применува принципот на позитива дискриминација се додека уписот правично не го одрази составот на населението во Македонија.

6.4. Низ цела Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскот јазик.

6.5. Кој било друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од населението, исто така, е службен јазик, како што е овде образложено. Во органите на Република Македонија, кој било службен јазик различен од македонскиот може да се употребува во согласност со законот, како што понатаму е елаборирано во Анекс Б. Кое било сице што живее во единица на локална самоуправа во која најмалку 20% од населението зборуваат службен јазик различен од македоскиот, може да употребува кој било службен јазик за да комуницира со регионалната канцеларија на централната влада, надлежна за таа општина; таквата канцеларија, ќе одговори на тој јазик, дополнително на македонскиот. Кое биле лице може да употребува кој било службен јазик за да комуницира со главна канцеларија на централната влада, кој ќе му одговори на тој јазик, дополнително на македонскиот.

6.6. Во однос на локалната самоуправа, во општините каде одредена заедница сочинува најмалку 20% од населението на општината, јазикот на таа заедница ќе се употребува како службен јазик, дополнително на македонскиот. Во однос на јазиците на кои зборуваат помалку 20% од населението во

општината, локалните власти демократски ќе одлучат за нивна употреба во јавните тела.

6.7. Во кривични и граѓански судски постапки на кое било ниво, обвинетото лице или која било страна ќе има право на превод на државен трошок на сите постапки, како и на документи во согласност со соодветни документи на Советот на Европа.

6.8. Кои било лични документи на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскот, исто така, ќе бидат издадени на тој јазик, дополнително на македонскиот јазик, во согласност со законот.

7. Изразување на идентитетот

7.1. Во однос на симболите, непосредно до симболот на Република Македонија, локалните власти ќе ја имаат слободата на предната страна од локалните јавни објекти да постават симболи со кои се обележува идентитетот на заедницата која што е во мнозинство во општината, со почитување на меѓународните правила и примени.

8. Импементација

8.1. Уставните амандмани приложени во Анеккс А, веднаш ќе бидат презентирани пред Собранието. Страните ќе ги преземат сите мерки за да го обезбедат усвојувањето на овие амандмани во период од 45 дена по потпишувањето на овој Рамковен договор.

8.2. Усвојувањето на измените во законодавството утврдени во Анекс Б ќе биде во согласност со динамиката таму специфицирана.

8.3. Страните на поканууваат меѓународната заедница, што е можно поскоро да свика донаторска конференција, на која особено ќе се разговара за макро-финансиската помош; поддршката за финансирање на мерките кои ќе се преземат за потреба на имплементирање на овој Рамковен договор, вклучувајки ги и мерките за зајакнување на локалната самоуправа; и ревитализација и обнова во подрачјата погодени од борбите.

9. Анекси

Следниве анекси се составен дел од овој Рамковен договор.

А. Уставни амандмани
Б. Измени во законодавството
Ц. Имплементација и мерки за градење доверба

10. Завршни одредби

10.1. Овој Договор стапува на сила со негово потпишување.

10.2. Верзијата на англиски јазик на овој Договор е единствена автентична верзија.

10.3. Овој Договор се водеше под покровителство на претседателот Борис Трајковски.

Потпишан во Скопје, Македонија, на 13 август 2001 на англиски јазик.

АНЕКС А
УСТАВНИ АМАНДМАНИ

ПРЕАМБУЛА

Сегашната Преамбула да се замени со јазик заснован врз концептите на индивидуални права и граѓанско општество како што следи:

Граѓаните на Република Македонија, преземајќи ја одговорноста за сегашноста и иднината на нивната татковина, свесни и благодарни на своите предци за жртвите и посветеноста во нивните заложби и борба за создавање на самостојна и суверена држава Македонија, и одговорни пред идните генерации за зачувувањето и развојот на се што е вредно од богатото културно наследство и соживотот во Македонија, еднакви во своите права и обврски кон заедничкото добро - Република Македонија - во согласност со традицијата на Крушевската Република и одлуките на АСНОМ, и на референдумот од 8 септември 1991 година одлучија да ја конституираат Република Македонија како самостојна, суверена држава, со намера да се воспостави и зацврсне владеењето на правото, да се гарантираат човековите права и граѓански слободи, да се обезбеди мир и соживот, социјална правда, преку своите претставници во Собранието на Република Македонија, избрани на слободни и демократски избори, усвојуваат...

АМАНДМАНИ НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18

Овие амандмани се составен дел на Уставот на Република Македонија и влегуваат во сила со денот на неговото прогласување.

АМАНДМАН 4

1. Граѓаните на Република Македонија, Македонскиот народ, како и граѓаните што живеат во нејзините граници, кои се дел од Албанскиот народ, Турскиот народ, Влашкиот народ, Српскиот народ, Ромскиот народ, Бошњачкиот народ и другите, преземајќи ја одговорноста за сегашноста и иднината на нивната татковина, свесни и благодарни на своите предци за жртвите и посветеноста во нивните заложби и борба за создавање на

самостојна и суверена држава Македонија и одговорни пред идните генерации за зачувувањето и развој на се што е вредно од богатото културно наследство и соживот во Македонија, еднакви во своите права и обврски кон заедничкото добро - Република Македонија - во согласност со традицијата на Крушевската Република и одлуките на АСНОМ и на референдумот од 8 Септември 1991г, одлучија да ја конституираат Република Македонија како самостојна, суверена држава, со намера да се воспостави и зацврсти владеењето на правото, да се гарантираат човековите права и граѓанските слободи, да се обезбеди мир и соживот, социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот, преку своите претставници во Собранието на Република Македонија, избрани на слободни и демократски избори го донесуваат овој

2. Со точката 1 на овој амандман се заменува Преамбулата на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН 5

1. На целата територија во Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните исто така е службен јазик и неговото писмо, како што е определено со овој член.

Личните документи на граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, се издаваат на македонски јазик и неговото писмо, како и на тој јазик и неговото писмо во согласност со закон.

Кој било граѓанин кој живее во единиците на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, во комуникацијата со подрачните единици на министерствата, може да употреби кој било од службените јазици и неговото писмо. Подрачните единици надлежни за тие единици на локална самоуправа одговараат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службен јазик и писмо што го употребува граѓанинот. Секој граѓанин во комуникација со министерствата може да употребува еден од службените јазици и неговото

писмо, а министерствата одговараат на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на службениот јазик и писмото што го употребува граѓанинот.

Во органите на државната власт во Република Мкедонија службен јазик различен од македонскиот јазик, може да се користи во согласност со закон.

Во единиците на локалната самоурава јазикот и писмото што го користат најмалку 20% од граѓаните е службен јазик, покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. За употребата на јазиците и писмата на кои зборуваат помалку од 20% од граѓаните во единиците на локалната самоуправа, одлучуваат органите на единиците на локалната самоуправа.

2. Со овој амандман се заменува членот 7 на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН 6

1. Соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа.

2. Со точката 1 на овој амандман се дополнува алинејата 2 на членот 8 на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН 7

1. Македонската православна црква, како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-Методистичката црква, Еврејската заедница и другите верски заедници и религиозни групи се одвоени од државата и се еднакви пред законот.

2. Македонската православна црква, како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-Методистичката црква, Еврајската заедница и другите верски заедници и религиозни групи се слободни во основањето на верски училишта и на социјални и добротворни установи бо постапка предвидена со закон.

3. Со точката 1 на овој амандман се заменува ставот 3 на членот 19, а со точката 2 се заменува ставот 4 на членот 19 на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН 8

1. Припадниците на заедниците имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особеностите на своите заедници и да ги употребуваат симболите на својата заедница.

Републиката им ја гарантира заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на сите заедници.

Припадниците на заедниците имаат право на настава на својот јазик во основното и средното образование на начин утврден со закон. Во училиштата во кои образованието со одвива на друг јазик се изучува и македонскиот јазик.

2. Со овој амандман се заменува членот 48 на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН 9

1. Републиката гарантира заштита, унапредување и збогатување на историското и уметничкото богатство на Македонија и на сите заедници во Македонија, како и на добрата кои го сочинуваат без оглед на нивниот правен режим.

2. Со точката 1 на овој амандман се заменува ставот 2 на членот 56 на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН 10

1. Собранието може да одлучува ако на седницата присуствува мнозинство од вкупниот број на пратеници. Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку со една третина од вкупниот број пратеници, ако со Уставот не е предвидено посебно мнозинство.

2. За закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите, Собранието одлучува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Според во врска со примената на оваа одредба, го решава Комитетот за односи меѓу заедниците.

3. Со овој амандман се заменува членот 69 на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН 11

1. Собранието избира народен правобранител со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број на пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

2. Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните што им се повредени од органите на државната управа и од други органи и од други органи и организации што имаат јавни овластувања. Народниот правобранител посветува особено влијание за заштита на начелата на недискриминација, соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.

3. Со точката 1 на овој амандман се заменува ставот еден на членот 77, а со точката 2 се дополнува ставот 2 на членот 77 на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН 12

1. Собранието основа Комитет за односи меѓу заедниците.

Комитетот го сочинуваат 19 члена од кои по седум члена од редот на пратениците во Собранието Македонци и Албанци и по еден член од редот на

пратениците Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци. Доколку некој од заедниците нема пратеници, народниот правобранител, по консултации со релевантните претставници на тие заедници, ќе ги предложи останатите членови на Комитетот.

Собранието ги избира членовите на Комитетот.

Комитетот разгледува прашања од односите меѓу заедниците во Републиката и дава мислење и предлози за нивно решавање.

Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот и да донесе одлука во врска со нив.

Во случај на спор во врска со спроведувањето на постапката за гласање во Собранието, утврдена во членот 69 став 2, Комитетот одлучува со мнозинство гласови од членовите за тоа дали ќе се спроведе постапката.

2. Со точката 1 на овој амандман се заменува членот 78 на Уставот на Република Македонија и се брише алинејата 7 на членот 84 на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН 13

1. При именувањето на тројца членови, Претседателот ќе обезбеди составот на Советот како целина соодветно да го одразува составот на населението во Република Македонија.

2. Со точката 1 на овој амандман се дополнува ставот 2 на членот 86 на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН 14

1. Тројцата од членовите се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

2. Со овој амандман се дополнува ставот 2 на членот 104 на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН 15

1. Собранието ги избира судиите на Уставниот суд. Собранието избира шест судии на Уставниот суд со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Собранието избира тројца судии со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Мандатот на судиите трае девет години без право на повторен избор.

2. Со овој амандман се заменува ставот 2 на членот 109 на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН 16

1. Локалната самоуправа се уредува со закон кој се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Законите за локално финансирање, локални избори, општински граници и за градото Скопје, се донесуваат со гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија

2. Со овој амандман се заменува ставот 5 на членот 114 на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН 17

1. Во единиците на локалната самоуправа, граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашањата од локално значење, а особено во областите на јавните служби, урбанизмот и рујалното планирање, заштитата на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и

детската заштита, образованието, здравствената заштита и во други области утврдени со закон.

2. Во градот Скопје граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашањата од локално значење, а особено во областите на јавните служби, урбанизмот и рујалното планирање, заштитата на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованието, здравствената заштита и во други области утврдени со закон.

3. Со точката 1 на овој амандман се заменува ставот 1 на членот 115 на Уставот на Република Македонија, а со точката 2 се заменува ставот 2 на членот 117 на Уставот на Република Македонија.

АМАНДМАН 18

1. Одлука за измена на Преамбулата, членовите на локална самоуправа, членот 131, која било одредба што се однесува на правата на припадниците на заедниците, вклучувајќи ги особено членовите 7, 8, 9, 19, 48, 56, 69, 77, 78, 86, 104 и 109, како и одлука за додавање која било нова одредба која се однесува на предметот на тие одреди и тие членови, ќе биде потребно двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници во кое мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија.

2. Со овој амандман се додава нов став 4 на член 131 од Уставот на Република Македонија.

ТЕКСТ НА ПРЕАМБУЛАТА НА МАКЕДОНСКИОТ УСТАВ ОД 17 НОЕМВРИ 1991

Врз основа на член 443 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 17 ноември 1991 година, донесе:

ОДЛУКА

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Уставот на Република Македонија што го усвои Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 17 ноември 1991 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4642/1
17 ноември 1991 година
Скопје
Претседател
на Собранието на Република
Македонија
Стојан Андов, с.р.

Тгнувајќи од историското културно, духовно и државно наследство на македонскиот народ и од неговата вековна борба за национална и социјална слобода и за создавање на своја држава, а посебно од државно-правнитетрадиции на Крушевската република и историските олуки на АСНОМ и уставно-правниот континуитет на македонската држава како суверена република во Федеративна Југославија, од слободно изразената волја на граѓаните на Република Македонија на референдумот од 8 септември 1991 година, како и од историскиот факт дека Македонија е конституирана како национална држава на македонскиот народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ со Албанците, Турците, Власите, Ромите и

другите националности кои живеат во Република Македонија, а

со цел:

- Република Македонија да се конституира како суверена држава и самостојна и како граѓанска и демократска држава;

- да се воспостави и изгради владеењето на правото како темелен систем на власта;

- да се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност;

- да се обезбеди мир и сожителство на македонскиот народ со националностите кои живеат во Република Македонија и

- да се обезбеди социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот,

Собранието на Република Македонија, донесува...

БОРБА НА ПРАТЕНИКОТ

Кон книгата

Моите оценки и предлози ќе ги изложам во 4 точки.

1. Временски опфат на книгата на Филип Петровски и основните карактеристики на тој период.

Во својата книга „За нас“ Филип Петровски опфаќа период од скоро пет години и тоа од почетокот на 1997 година скоро до крајот на 2001 година. Тоа е периодот во кој скоро дефинитивно е утврден правецот на процесите и настаните во регионот што сега го нарекуваат Западен Балкан и тоа доуредување ја зафати и нашата земја. Иако тој период не е доволно темелно проучен и сè уште недоволно е разбран, особено во Македонија, видливо е веќе дека токму во тоа време се одиграе пресудното „уредување на просторот“ на Западниот Балкан. Она што останува за уредување, во Босна и Херцеговина и во СР Југославија тешко да отстапи од веќе утврдениот правец на движење. Во тие пет години поразени се политичките сили во Романија и Бугарија кои се обидоа да ги вратат работите назад, да го запрат и напуштат процесот на интеграција на тие земји во Европската унија и НАТО. Во Хрватска, откако почина Франьо Туѓман, напуштен е неговиот режим кој беше поставен врз основите на емотивен патриотски романтизам, и се претвори при својот крај во режим со видливи белези на бонапартизам. Во СР Југославија големите демонстрации при крајот на 1996 година и почетокот на 1997 година предизвикани од фалсификувањето на локалните избори од страна на режимот на Милошевиќ брзо го збришаа неговиот имиџ на мировторец стекнат поради неговата улога во изготвувањето и донесувањето на Дејтонскиот договор. Во периодот од петте години што ги зафаќа книгата „За нас“ од Филип Петровски

дојде и до интервенцијата на НАТО во Југославија, а потоа и до падот на режимот на Милошевиќ. Во текот на 1997 година дојде и до распад на одбранбениот систем на Албанија. Од воените магацини беа однесени околу 800.000 парчиња оружје и беа расеани низ Албанија, на Косово и на западниот дел на Македонија. Како резултат на тие збитија следуваше повеќегодишната политичка нестабилност и безвластие во Албанија, формирањето на ОВК и оружаните судири на Косово, како и подоцнежната интервенција во Македонија.

Така, накусо, може да се прикаже петгодишниот период што го зафаќа книгата „За нас" од Филип Петровски. Во оваа книга, се разбира, Петровски не се занимава со состојбите и процесите во регионот, ама тие во тој период силно го притискаа секој човек во Македонија, па и Петровски. Заради сите тие околности на почетокот на тој период започнува и јавната политичка активност на Филип Петровски. На крајот на тој период Петровски се повлекува од јавниот политички живот и заминува на функција која е неспоива со политичката активност.

2. Тематската содржина на книгата „За нас" од Филип Петровски главно се движи во рамките што ги создаваат состојбите во регионот.

Кога внимателно се читаат текстовите во книгата се стекнува впечаток и за редоследот на вредностите кои го мотивираат нејзиниот автор во неговиот политички ангажман.

Прво, Филип Петровски безрезервно е убеден дека се бори за развој на демократијата, за правата и слободите на човекот и граѓанинот во најширока смисла. Тоа го прави како убеден член на партијата ВМРО-ДПМНЕ и како талентиран полемичар. Главната пречка на развојот на демократијата во Македонија Филип Петровски ја гледа во настојувањето на партијата СДСМ пак да воспостави еднопартиско владеење на тој начин што ќе оствари доминација во економијата и финансиите, во медиумите и невладините организации (ССМ, Сојуз на студентите и др.), но и во тајните служби на тој начин, смета Филип Петровски, СДСМ е кочница на развојот на земјата.

Второ, тој смета дека СДСМ со етикети и дисквалификации, со доминација во медиумите, оневозможува да се оствари македонско национално единство. А токму еден од мотивите за неговиот ангажман е создавање на такво единство.

Трето, по негово мислење недостатокот на мекедонско национално единство го ослабнува значењето на македонскиот народ како фактор во политичкиот живот во земјата. Авторот често доаѓа до заклучок дека поради тоа Албанците „премногу сакаат, ама не се виновни тие за тоа".

Четврто, нешто го окупира и фактот што пречките во развојот на демократијата, воспоставувањето на македонско национално единство и поради тоа, дебалансот што настанува во меѓуетничките односи водат кон дисфункционалност на државата.

Филип Петровски емотивно настапува и дава особен личен белег на тие општи рамки во кои дејствува. Особено е емотивно мобилизиран во своите настапи по повод на Рамковниот договор и во постапката за донесување на уставните амандмани. Тука завршува неговата политичка активност и со тоа завршува и оваа негова книга.

3. Структурата на книгата е многу поедноставена, толку поедноставена што може да делува збунувачки кај некои читатели и да го отежне разбирањето на ставовите и аргументите на авторот. Таа содржи Увод, во кој авторот настојува да ги објасни политичките мотиви за своето ангажирање, но зборува доста и за своите емотивни состојби кои го притискаат и за својата одговорност. Потоа следуваат триесет и четири подолги или пократки текстови од неговите јавни настапи и интервенции: На крајот е ставен „Додаток" во кој се поместени четири документи.

4. Иако во книгата на Филип Петровски се содржани и текстови од главните настапи на авторот во периодот кога тој не беше пратеник во Собранието на Република Македонија, сепак тежиштето на книгата го сочинуваат текстовите од неговите настапи како пратеник. Ова е првпат некој автор да пишува книга за својата работа како пратеник. Читателот не мора да се согласи со авторот, но неспорно е дека авторот

во оваа книга ги допира виталните прашања што го окупираат нашето општество. Особено што Петровски тоа го прави ангажирано, упорно, елоквентно, а понекогаш и полемички дрско, што е дополнителен фактор на заинтересираност на читателот.

Стојан АНДОВ

ИСПОВЕД И ПРОТЕСТ

Историјата ја пишуваат победниците. Или, нивните измеќари, оние историографи кои, свесни за идеолошката контаминација на победникот, доброволно (или не) се откажуваат од принципите, од фактите и пишуваат нешто што не може да се нарече хронолигија на настаните, туку најгрубо речено, хронолигија на волјата на оној што наредил да му се пишува историја на победата. Неговата.

Историјата ја создаваат нејзините учесници. Свесни или несвесни учесници, секако, тие се жртви, или, двигатели на процесите. Нивните видувања на собитијата го носат белегот/лузната на траумата од победата/ поразот.

Таму некаде во иднината, кога ќе исчезнат ,,гордите,, победници и ,,нагрдените,, поразени, ќе надојдат луѓе кои на хрониката настани ќе им го вградат студенилото на далечината, ќе ги изземат страстите. Но, со тоа ќе ги изземат и луѓето и нивните судбини. Обезличувајќи ги собитијата, ќе ја отстранат и налудничавата логика на конфликтите/војните. Ќе трагаат по своите видувања за да дадат рационален одговор за нерационалното.

Умните луѓе својата верзија на вистината за собитијата од минатото ја градат некаде измегу волјата на победникот и лузната на поразениот, не губејќи го притоа човечкото.

Пред нас е хрониката на Филип Петровски. Смел исказ на млад човек. Непомирлив.

Тоа не е крик на поразениот, ниту волјата на победникот. Не е ниту студена проценка за рационалното во лудилото.

Пред нас е лузна.

Виорот на македонската криза, премреже рамносилно на најтешкото - целосното себепоништување - не го столчи средсебе младиот пратеник. Го извиши над себе, кадарен уште

еднаш, како тогаш, да се испростуми, да се соочи со себе и со нас. Да ја соголи лузната и да ја сподели со нас.

Пред нас е книга која нема претензии да биде мемоарски исказ.

Пред нас е книга која нема претензии да биде гола хроника.

Пред нас е исповед и протест. Нешто што утре, во оние студени преесапења на собитијата ќе им даде боја, слух и душа.

Филип Петровски си суди себеси, ни суди и на нас сите. Без прошка, без лутина, без пизма.

Бесно!

Низата собитија за кои ја истура својата душа, докрајно ја обележаа нашата Македонија. Таа лузна не е само наша. Ќе ја носат поколенија и по нас и нашите деца, небаре крст од пепел. Се до оној ден додека не си простиме самите на себе. Довека, оти опрост за родинаморство не постои, барем не во светот на Филип Петровски, во мојот, во Вашиот свет, драг читателу.

Ја убија нашата единствена родина, нивната татковина. Едноставно, врз нас беше извршен најгнасниот злостор против човекот: агресија!

Агресијата е името што му го даваме на најстрашното злодело: злосторот на војната. Ни го распокинаа мирот, спокојството и правдината, состојбата на слобода и сигурност, кои можат да постојат само во отсуство на агресија. Не принудија, мажите и жените македонски, породот и старците, сите заедно да ги ризикуваме нашите животи за некакви си нивни права.

Не соочија, сите заедно, сега веќе нивните жени и мажи, пород и старци, нашите жени и мажи, пород и старци со гасниот, нечовечки избор: животот за права! Да го дадеме животот за правата што веќе ги имаме, и тие и ние!

Агресијата е и злостор на држава врз држава. Таа е единствениот кодифициран злостор на државите во меѓународното право.

Врз Македонија агресија изврши Теророт, платен од организираниот криминал, всаден во протекторат на ООН Косово, помогнат од родинаморци овде кај нас.

Се случи апсурд: небаре светот изврши агресија врз Македонија и во злосторот најде домашни соучесници.

Македонци и Албанци. Тие држат дека победиле!

Во агресијата кабаетлии останаа само жртвите.

Мојот пријател од латинско-американските меридијани, Хулио Кортазар, хроничар на премрежата аргентински, на гурбетот на слободата, напиша во една пригода дека читањето е машка работа.

Креативна и мачна, едновремено.

Велеше дека секој од нас кога ќе земе в рака книга, со самото отворање на кориците го започнува ходочастието по творештвото наречено: читање.

Филип Петровски нè кани на двојно ходочастие. Тројно, безбели.

Нè кани творечки да ѝ пристапиме на нашата отрезнувачка родиноморствена криза. Нè кани да ја исчитаме со својата лузна пред очи. Во бесот на Филипа да го бутуриса ме и нашиот, да ја изведеме нашата национална катарза, како што тој чини со својата, младешка, и во несовршенството на доживувањата, творечки да ги доградиме нашите вредности.

Од исказот на неговата лузна да направиме наша Историја. Несовршена, но далеку од тоа да биде робинка на измеќарите на победниците, на премрежињата на поразените, на студенилото на непристрасните.

Далеку од тоа да биде лелек на поразените, наша ***maxima culpa!***

Слободан ЧАШУЛЕ

Издавач
МАКЕДОНСКА КНИГА 2002
ул. 11 Октомври бб
Скопје
E-mail: makkniga@freemail.org.mk
Тел./факс: 02 / 116 – 473

Филип Петровски
За НАС

Јазична редакција,
корица, ликовно-графичка
и компјутерска обработка
ДНИД „ГЛАС“

Печат
Печатница НАПРЕДОК
Тетово

CIP - Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

304.4 (497.7) „1997/2001“

ПЕТРОВСКИ, Филип
За нас / Филип Петровски. - Скопје: Македонска книга 2002, 2003. - 339 стр. ; 19 см

ISBN 9989-46-043-4

а) Македонија - Општествено-политички прилики - 1997-2001
COBISS.MK-ID 51974666